

мирослав грчев

# името на злото

ТЕМПЛУМ



Името на злото мора да го знае секој
што наумил против него да се бори,
зашто инаку тоа за него е невидливо,
несфатливо, па поради тоа
и несовладливо.

Уредник на едицијата: Никола Гелевски
Графичко уредување и дизајн:
Кома и Мирослав Грчев

Издавач:
„Темплум“

www.templum.com.mk
templum@t-home.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

304.4(497.7)”2006/14”

ГРЧЕВ, Мирослав
Името на злото : колумни и текстови /
Мирослав Грчев. - Скопје :
Темплум, 2014. - 376 стр. : илустр. ; 17 см. -
(#Едиција #Градот ;
#кн. #8)

ISBN 978-608-4658-38-2

а) Македонија - Општественополитички
прилики - 2006-2014 - Колумни
COBISS.MK-ID 97312778

едиција
ГРАДОТ

книга
8

Мирослав Грчев

# ИМЕТО НА ЗЛОТО

текстови
2006-2014

Темплум
Скопје, ноември, 2014

# СОДРЖИНА

Предговор .......... 8

Со добри намери до пеколот .......... 12

Одговор на црвената говорница на ДПМНЕ .......... 17

Организатор на насилниот контрапротест
е Груевски! .......... 23

Црква за политичко огласување .......... 28

Архитектонска психопатологија .......... 33

Закон за градење и застрашување – член 138 .......... 39

Карневалската визија за „Скопје 2014“ е незаконска! .. 45

Збогум, ѕвездо со пет зраци .......... 50

„Скопје 2014“ – проект за поделба на Македонија .......... 56

„Храброста“ на судијата на Уставниот суд .......... 62

Мочниот меур на Бранислав Саркањац .......... 67

Украдоа булевар! .......... 73

Законот за бесправни градби – уште една измама ...... 79
Фашизмот мора да се препознае ........................................ 86
Му се извинувам на македонскиот народ ........................ 91
Палеолитска нација! ............................................................. 96
Мракот може да се види! ..................................................... 101
Баналната смрт на уставноста ........................................... 106
Лажење и градење ................................................................. 112
Право на преправање ........................................................... 118
Една убиена телевизија и девет гулаби на гранка .......123
Прво демократија, потоа избори ......................................128
Смртоносната удобност на нашето отсуство ................ 134
Збор за глупоста или воинот на клекнат коњ ............... 140
За крвта и почвата ................................................................ 146
Александар Велики, македонскиот
натчовек со раздвоен идентитет .......................................152
Повторна окупација на Македонија ................................157
Нација на возрасни деца .....................................................163
Рушењето на „Скопје 2014“ е
бајковита слика на слободата ............................................170
Потоп од лаги во библиската земја ..................................177
Хеленизација и расизам ....................................................... 184
Македонската демократија како „карго култ“ ............. 191
Во вировите на безумието ...................................................197
Планина од гомна покриена со тил ..................................202

Парламентарна фарса во три чина .................................. 207
Зад разумот, врз трупот на правото ............................... 212
Десетте заповеди на Груевски ..................................... 217
Благослов и клетва ............................................... 222
Споменик на Тито кој ќе се гледа од вселената ................... 227
Македонија не им верува на сопствените солзи ..................... 232
Името на злото ................................................... 237
Живот во кукавичино гнездо ....................................... 242
Шлемот на Александар со црвена
метла како петелска кикиришка .................................... 247
Кралот Едип, трагедија за идентитетот ............................ 251
Изборна епифанија или „расолна теорема“ .......................... 256
Изборен законик за гладење јајца ................................. 261
Државата како терезиенштатска бања ............................... 266
Ропски гени или психологија на жртви
на насилство ..................................................... 271
„Глобализација“ на македонски начин .............................. 276
„Барокот“ на Груевски и фризурата на
Ким Јонг Ун ...................................................... 281
„Државата пред сè“?! ............................................. 286
Земја на розови зајачиња без мозок ............................... 291
Кога вистината ќе стивне ......................................... 296
Во слава на победата на(д) фашизмот .............................. 300
Сонување на нашата Утопија ....................................... 305

Основните закони на глупоста....................................309
Ослободување од внатрешната окупација .................. 314
Уставносудски порно...................................................319
Белешки за непознатото минато....................................324
Двојно идентитетско салто:
Александар III Македонски е Словен!...........................329
Крадци на идентитети ....................................................334
Конформизам и самозалажување....................................340
Чест секому, сочувство никому......................................345
Споменици на злото ......................................................350
Нова зора на европскиот фашизам .................................355
Туризам на културниот холокауст .................................360
„Многу фала, Македонијо!“ ............................................365
Црвената октомвриска зора............................................ 370



# ПРЕДГОВОР

Помеѓу кориците на книгава се поместени текстови и колумни објавувани во македонските дневни весници и електронски портали од 2006 до деновиве, октомври 2014 година. Првите текстови, од есента 2006 па некаде до затворањето на слободните медиуми 2011 година, нередовно и непредвидливо излегуваа во „Утрински весник“, а по некој и во „Шпиц“, „Време“ и „Сега“. Тие години практично сите текстови беа импулсивни реакции на првите симптоми на општествено-политичката несреќа што тогаш почнуваше да се тркала врз земјава и врз неподготвената јавност. Веќе од 2012 текстовите излегуваа поредовно во единствените светленца на слободната реч и мисла – електронските портали „Плусинфо“ и „Окно“, за последнава година да станат редовен неделен колумнистички коментар во дневниот весник „Слободен печат“ и во двата спомнати портали.

Временската рамка што го одреди изборот на текстовите е далеку од случајна: овие несреќни осум години, колку што трае веќе предолгата зима на нашето незадоволство, се совпаѓаат со ерата на владеењето на Груевски и неговата ВМРО ДПМНЕ. Практично сите текстови во книгава се мои реакции, протести, убедувања, анализи и предупредувања, предизвикани од безумната политика на власта, уште од есента 2006, кога бев еден од првите што ја препозна мрачната закана што веќе тогаш заводливата нова власт ја носеше со себе. „Привилегијата“ да бидам првиот што ќе врисне од болка поради изгорените очи ја заслужив случајно, само зашто властодршците како полигон за јавна демонстрација на своите проекти за општествено „преродување“ го одбраа центарот на мојот роден град. Епицентарот на преродбеничката катаклизма се случи токму во планскиот опфат на урбанистичкиот план „Мал ринг“ (што дотогаш наивно го сметав за дијамант во круната на мојата планерска кариера) и среде полето на мојата професионална вокација – архитектурата и урбанизмот.

Читањето на тектонските пукнатини и урнатини кои „преродбата“ и нејзиниот градителски перформанс „Скопје 2014“ ги правеше во овдешното архитектонско и градоградителско наследство, ми овозможи да сфатам дека во нашава земја се случува нешто неверојатно лошо; некакво огромно зло, непоимливо, неразбирливо и вон сечии очекувања; зло чиишто последици нема да остават неоштетен ниту еден дел од македонската култура и општество. Поради ова, темите на текстовите од областа на урбанизмот и архитектурата набргу се проширија кон областите на планерското законодавство, уставноста и владеењето на правото; културата, идентитетот и историјата; потоа, демократијата и изборните измами, за да заталкаат и во лавиринтите на психосоцијалните анализи на однесувањето на жртвите во времиња на големи несреќи. Најчестиот мотив,

неретко опсесивно вариран, е неподготвеноста на институциите на демократијата и на политичките и интелектуалните елити да го препознаат и организирано и ефикасно да му се спротивстават на злото; тешко препознатливото зло што една лажлива и алчна власт го стори со измама, изопачувајќи ги системите на вредности и укинувајќи ги слободите и правата, демократијата и поредокот кои ги уживавме претходно. Потребата од препознавање и делегитимирање на ова општествено зло ми стана примарен мотив за пишувањето, дури мисија која се хранеше од пустата надеж дека именувањето на тоа зло може вистински да придонесе за граѓанската мобилизација во борбата против него. За неизбежното повторување на овој мотив – и покрај вештите уреднички интервенции – им се извинувам на читателите на горчливово четиво.

Им благодарам на драгите пријатели кои финансиски го помогнаа излегувањето на оваа книга, особено зашто тоа го направија од срце и со полна свест за густината на мракот на нашата неслобода. Му благодарам и на уредникот и издавачот на книгава, кој вложи многу напор збиркава статии да ја направи подобра отколку што ѝ беше одредено само од страна на мојата писателска (не)спремност. Најмногу ѝ благодарам на мојата сопруга, првиот читач, редактор и лектор на уште жешките и груби статии, како и на ќерката и синот, за критичките коментари на неизделканите верзии на текстовите и за исфрлањето на честите пцости, со што значително придонесоа за поголемата читливост и култивираност на текстовите.

Мирослав Грчев,

Скопје, Ноември 2014 година

# СО ДОБРИ НАМЕРИ ДО ПЕКОЛОТ

**16.10.2006**

> Реализацијата на овој кич ќе претставува грандиозна цивилизациска измама, ретрограден историски фалсификат каков не си дозволила ниту една престолнина во историјата на градовите!

Одлуката „за зачувување на автентичноста на објектите...“ што треба да го оформат центарот на Скопје, одлука со која Советот на Општина Центар им налага на идните инвеститори да „градат со фасадни лушпи во истиот стил“ како бившите згради на Домот на ЈНА, Народната банка и Народниот театар, е донесена на начин спротивен на важечките закони. Очигледната незаконитост на одлуката би требало, и во „пролупана“ држава како што е нашава, да ја гарантира нејзината неприменливост, што пак ќе ни овозможи да ја прифатиме со неопходната доза хумор и разбирање. Но, не е така. Леснотијата со која е изведен овој беспримерен упад на лаици од позиција на власт во архитектонска материја ним потполно непозната и нивната непоматена убеденост дека

кршејќи го законот чинат добро дело, ја делегитимира практично целата државна власт бидејќи укажува на состојба на дух, политички волунтаризам и резистентност на знаење – особини од кои не може да се очекува ништо добро.

Од друга страна, истата непромислена леснотија со која одлуката е донесена и објавена во дневниот печат, како да ги затскрива апсурдноста на нејзината содржина и катастрофалните последици од нејзината евентуална примена.

Со одлуката се утврдува „зачувување на автентичност“ на градби кои одамна не постојат. Треба ли да се аргументира дека тоа е бесмислено?! Дека е можно да се зачува само она што во време на дејствието постои! Да се „градат фасадни лушпи во ист стил“ како некогашните згради е можно, но тоа нема никаква врска со автентичноста, туку претставува измислување нови згради со божем стари фасади; тоа значи присилување на архитектите на овие згради да пелтечат на непостоечки архитектонски јазик кој ќе имитира историја, а фактички ќе претставува најдолен малограѓански кич. Во размерите што ги предвидува спорната одлука (опфатени се седум капитални градби кои ги дооформуваат двата плоштади околу Камениот мост), реализацијата на овој кич ќе претставува грандиозна цивилизациска измама, ретрограден историски фалсификат каков не си дозволила ниту една престолнина во историјата на градовите!

Оваа измама не смее да се доведува во никаква врска со потполните реституции на урнати цркви или други згради од големо културно, историско и духовно зна-

чење; тие зафати се секогаш резултат на консензуално прифатен национален приоритет кој треба да ја изрази волјата за опстанок  и духовниот идентитет на народот–што симболично се врзува за обновата на насилно разурнатата градба. Исто така, нема никаква сличност помеѓу овој политички диригиран кич и легитимните ревитализации во историските урбани јадра во развиениот свет, каде што се рушат згради без споменична вредност, а се сочувуваат нивните фасадни ѕидови за да го обезбедат постојниот историски амбиент и континуитетот на уличниот фронт. Ваквата произволност со која политички лаици го обликуваат дефинитивниот лик на центарот на Скопје е без преседан!

Понесени веројатно од добри намери, донесувачите на одлуката ведро ја прегазија архитектонската струка и сите закони кои градот и граѓаните ги штитат од нестручњаци. Потоа со истиот ентузијазам заталкаа во најчувствителната област од архитектонската уметност: во подрачјето на стилот, изразните средства и елементите на композиција на архитектонските искази. Засегнаа по архитектонскиот израз, кој секогаш низ збирот на поединечните остварувања ги синтетизира дамарите на епохата и го легитимира културно-цивилизациското ниво и посебноста на нацијата!

Со присилување архитектите да проектираат со непостоечки, псевдоеклектичен и божем стар архитектонски јазик , практично се врши „клипинг“ или потсекување на културно-естетските стандарди и нивно нивелирање на кота на каллив терен каде што вирее панаѓурско-кичерскиот вкус на духовната пустелија.

Мешањето на политиката во прашањата на архитектонските изразни средства е потполно незамисливо во држави со парламентарна демократија; освен неколку исклучоци, во архитектонските стилови не се впуштале ни најголемите самодршци и господари на животот и смртта. Единствени примери за наметнување личен вкус од позиција на власт во употребата на архитектонски стилови во 20-иот век се Хитлер, Сталин и Чаушеску.

> Леснотијата со која е изведен овој беспримерен упад на лаици од позиција на власт во архитектонска материја ним потполно непозната и нивната непоматена убеденост дека кршејќи го законот чинат добро дело, ја делегитимира практично целата државна власт бидејќи укажува на состојба на дух, политички волунтаризам и резистентност на знаење – особини од кои не може да се очекува ништо добро.

Сите тројца го наметнале својот дунстерски „ретро“ вкус на архитектите на државните згради, а бетонските спомени од нивните архитектонски креации – секогаш во „лушпи“ од некои бивши стилови – се дамка во цивилизацискиот од на нивните народи, повод за срам и колективно чувство на вина.

Очигледно е дека освен добрата намера сѐ друго е спорно во оваа несреќна одлука на Советот на општина Центар и дека токму начинот на кој таа се остварила го менува нејзиниот предзнак; од добра намера таа се претвора во опасна закана. Доколку некој несреќник доживее акутен срцев напад во присуство на овие добронамерни луѓе , не му гине операција на отворено срце, таму, на

лице место, со ножици и прирачен алат, зашто доброна-мерните знаат кардиохирургија исто колку и архитектура! Доволна им е истата месијанска самодоверба како кога со архитектонски средства оперираат во срцето на Скопје, самодоверба која е толку поцврста колку што е подлабока бездната на нивното незнаење. Сите патишта кон пеколот, вели Лец, се поплочени со добри намери.

http://bit.ly/grcevo1

# ОДГОВОР НА ЦРВЕНАТА ГОВОРНИЦА НА ДПМНЕ

05.02.2008

> Оглас потпишан со „Општина Центар" е анонимен оглас од некој кој лажно се претставува.

Оваа блага зима, којзнае која по ред зима на нашето незадоволство, партијата на власт и некои нејзини државни екстремитети го преполнија до загадување медиумскиот простор со кампања од навидум највисок партиско-државен приоритет: со фабрикување купишта лаги и бесмислици за да се компромитира и озлогласи мојата ништожна личност и дело! Важноста на оваа медиумска кампања стана кристално јасна кога од црвената говорница на партијата на власт разбравме дека за сите денешни проблеми во функционирањето на државната власт, на престолнината и на општината Центар – сум виновен токму јас! За сите гнасни корупциски зделки, масивни криминали, кршења на Уставот

и законите, за сите гадости за кои некои неопитни ја прозиваат власта, за сето тоа сум виновен само јас, Таткото на урбаната мафија, Црвениот барон на македонскиот транзициски криминал. Од најозвучената говорница во земјата дознавме и дека особеност на мојата дијаболична моќ е што сегашните корупциски скандали во кои се дави власта, се планска последица на мрачни дејанија кои сум ги извршил пред 10 години во својство на градоначалник на општина која, патем, тогаш немаше ни надлежности ни буџет.

Сево ова можеби некому е смешно и забавно, особено дисквалификациите изговорени од неквалификувани лица на брифинзите од црвената говорница, за кои е веќе општоприфатено дека служат за забавување, замајување и заглупување на народот. Последниве денови, меѓутоа, во дневните весници, помеѓу смртовниците, на половина страница се појави платен оглас потпишан од Општина Центар, кој следниот ден нарасна на цела страница и продолжи да излегува секој ден, со што стана нов медиумски феномен и сериозен симптом на малигната заболеност на нашето општество. Овој платен оглас стана монстер-знак не само поради својата содржина – здодевно и неписмено излачување на некој анонимен лузер, болно искомплексиран ум кој со лаги, конструкции и ѓоа стручни анализи го „обдуцира“ планот за „Малиот ринг“ од 1997 година и моите професионални референци од тоа време. Овој оглас стана лошата вест со која на Македонците им е соопштена терминалната фаза на заболеноста на нивната демократија.

Да се разбереме: оглас потпишан со „Општина Центар“ е анонимен оглас од некој што лажно се претставува во

јавноста. Бидејќи општината не знае да пишува, платениот оглас е анонимна денунцијација од некој што лагодно и осорно ја злоупотребува службената положба и се чувствува како  апсолутен газда на општината со која се потпишува. До сега случајот е само за психијатриско апсолвирање и кривично гонење за злоупотреба на службена положба, но кога ќе се земе предвид дека за ова психопатско, гебелсовско-бардовечко денунцирање „газдата“ потрошил над 30.000 евра народни пари, станува јасно дека се работи за тежок злостор против слободата и владеењето на правото во Македонија. Зашто, ако секој може во платен огласен простор во печатените медиуми да напише било што за било кого, и тоа без последици да го плати со јавни, даночни пари, тогаш е јасно дека слободата на печатот ќе биде инструментализирана за гестаповско-дпмневски цели токму од страна на анонимните газди во партизираниот државен апарат. Тие газди за оваа работа најлесно ќе ги трошат народните пари и, затскриени зад институциите, безбедно ќе уживаат во плодовите од својата гнасна дејност. Во ваква партизирана медиумска изложеност поединецот, македонскиот граѓанин, е најмалку заштитен.

Останува уште едно прашање кое ме копка во врска со оваа опскурна монстер-кампања: со што сум заслужил олкаво внимание од страна на партијата на власт? Оваа прекумерна употреба на сила на владејачката партија против еден поединец, архитект и професор по урбанизам, е ирационална и полна со бес и омраза: што ли сум им направил за да ја предизвикам хистеричнава реакција? Го дигнав гласот во јавноста против политичкото мешање во областа на архитектурата, против не-

законските измени на деталниот урбанистички план за „Малиот ринг“ и против воведувањето простаклук и дилетантизам како основно стилско средство на државниот интервенционизам во уредувањето на центарот на Скопје. Но, тоа не е ништо ново за да ги разбесни моќните. Одговорот веројатно е скриен зад една мала коинциденција: бесот на газдите се разгоре кога дознаа дека поднесов иницијатива до Уставниот суд за оценка на законитоста на нивните измени на деталниот урбанистички план за „Малиот ринг“ од 2006 година. Можноста да се утврди незаконитоста на овие плански измени и со тоа да ѝ пропаднат на владеачката партија нејзините архитектонски креации и сонуваниот недвижен имот, таа можност го предизвика бесот на семоќните господари на медиумскиот простор. Но, таа бурна реакција е воедно најочевидно признание дека мотивацијата за многу „решенија“ во измените и дополнувањата на ДУП-от за „Малиот ринг“ има коруптивно и лукративно потекло.

Оваа гебелсовска кампања повторно се обидува да му го одземе професионалниот и правниот легитимитет на планот за «Малиот ринг» од 1997 кој јас го потпишав како автор и предлагач. Обидот се темели на лага дека планот сам сум си го нарачал во својство на градоначалник за да го изработам во својство на архитект! Проѕирна, стара и лесно соборлива лага која, како што рекол нивниот омилен учител, ако се повтори 1000 пати, станува вистина! Затоа, колку и да е здодевно, ќе повторам: урбанистичкото решение за Малиот ринг е плод на победа во успешен, квалитетен и масовен стручен натпревар во далечната 1992, пет години пред да станам градоначалник. Потоа решението беше изработено како нацрт план утврден од Собранието на Град Скопје (кое тогаш беше со мнозин-

ство на ДПМНЕ!), за во 1996 да биде изготвен (повторно во Градското Собрание) предлог план. Конечно, 1997 година, кога се затекнав како градоначалник во Општината Центар, планот по сила на закон беше пренесен во општинска надлежност и беше донесен од Советот на општина Центар. Тој план пет години го работеа најдобрите во еснафот, беше на повеќе стручни и јавни расправи и дебати, се кршеа копја околу многу решенија, произведе многу противници, но сè беше јавно, транспарентно, на највисоко стручно ниво и, што е најважно, сето тоа се случуваше пред планот да се донесе!

Измените и дополнувањата кои минатата година ги донесе партијата на власт се излегнаа во темна и влажна просторија, далеку од очите на стручната јавност, во реа на страв и притисок за извршување на политички и коруптивни нарачки, по само неколку месеци тајни подготовки. Ретките јавни коментари за донесените решенија, како што гледаме, се случуваат пост фестум, откако планот беше донесен и стана свршен чин. Овие измени се незаконски и неуставни, и тоа го знаат дури и нивните нарачатели: процедурата е спротивна на генералниот урбанистички план на Град Скопје, а многу профитабилни надградби во планот се на сметка на уништување на споменици на културата! Може да се претпостави дека со моето јавно озлогласување и медиумско уништување партијата на власт сака и на Уставниот суд да му испрати порака за тоа колку им е важно да не им се „гиба територијата во која го вршат бизнисот“?

Што да се коментира за титулата „татко на урбаната мафија“ која од црвената говорница јавно ми ја додели партијата на власт? Државата ги има сите надлежности

и средства и доколку сака може веднаш да ја искорени дивата градба  и мистериозната урбана мафија. Ако видите дека и понатаму се гради вон закон, знајте со сигурност дека сите диви градби се дела токму на државата и на нејзините корумпирани органи и функционери. Колку оштетен мозок треба да има човек за да поверува дека поединец без моќ и средства може да врши коруптивна градба спротивно на интересите на владеачката партијата и нејзиниот огромен државно-партиски апарат?!

> Колку оштетен мозок треба да има човек за да поверува дека поединец без моќ и средства може да врши коруптивна градба спротивно на интересите на владеачката партијата и нејзиниот огромен државно-партиски апарат?!

Ретроградната и застрашувачка пракса на инструментализација на медиумите од страна на власта во служба на нечесни дневнополитички цели и за вршење нарачани медиумски убиства на непослушни поединци, нема да им наштети толку на поединечните жртви (па дури тоа да е и мојата маленкост), колку на медиумската слобода која ќе биде задушена од стравот од последиците на јавно искажана критика. Најголема жртва ќе биде младата македонска демократија, таа растреперена кандидатка, врз чијашто глава, центарот на нашата престолнина, партијата на власт ќе остави трајни белези – политичко-архитектонски грозотии кои како сифилистички рани на лицето ќе останат долго по силувањето. Македонската демократија е таа невеста која во атмосфера на медиумска контрола и политичко застрашување ќе остане трајно обележана, обесчестена и фрлена во каллив ендек на некоја потемна делница од патот за Европа.

# ОРГАНИЗАТОР НА НАСИЛНИОТ КОНТРАПРОТЕСТ Е ГРУЕВСКИ!

**07.04.2009**

> Наместо осуда на насилството тој ја исфрли старата лоповска улична финта: „држте го крадецот!“

Неполн час по насилното задушување на првото симболично архитектонско востание предминатата сабота, премиерот Груевски пред целата македонска јавност го искажа своето убедување дека јас сум бил организаторот на клучниот настан на меѓуизборието – мирниот протест на група студенти по архитектура против урбанистичкото силување на Скопје. Денес сите знаат дека студентите се самоорганизираа потикнати од „владините проекти“ што го девастираат центарот на престолнината. Од друга страна, на јавноста – нашата и меѓународна – ѝ останаа непознати организаторот и координаторот на гнасниот чин на насилно одземање на со Устав гарантираната слобода на уверување, јавно изразување и право-

то на мирен јавен протест. За насилното задушување на протестот од страна на организирана фашистоидна фаланга, премиерот во таа пригода немаше ни збор коментар. Наместо осуда на насилството тој со мајсторски рефлекс ја исфрли старата лоповска улична финта „држте го крадецот“ со која долги милениуми битанги успешно го свртувале вниманието на јавноста во погрешен правец. За среќа, настанот беше солидно визуелно документиран, а контрастот помеѓу студентите и одвратната толпа што ги вреѓаше и тепаше, делуваше хипнотизирачки на секој нормален човек. По неуспешниот обид да ја изврти медиумската перцепција на настанот, нашиот мајстор за манипулација пристапи кон планот Б: да се обвинат студентите за ненавремена најава на протестот, за слаба организација, немање редари и слични трици со кои врз нив би се префрлила одговорноста за настанот. Кога целата јавност – на која овојпат не ѝ беа потребни вообичаените евтини финти за да заземе став за работите што ги гледа со сопствени очи – не го проголта ниту овој во суштина тажен обид, премиерот, неговата министерка за внатрешни работи и нивната гебелсовска камарила се фатија за планот В и до него упорно се држат и ден денес. Според планот В: имало две групи протестанти, дошло до тепачка, надлежните органи ги идентификувале учесниците во тепачката, поднесени се соодветни пријави, бла, бла, бла и слични успивателни мантри. До денес премиерот не ги раздвои жртвите од насилниците, не им се извини на студентите, не ми се извини за клевета ниту мене, не го санкционираше неприфатливото однесување на полицијата и не ги испорача резултатите од истрагата – нарачателот, организаторот и егзекуторите. Она за што јавноста навистина би требало да е заинтересирана е функционирањето на правната држава, кое

ќе се докаже само со идентификација на организаторот на гнасното малтретирање на стотина девојчиња и момчиња од страна на идните одреди на смртта!!!

Изгледа неверојатно, но евтините финти на македонскиот неогебелсијанизам од типот: пропаганда + застрашување = преродба во милион чекори, се чини дека сеуште успеваат кај македонскиот граѓанин. Овие стари финти се креирани одамна, најчесто во несреќни оловни времиња, а денес во Македонија власта ги применува како во земјата да живее ментално ретардирано население. Доколку не е така, лагите на власта би морале да бидат масовно провалени и отфрлени; за жал, формулата сеуште успева. Очигледно е дека овој успех сѐ повеќе се должи на нејзината втора состојка – стравот!

Токму поради случајното разоткривање на механизмот на застрашување на кроткото македонско население од страна на власта, архитектонското востание беше клучен настан пролетва. Што, всушност, нашата и меѓународната јавност видоа таа црна сабота? Го видоа вистинското лице на овдешното псевдодемократско општество. Видоа група студенти кои стапнаа на скриеното копче пред влезот во „Храмот на пропаста", копче со кое се активира монструозен механизам за застрашување, притисок и малтретирање на населението. Некој потоа им мигнал на одамна регрутираните фаланги, некој организирал и платил автобуси за превоз на одредите од повеќе македонски градови, некој им исплатил дневница за оброк во престолнината, некој ја координирал МПЦ и ги добил на услуга нејзините реквизити, некој ги посочил локацијата и времето на студентскиот протест, им ги симнал заштитните корпи од муцките и им рекол дека можат да

касаат... За да се скрие тој „некој“, премиерот и неговата полициско медиумска машинерија упорно го маргинализираат случајот, воведуваат симетрии помеѓу жртвите и насилниците, ја анестезираат јавноста со досадни извештаи за прекршочни и кривични пријави, ги кријат насилниците од камери (иститe оние што тепаа пред камери!), небаре на полицијата ѝ е најважна пресумцијата на нивната невиност, итн. Но, јасно е дека сега, по изборите, најважно прашање за премиерот треба да биде: кој е тој „некој“, по ѓаволите, што е наредбодавач и организатор на насилниот контрапротест и на фашистоидните фаланги за застрашување на народот!?

> Некој им исплатил дневница за оброк во престолнината, некој ја координирал МПЦ и ги добил на услуга нејзините реквизити, некој ја посочил локацијата и времето на студентскиот протест, им ги симнал заштитните корпи од муцките и им рекол дека можат да касаат...

Фрлениот камен може да промаши, рекол Русо, но намерата секогаш погодува. Токму затоа идентификацијата на нарачателот и организаторот, а не само на извршителите, и негово испорачување на органите на правдата, е единственото исходиште на овој скандал кое можеби може малку да ја корегира сликата за условите во кои се одвива македонската демократија. Вака е јасно дека власта стои зад организираното насилство и дека всушност во Македонија се случува мека диктатура во која се задушуваат човековите слободи и права, во која се застрашува населението и на тој начин се фалсификуваат резултатите од сѐ помирните и сѐ понедемократските избори.

Додека премиерот не го испорача овој непознат сторител, додека активно го крие по секоја цена, единствено

> Додека премиерот не го испорача овој непознат сторител, додека активно го крие по секоја цена, единствено логично објаснување е дека тој лично е организаторот на насилството кое стана слика на неговото сопствено практикување на власта.

логично објаснување е дека тој лично е организаторот на насилството кое стана слика на неговото практикување власт.

http://bit.ly/grcevo3

# ЦРКВА ЗА ПОЛИТИЧКО ОГЛАСУВАЊЕ

**02.05.2009**

> Од фактот дека на многу стари европски плоштади има цркви не произлегува никаква логична консеквенца за нашиот случај.

Речиси цела недела власта ја труе јавноста со платен оглас на две страници, секој божји ден, во сите дневни весници. Огласот е очигледно многу важен за власта; со него сака да ја убеди јавноста во историската оправданост на одлуката граѓаните да добијат православен храм во сопственост на МПЦ, кој ќе се гради од даночните пари на сите граѓани. Исто така, со огласот власта со „очебијни“ аргументи сака да нѐ убеди во градителската оправданост црквата да се гради насред улица, на главниот градски плоштад во центарот на Скопје.

Внимателното читање на огласот, меѓутоа, предизвикува шок и изненадување од сознанието за колку мрсулав,

неписмен и игнорантски текст станува збор; текстот е хаотичен, со реваншистички дигресии, срамно погрешни илустрации (фотографии од плоштади на кои нема црква, од цркви кои воопшто не се на плоштад и од катедрали со свој а не градски плоштад), глупи грешки, плеоназми („режимска власт“) итн. Каков заумен мотив имале во ДПМНЕ кога толку важен оглас доввериле на човек што нема ни два грама познавање од историјата на архитектурата и урбанизмот, законодавството, историјата на општествените системи, сопствената историја, практично на тотален дунстер за сите аспекти на материјата за која пишува!? Колку и да е невозможно на стручен и логичен начин да се полемизира со еден олку дилетантски оглас, човек мора, макар телеграфски, да посочи на поголемите глупости и лаги со кои изобилува огласот.

Вчудоневидува незнаењето и ароганцијата на власта која за својата политичка одлука не консултирала ниту една струка (најмалку урбанистичката) и која таа одлука денес јавно ја објаснува – повторно со политичко-лаички и дилетантски „аргументи“ и со туристички фотографии на кои авторите на огласот не распознаваат ни црква ни мрква! Па, од фактот дека на многу стари европски плоштади има цркви не произлегува никаква логична консеквенца за нашиот случај. Ако не постојат внатрешни структурни сличности помеѓу две ситуации, не можат да се воспостават ни логички аналогии меѓу нив. Со прости зборови кажано, малоумно е објавувањето фотографии од локации кои немаат никаква врска со локацијата што владата ја избрала за своја црква во Скопје! Европските цркви се многу често постари од градските плоштади, многу цркви имаат свои плоштади, а многу

плоштади немаат цркви (таков е плоштадот во Сиена кој дунстерите од ДПМНЕ го објавија во огласот – жива брука!), но на ниту еден европски плоштад не му се случило она што му се случува денес на плоштадот „Македонија". Во историјата на Европа нема ниту еден случај сличен на нашиот, во кој на оформен главен градски плоштад се треснува објект насред централната површина, при што се затвора најширокиот сообраќаен коридор кој се влива во плоштадот.

Понатаму, чиста глупост (која во огласот станува лага) е дека станува збор за „возобновување на православниот храм Св. Константин и Елена". За да може да се рече дека еден објект се обновува, реконструира или реституира тој мора да биде на оригиналната локација, на старите темели, да биде архитектонски потполно идентичен со стариот, да се вградат оригинални делови, остатоци, материјали и опрема. За билмези, меѓутоа, како да е доволно една новоградба, на која било локација, да се „прогласи" за „возобновена" и таа добива историски легитимитет и милениумска патина!

> Комунистичката власт во тоа време не се бавеше со непотребни рушења, туку – како што знаат и дунстерите од ДПМНЕ – со возобновување на Македонската православна црква и со изградба на соборниот храм Св. Климент Охридски!

Лага е дека црквата Св. Константин и Елена била „непотребно срушена по земјотресот" од страна на „режимската власт"; црквата – како и десетина илјади други објекти – е срушена поради сериозни оштетувања од земјотре-

сот. Проценките на оштетувањата ги вршеа комисии составени од најдобрите и најискусните стручњаци (а не како денес – комисии составени од лепачи на плакати), додека за црквата постои и богата фотодокументација. Комунистичката власт во тоа време не се бавеше со непотребни рушења, туку – како што знаат и дунстерите од ДПМНЕ – со возобновување на Македонската православна црква и со изградба на соборниот храм Св. Климент Охридски!

Најчудовишната лага во огласот е скриена зад својата очигледност: дека легитимитетот за градење црква со буџетски пари на плоштад произлегува од фактот што ДПМНЕ „јавно" ја ветило црквата на народот уште во изборната програма 2008 година. Кога ќе се истрга пердето кое оваа халуциногено опивна глупост го создава пред нашите очи, останува голиот факт дека ДПМНЕ ветила нешто што не смеела да вети, ветила нешто што е спротивно на Уставот на Република Македонија! Зашто, ветувањето дека влада на секуларна држава ќе гради верски објект со јавни буџетски пари е практично спојување на државата и црквата и, како такво, во спротивност со член 19 од Уставот на РМ во кој се гарантира одвоеноста на двете. Реализацијата на ова монструозно ветување нема никаква врска со верата и религијата, туку само со власта, моќта и силата. Тоа е политички чин пред сè, тоа е црква за политичко огласување, тоа е обнародување на досега тајниот владеачки сојуз ДПМНЕ-МПЦ и на нивното политичко кредо – да владеат заедно „со Бога на нивната страна", да владеат со душите и телата на македонските „раби" како единствена политичка опција во Македонија, за сите времиња, во веки веков.

Ова црно ветување е јавен повик за рушење на уставниот поредок, демонтажа на секуларноста на државата и на повеќепартискиот демократски систем; тоа е повик за воведување мимикрична глодарска еднопартиска теократија! Последниот осамен пример на смртоносна симбиоза помеѓу државната власт и црквата, единствената современа аналогија на нашата владина црква, кога еден политички лидер изградил верски објект од буџетски пари, е Садам Хусеин, градителот на монументалната џамија „Мајка на сите битки“ во центарот на Багдад, само неколку години пред својата неславна смрт и пропаста на ирачкото општество. Ова како пример.

На крај, првото: прво била одлуката – сонот на водачот, па ветувањето, па „стручната обработка“, па „сите можни процедури“, па тепањето на студентите; сега, на крајот од чинот на силувањето, силувачите со оглас ја убедуваат жртвата дека требало да ужива, дека тоа било „разубавување“, дека тоа ќе „стане наша гордост“ и слични гадости?! Одвратно!

http://bit.ly/grcevo4

# АРХИТЕКТОНСКА ПСИХОПАТОЛОГИЈА

**14.05.2009**

> Нашите и деспотските споменици се симптоми на иста психосоцијална патологија на општеството!

Архитектонските факти се можеби најбогатите ризници на податоци за општествата во кои се создадени.

И во современите цивилизации „читањето" на архитектонските факти во некои ситуации може да обезбеди појасен и подлабок увид во вистинските мотиви заградење, како и во вистинските состојби на општествата во кои градбите настанале. Тоа особено важи за државните згради и споменици во автократски режими, во простори заситени од државно-пропагандни лаги: таму архитектурата станува автентичен исказ на власта и материјален сведок за состојбата на духот на владетелите. Тогаш, во неволја, архитектурата и скулптурата стануваат симптоми на болеста на авторитарната власт. Импли-

цитно, тие стануваат и симптоми на степенот на затруеност и затапеност на населението кое ја поддржува или трпи таа власт, и конечно, симптоми на една психосоцијална патологија.

Македонците денес живеат буквално заглушени од државната пропаганда: речиси секој поединечен исказ на владините гласноговорници е лага! Ова редундантно лажење е вешто пресметано од владините советници за пропаганда бидејќи просечниот човек, колку и да е итар, со инстинктот за самоодржување како да мора да верува во добар дел од лагата во која се дави. Единствените искрени искази на нашата лажлива власт се зградите и скулптурите што грозничаво и забревтано ги гради како да страда од градителска колера. За толкувањето на овие творби – тие весници на неволјата – неопходни се историски аналогии и јасни историски вистини ослободени од пристрасноста на денот.

> Сите ретроградни деспотии имаат заеднички именител: се откажуваат од сопствениот идентитет во полза на нов, измислен. Тие ја бришат единствената позната, кодифицирана историја на нацијата и го бараат новиот идентитет, потеклото на народот, симболите и јунаците во далечното нестварно митолошко минато.

Сите ретроградни деспотии имаат заеднички именител: се откажуваат од сопствениот идентитет во полза на нов, измислен. Тие ја бришат единствената позната, кодифицирана историја на нацијата и го бараат новиот идентитет, потеклото на народот, симболите и јунаците

во далечното нестварно митолошко минато. Хитлер, на пример, го преземал нацистичкиот поздрав од средновековниот германски крал Фредерик Барбароса, кој оваа кореографија ја преземал од старото римско царство. Железниот крст е преземен од убиствениот и харизматичен ред на крстоносците Темплари. Орелот во грбот и комплетот државни инсигнии, банери и амблеми Хитлер ги преземал од римските цезари. За свастиката, амблемот на националсоцијалистичката партија, посегнал уште подлабоко во туѓо минато. Свастиката е веројатно најдинамичниот, најмоќниот и најпрегнантниот геометриски симбол во историјата, познат уште во неолитот, а широко користен од најстарите култури на индиските, кинеските и егејските простори. Идејата за ариевска раса на надлуѓе потекнува исто така од средниот исток, од предперсиското племе Арии (во значење: надлуѓе) од кои се сметало дека потекнува санскритот и сите индоевропски јазици.

Обредната кореографија, симболиката на знаците, а најмногу од сè – архитектурата, Хитлер ги третирал со страст и посветеност, како најважни државни приоритети. Архитектурата била инспирирана од доминантните улични оски, колонадите и куполите на римската империја, и овие мотиви – хипертрофирани во гигантски размери, биле бесконечно мултиплицирани во нацистичка Германија.

Независната Држава на Хрватите, тој најмонструозен приврзок на нацистичка Германија, не успеа да продуцира архитектура – веројатно поради презафатеност со истребување на српското население и Евреите, но (што за нас Македонците е особено интересно) успеа да го

смени идентитетот на нацијата „докажувајќи“ го несловенското потекло на Хрватите. Според етногенетичарите на Анте Павелиќ, Хрватите потекнуваат од Иран, од источноперсиската провинција која во времето на Дарие и Ксеркс се викала Харауватија!

Садам Хусеин, веројатно најпознатиот пример на современ деспот, својот поглед station наназад го фокусирал на месопотамската цивилизација и на едно од најславните царства во историјата – Вавилонското царство. Садам размислувал сосем логично, оти врската меѓу денешните Ирачани и Месопотамците од пред 3000 години е исто толку веродостојна како нашата и грчката поврзаност со Македонците на Александар Велики. Елем, една од првите градителски одлуки на модерниот деспот била да ја „обнови“ кралската палата на Набукодоносор Втори во глинестите урнатини на некогаш величествениот Вавилон. Начинот на „обновување“ бил идентичен со нашата современа државна метода: без податоци за вистинскиот изглед на некогашната палата, но со многу ентузијазам во измислувањето на историската новоградба!

> Малоумната идеја дека физичката големина е најсилна порака сама за себе, и дека таа е способна да пренесе и пораки за духовното и културното, во деспотиите станува тажно вистинита.

Второ заедничко својство на модерните деспотии е мегаломанската архитектура и скулптура. Дали причина за ова е малограѓанскиот кичерски вкус на деспотите или можеби се работи за нивно инстинктивно сознание дека големината, а не убавината, најмногу ги фасцинира

простите народни маси, или двете заедно, ќе остане за одгатнување. Како и да е, државните згради на овие режими се првин големи, а потоа сè друго. Малоумната идеја дека физичката големина е најсилна порака сама за себе, и дека таа е способна да пренесе и пораки за духовното и културното, во деспотиите станува тажно вистинита. Димензиите на партиско-државниот крст на Водно и на споменикот на Букефал на плоштадот Македонија се докази дека истата психосоцијална патологија владее и со македонското општество.

Нарачувајќи му го на Шпер проектот за новата Канцеларија на Рајхот, Хитлер му нагласил дека сака архитектонски простори кои „ќе ги импресионираат луѓето“. Оваа нарачка резултирала со Канцеларија долга 400 метри, во која приемната галерија на Фирерот била долга 145 метри, а неговиот личен кабинет бил со површина од 400 квадратни метри! Неизградената Народна хала или Хала на славата била инспирирана, според Шпер, од Адријановиот Пантеон во Рим, и била проектирана како огромна купола со дијаметар од 250 метри, поставена на гранитен подиум од 315/315 метри, вкупно висока над 300 метри (колку што се стокатниците на Груевски)!

Насетувајќи ја сопствената пропаст, Садам отпочнал со изградба на најголемата џамија на светот во 1998 година – Садамовата џамија, која и денес е во изградба под името Алрахманова џамија. Џамијата е во форма на централна купола опкружена со осум помали куполи кои се впишани во круг со пречник од 250 метри и височина од околу 140 метри; сосем доволно да претствува пропусница со која Садам од бесилка требало да влезе директно во рајот.

Деспотите секогаш декларираат лажен мотив за изградба на нивните згради и споменици, било да се работи за верски или за профани објекти. Вистинска причина за дијареичното градење се секогаш „козјите уши на кралот“; тоа е јавната тајна која несопирливо и бесрамно протекува и засмрдува од нивната кич „архитектура и уметност“. Сè што прават деспотите, прават за себе, за својот гигантски егоизам и суета, за својата единствена хипертрофирана страст – апсолутната власт. Грандоманската архитектура и уметност го хранат егото на деспотите и го лечат нивниот комплекс на инфериорност. Но, државниот кич ја „храни“ и социопатијата на разочараната средна класа и лумпенпролетаријатот, врз чии чувства на пониженост деспотите се искачиле на власт!

Некој можеби ќе забележи дека споредбата на Груевски со Хитлер и Садам е несоодветна и претерана. Тоа би било точно ако ги споредуваме појавите по нивната големина или малигност. Секому е јасно дека тие згради се поголеми од нашите и дека тие режими биле, за наша среќа, многу позастрашувачки од нашиот. Но суштината на вистинската аналогија е што таа воспоставува корисни и илустративни сличности на едно подлабоко структурно ниво. Нашите и деспотските споменици се изградени од исти мотиви, тие се производ на иста состојба на духот, тие се, значи, симптоми на иста психосоцијална патологија на општеството! Нема сомнеж дека владините проекти се симптом на тешка болест, на национал-социјалистичка состојба на духот која можеби нема потенцијал да стане смртоносна како во нацистичка Германија или Ирак, но може да биде доволно смртоносна за нашата кревка држава и болежлива демократија.

http://bit.ly/grcevo5

# ЗАКОН ЗА ГРАДЕЊЕ И ЗАСТРАШУВАЊЕ – ЧЛЕН 138

**14.07.2009**

> Ова четиво е „забавно“ како филмски хорор.

По многуте негодувања против решенијата во Законот за градење – меѓу кои беше и мојот скромен стручен став – на моќната говорница на ДПМНЕ излезе едно кутре и на јавноста ѝ порача дека „некои експерти“ го дезинформирале народот дека законот всушност бил многу добар, но требало „добро да се прочита“. Ако „добро се прочитал“, ќе се видело дека законот не само што не бил против народот, туку дури бил робинхудовски (им земал на богатите и им делел на сиромашните). Пропагандистите од ДПМНЕ веројатно тргнале од своето сопствено мачно читачко искуство, кога процениле дека и нам читањето ни е неизведливо тешка задача, па си помислиле (златни на мајка!) дека дебатата ќе заврши со изјави и соопштенија

каде тие ќе надвладеат со нивното „ас казах последен!“ Не, ние добро ќе го прочитаме законот, на глас и јавно, за да се види за кого е Законот за градење добар, а за кого лош. Читателите ги уверувам дека нема да почувствуваат ни трага од вообичаената здодевност која се излива од текстовите во кои се читаат и цитираат езотерични прописи; ова четиво е „забавно“ како филмски хорор.

Елем, што пишува во озлогласениот член 138? Во ставот 1 пишува дека „градежниот инспектор, кога ќе утврди дека градбата се гради или е изградена спротивно на одобрението за градење, може да изрече и забрана за отуѓување, оптоварување и располагање со земјиштето и градбата“. Да видиме кои се последиците од овие навидум питоми формулации. Прво, кога инспекторот утврдува дека „градбата се гради или е изградена...“, тоа значи дека сите досега изградени градби, како и сите недовршени градби со одобрение за градење, можат да станат негови „жртви“, додека вистинските бесправни градби, изградени или што се градат без никакво одобрение за градење, се потполно вон интересот на законодавецот. Тоа, пак, значи дека практично ниту еден граѓанин во земјава, сопственик на недвижност која легално ја изградил, наследил или купил, не може да биде сигурен дека не потпаѓа во категоријата објекти кај кои инспекторот нема да утврди некои неусогласености со одобрението за градење. Познавачите на градителското законодавство и практика знаат дека кај секој објект во Македонија, изграден по Втората светска војна, може да се најде дел, делче или барем некој сантиметар „спротивен на одобрението за градба“! Второ, со формулацијата „градбата (...) е изградена“ членот 138 се здобива со повратно дејство кое важи ретроактивно за дела кои се слу-

чиле пред донесување на законот. Зашто, исказот „е изградена“ недвосмислено значи дека дејството е завршено и се случило во некое неодредено минато време. Не треба да бидеме уставни судии за да утврдиме дека членот 138 е спротивен на членот 52 од Уставот на РМ, каде што повратното дејство е дозволено само по исклучок, и тоа во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните. Трето, формулацијата во која градежниот инспектор „може да изрече и забрана...“ значи дека тој може но не мора да ја примени мерката, што пак јасно кажува дека власта си го задржува дискреционото право да одлучи кога, дали и по чиј грб ќе го употреби својот нов стап. И четврто, цел на санкцијата не е само градбата, туку и земјиштето, што е без преседан во познатава вселена! Земјиштето кое е законски купено или наследено не мора да е сопственост на оној што го поседува објектот или на оној што градел, може да нема било каква врска со бесправното градење и, конечно, ја ужива правната заштита на сопственоста, која е темелна вредност на нашиот уставен поредок (член 8 од Уставот).

> Власта воопшто не е заинтересирана да се „бафта“ со бесправната градба, туку само со легално стекнатото земјиште и само со легално изградени градби!

Овој современ македонски законодавен хорор продолжува во ставот 2 од членот 138 каде пишува дека Републиката, односно општината, „се стекнуваат со заложно право на земјиштето и градбата, односно на деловите кои се изградени согласно со одобрението за градење“. Прочитајте повторно: власта воопшто не е заинтереси-

рана да се „бафта“ со бесправната градба, туку само со легално стекнатото земјиште и само со градбите кои се легално изградени! Постои ли поеклатантен пример за кршење на уставниот принцип за владеење на правото од оваа тажна умотворина на ДПМНЕ!? Државата ќе ги конфискува само оние недвижности за кои самата претходно издала гаранции (имотен лист, одобрение за градење и сл.) дека се легална сопственост која ужива државно правна заштита?

Но, хororот прераснува во бурлеска во ставот 3, во кој се определуваат „пенали во износ од 3% месечно од пазарната вредност“ на легалната недвижнина, но само до три години – до кога „жртвата“ веќе платила 108% од вредноста на целиот имот. По три години, без оглед на платените 108 насто – ако избраната жртва сама не си го сруши објектот или доколку не плаќа редовно, државата и општината – во ставовите 5 и 6 – пристапуваат кон „присилно извршување со стекнување сопственост на земјиштето и објектот – делот кој е изграден со одобрение за градење, а е затекнат при извршувањето“. Значи, не е виновен оној кој го извршил делото, туку оној, или подобро – секој, кој се „затекнал при извршувањето“ на санкцијата! Бурлеската тука преоѓа во театар на апсурдот и на веќе егзалтираната публика заслепена со прејаки емоции ѝ поминува незабележан најслаткиот аспект на ова знаменито литературно дело: никаде во членот 138 не е определена ниту физичката ниту правната границата на опфатот на санкцијата. Се зборува за „градбата“, „земјиштето“ или „недвижноста“, но нема никакво ограничување за грабежливата рака на власта: кое и колкаво земјиште и кои, колкави и колку градби – што

се „затекнале“ до и околу бесправната градба – насилно ќе бидат одземени?!

Да илустрираме како „работи“ овој „робинхудовски“ закон. Кога за една станбена зграда со 10 различни сопственици на станови, изградена и уселена пред, да речеме, 15 години, инспекторот ќе утврди дека „излегла“ 10 сантиметри од градежната линија, сите сопственици треба да се иселат и да си ја срушат родната зграда или – бидејќи рушењето е невозможно – треба извесно време да плаќаат рекет од 3%, колку да го одложат неодминливото конфискување на нивниот имот од страна на власта. И толку.

> Кога за една станбена зграда со 10 различни сопственици на станови, изградена и уселена пред, да речеме, 15 години, инспекторот ќе утврди дека „излегла“ 10 сантиметри од градежната линија, сите сопственици треба да се иселат и да си ја срушат сопствената зграда.

Ете тоа произлегува од едно добро читање на членот 138 од Законот за градење. Очигледно е дека законското решение е толку лошо, бескорисно и противуставно, што практично е неприменливо. Но, дали е така? Неговата системска неприменливост, како опаш што ѕирка под здолниште, ја отскрива неговата вистинска намена. Тој ефикасно „работи“ и без да се применува; тој е измислен за да се употреби на неколкумина „непослушни“ и за да се рекетираат оние што се спремни да и платат „заштита“ на ДПМНЕ. Сепак, најважната намена на законот е да се застрашат и држат во страв сите оние врз кои законот

нема да биде применет, а ќе се посомневаат дека во легално стекнатиот имот, како црв во дрво, се крие некој сантиметар отповеќе! Членот 138 од Законот за градење е уште еден инструмент со кој власта го застрашува населението, уште една тешка рака што ги поттурнува удолу веднатите глави на граѓаните – современата македонска раја.

http://bit.ly/grcevo6

# КАРНЕВАЛСКАТА ВИЗИЈА ЗА „СКОПЈЕ 2014“ Е НЕЗАКОНСКА!

22.09.2009

> Оваа антинародна власт му се заканува на сопствениот народ „давајќи“ му насила „подароци“ купени со негови пари, спротивно на неговата волја и расположение.

Сите што ја видоа презентацијата на кошмарната визија за „Скопје 2014“ останаа со подотворени усти и тескоба во градите. Во оваа компјутерски генерирана грдотија сѐ е лажно: непостоечките архитектонски стилови, нереалните барокни споменици, ужасните згради кои ги затнуваат кејовите и плоштадите на главниот град, смешните лавови, црквата поставена врз канализација (невиден срам!), малоумните врби сред Вардар... Сите овие „креации“ на македонскиот политички врв се како карневалски маски кои неук провинциски клептоман ги здиплил протрчувајќи низ стоковната куќа на европската историја.

Маските за овој архитектонски карневал се наменети да ја создадат илузијата за напредок и просперитет, но идејната пустелија и незнаењето со кое Владата сака од Скопје да на-

прави Потемкиново село, не можат да ги скријат влакнестите нозе, чепунките, опашот и јарешкиот лик на ѓаволското зло што се крие зад тие маски и тантели. Колку и да се трудат да ја скријат злата намера (читај: политичката манипулација), таа им протекува низ грдата архитектура како врела писа низ гевгир. Овие во својата суштина наивни урбанистички „визии", на професионалец му изгледаат како дело на ментално болен архитектонски „Наполеон", но на обичниот човек мора да му предизвикуваат длабока вознемиреност, зашто под налудничавите карневалски маски чувствува зло и затскриена закана.

> Маските за овој архитектонски карневал се наменети за да создадат илузија за напредок и просперитет, но идејната пустелија и незнаењето со кое Владата сака од Скопје да направи Потемкиново село не можат да ги скријат влакнестите нозе, чепунките, опашот и јарешкиот лик на ѓаволското зло што се крие зад тие маски и тантели.

Заканата се крие во слепата решителност на Владата да го пресоздаде центарот на Скопје по мерка на својата интелектуална инфериорност и малограѓанскиот кичерски вкус, и за тој нелегален проект да потроши стотици милиони евра народни пари. Оваа антинародна власт практично му се заканува на сопствениот народ „давајќи" му насила „подароци" купени со негови пари, спротивно на неговата волја и расположение. За овие карневалски маски таа ги гази Уставот, законите, стандардите, ги фалсификува процедурите, конкурсите, мислењата и согласностите, ги демонтира сите институции во државата, јавно ја корумпира Македонската православна црква, гази по правата на граѓаните, чувствата

на етничките заедници... Токму оваа безумна спремност на власта за својата налудничава „визија“ да плати колку било висока цена – на сметка на џебот и грбот на граѓаните – егзистенцијално го застрашува и парализира народот македонски.

Болната опсесивност на власта, нејзините налудничави креации – макар насила – да бидат прифатени како сакан подарок, е вообичаен симптом на патологијата на современите апсолутистички режими. Сите тие имаат патолошка потреба да бидат сакани. Сите покажуваат компулсивен ентузијазам во миг да го пресоздадат светот според сопствените манијакални (и најчесто кичерски) визии. Задоволувајќи ја оваа потреба, сите диктатури стварноста ја заменуваат со пропаганда! Оттаму потекнува и нивната спремност да го потрошат целото национално богатство на саморекламирање. Од истиот ѓол потекнува и малограѓанската „ситничавост“ кон божемното задоволување на правната форма и кон „јавното мнение“, инсистирањето да „изгледаат чесни“ и „сè да биде по закон“, без оглед на демонски незаконската содржина на сите „хартии“ што ги произведуваат.

Поради тоа и нашиот „троа фашизам“ – меката карневалска верзија на ДПМНЕ – особено се трудеше „визијата“ за „Скопје 2014“ да биде „по сите можни закони“ и ситничареше околу собирањето на потребните мислења, согласности и процедури за измените на урбанистичкиот план за Малиот ринг...

Не изненадува што содржината на урбанистичкиот план е спротивна на законот, што мислењето на Управата за културно наследство е спротивно на законот, што Согласноста

на министерството и на Градот Скопје се исто така спротивни на законот; сите суштински неуставности се неинтересни за власта сѐ додека општата форма е задоволена, додека листата на законски постапки за донесување на планот е комплетна. Но, шокира сознанието дека Владата на РМ и општината Центар ја спровеле целокупната постапка за изработување и донесување на деталниот урбанистички план за Малиот ринг според неважечка законска процедура, значи донеле документ без правен основ, неспроведлив и неважечки!

Човек не може да не подрипне од радост при откритие на оваа, како планина голема, незаконитост во постапката за донесување на планот. Оваа колосална глупост на „лејките“ од ДПМНЕ е особено забавна бидејќи кутрињата ќе станат свесни за законската ништовност на нивната „визија“ – читајќи весници!

Еве за што се работи: постапката за изработување и донесување на урбанистичкиот план за Малиот ринг почна со носењето на Програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови на Владата на РМ во ноември 2009. Според оваа програма општината Центар – по специјална скратена постапка – експресно го изработи Малиот ринг во предлог план (прескокнувајќи ја фазата на нацрт план која е задолжителна за сите планови), го изложи на јавна анкета за време на новогодишните и божикните празници (!), и го донесе на 29 јануари 2010. Но, целата оваа постапка владата и општината ја изведоа според одредби од закон кои се вон сила! Ако не ви се верува на очите, ќе ви повторам со големи букви: ПРИОРИТЕТНАТА ПРОГРАМА НА ВЛАДАТА И СКРАТЕНАТА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СЕ ИЗБРИШАНИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО

И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО ЈУЛИ 2009 ГОДИНА!!! „Билмезите“ ја изведоа целата постапка за својот најважен проект без правен основ, според неважечки одредби, кои самите претходно со измени на законот ги избришаа! Постои ли поголем резил за еден „поштен“ национал-социјалистички режим кој сака „сè да биде по закон“?

> „Билмезите“ ја изведоа целата постапка за својот најважен проект без правен основ, според неважечки одредби кои самите претходно со измени на законот ги избришаа! Постои ли поголем резил за еден „поштен“ национал-социјалистички режим кој сака „сè да биде по закон“?

Сите органи на власта и сите граѓани во државава сега знаат дека оградата на плоштадот е незаконска, дека изместувањето на главната канализација од под црквата е незаконско, дека малоумната капија, врби и објекти на кејот... дека сите се незаконски, бидејќи планот за Малиот ринг – во кој тие се нацртани – е правно ништовен и практично не постои. Реализацијата на карневалската „визија“ ќе мора да се одложи додека општината не ја повтори процедурата од почеток – овојпат барем формално според законот. И да, за олку очевидна и скандалозна незаконитост не мора да се чека Уставниот суд да одлучува – секој правник и секој писмен човек може да ја утврди, но единствено од педагошки причини иницијативата за оценување на уставноста е веќе на пат кон судот...

http://bit.ly/grcevo7

# ЗБОГУМ, SВЕЗДО СО ПЕТ ЗРАЦИ

**14.12.2009**

> Најмалку четири милијарди луѓе денес се идентификуваат со ѕвездата петокрака.

Вината за неодамнешното дилетантско отстранување на ѕвездата петокрака од државниот грб не паѓа само на нашите „вожди" – како непосредни автори на тој уставен порно филм, туку и на оние кои ги избрале – отапениот народ македонски. Оваа колективна вина би требало да се прошири практично на целото население, поради апатичната тишина и незаинтересираност со која во историјата е испратен најпрегнантниот геометриски симбол во нашите државни ознаки – симболот на постоењето на македонската држава.

Секој нормален Македонец, во нормално време, би се задушил во чувството на срам и понижување кое би го запліснало кога би ги слушнал или прочитал неколкуте

пропелтечени зборови на образложението за промената на државниот грб. Дека ѕвездата се исфрла од државниот грб зашто ги „потсеќала на социјализмот“ и зашто тоа било „единственото решение околу кое можеле да постигнат согласност“. Иако ретко каде во светот постои олку малоумно образложение за промена на еден државен грб, кај нас оваа епохална срамота предизвика мал број воздржани реакции.

Колку и да е бесмислено отпосле да се дебатира за оваа државотворна глупост или за ова немуштo дизајнерско решение, човек чувствува потреба да ја разбие тишината (која повеќе говори за нашето сопствено умирање отколку за смртта на петокраката) и да објасни некои основни факти за ѕвездата со пет зраци.

Најпрвин, за нејзината асоцијативност. Што да одговори човек на аргументот дека „ги потсеќало“? На лепешкарот секое топче му личи на лепешка. Па, од државниот грб го отстранија неговиот најубав елемент – брилијантот во круната, елементот кој е универзален, вонидеолошки и вонвременски, па поради тоа и елементот кој најмалку ја носеше социјалистичката конотација! Она што остана од грбот е носител на социјалистички асоцијации – анахрона и типично реалсоцијалистичка композиција која по Втората светска војна беше канон за сите држави од социјалистичкиот лагер. Пејзажна пасторала од комунистичкиот рај, со венчиња од плодовите на работата на владеачката работничка класа. Без петокраката ѕвезда која светеше со панхроничен сјај на врвот од грбот и ги спојуваше композитните венчиња од жито, тутун и афион (канабисот, по грешка, не е застапен), грбот македонски е како реликт – накисната и носталгична потсетка на еден исчезнат свет. Со овој плит-

коумен и, пред сè, непотребен „дизајнерски" потез, нашите власти на светот му ја потврдија својата идентитетска дезориентираност и го зацементираа „бившиот" идентитет на државата: реновиран е грбот на Поранешната Југословенска Република Македонија. Неспособноста на сите политички елити да го испочитуваат Уставниот закон од 1991 и да го обноват државниот грб во духот на новото време и во манирот на европската хералдика (при што токму ѕвездата петокрака најмногу заслужуваше во новиот грб да го одржи симболичкиот континуитет на македонската државност), денес е надградена со чудовишна глупост многу полоша од дводецениското нечинење. На нашиве власти очигледно не им е позната мудроста на Твен, кој рекол дека е подобро човекот да молчи макар изгледал глупаво, отколку да ја отвори устата и да ги развее сите сомнежи!

Употребата на петокраката како симбол е стара повеќе од пет милениума. Во пентаграмска форма била употребувана како пиктограм во Сумерското писмо уште во третиот милениум пред нашата ера, во Вавилон се употребувала од вториот милениум, античкиот хеленски свет ја употребува од Питагора, била симбол на првата еврејска држава на кралот Соломон, била знак на царот Константин (оној истиот кој го извадил христијанството од катакомби и го прогласил за единствена државна религија во Римската империја, оној св. Константин кому нашите власти планираат да му градат црква сред скопскиот плоштад), а низ средниот и новиот век ја пронеле тајните масонски братства.

Значењата кои ги носела ѕвездата петокрака во минатите милениуми секогаш биле космички, божествени и општочовечки. Во Вавилон ги означувала петте ориентации, пет-

те планети, космосот и целината на животот; во таоизмот петокраката ги означувала петте основни елементи, питагорејците во ѕвездата ја гледале целината и хармонијата на светот составена од петте класични елементи, а самиот Питагора ја сметал за божествена перфекција. Пентаграмот бил првиот христијански знак, а до доцниот среден век ги означувал петте рани на Исус Христос или го означувал самиот Спасител. Во деветнаесеттиот век петокраката станала знак за општочовечките вредности и права, знак на есперантистичкото движење и симбол на животот на современите државни ентитети.

> Најмалку четири милијарди луѓе денес се идентификуваат со ѕвездата петокрака и гледаат афирмативно на неа. Но, нашиве психопати имаат проблем зашто ги „потсеќало“.

Од осумнаесеттиот век ѕвездата со пет зраци масовно се употребува на државните знамиња и грбовите на светските нации, каде што ги симболизира раѓањето, животот и постоењето, низ метафората на незгаснувачки оган. Денес – кога ја фрливме на буниште нашата сопствена петокрака, таа е застапена на знамињата на повеќе од 60 држави и на грбовите на повеќе од 35 држави членки на Обединетите нации. Ѕвездата со пет зраци ги краси знамињата на САД, ЕУ, Кина, Пакистан, Турција, Австралија, Бразил, Конго и уште педесетина земји од сите населени континенти, што искажано преку населението претставува скоро две третини од човештвото. Најмалку четири милијарди луѓе денес се идентификуваат со ѕвездата петокрака и гледаат афирмативно на неа. Но, нашиве психопати имаат проблем зашто ги „потсеќало“!? Аргументацијата во полза на ѕвездата може да наполни илјада страници текст, можат да

се набројат исто толку нејзини позитивни значења и употреби, но против неа засекогаш ќе останат единствените двата „гранитни“ аргументи на власта: дека ги „потсеќало“ и дека само околу тоа „постигнале согласност“...

Во современото читање на симболите ѕвездата петокрака го означува животот на државните ентитети. Не е случајно што ѕвездите на знамето на САД ги означуваат нејзините сојузни држави, ѕвездите на знамето на ЕУ се државите членки на Унијата, а во кинеското државно знаме големата петокрака е земјата матица, додека малите четири ѕвезди се нејзините отргнати делови. Македонската петокрака ѕвезда ја симболизираше македонската државност по себе. Таа засвети на нашиот грб заедно со нашата држава и го симболизираше нејзиното раѓање и вечниот оган на нејзиното постоење. Отстранувањето на ѕвездата е симболично но недвосмислено самопоништување на македонскиот државен идентитет и ентитет, симболичен куршум во сопствената слепоочница, што македонскиот народ – со својата апатичност и помирливост – практично сам си го испука.

Временскиот распоред за сакатењето на државниот грб е вистинска цреша на врвот на овој „дизајнерски” блуеж: „вождите“ избраа да си играат со државниот грб како тригодишно машко дете со крилцата на фатена мува, и тоа во најнапнатата фаза од преговорите за името. Па и дождовна глиста ќе сфатеше дека неверојатната леснотија со која беше сменет државниот грб, и тоа заради бришење на битен симболичен елемент на државниот идентитет, е јасна порака дека македонската држава го менува Идентитетот лесно и често како што се менуваат употребени марамчиња, и дека народот македонски уморно и тапо, со

тажен кравји поглед и во тишина ќе проследи каква било промена и на Уставот, макар се однесувала на знамето, грбот, името или што и да е!

На крајот, една позитивна последица од хералдичката смрт на македонската петкрака ѕвезда: несреќнава случка без сомнение придонесе за подобро разбирање на грчките позиции во спорот за името. Имено, досега бев убеден дека грчките барања се чудовишни, неправедни, непринципиелни и неприфатливи, дека се надградба на валканата грчка совест за геноцидите од минатото, за асимилацијата на словенското население итн. Постапките на машкиве деца на македонското државно кормило ми помогнаа да ги разберам соседите: замислете некој дуќанџија – земајќи го предвид грчкиот познат трговски дух – кој во дуќанот пречекува билмези како нашиве, кои со горда насмевка си го фрлаат бебето во канализација и ја испиваат содржината на нокширчето; зарем кој било дуќанџија нема да падне во искушение да „избричи“ такви билмези и да им земе сѐ што е можно? Се разбира дека секој рационален трговец би постапил исто како нашите соседи доколку, како Грците, имаат апсолутни дилетанти од другата страна на преговарачката маса. Секоја домашна глупост на нашата влада на светот му ги прави сѐ поразбирливи и полегитимни грчките барања.

Збогум ѕвездо со пет зраци, македонската држава веќе не те заслужува.

http://bit.ly/grcevo8

# „СКОПЈЕ 2014“ – ПРОЕКТ ЗА ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА

**05.03.2010**

> Последиците од овој тажен архитектонски карневал, меѓутоа, ќе бидат многу посериозни од очекуваното расчистување на бетонскиот и бронзениот послекарневалски отпад.

Изгледа дека треба да ѝ бидеме благодарни на Владата за компјутерската анимација на нејзиниот проект „Скопје 2014“, зашто оваа визуелизација ѝ даде медиумски лик на досега релативно вешто затскриената тоталитарна природа на власта. Кичот, помпезноста и невешто крадените историски стилови, ги направија очигледни суштинските карактеристики на власта – нејзината агресивна нарцисоидност, алчноста и бесчувствителноста за маките на народот – својства типични за апсолутистички режими. Искуството нѐ учи дека вешто направените маски речиси секогаш успешно ја покривале измамата, но гротескните маски и дилетантската шминка – каков што е случајот со оваа „визија“ – само ја потенцираат причината за маскирањето.

Кога лаици и дилетанти од позиции на апсолутна власт креираат урбанистички и архитектонски решенија, дебатата за архитектонските стилови е потполно депласирана, зашто овие „креации“ не можат да бидат причина за стручен архитектонски или историско-уметнички дискурс, туку се симптом за крајно сериозна болест на општеството. Во екстремни ситуации – кога апсолутната власт губи компас и почнува да практикува самовластие – нејзините перверзни градителски проекти не се веќе архитектонски факти: тие стануваат знаци на политичкото зло кое ги породило. Доколку овие знаци бидат навреме прочитани нивната очигледна грдотија може да се сфати и како среќна околност, како предупредување кое можеби ќе ги разбуди Македонците од дремливата удолна апатија во која западнале...

> Искуството нè учи дека вешто направените маски речиси секогаш успешно ја покривале измамата, но гротескните маски и дилетантската шминка – каков што е случајот со оваа „визија“ – само ја потенцираат причината за маскирањето.

Последиците од овој тажен архитектонски карневал, меѓутоа, ќе бидат многу посериозни од очекуваното расчистување на бетонскиот и бронзениот послекарневалски отпад. Тие ќе бидат подлабоки и подалекусежни, особено во перспектива.

Изведувајќи ги своите несериозни архитектонски будалаштини по центарот на Скопје, Владата ја суспендира правната држава, ги гази основните уставни поставки и ги кине конците на сеуште свежите шевови од меѓу-

етничкиот договор за соживот, врз кој почива македонската кревка иднина. Претерувам? Еве неколку факти. Владата донесе одлука за изградба на православен храм на главниот градски плоштад спротивно на уставната одредба за одвоеноста на верските заедници од државата (член 19 од Уставот). Со овој потег таа го прекрши и принципот на еднаквост на верските заедници пред законот, зашто во незаконска постапка ја фаворизираше МПЦ и ѝ подари скапоцено општонародно земјиште за изградба на храмот. Понатаму, Владата одлучи да го „возобнови“ Официрскиот дом, што не е само архитектонска или културно историска глупост, туку – во светло на претходната „бравура“ со православниот храм – е вистински шамар и плуканица во лице на целата исламска верска заедница! Нотopeн факт е дека офицерскиот дом бил изграден, во слава на српското оружје, 1929 година, на местото на Бурмали џамијата, и дека за таа цел џамијата била урната 1925 година со динамит. И да споредиме: од една страна, ДПМНЕ измислува невозможна локација за да „обнови“ црква на место на кое никогаш немало сакрален објект; од друга страна, на местото на кое повеќе од четири века стоела Бурмали џамијата (која, да преживееше, сигурно ќе беше споменик на културата), значи на проверено сакрална локација, дпмневци „возобновуваат“ милитарен објект!? Што може да се заклучи од ова? Дека владата очигледно ја обележува нејзината замислена етнички и конфесионално „чиста“ територија и дека со „Скопје 2014“ премиерот Груевски, всушност, со извежбан „гриф“, фрла лопата свеж бетон во фундаментите на идната поделба на Македонија.

Ако сметате дека заклучокот е премногу радикален, еве уште неколку „освежувачки“ факти. Скулптурите (и коњите) со кои Владата ќе го насели центарот на Скопје, се уште појасен пример за кршење на законот и Уставот, кое цели да ја дели земјата по нејзините незараснати шевови. Имено, сите овие скулптури се реализираат низ „Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја“ донесена од Советот на општина Центар. Таа програма е во целост спротивна на „Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата“. Во овој закон е сосем јасно и резолутно утврдено дека во надлежност на општините е подигањето само на спомен-обележјата за настани и личности исклучиво од локално значење (член 4), а личностите од државно значење се во надлежност на републичкото собрание (член 3). Секому во земјава е јасно дека Гоце, Даме и другарите – сите до еден – не се личности од локално значење и дека ниту еден од настаните (од програмата за спомен-обележја) не се случил во општина Центар! Секому освен на билмезите од ДПМНЕ. За нив одредбата во Законот за меморијалните споменици... дека настаните и личностите од ислучително значење за државноста, кои се „вградени во историскиот развој на земјата“ се обележуваат со меморијален споменик (член 3) кој „може да го подига Собранието на Р. Македонија“ (член 5) – очигледно не значи ништо. Зарем инфантилците што владеат со земјата сметаат дека е доволно само да ги „третираат“ личностите од државно значење како „локалци“ и никој нема да ја забележи нивната „мала“ измама? Како дечиња кои кога ќе замижат, си мислат дека и нив никој не ги гледа!?

Оваа – сосем инфантилна – итрина на партијата на власт претставува практично преземање на надлежностите на Собранието од страна на општината, или поточно, суспендирање на Собранието. Јасно ми е дека оваа констатација веќе никого не шокира во земјава. Но, во светло на членот 8 од Законот за меморијалните споменици... во кој пишува дека „за секој меморијален споменик (...) Собранието донесува Одлука (...) со мнозинство од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Р. Македонија“, во светло на оваа одредба, значи, станува јасно дека ДПМНЕ го суспендира Уставот  токму таму каде што тој ја уредува најкревката материја на државноста – „Бадинтеровото мнозинство“ кое во земјата треба да го обезбеди соживотот на Македонците и Албанците. Реализацијата на проектот „Скопје 2014“ веќе трета година се врши со кршење на уставното право на македонските Албанци да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се во надлежност на Собранието на Републиката.

> Реализацијата на проектот „Скопје 2014“ веќе трета година се врши со кршење на уставното право на македонските Албанци да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се во надлежност на Собранието на Републиката.

Зарем за ова очигледно, брутално кршење на Уставот треба да одлучува Уставниот суд? Па тој не може да ја заменува Владата и сите други органи на државата должни да го спроведуваат и штитат Уставот! Затоа, ќе повто-

рам: во време на пожар, кога токму Владата – која се заколнала дека ќе го штити уставниот поредок – одлучно, упорно и јавно го крши Уставот, нема зошто да чешламе коси и да расправаме за трици како што се, на пример, архитектонските стилови кои ги љуби Најголемиот Македонски Урбанист и Архитект. „Скопје 2014" е визија за поделба на Македонија, уште од Неговите први креации во далечната 2007 година. Денес во Македонија вреди да се расправа само за архитектурата на нејзиното пропаѓање и поделба. А архитектонските објекти и скулптурите, во оваа морничава претстава, се само симптомите на менталната болест што ја убива Македонија, историски отпад што несреќите им го оставаат за чистење на преживеаните...

http://bit.ly/grcevo9

# „ХРАБРОСТА“ НА СУДИЈАТА НА УСТАВНИОТ СУД

**03.05.2010**

> Во нашата земја е извршена комплетна инверзија на системите на вредности, етичките норми и постулатите на рационалната мисла.

Минатата недела македонската јавност присуствуваше на вистински илузионистички перформанс, изведен пред телевизиските камери, на седница на Уставниот суд. Пред вџашената публика гласот на Никола Груевски проговори низ устата на еден судија! Неподготвен за ваква претстава – додека ги гледав нашите ионака напнати дневни вести, не им поверував на сопствените очи и уши. Дека низ маската на судијата зборува премиерот се уверив кога ги препознав истите „аргументи“ со кои Груевски веќе четврта година ги брани своите урбанистички недела во центарот на Скопје. На стручните критики упатени за примитивното и насилно „разубавување“ на

престолнината, сево ова време не е одговорено со ниту еден стручен или рационален аргумент, туку само со дисквалификации кон критичарите: дека мотивите за нивното стручно несогласување биле политички, па поради тоа тие критики биле ирелевантни, бидејќи се нормална реакција на политички противник, итн. итн...

> А тоа зошто иницијативата била политички предмет кој судот воопшто не требало да го разгледува, судијата го образложи со неговиот јасновиден упад во мозокот на подносителот на иницијативата и со читање на неговите „скриени" политички и лукративни мотиви.

Овојпат истата реторика за дисквалификација на стручната мисла излезе од устата на судија на Уставниот суд, кој со „херојски" поглед вперен во камерите ја нарече иницијативата за која расправаше судот „политички, а не правен предмет". А тоа зошто иницијативата била политички предмет кој судот воопшто не требало да го разгледува, судијата го образложи со неговиот јасновиден упад во мозокот на подносителот на иницијативата и со читање на неговите „скриени" политички и лукративни мотиви кои, демек, биле пресудни и го воделе кога ја поднесувал иницијативата?!? Вистинскиот шок од оваа оригинална интерпретација на Орвеловата „Животинска фарма" дојде отпосле, утредента, кога практично изостана каква било реакција на политичката, стручната или интелектуалната јавност на овој досега најперфиден обид за политичка компромитација на Уставниот суд.

Бидејќи подносителот на – според судијата јасновидец – „политички мотивираната иницијатива“ е потписникот на овие редови, осетив потреба макар со (уште едно) објаснување да ја пополнам тишината што која настана по перформансот. Да видиме, значи, колку мојата иницијатива претставува „политички, а не правен предмет“. Пред неполни три месеци поднесов иницијатива до Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Измените и дополнувањата на деталниот урбанистички план за Малиот ринг, оние последни измени во кои Владата плански ги легализираше своите „архитектонско-скулторални визии“ од „проектот“ „Скопје 2014“. Измените на планот беа донесени на 29 јануари 2010 година, по скратена постапка која, инаку, претходно била укината со измените на Законот за просторно и урбанистичко планирање од јули 2009 година. Бидејќи биле донесени со постапка која во законот веќе не постои, јасно е дека Измените на планот немаат правна основа – и токму ова е поводот и содржината на „спорната“ иницијатива. Вистинско прашање е кои биле мотивите судијата оваа иницијатива да ја нарече „политичка“ кога апсолутно секој писмен човек може да ја утврди оваа дилетантска процедурална и формалноправна грешка? Читајте и самите: во оспорената одлука пишува дека планот се донесува по скратена постапка според членот 16 став 3, 4 и 6 од Законот..., а во измените на истиот закон, шест месеци порано, во членот 10 пишува дека ставовите 3, 4 и 6 од членот 16 се бришат. Со преодните одредби, за браќата да си ги завршат работите, примената на избришаните ставови за скратената постапка се продолжува до 31 декември 2009 година. Кому требаат политички мотиви за

да утврди дека Одлуката за измените на планот е незаконска, зашто 29 јануари 2010 доаѓа еден месец после 31 декември 2009? Секој нормален правник и секој нормален човек без двоумење ќе потврди дека одлуката е незаконска. Меѓутоа, она што му е јасно на секој разумен човек, денес во Македонија му е нејасно на еден судија на Уставен суд, кој дури има „лично мислење“ дека тука воопшто не се работи за правна материја, туку за политички убедувања и лукративни мотиви... Очигледно голема неволја или можеби паника дека грандиозната глупост на „проектот“ „Скопје 2014“ ќе биде делегализирана со одлука на Уставниот суд, го натера Груевски да му нареди на својот „крт“ во Уставниот суд да се разоткрие и со оваа вулгарна фарса да изврши уште еден, но сега внатрешен, петоколонашки, политички притисок на судот. Но, секако, најголемата мизерија во овој судско-политички перформанс, се случи 16 секунди по настапот на актерот облечен во судиска тога, кога од говорницата на ДПМНЕ овој тажен полтронски испад беше наречен „храброст“!

Општо место е дека повторувањето, особено бескрајното исцрпувачко повторување на злото, ја затапува човековата свест и го онеспособува вроденото чувство на емпатија кое секогаш ја побудува нормалната реакција на луѓето. Баналноста на повторуваното зло ги шири маргините на толеранција, при што најголемиот број луѓе се бранат со апатија и навикнување на грдото секојдневие. Фактот дека нашава проста и очигледна незаконитост поминала без забелешки од сите извршни органи на државата, градот и општината, а скандалозниот испад на судијата на Уставниот суд, рака на срце, речиси да не предизвика реакции во јавноста, јасно укажува дека кршењето на Уставот и законите од страна на власта во Македонија

веќе стана банално секојдневие. Тоа дека земјава веќе не е правна држава, дека институциите на демократијата се практично суспендирани и дека нивното функционирање млитаво се подглумува и лажира, дека независни институции на граѓанското општество во пракса не постојат и дека со државата владее мимикрична диктатура – сето тоа е веќе тривијалност на која граѓаните отрпнале, а за медиумите веќе не е вест на денот.

Во нашата земја е извршена комплетна инверзија на системите на вредности, етичките норми и постулатите на рационалната мисла. За пропаѓањето на државата – во услови на апсолутна власт – виновна е опозицијата. За влошената меѓународна позиција на земјата виновни се злонамерните соседи и меѓународната заедница. За лошите вести виновни се новинарите. За неуставноста на законите изработувани и донесени од тотални дунстери, виновен е Уставниот суд. А за незаконитоста на постапката за измените на планот за Малиот ринг виновен е подносителот на иницијативата... Без оглед на политичките мотиви – вината ја носам со гордост.

http://bit.ly/grcev10

# МОЧНИОТ МЕУР НА БРАНИСЛАВ САРКАЊАЦ

**28.05.2010**

> Фрапантната етичка изопаченост на „ставот“ на Саркањац е многу поголем грев од неговото архитектонско, урбанистичко или естетичко незнаење.

Пред повеќе од две недели на страниците на весникот „Време“, својот „став“ за критиките и критичарите на „Скопје 2014“ го објави најтешкото интелектуално оружје на ДПМНЕ, мојот пријател, филозофот Бранислав Саркањац. Статијата ја прочитав со големо задоцнување, но ме потресе како да ми стаса лоша вест за пријателот, како да прочитав дијагноза за негова тешка, мистериозна болест. „Ставот“ на Бране Саркањац манифестира таков степен на непоимање на стварноста и такво морално изобличување на свеста, што ми предизвика реакција како пријателот да ми покажа слика од неговиот мозок со јасни дамки на разгранет тумор.

Наместо да го објаснувам, ќе го цитирам првиот пасус од „ставот“ на Бране: „Негативните реакции на визијата „Скопје 2014“ покажаа многу работи. Многу незнаење, многу отпор и многу предрасуди. Во комбинација. Се покажа еден страшно затворен ум кој се истопори со арогантност на неприкосновен стручен авторитет. Интелектуалци кои се образувале во стариот систем да мислат дека го поседуваат сето знаење и култура – тоа тешко може да се разбере. Се слушнаа изјави дека архитектонските решенија од проектот не се во нашата традиција. Дека не ни треба нешто што е направено на Запад, што не соодветствува на нашата култура. (...)“ Итн. Понатаму, откака во првиот пасус од текстот, на „интелектуалците образувани во стариот систем“ во уста им става погрешни и апсурдни тези кои сам ги измислил (или ги синтетизирал од некој контејнер за медиумски смет), нашиот филозоф го троши целиот текст на надмоќно и опуштено пресметување со „негативните реакции“ на „2014“... Накусо, појдовна точка и исходиште на „ставот“ е дека личните творби на премиерот од областа на архитектурата и урбанизмот, презентирани во неговото „Скопје 2014“, се креативни иновации, за прв пат нешто „наше“, „наш“ оригинален избор на западните стилски влијанија, чијашто авангардност ние – затворените комуњарски умови – не сме имале знаење, култура и отвореност да ги прифатиме. Ете така филозофот Саркањац ги доживеал критиките на делото на реномираниот македонски урбанист и архитект Никола Груевски...

Немам ни трошка мотивација да полемизирам со тезите во статијата на Саркањац – ниту со оние кои нечесно ни ги ставил во уста, ниту со неговите сопствени, бидејќи се работи за погрешни и безначајни тези кои малку или

никако не се однесуваат на нашата стварност. Многу повеќе ме засегна состојбата на свест на нашиот корисен филозоф, зашто видов дека низ целиот текст авторот не одзрачил ниту еден квант сомнеж во сопствените компетенции за предметот за кој пишува. А пишува за работи за кои нема ниту образование, ниту усет, ниту какво било стручно искуство, за работи кои, очигледно, воопшто не може да ги согледа, препознае и разликува. Затоа на Саркањац не му пречи што целата голгота наречена „2014“ потекнува од ум чиешто знаење за урбанизмот, архитектурата и градоградителството е рамно со апсолутната нула.

> Пишува за работи за кои нема ниту образование, ниту усет, ниту какво било стручно искуство, за работи кои очигледно не може да ги согледа, препознае и разликува. Затоа на Саркањац не му пречи што целата голгота наречена „2014“ потекнува од ум чие знаење за урбанизмот, архитектурата и градоградителството е рамно со апсолутната нула.

На Саркањац му пречи „незнаењето“ на критичарите, меѓу кои угледни професори по архитектура и урбанизам, афирмирани архитекти и стручњаци со повеќедецениско искуство, посветеност и страст за архитектурата и градот; му пречи одбивниот став на професионалната елита на Македонија. Филозофот Саркањац реагира како да е изненаден од таквата реакција на архитектите и како да е загрижен од појавата на еден „страшно

затворен ум кој се истопори со ароганција на неприкосновен стручен авторитет“, иако, еве веќе трета година од неговата интелектуална аура, како од апсолутно тврдо тело, со метален звук се одбиваат стручните објаснувања дека урбанистичките и архитектонските „решенија“ од „Скопје 2014“ се неприфатливи и погрешни не зашто се „наши“ или „туѓи“, туку бидејќи се незаконски, нестручни, дилетантски, инфантилни... Дека пандан на ваквите „решенија“ не може да се најде во современиот свет, дека поради нивната незаконитост и стручна и цивилизациска неприфатливост тие не се можни ниту во една нормална демократска земја во Европа и светот, дека кај странските архитекти и интелектуалци предизвикуваат згроженост, сочувство или смеа... Што го натерало филозофот да пишува и суди за работи на кои не им го знае ни името?

Тонот на надмена добронамерност и фина загриженост, придружен со израз на емпатична полунасмевка и опуштени веѓи – кој нашиот филозоф веројатно го има кога го празни мочниот меур – ми помогнаа да ја согледам фрапантната несвесност на Саркањац за стварноста за која зборува и за злосторот во кој самиот активно соучествува. Тој е, се чини, потполно несвесен дека статијата ја пишува од купола на забревтан тенк, под чиишто траги веќе лежат куп жртви... жртви архитектонски, културни, историски, градски... но сите човечки. Зарем не насетува филозофот дека не дебатира за иден проект ставен на јавна дебата, туку за свршен чин и за пискотниците на силуваните сограѓани кои „реагирале негативно“ на пенетрацијата со бетон и метал? Не забележува ли филозофот дека дебатира од позиција на апсолутна власт и во нејзина одбрана?

Фрапантната етичка изопаченост на „ставот“ на Сарkaњац е, по мое мислење, многу поголем грев од неговото архитектонско, урбанистичко или естетичко незнаење. Филозофот вината за критиките ја наоѓа во критичарите, во нивното незнаење, предрасуди и инертност, а не во извршителите на злосторот – силувачите на Скопје. А токму префрлањето на вината врз невините жртви или врз немоќните критичари е карактеристичната морална патологија на надмоќните злосторници на сите времиња. Нивните опасни умови ја обезбедуваат за себе неопходната искривоколчена морална исправност, така што ги оптоваруваат жртвите со вина која е доволно оправдание за сторениот злостор. Како заталка нашиот филозоф во психопатологијата на злосторот?

> Дали оваа акутна болест е предизвикана од златната синекура во пазувите на ДПМНЕ или е последица од врелината предизвикана од близината на неговиот „фирер“? Или станува збор за желбата на Саркањац да биде запаметен како македонски Хајдегер?

Сосем е нормално за необразованите билмези од политичката елита на ДПМНЕ да не забележат дека газат и поганат културни и цивилизациски вредности – за нив незнаењето и неморалноста се практична доблест која им овозможува леснотија во делувањето. Но, докажан интелектуалец каков што е Бранислав Саркањац да не забележи дека пишува за работи за кои не знае ништо, и тоа од етички неприфатлива и скандалозна позиција на сила и свршен чин!? Тоа не е нормално однесување за еден филозоф по вокација, па претпоставувам дека е

можно само како последица на некаква индуцирана девијација на свеста. Дали оваа акутна болест е предизвикана од златната синекура во пазувите на ДПМНЕ или е последица од врелината предизвикана од близината на неговиот „фирер“? Или станува збор за желбата на Саркањац да биде запаметен како македонски Хајдегер? Не знам. Можеби филозофијата ќе му прости на Саркањац за неговото учество во овдешниот кадифен фашизам, како што му прости на Хајдегер за неговата авантура со нацизмот, но дали овдешниот филозоф ќе може ментално да закрепне, за да го заработи своето простување?

http://bit.ly/grcev11

# УКРАДОА БУЛЕВАР!

## 22.09.2010

> Менувањето на намената на булеварот во детален урбанистички план е можеби најтешко прекршување на планерското законодавство.

Кога ќе поттурнете, со врвот од чевелот, човек легнат ничкум на земја, ако  протестира поради вознемирувањето – се работи за реакција на нормален и здрав човек. Доколку поттурнатиот остане да лежи и реагира со јачење – тој е сигурно во голема неволја; но ако не испушти ни глас, се работи бездруго за тешка болест или смрт. Кога целиот корпус институции на системот и целата јавност, без реакција или со едвај чујно јачење, ќе дозволат кршење на уставниот поредок и грабеж на најважната сообраќајна магистрала во престолнината, тоа со сигурност значи дека македонската демократија лежи во претсмртна агонија, тешко дишејќи ги своите последни здивови. Лежи таа и тапо гледа, со тажен и от-

сутен кравји поглед, како ја гази и убива група машки деца од врвот на ДПМНЕ.

> Кога целиот корпус институции на системот и целата јавност, без реакција или со едвај чујно јачење, ќе дозволат кршење на уставниот поредок и грабеж на најважната сообраќајна магистрала во престолнината, тоа со сигурност значи дека демократијата лежи во претсмртна агонија.

Точно, ние сме веќе полумртво општество, бидејќи со уморни и незаинтересирани погледи проследивме како Владата и Советот на општина Центар донесоа измени на деталниот урбанистички план за Стара железничка станица, со кои буквално го крадат и уништуваат Булеварот Македонија. Булеварот, во Генералниот урбанистички план наменет за експресна магистрална сообраќајница, во измените на деталниот урбанистички план се оттуѓува во должина од 1000 метри, така што на негово место се формира огромна и урбанистички невозможна градежна парцела (1000/36м!) за комерцијално-деловна градба со височина од 16 до 23 метри, а булеварот ќе поминувал низ подрумот на објектот! Кражбата народно земјиште се врши веројатно за познат купувач, кој има обврска да го изгради булеварот под својот објект и да му го отстапи на Градот Скопје, веројатно со неколку буриња кисела зелка од истиот подрум, како знак на добра волја!?

Претпоставувам дека на безумниците, кои со детален урбанистички план менуваат генерален урбанистички план, ништо не им значи фактот дека историјата на градовите не познава пракса на сообраќајните правци

да се градат комерцијални градби со кои се уништува севременската функција на транспортниот коридор. Нив сигурно не им паднало в очи и дека Виа Игнација и практично сите римски улични и патни правци се функционални и ден денес, по 2000 години? Веројатно не им е битно огромното значење кое овој сообраќаен коридор го има за цело Скопје, значење кое има историски континуитет. Имено, правецот постои од деветнаесеттиот век, кога е пробиен како железнички коридор. Во урбанистичкиот план за обнова на Скопје по земјотресот, во 1965 година коридорот е претворен во магистрална сообраќајница, а неговото клучно значење за градот е потврдено во сообраќајните решенија уште два пати – во генералните урбанистички планови на Скопје од 1985 и 2002 година. Конечно, денес група повторувачи – без око да им трепне – ќе го украдат булеварот и ќе го продадат на црно за буре кисела зелка, уништувајќи ја притоа сообраќајната иднина на Скопје, кршејќи го Уставот, дузина законски одредби и сите стручни урбанистички стандарди. Јасно е дека на извршителите не им е важно кои закони ги прекршиле додека го краделе булеварот и кои ќе бидат последиците од ова криминално дело.

Но, потенцијалните купувачи и инвеститори на објектот со булевар во визбата, можеби ќе ги интересира фактот дека целата зделка е противзаконска и дека – еден ден, кога ќе се воспостави правната држава во Македонија – нивната инвестиција ќе се третира како бесправна градба. На заинтересираните инвеститори треба да им се објасни дека цените на земјиштето ќе бидат пониски од вистинската вредност на булеварот, само и исклучиво поради фактот што тоа ќе се продава како крадена стока.

Знаејќи ги законските консеквенци на нивната „вносна" инвестиција, можеби ќе одбијат да бидат соучесници во овој габаритен урбанистички криминал. За поткрепа, ќе набројам неколку очигледни прекршувања на законите и уставот...

Измените се спротивни на Генералниот урбанистички план на град Скопје бидејќи во него булеварот е уреден како површинска сообраќајница со единствена сообраќајна намена. Усогласеноста на деталниот урбанистички план со генералниот е фундаментален принцип на урбанистичко планирање, уреден во членовите 8 и 51 од Уставот на Република Македонија и во членовите 2 и 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Затоа менувањето на намената на булеварот во детален урбанистички план е можеби најтешко прекршување на планерското законодавство. Понатаму, измените на планот се неуставни бидејќи Советот на општина Центар воопшто не е надлежен да одлучува за примарната сообраќајна мрежа, туку само за секундарната, што е уредено во членот 10 од Законот за град Скопје. Уште повеќе, измените воопшто не смеат да содржат плански одредби за менување на примарната сообраќајна мрежа, туку, како што рековме, само и исклучиво на секундарната (член 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање)... Досадно четиво? Еве ви, тогаш, еден „позабавен" факт за крај: билмезите од Советот на општина Центар ги донесоа измените на планот по ИСТАТА НЕЗАКОНСКА СКРАТЕНА ПОСТАПКА која беше основа Уставниот суд да ги укине измените на деталниот урбанистички план за Малиот ринг, пред само два месеци!?!

Колку многу овие луѓе треба да се заслепени и корумпирани од апсолутната власт, за да не можат да сфатат, запаметат и спроведат три члена од еден закон? Или, можеби, сметаат дека спроведувањето на законите и домаќинското расудување ќе им ја наруши аурата на ефикасност – која со долгогодишно глупочинење „макотрпно" ја стекнале? Не знам и не можам да знам, зашто глупоста е недофатна за инструментите на рационалната мисла. Сепак, чувството на залудност пред ефикасната ирационалност на власта, со која таа го демонтира уставниот поредок, нема да ме спречи (и овој пат) да поднесам до Уставниот суд иницијатива за оценување на законитоста на овие безумни измени на деталниот урбанистички план за Стара железничка станица...

Додека пишувам за овие јавни, пучистички кршења на законите, не можам да се одбранам од чувството на мачнина, истото што го чувствува секој нормален човек кого случајот го направил немоќен сведок на брутално насилство. Сведок на сцена во која група машки деца со генетски недостаток на човештина, клоцаат во лице немоќна жртва и со петици ѝ го избиваат животот од гради. Гадењето се зголемува од фактот што паралелно со јасната политика на ДПМНЕ јавно и арогантно – пред 2 милиони сведоци – да го крши Уставот, и понатаму упорно се игра гротескната претстава со божемското почитување на законите и процедурите. Зошто им е воопшто потребен тој циркус околу донесувањето планови и други „законски процедури" кога билмезите не успеваат да „утераат во закон" буквално ниту еден плански документ, законско решение или проектна документација?

Очигледно се работи за истата психопатска потреба за креирање лажна стварност типична за повеќето автократски системи во историјата. Мора да се работи за истото искривено огледало во кое тие секогаш испаѓаат убави и чесни, за истиот мизансцен и кулиси кои им ја овозможуваат неопходната загуба на чувството за стварност. Недостатокот на чувство за реалност во почетокот на автократите им ја зголемува харизмата и им создава илузија дека се пророци; подоцна оваа блажена заблуда го забрзува нивниот неизбежен крај и, парадоксално, ја зголемува општата штета од нивното владеење.

http://bit.ly/grcev12

# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПРАВНИ ГРАДБИ – УШТЕ ЕДНА ИЗМАМА

**29.01.2011**

> Да се реализира процес на легализација на 300.000 бесправни објекти претставува стручен и административен предизвик од највисок ранг дури и за голема и организирана земја.

Текстот на предлог законот за постапување со бесправно изградените објекти деновиве се тркала – како буре со престасан расол – од владината тврдина надолу кон Парламентот. По рутинското донесување на овој штетен закон, одвратната реа од бурето ќе се развее по целата територија на земјата, а зелени, кисели испарувања ќе ги покријат дупките во кои тој ќе се спроведува. Единствената дилема што тогаш ќе ги мачи луѓето ќе биде дали во Македонија некогаш ќе има живот без смрдеа? Се плашам дека, иако јавноста веќе реагираше на многу неуставни и погрешни решенија во законот, неспремна за олку интензивни дразби, ќе ѝ останат нејасни чудовишните размери на ова законско промашување, како и

длабочината на незнаењето (или злата намера) на оние што законот го пишуваа и што ќе го донесат.

За да ги аргументирам горните благи квалификации неопходно е да објаснам нешто за материјата на законот, која во земјава очигледно малкумина ја разбираат. Да се реализира процес на легализација на 300.000 бесправни објекти кои настанувале неколку децении прекршувајќи, на најразличен начин, триесетина закони, претставува стручен и административен предизвик од највисок ранг дури и за голема и организирана земја. Сложеноста и огромноста на проблемот практично и не може да се реши со еден закон, туку со донесување комплекс од законски и подзаконски акти и мерки во рамките на еден сенационален проект кој ќе ги мобилизира сите научни, стручни и административни потенцијали на земјата.

Искуствата од земјите кои го поминале овој процес, а тука не се само соседите, туку и неколку „стари" европски држави (Италија, на пример), покажуваат дека процесот трае најмалку пет години и завршува со умерен успех дури и во случаи кога ќе се мобилизира целата нација. Општо искуство е дека процесот на легализација на бесправните градби сосем сигурно крахира ако не се сфати доволно сериозно или ако се цели со навидум ефектни решенија (од едно евро) за да се постигнат брзи резултати.

Најважно во процесот на легализирање на бесправните градби е да се најдат вистински одговори на следните прашања: кој треба да ја прави легализацијата и зошто? Кога, во какви услови и за кого таа се прави и кои објек-

ти во никој случај не смеат да бидат легализирани? На првото прашање веќе одговорив: легализацијата на бесправните градби може да ја направи само државата мобилизирајќи го буквално целиот национален стручен и административен потенцијал. Зошто? Бидејќи амнестија на третина од сопственото население дава држава која ја препознала и сфатила големината на проблемот и – што е најважно – ја признала и ја презела одговорноста за настанатата ситуација. Конечно, токму државата била одговорна за условите поради кои дивите градби им станале неминовност на толкав број нејзини граѓани. Корупцијата на државните органи, непланската урбанизација и сиромаштијата се единствените системски причини за појавата на масовната бесправна градба. Кога се прави легализација? Сите амнестии се прават кога после период на криза на државите ќе „им тргне", кога се во нагорна линија на економската моќ, на административниот капацитет и на владеењето на правото. Државата, значи, пристапува кон легализација откако со сигурност ги отклонила сите причини поради кои бесправната градба настанала, а тоа се пред сè корупцијата и сиромаштијата!

Поради тоа, државата со свои ресурси мора прво да ги сними, картографира, ажурира и инвентаризира сите градби што ќе бидат предмет на легализација. Потоа треба да ги анализира и класифицира градбите врз основа на селективна матрица која ќе ги издвои групите на бесправни градби според степенот на нивната „вклопливост" во планираниот простор и правниот поредок. Од оваа селекција – а врз основа на со закон утврдени урбанистички, еколошки, градежни и други услови и критериуми – ќе произлезе вистинската размера на легализа-

цијата и нејзините конкретни задачи кои ќе се разрешат низ голем број урбанистички планови што ќе се изработуваат симултано, на територијата на целата држава.

> Предложениот закон доаѓа на врвот на нашата општествена криза, во најголемата повоена сиромаштија, а одговорноста за процесот, организациониот товар и трошокот на легализацијата во целост се префрла врз непосредните учесници и жртвите на бесправната градба.

Така легализацијата се изведува во сериозни држави. А како се изведува кај нас? Сосем обратно од тоа! Предложениот закон доаѓа на врвот на нашата општествена криза, во најголемата повоена сиромаштија, а одговорноста за процесот, организациониот товар и трошокот на легализацијата во целост се префрла врз непосредните учесници и жртвите на бесправната градба. Државата не знае и не сака да знае колку, какви и кои бесправни градби треба да се легализираат. Таа вади тезга на калливиот сокак пред тврдината и ќе им легализира само на оние кои ќе побараат. Државата ќе го цени барањето, а не бесправната градба! Единствена грижа на државата е, значи, составувањето тричлени комиси од вработени во министерството и општините (член 10 од предлог законот) кои зад тезга ќе одлучуваат за судбината на секоја бесправна градба. Овие божествени трија, според законот, се составени од следниве струки: еден зурлаџија, еден тапанар и еден „граѓевинар“. Ха! Предметите во кои се прекршуваат триесетина закони од материја која ја изучуваат дузина планерски, градежни, технички, еколошки, правни и други стручни области, ќе ги решава

музичко трио во апсолутна тишина и дискреција, врз основа на услови кои во законот воопшто не се напишани?!?

Што сè треба барателите да направат за да се стекнат со правото на Владата да ѝ платат едно евро? Во членот 6 од овој несреќен законски предлог убаво пишува: тристотините илјади најсиромашни граѓани треба со барањето да приложат нотарски заверена изјава, геодетски елаборат, проект за фактичката состојба на градбите, уверение за државјанство, имотен лист за земјиштето или договор за долготраен закуп и на тоа слично. Нешто ви станува сомнително? Ако се земе предвид дека за да се изработат прилозите за ова барање и за најмало кералче ќе треба најмалку 500 евра, тоа значи дека клубот најсиромашни во земјата за шест месеци ќе треба да извадат од перниците помеѓу 150 и 300 МИЛИОНИ ЕВРА за да ја финансираат легализацијата! Да не навлегуваме во деталната анализа на времето потребно да се комплетира барањето и да се постапи по него: ако на Владата не ѝ беше доволно една година за да издаде 300.000 пасоши, иако имаше на располагање опрема од 20 милиони евра и 10.000 вработени во МВР, а пасошите веќе ѝ беа во евиденција, што се вели – на копче – за оваа калакурница ќе требаат 60 години, а не шест месеци колку што е предвидено во законот!

Очигледно е дека законот воопшто не е предвиден да го реши проблемот на тристотините илјади бесправни градби кои го прават најголемото мнозинство „иматели“ на овие објекти. Па, за кого е тогаш измислен овој одвратен предлог закон? Со простосрдечност на 11-годишни машки деца (убави на мајка!) изготвувачите одговори-

ле чесно на ова прашање: во членот 2 убаво си пишува дека законот се однесува – на прво место и пред сите – на објектите од значење за Републиката (читај објекти за кои е надлежна Владата) и на објектите за производство (особено од загадувачката индустрија)... Законот е, значи, наменет за оние објекти  кои никогаш и во ниту еден закон не би смееле да бидат туку-така амнестирани: за згради кои произлегле од државно-партискиот коруптивен криминал, лукративни и високопрофитни криминални објекти, згради што ја загадуваат околината, објекти опасни за животот и здравјето на луѓето и други штетни и неприфатливи творби. Сега е јасно зошто во законот недостасува член (без кој, инаку, не може да постои закон од ваков вид ) во кој таксативно мораат да се наведат сите видови криминални, опасни и штетни објекти за кои законот за легализација нема да се применува. Тажно и трогателно!

> На Владата не ѝ беше доволно една година за да издаде 300.000 пасоши, иако имаше на располагање опрема од 20 милиони евра и 10.000 вработени во МВР, а пасошите веќе ѝ беа во евиденција, што се вели – на копче – за оваа калакурница ќе требаат 60 години, а не шест месеци колку што е предвидено во законот!

Да заклучиме: од стручен аспект гледано законот манифестира чудовишно незнаење, некомпетентност и неодговорност на предлагачот. Од аспект на политичката конјунктура законот е, веројатно, школски пример за злоупотреба на надлежностите на Владата и Парламентот во политичко-пропагандни цели – за отпочну-

вање на уште една предолга и незаконска предизборна кампања, која Владата ќе ја финансира со неповратно уништување на националните ресурси. Од уставно-правен аспект, овој закон ќе биде вирус за уништување на ионака на смрт болниот правен поредок во Републиката, зашто е спротивен на целиот правен амбиент, на дузина закони кои непосредно ја уредуваат материјата и, се разбира, на Уставот на РМ. А за тристотините илјади „иматели" на бесправни објекти, кои мислат дека со овој закон ќе им биде решен егзистенцијалниот проблем, ова ќе биде уште една колосална измама – за едно евро – колку што Владата им бара за да ги превезе уште еднаш жедни преку вода.

# ФАШИЗМОТ МОРА ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ

**04.03.2011**

> Пролетта 2009 на студентскиот протест на плоштадот „Македонија“ како од поплавена канализација изби македонскиот фашизам.

Јасните знаци на фашизмот, кои последниве години како црна тиња тивко ја плават Македонија, малкумина ги препознаа како фашизам.

Потеклото на ова слепило е можеби во фактот што на луѓето им е речиси невозможно да забележат појава за која претходно не создале некакво очекување. Можеби непрепознавањето се должи на невозможноста да се замисли дека во Република Македонија, една автентично антифашистичка рожба, денес постои состојба на духот благопријатна за фашизмот. Независно од причината, самото непрепознавање е сигурен симптом на тешко заболено општество кое не е во состојба да се бори против бацилот – зашто е невидлив за него.

Погрешно е денес фашизмот да се бара во формалните изјави на власта или партиската програма на ДПМНЕ.

Исто толку залудно би било во Македонија да бараме свастики, јуришни паравоени одреди или концентрациони логори. Сите фашизми на 21-иот век се прилагодија на посакуваниот имиџ и коњунктурата на историскиов момент: сите тие денес се заколнати демократии! Нивното препознавање, поради тоа, не е можно преку нивните програми или зборови – најчесто лажни – туку преку нивните дела. Па и кога делата се во прашање, македонскиот фашизам е особено затскриен, срамежлив и плашлив. Создавањето лажна слика за себе, како кај сите мимикрични животинки, е неговата најважна дарвиновска способност во борбата за опстанок. Но, кога лажењето и маскирањето – кои најпрвин имале функција на затскривање – ќе станат опсесивни и бизарни, тие се претвораат во знаци за негово препознавање. Опсесијата со саморекламирањето, постојаните кампањи, корумпирањето и контролата на сите медиуми кои ја создаваат сликата во јавноста и градењето фашистоидни архитектонски кулиси... – сето тоа се јасни знаци на македонскиот фашизам.

За тешкото препознавање на сопствениот фашизам е виновна и вградената неспособност на луѓето своите слабости и мани да ги воочат толку лесно, како што ги воочуваат кај другите. Кога пролетта 2009 на студентскиот протест на плоштадот „Македонија", како од поплавена канализација изби македонскиот фашизам и ни ги заплисна сетилата со агресија, омраза и фекален смрад, малкумина го препознаа и го именуваа со неговото генеричко име. Но, неколку месеци подоцна, кога истите

црнокошулаши провалија на промоцијата на книга на македонски јазик во Атина, никому во Македонија не беше тешко да ги препознае и нарече фашисти.

> Кога пролетта 2009 на студентскиот протест на плоштадот „Македонија“, како од поплавена канализација изби македонскиот фашизам и ни ги заплисна сетилата со агресија, омраза и фекален смрад, малкумина го препознаа и го именуваа со неговото генеричко име.

Фашизмот е системска болест од која, во одредени историски околности, може да заболи секое општество. Споредувањето на историските околности кои придонеле да се појави фашизмот е единствена метода за негово препознавање и рано дијагностицирање. Така, споредбата на околностите кои ги вовлекле Италија и Германија во нивните фашизми со историските околности во Македонија последнава деценија нуди лесно забележливи и загрижувачки сличности.

Клучни околности за да се појават малигните фашизми во 1920-те години беа: распаѓањето на европските империи кое предизвика масовно чувство на историски дисконтинуитет и криза на националните идентитети и колективните фрустрации поради поразите во светската војна и растечката економска криза и сиромаштија. На Македонците им се случи истото: историски дисконтинуитет со распаѓањето на југословенската федерација, индуцирана криза на идентитетот, фрустрација и понижување од срамно изгубената војна со албанските востаници 2001 година и предолго економско пропаѓање и си-

ромаштија. Слични историски околности, како по некое фаталистичко сценарио, ги донесоа нашите автохтони фашисти на власт.

Најголемите сличности со историските фашизми ќе ги воочиме ако ги споредиме основните карактеристики на владеењето на нашиот премиер со неговите историски пандани.

Сите ги знаеме правилата за владеење на Груевски. Кусиот список би изгледал вака:

1. Никогаш не му дозволува на народот да се „олади“;
2. Никогаш не признава дека не е во право или дека направил грешка;
3. Никогаш не дозволува дека е можно кај противниците да има било што добро;
4. Никогаш не остава простор за алтернативи;
5. Никогаш не прифаќа вина;
6. Се фокусира на еден противник и него го обвинува за сето она што во земјата е лошо;
7. Знае дека народот полесно ќе поверува во голема лага отколку во мала;
8. Лагата ја повторува доволно често, па луѓето порано или подоцна ја прифаќаат како вистина.

Горниот список на тактики за владеење може да биде и подолг и подетален, но мислам дека овие осум карактеристики без сомнение верно го одразуваат начинот на практикување на власта, карактеристичен за владеењето на Груевски.

Останува уште да го споредиме овој список со некој поучен историски пример. Даа... И тука морам да ја признаам малата измама: списокот ниту го напишав јас, а ниту оригинално е наменет за нашиот премиер.

Карактеристиките на владеењето ги преведов од збор до збор од студијата за психолошкиот профил на Адолф Хитлер што американската разузнавачка служба ОСС ја подготви во текот на Втората Светска Војна (A Psychological Analysis of Adolf Hitler, Walter C, Langer, Office of Strategic Services (OSS) Washington, D.C.)!!??!!


> Иако денешната македонска и онаа германска стварност се можеби во квантитативен соодност 1:1000000, тие квалитативно ѝ припаѓаат на истата класа појави. Обата фашизми се плод на иста состојба на духот и на иста психопатологија.


Шокантно? Одвратно? Мислите дека е можно овие неверојатни совпаѓања да се случајни или ненамерни? За жал, не се! Тие се само болно гласни сигнали за будење од „нормалноста“ за која очајно се држиме. И за согледување на стварноста која не сакаме да ја осознаеме. Иако денешната македонска и онаа германска стварност се можеби во квантитативен соодност 1:1000000, тие квалитативно ѝ припаѓаат на истата класа појави. Обата фашизми се плод на иста состојба на духот и на иста психопатологија. И ако психологијата на владеење на Груевски, која се темели на страв и пропагандна лага, се совпаѓа со онаа на Хитлер, тогаш таа без сомнение е фашистичка. А првото и најважното во препознавањето на фашизмот – е да го наречеш фашизмот фашизам.

# МРАКОТ МОЖЕ ДА СЕ ВИДИ!

**09.09.2011**

> Неспособноста да се препознае смртоносниот амалгам од тоталитаризам, национализам, расизам и популизам (кој до пред триесет години без никаков проблем генерички се нарекуваше фашизам), како да е историска константа.

„Тој може да изгледа како идиот и да зборува како идиот, но не дозволувај тоа да те залаже. Тој навистина е идиот". Оваа луцидна изјава на Гручо Маркс, во своето буквално значење може непосредно и со голем успех да се примени во проценката на политиките на ДПМНЕ. Особено на оние од областа на урбанизмот и архитектурата. А, богами, и на сите други. Во своето пошироко значење, меѓутоа, овој афоризам на неповторливо духовит начин го предочува психолошкиот парадокс дека луѓето повеќе им веруваат на претходно создадените илузии отколку на сопствените очи и разум. Факт е дека илузиите, колку и да се невистинити или погрешни, имаат поголема моќ на убедување отколку сликата што човек ја гледа со голи

очи, а вербата во овие лаги обично сосем го онеспособува здравиот разум. Како инаку да се објасни хроничната неспособност на народите да ги препознаат очигледните знаци за подем на фашизмот во нивните земји? Како да се објасни што режимот на Груевски сè уште „проаѓа“ како нефункционална и пробематична демократија, а не како успешна нова форма на немилитантен провинциски фашизам спакуван во демократска амбалажа?

Неспособноста да се препознае смртоносниот амалгам од тоталитаризам, национализам, расизам и популизам (кој до пред триесет години без никаков проблем генерички се нарекуваше фашизам), како да е историска константа. Сведоците на глобалниот подем на фашизмот од првата половина на дваесеттиот век велат дека се работи за вид колективна психоза, еден вид епидемиски колапс на рационалната мисла. Интересно е што за воведување на народите во овој ирационален транс, фашизмот секогаш ја ползува истата, до болка едноставна рецептура. Кога врз понижувачкото чувство на инфериорност и разочарувањето во демократијата ќе „легнат“ лековитите зборови на измислената национална херојска митологија и расизмот преоблечен во национализам, сè што е ирационално во една земја избива на површина, играјќи го – во дваесет и четири седмински ритам – самоуништувачкиот танц на карневалот на недоветноста. А сè што е рационално: разумот, знаењето и искуството, се повлекува и замолчува во страв или опортунизам, апатија или отапеност. Тоа е успешната формула на секој фашизам, а така владее и режимот на Груевски.

За оваа болест на демократијата, за овој инфаркт на општествената памет, како да не постои природна от-

порност. Ерих Фром, на пример, тврди (и сведочи) дека италијанскиот фашизам и германскиот нацизам ги затекнале политичките, капиталистичките и интелектуалните елити на двата моќни, цивилизирани и културни народи, теоретски и практично потполно неспремни да го препознаат и да му се спротивстават на злото... Денес неподготвеноста на општествата да ги препознаваат своите фашизми е уште понагласена, зашто денешните фашизми се мимикрични: тие ја отфрлија милитантната агресивност, нагласениот антисемитизам и препознатливите реторики и симболи на големите учители од дваесеттиот век и се маскираа со флоскули од либерално капиталистичката идеологија и со општоприфатената демократска фразеологија.

Македонскиот фашизам, на пример, маскиран како млада вдовица, во црн и заводлив демохристијански тил, се инсталираше тивко, без испукан куршум, со мирен уставен пуч. Тоа се случи набргу по освојувањето на власта на демократски избори и пред очите на целата нација – но без нејзино знаење. Затоа поголем дел од измаменото население сè уште мисли дека живееме во проблематична демократија. А тоа што со свои очи гледаме дека институциите се веќе празни згради, сосем исчистени од нивната уставно-правна супстанца, како мртви морски школки заземени од натрапници што цел живот талкале по дното, тоа, велам, што овој срамежлив фашизам секој ден го гледаме со голи очи, не е доволно убедливо да ја демантира претходно создадената слика и навика дека сме демократија.

Па, како – ќе се запрашате – се одржува оваа неверојатна лага, на која ѝ противречи сè што Македонците гледаат

и чувствуваат со своите сетила? Со многу народни пари и режимска пропаганда. За одржување на илузиите за демократско општество и за затапување на граѓанската свест режимот потроши најмалку 30% од сите народни пари собрани во државниот буџет, секоја година од владеењето. Тоа се најмалку 4.500.000.000 (четири и пол милијарди) евра досега. За толку пари потрошени на политичка кампања, во САД, на пример, претседателските избори може да ги добие и глувонем осуденик за бигамија или албино мрмот со генетска мана. А во Македонија, со толку пари и пропаганда, на власт може да се одржува и насмеан примерок од бактеријата escherichia coli!

> За толку пари потрошени на политичка кампања, во САД, на пример, претседателските избори може да ги добие и глувонем осуденик за бигамија или албино мрмот со генетска мана. А во Македонија, со толку пари и пропаганда, на власт може да се одржува и насмеан примерок од бактеријата escherichia coli!

Како можеше ова да ни се случи? Ни се случи (и) затоа што препознавањето и реакцијата на првите и најочигледните симптоми на фашизмот во Македонија изостанаа, како во афоризмот на Гручо Маркс, токму поради нивната неверојатна очигледност. Систематското бришење на антифашистичкото потекло и историја на Македонија и уништувањето на спомениците на вистинските херои кои загинаа борејќи се против фашизмот, беа преочигледни знаци дека се работи за реставрација на ванчомихајловистичкиот фашизам во Македонија. Човек би помислил дека сите бурно ќе реагираме на по-

литика која со проѕирен антикомунизам го затскрива својот изворен анти-антифашизам (што ќе рече – фашизам), и дека сите ќе рипнеме на првиот молекул од фашистичката реа заталкан во нашите осетливи носници. Зашто, според логиката на историските детерминанти, ние Македонците би требало да бидеме хиперосетливи на фашизоидните смрдеи, најмногу поради фактот што нашата татковина потекнува од антифашистичката борба. А ние сме тоа што сме, токму поради победата над фашизмот во таа борба. Значи, антифашизмот треба да им е во гените на денешните Македонци, а не неандерталецот од палеолитската планина Армакедон!

Не дозволувајте, затоа, очигледната фашизоидност на режимот на ДПМНЕ да ве залаже; нашиот проблем не е само нефункционалната демократија. Со полна верба следете ја методологијата на големиот Маркс: ако личи на фашизам и се однесува како фашизам, не се будалете, тоа е навистина фашизам!

http://bit.ly/grcev17

# МУ СЕ ИЗВИНУВАМ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

15.02.2012

> Не постои ништо што повеќе го уништува достоинството на луѓето и народите од ситуации во кои тие стануваат предмет на потсмев на соседите и на светот.

Верувам, нема Македонец кој не почувствува искра на злорад потсмев и, веднаш потоа, сочувство и тага, кога снимките од погребот на Ким Џонг Ил го обиколија светот. И потсмевот и емпатиската тага му беа упатени на корејскиот народ и неговото пренагласено, дури хистерично јавно искажување жал за починатиот диктатор. Претераната изведба уште еднаш му покажа на целиот свет како тоталитарното општество на народот му ги одзема не само слободата, туку и паметта и достоинството.

Неколку дена подоцна, веста дека целиот корејски народ е организиран во обредно јавно искажување жалост, со пропишани форми на плачење и врескање, и дека се пропишани и казни за оние чијшто перформанс нема да биде убедлив, предизвика веќе нескриен потсмев и

урнебесна смеа. Зошто смеа? Бидејќи корејскиот тоталитаризам стана перформативна крајност, поради што доби структура на остра сатира или пародија. Хуморот и смеата во пародиите се креираат најчесто со хиперболизација на појавите до нивен апсурд, па објективно најнесреќните ситуации предизвикуваат најмногу смеа. Од друга страна, смеата во вакви ситуации е начин за искажување супериорност, форма на изразување инстинктивно задоволство од повисоката позиција во социјалното подредување. Поради тоа не постои ништо што повеќе го уништува достоинството на луѓето и народите од ситуации во кои тие стануваат предмет на потсмев на соседите и на светот.

> Реакциите на луѓето од странство на снимките од „Скопје 2014“ се идентични како и оние на плебисцитарното жалење на Корејците: смеа и потсмев, кои во директни средби, од куртоазија, обѕир или емпатија, преоѓаат во сочувство и загриженост.

Додека на режимот на Ким Ил Сунг му требаа децении за да ги достигне апсурдните димензии на тоталитаризмот и да стане пародија на самиот себеси, на режимот на Груевски тоа му успеа за само шест години, со реализација на грандиозната глупост наречена „Скопје 2014“. Македонската држава, нација и народ станаа предмет на потсмев на целиот свет, на многу сличен начин како што тоа му се случи на корејскиот народ. Паралелите меѓу македонската и корејската стварност – колку и да изгледаат претерани – се неизбежни, зашто структурата на случувањата и кај нив и кај нас е идентична. И нам ни се смеат зашто градбите и спомениците од „Скопје 2014“ се

толку пароксизматично глупи и грди, што добија несериозна форма на бурлеска и станаа пародија. Реакциите на луѓето од странство на снимките од „Скопје 2014“ се идентични со реакциите на плебисцитарното жалење на Корејците: смеа и потсмев кои во директни средби, од куртоазија, обзир или емпатија, преоѓаат во сочувство и загриженост.

Инсистирањето на хистеричното јавно жалење или на бендисувањето бетонски кулиси во псевдокласицистички франкенштајн стил, е само на прв поглед необјаснива ирационалност или хир на апсолутната власт. Внимателната анализа разоткрива дека овие перформанси на апсурдот, овие претстави на народното себеоткажување, не само што не се луксуз, туку се супстанца на тоталитаризмот. Тоталитарната власт се состои од страв, потчинетост и обожавање; сеедно дали тие чувства се искрени или лажни, сè додека се почитуваат обредите на подреденост и ропската кореографија.

Тоталитаризмот почива на пропаганда, а корејското плачење, исто како бендисувањето на скопските колонади, не е само манифестација на моќта на системот, туку е негова реална моќ. Тоталитаризмот може да опстои онолку долго колку што трае неговиот јавен перформанс односно народната согласност на самопонижување.

Затоа обата режима – секој на свој начин – ги казнуваат оние што не изразуваат доволно жалење или бендисување на системските екскременти. Од тие причини минатата недела режимот организираше црна пропагандна кампања против мојата дребност. Кампањата кулминираше со официјален повик на линч од генералштаб-

ната говорница на режимската партија. Фашизоидниот владин медиум ме прогласи за предавник, а режимската партија побара „јавно да се извинам на сите граѓани“ за „понижувачката и срамна изјава“ со која „се потсмевав со македонската држава и култура“ и „ги повредив чувствата на македонските граѓани“. Ист вокабулар, иста техника на озлогласување и иста психопатолошка инверзија на вредностите како кај сите инквизиции!

На режимот не му пречат неговите монструозни дела, туку изјавите на поединци кои мислат поинаку. Не им пречи што ТИЕ потрошија милијарда евра на пропаганда, што воспоставија дефакто неуставен, недемократски, тоталитарен режим кој владее со корупција, страв и пропаганда; што ТИЕ го понижија и потчинија народот со измама и злоупотреба; што ТИЕ го доведоа во прашање идентитетот на народот со измислување криминално неодговорни идеи за нашата историја; и, конечно, што ТИЕ ги изградија најглупите градби во вселената во центарот на престолнината и ја изложија нацијата на потсмев и понижување пред целиот свет. Не, тие за најголемо злосторство во случајов го сметаат мојот обид пред бугарската телевизија да го спасам образот на нацијата со изјавата во која тврдам дека не сме сите идиоти туку само група поединци: „Само дилетант, само будала може да зборува за македонска култура или за македонска историја во предисториско време, во неолит или во палеолит. Тоа во нормални земји би требало да служи како граѓа за пародии или комедии, а кај нас на тие луѓе им даваат микрофони и говорници за да го срамат македонскиот народ“. Ова беше таа инкриминирана изјава. После шест години садистичко силување на народот без да се осврнат на пискотниците на душевно осакатените

граѓани, ДПМНЕ ја препозна реченицата која „ги повреди чувствата на македонските граѓани...“ Малоумно и патетично.

И, да не заборавам: Јавно им се извинувам на сите граѓани на Македонија за понижувањата на кои сме изложени од тоталитарниот режим кој владее со земјата, за изгубените права и слободи, за изгубената демократија, за изгубеното достоинство, за најглупите градби на светот, за сѐ што ни се случува... Се чувствувам одговорен, иако не знам зошто. Се извинувам и жалам.

Искрено.

http://bit.ly/grcev15

# ПАЛЕОЛИТСКА НАЦИЈА!

**14.03.2012**

> Зелките од ДПМНЕ тврдат дека сме македонска нација од палеолитот, а гласот на науката и здравиот разум го квалификуваат како национално предавство!

Иако режимот на ДПМНЕ е срамежлив и мимикричен фашизам, кому сè уште е најважно да ја задржи надворешната демократска наметка, воопшто не ми паѓа лесно прилагодувањето на животот и во вакви нетипични, кадифени пранги. Сега гледам дека во немилитантен тоталитарен систем каков што е нашиов, најтешко се поднесува што граѓаните тивко ги губат правата и несопирливо стануваат сопственост на државата (А. Михник), а нивната свест секојдневно ја меле, меси и декомпонира семоќната режимска пропаганда. Најмасовното државно насилство кај нас е менталното силување, а вистински жртви се здравиот разум, моралот и културата на нацијата. Пропагандата тука е средство за дисеминација на лудилото на водачот (и неговите трабанти) во главите

на граѓаните; токму оваа димензија на тоталитаризмот најмногу го обезвреднува животот во Македонија.

> Најмасовното државно насилство кај нас е менталното силување, а вистинските жртви се здравиот разум, моралот и културата на нацијата.

Не е можно овде да го сочуваш здравиот разум, а да не се судриш со едно од основните својства на тоталитарната држава: патолошката идентификација на водачот и неговата партија со државата и нацијата. Оваа зла спојка е виновна што сиромашниот дух на водачот и неговата камарила, нивното незнаење, невоспитание и малограѓански вкус, се наметнуваат како национални стандарди. Поради ова ментално растројство на носителите на власта, секој поединечен глас против нив и нивните дела тие го доживуваат како напад на државата и нацијата во целост. Оттаму потекнуваат и репресиите против слободниот збор и мисла, јавните линчувања и монтираните процеси кои се, инаку, непогрешливи знаци за распознавање на тоталитарните режими.

Борејќи се против режимската пропаганда, слободната мисла е секогаш индивидуален акт кому противник е целиот режим, со сите институции, партиски говорници и медиуми. Режимот ги „решава“ своите осамени противници според приликите: ги инкриминира во монтирани процеси, ги лустрира, економски ги уништува или ги протерува, но сите, без исклучок, првин ги озлогласува во јавноста како предавници на народот и државата. Предавството е омилена причина за јавните егзекуции

кои се извршуваат со најсмртоносните оружја на црната пропаганда: лагата и говорот на омраза.

> Борејќи се против режимската пропаганда, слободната мисла е секогаш индивидуален акт кој за противник го има целиот режим, со сите институции, партиски говорници и медиуми.

Еве ви свеж пример за државно-пропаганден линч, како казна за „предавство“ на нацијата. Пред некое време на бугарска телевизија им се спротивставив на срамните тврдења дека нашата нација потекнува од палеолитот, велејќи дека „само дилетант и будала може да зборува за македонска култура (...) во неолит или во палеолит“. Режимот експресно ме прогласи за предавник и побара „јавно да се извинам на сите граѓани“ зашто „се потсмевав со македонската држава и култура“. Јасен симптом за инсталиран тоталитаризам, оти реакцијата на режимот е школски пример за идентификација на партијата со државата: кога ДПМНЕ ќе почувствува навреда, навредена е „македонската држава“ и „сите македонски граѓани“!

На секој нормален му е јасно дека изјавата се однесуваше само на оние дилетанти и будали кои за државна вистина прогласуваат постоење на македонски национален идентитет од пред 2.600.000 години. Треба ли да се аргументира недоветноста на оваа „државна вистина“? Секој рационален човек го смета ова тврдење за ужасно глупо и произволно, зашто во раниот палеолит уште не се појавил хомо сапиенсот, а во доцниот за него може да се зборува само како за вид со динамична аргонаутика, камени орудија и по некој пештерски цртеж или камена

фигуричка. Од друга страна, нациите се спомнуваат од 14 век, а современите нации се формирале во последните, да речеме, два века. И? Зелките од ДПМНЕ, меѓутоа, тврдат дека сме македонска нација од палеолитот, а гласот на науката и здравиот разум го квалификуваат како национално предавство! Тука настапува пропагандата која ја фалсификува мојата изјава и пласира лага дека сум го негирал самото постоење на македонската нација, историја и култура – што е вон памет, но кому е гајле?! Потоа овој очигледен и плиткоумен фалсификат, црната тоталитарна пропаганда бесконечно многу го повторува и го зачинува со омраза. На крај, пропагандната машина го дистрибуира мојот „случај“ на разработка во голем број спонтано револтирани „приватни и независни“ медиуми и „автори“, пропагандни кољачи и егзекутори од најдолниот ешалон.

Еве како тоа го одработија фашизоидните „Еднооки“, во улога на режимски „подрумски егзекутори“, кои ги вршат валканите работи што нивниот газда сака но не смее јавно да ги соопшти. Елем, јас сум нацртан како грофот Дракула, демек вампир (сепак, благодарам за благородништвото), а нараторот рецитира на бугарски: „Овој човек е поголем Бугар од Бугарот“. Потоа вампирот изјавува: „Сите сте дилетанти, сите сте будали, сите сте идиоти.“ Па, повторно нараторот: „Овој човек лае кај ќе стигне...“ и „Овој човек е архитетка.“ Па, пак вампирот: „Нема македонска историја, нема македонска култура, нема македонска нација...“ Тука нараторот поентира: „Овој човек нема интелигенција...“, „Само неостварен дилетант и просечна будала од завист зборува против својата земја...“ и завршува: „Овој човек не е глуп, овој човек е од глуп поглуп...“ И толку.

Се работи, очигледно, за говор на омраза од најдолен тип, кој мене не може да ме повреди, зашто самиот е жален фројдовски одраз на личните фрустрации на „сатиричарот“: очајна еманација на комплекс на инфериорност и насолзена, детска немоќ и омраза. Така шимпанзите, во бес и немоќ, вадат остатоци од својот измет од анусот и ги фрлаат на омразените непријатели. Одвратно и тажно, но како и секоја омраза – заразно.

И на крај, овој пропаганден линч, иако беден и промашен, сепак е пример за успешна црна пропаганда, зашто го одзрачил потребното количество омраза неопходно за одржување на фашизоидниот режим на власт. Затоа успешното брукање и заглупување на нацијата, особено со кампањата за афирмација на македонската национална култура во палеолитот, несомнено ги дефинира ДПМНЕ како пресуден фактор за досегнување на најдолната точка во македонската култура. А отсуството на здрав разум и примитивната мисла во режимската пропаганда, како да произлегле непосредно од палеолитот, на еден перверзен начин силно ја потпираат идејата на билмезите од ДПМНЕ дека меѓу нас, сепак, шетаат живи примероци од една автентична македонска палеолитска нација. Овие хоминиди, опремени со моќна палеолитска животоспособност, ја грабнаа на измама младата македонска држава и со силување сакаат за век и веков да ѝ го сменат идентитетот.

http://bit.ly/grcev16

# БАНАЛНАТА СМРТ НА УСТАВНОСТА

**02.04.2012**

> Баналноста на пропаѓањето на македонскиот општествен проект не произлегува од некој монструозен заговор, туку од отсутноста и незаинтересираноста, од илјадниците секојдневни прилагодувања кон владеењето на ДПМНЕ.

Се работи за жаба и сад со врела вода. Ако ја фрлите жабата во садот таа ќе ја почувствува врелината пред да ја допре водата и ќе отскокне од нејзината површина, вон садот, на безбедно. Ако, меѓутоа, ја ставите жабата во сад со ладна вода, и потоа водата постапно ја загревате до вриење, жабата ќе се адаптира на сè пожешката вода, а потоа ќе загине сварена, без да се обиде да скокне од садот.

Очигледно дека адаптибилноста и трпеливоста, како универзално омилени стратегии за преживување, не гарантирааат во сите ситуации позитивен исход. Така, на пример, дневното прилагодување на Македонците кон непрекинатото кршење на Уставот и законите од страна

на власта обезбеди рушењето на општествените темели – уставноста, правната држава и поделбата на трите власти – граѓаните да го примат „на лажица“, мирно и дури незаинтересирано. Факт е дека денес нашата држава, практично во целина, функционира спротивно на Уставот, зашто режимот на Груевски de facto ги претвори сите уставни институции во негови извршни органи. Неформалната суспензија на Уставот е на сила во сите области на животот, без каква било реакција на „адаптираното“ општество. Ова ќе ви го насликам преку познат пример.

> Очигледно дека адаптибилноста и трпеливоста, како универзално омилени стратегии за преживување, не гарантирааат во сите ситуации позитивен исход.

Сите споменици од кошмарната визија „Скопје 2014“ владата на Груевски финансиски ги реализира преку општината Центар која, пак, овие буџетски пари ги троши преку нејзината „Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја“. Меѓутоа, во „Законот за меморијални споменици и спомен-обележја“ сосем јасно е утврдено дека во надлежност на општините е подигање само на спомен-обележја за настани и личности исклучиво од локално значење (член 4), па сите споменици од „Скопје 2014“ се, според законот, во категоријата „меморијални споменици“ (член 3) кои „може (и смее) да ги подига (единствено) Собранието на Р. Македонија“ (член 5). За да ги заобиколи законот и Собранието на Република Македонија, спомениците што ги гради режимот – дрско и инфантилно – ги нарече спомен-обележја, а настаните и личностите од државно значење ги квалификува како локални.

Значи, државниот криминал со кој Владата и општината Центар – наместо Собранието – ги подигаат спомениците, до ден-денес, на институционално ниво, никому не попречило. На ниту една од трите власти, на ниту една институција на системот. Очигледно е дека Груевски, за да го спроведе незаконскиот споменичарски карневал во слава на својата тоталитарна власт, ги наведе на антиуставен криминал Владата, градот Скопје, општината Центар, државните инспекторати, јавното обвинителство, практично сите извршни органи на централната и локалната власт, потоа Собранието на РМ, судската власт и, на крајот, Уставниот суд. Сите институции на системот се самопоништија од аспект на нивната уставна улога, било тоа да е со активно кршење на законите и Уставот, било да е тоа со нечинење и молк.

Доколку во земјата постои уставна поделба на властите, макар „во траги", би следела реакцијата на македонската парламентарна власт, бидејќи, според законот, се работи за узурпација на нејзина оригинерна надлежност. Собранието на РМ не само што е надлежно да одлучува за спомениците, туку за секој споменик мора да одлучува поединечно (член 8) и тоа со најспецијалното мнозинство на светот – славното „бадинтерово мнозинство". И, каква беше реакцијата на законодавната власт на фактот дека една општина со програма уредува работи од собраниска надлежност и практично го суспендира парламентот? Собранието воопшто не реагираше на фактот дека му е одземена надлежноста. Никому ли таму не стана сомнително што од 88 споменици собранието не одлучувало ниту за еден? Испаѓа дека собранието за одредени надлежности е функционално распуштено, но тоа продолжува да ја игра парламентарната претстава,

небаре ништо не се случило. И така, иако суспендирано и потонато во неуставна декоративност, Собранието продолжува „нормално“ да функционира и да го дува својот редовен репертоар, адаптации на весели маршеви и валцери, како симпатичен син оркестар за блех музика, кој во темнозлатен одблесок, црвени ленти околу шапките и весели но бесмислени кокарди и ширити, ги развеселува минувачите во лежерните неделни пладништа...

> Со кој опијат се анестезирани народниве пратеници кои редовно и бурно реагираат на погрешни зборови (во некоја енциклопедија, на пример), а притоа упорно не забележуваат дека им е одземено со крв платеното право и надлежност!?

Уште поинтересна е реакцијата на носителите на правото со кое одлуките на Собранието „мораат да имаат мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Р. Македонија“. Како реагираа оние кои за ова право во 2001 г. кренаа вооружено востание, практично граѓанска војна, во која загинаа стотици млади луѓе, а земјата се доведе до работ на пропаст? Повторно, никако. Со кој опијат се анестезирани народниве пратеници кои редовно и бурно реагираат на погрешни зборови (во некоја енциклопедија, на пример), а притоа упорно не забележуваат дека им е одземено со крв платеното право и надлежност!? Повеќе од јасно е дека и овој незаконски молк е платен со некоја опскурна валута која, без сомнение, уште повеќе го негира владеењето на правото.

Конечно, да видиме што направи Уставниот суд, последната тврдина на македонската уставност? Уставниот суд се прогласи за ненадлежен! Цитирам: „да одлучува по однос на целисходноста и оправданоста на таквата определба на општината..." Да, добро прочитавте: судот се прогласи за ненадлежен да одлучува за определбата на општината со општ акт (каков што е спорната Програма) да го крши законот, Уставот и да ги узурпира надлежностите на Собранието. Уаау! Како е можно, ќе се запрашате, Уставниот суд да се прогласи за ненадлежен за работа, за која е, според Уставот, надлежен токму и единствено тој? Е па, не би требало да е можно, зашто во Уставот, во членот 112, пишува дека „Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт (...) ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со законот". Значи, Уставниот суд одбил да го штити Уставот и да одлучува за работи од ексклузивно негова надлежност, сакајќи веројатно (безуспешно) да ја купи својата безбедност, и на тој начин себе си се помножил со нула и ја фрлил последната лопата негасена вар врз трупот на македонската уставност...

Описот на рушење на уставноста во Македонија и сингуларизацијата и хомогенизацијата на трите уставни власти околу политичката волја на фашизоидниот режим на ДПМНЕ, ви го понудив за читање, почитувани читатели, не зашто примерите се свежи и шокантни, туку токму зашто не се: тие се веќе нормални и банални во нашата земја. Оваа смртоносна баналност на злото, тоа ужасно откритие на Хана Арент, кај нас не е производ на некоја демонска сила, туку на адаптација кон злото, па дури и „целосно отсуство на мислење". Баналноста на

пропаѓањето на македонскиот општествен проект не произлегува, значи, од некој монструозен глобален заговор или крвав државен удар, туку од отсутноста и незаинтересираноста, од многуте мали себеоткажувања на Македонците, од иљадниците секојдневни прилагодувања кон владеењето на ДПМНЕ, во кое смртта на уставноста и загубата на човековите слободи и права станаа веќе тривијална работа.

Навикнувањето на полошо и толеранцијата на државниот криминал, и покрај растечкото мнозинство свесни за општественото пропаѓање, сите нè втурна во парадоксална улога на пасивни гледачи на сопствената трагична пропаст. Како да стоиме неми на брегот, стаписани од катастрофичната сцена на тонење на нашиот брод, тука, блиску до копното, речиси на дофат на рацете... А од наведнатата палуба, која водата како да ја влече надолу, кон нас гледа стисната но мирна толпа луѓе во чиишто бледи лица и вџашени погледи, како во кошмарен сон, ние се препознаваме себеси...

А мртвата жаба и кротката, полузагрижена, речиси извинувачка насмевка на нејзиното лице, се тука за да потсетат: мирното и „достоинствено“ трпење и одржување пристоен израз на лицето не е секогаш спасоносна стратегија за преживување. Ниту за жабите, ниту за луѓето.

http://bit.ly/grcev18

# ЛАЖЕЊЕ И ГРАДЕЊЕ

**27.04.2012**

> Една од најголемите лаги на ДПМНЕ, околу која е можеби изградена целата пропагандна концепција на власта, е лагата за градењето.

Една од најголемите иновации кои режимот на Груевски ги внесе во општествено-политичкиот живот е лагата како основен принцип на политичка комуникација и најважен аргумент во јавниот дискурс. Власта на ДПМНЕ секојдневно ги лаже и сопствениот народ и меѓународната заедница, и тоа со инфантилни лаги кои – наместо со разум и факти – ги „потпира“ со емајлирани погледи и изнасилена сериозност на дванаесетгодишен билмез.

Една од најголемите лаги на ДПМНЕ, околу која е составена целата нивна пропагандна концепција, е лагата за градењето. Оваа колосална лага е веројатно најзаслужна за предолгото одржување на изопачената „морална су-

периорност“ на режимот. Според неа, власта на ДПМНЕ најмногу градела од сите пред неа, и тоа што градела – за разлика од сите власти пред неа – било видливо за народот. За сцена на која се изведува оваа голема режимска измама е избран најтесниот центар на македонската престолнина каде преку „проектот „Скопје 2014““ илузијата за најградителска власт во историјата на Македонија треба ефектно да се материјализира.

Лагата дека ДПМНЕ „ако ништо друго – барем гради“ толку цврсто се етаблираше во чаршиската јавност што стана општо место и дежурен одговор со кој власта и поклониците одговараат на сите критики за погубните политики. На критиките дека власта ја уништи маѓународната позиција на земјата, економијата, културата, образованието, здравството... наместо со аргумент се одговара дека тие „барем нешто градат“. Со истиот квантитативен „факт“ се одговара и на огромниот број суштествени забелешки за градбите од „Скопје 2014“: дека се неуставни и незаконски, дека се најдолен кич, несреќа и срам за урбанизмот, архитектурата и скулптурата.... Одговорот на сите критики е секогаш ист: „оваа власт барем гради нешто“ додека другите (пред нив) „не заковале ниту шајка“. Со „очигледната вистина“ дека тие „барем градат“ во јавноста практично се супституира непостоењето на ниту еден аргумент во полза на криминалното владеење на ДПМНЕ.

Затоа, да видиме врз какви реални факти се темели гласнава лага. Бидејќи тврдењето дека „барем градат“ е квантитативно по својата природа, вистинитоста на исказот може да се докаже единствено со мерење и споредување на количината на изграденото. И тука излегуваат на виделина чудовишните размери на лагата за градењето. За шест дол-

ги години власта на ДПМНЕ успеа да започне и да не заврши само шест погрешни и непотребни згради на левиот кеј на Вардар, еден гротескен и жално бездарнички „Воин на коњ“, една малоумна „Порта на триумфот“ и уште малку бетонска и бронзена ситнина наоколу! Да, тоа е целиот материјал од кој власта (со моќна пропаганда) успеа да си го создаде градителскиот ореол, поради кој во чаршијата ѝ се простуваат сите погрешни политики, епохални глупости и криминали.

За да бидеме прецизни, да ги премериме сцената и илузионистичките реквизити од лажната претстава за „најградителската власт во историјата на Македонија“: сите седум објекти од „Скопје 2014“ зафаќаат точно 9.776 квадратни метри или приближно 1 хектар. Но, овој мизерен хектар не е изграден на пуста ледина, туку на веќе оформени и уредени јавни површини, што значи дека тој е насилно открaднат од градот и граѓаните, од веќе изградените скопски плоштади и кејови. Опкружен е (тој мизерен 1 хектар!) со уредените 8.500 хектари од градежниот реон на градот Скопје, во кои се изградени 2.900 хектари објекти за домување, 860 хектари јавни институции, 1.500 хектари комерцијални и стопански објекти и над 800 хектари улици и сообраќајници! Логично прашање би било, кој ги изградил овие илјадници хектари објекти, улици и којзнае колку километри комунална инфраструктура, кога режимската пропаганда ја убеди чаршијата дека Груевски и ДПМНЕ се првите градители кои, еве, веќе шест години градат 24/7? Одговорот за идиоти гласи: ги изградија нашите предци и родители, старите скопјани, граѓаните на Македонија, па

комунистите, денес непопуларните комуњари, сите градители во транзицијата, значи, сите пред нив „што не заковале ни шајка“.

> Материјалниот доказ за градителската слава на ДПМНЕ е толку ништожен во споредба со големината на (пред нив) изградениот град.

За да немате, почитувани читатели, проблеми со размерот, ви ја приложувам мапата со површините на изградените блокови на Скопје од страна на сите скопски градители „што не заковале ни шајка“ и, врз нив, прецизно внесени црвените траги од „Скопје 2014“ во центарот на градот. Материјалниот доказ за градителската слава на ДПМНЕ е толку ништожен во споредба со големината на (пред нив) изградениот град, што објектите од „Скопје 2014“ изгледаат како неколку овчи брбушки случајно и несреќно испоганети врз градскиот центар.

Испаѓа дека, само во споредба со градот Скопје, она што за шестте години владеење го изгради ДПМНЕ е најмалку 10.000 пати помалку од она што го затекнаа изградено. Доколку ја кренеме споредбата на ниво на Македонија – зашто нивната градителска слава на републичко ниво е постигната врз основа на истите скопски брбушки – тогаш, со населените места, патната мрежа, енергетските објекти и инфраструктури, индустријата, браните и хидромелиорационите системи и сè друго што го изградија Македонците пред да се појават „градителите“ од ДПМНЕ, количеството национално богатство изградено пред нив, во однос на „Скопје 2014“, ќе биде веројатно во размер



100.000 : 1. Мерењето убедливо покажува дека режимот на Груевски изградил просечно илјади пати помалку од било кои 6 години од изминатиот век, значи илјада пати помалку од сите претходници во новата историја на македонската почва. Што е непобитен доказ дека ДПМНЕ ја претставува најлажливата власт што газела по „светата" македонска почва.

„Никогаш не им ја кажувајте вистината на луѓето кои не ѝ се достојни", напишал Твен. Цврстата врска меѓу вистината и достојноста, го обезбедува и реципрочното правило, дека се лажат оние кои се сметаат за недостојни на вистината. Бидете сигурни дека властите кои го лажат сопственото население, сосем сигурно го сметаат за презрено и недостојно. Затоа лажливите режими, секогаш опремени со моќна пропаганда, лесно ќе ги препознаете како тоталитарни и ненародни по својата природа, колку и да се колнат во спротивното. Моќната пропаганда на Груевски е непогрешив симптом на тоталитарната суштина на режимот, а моќта на колосалната лага за градењето е доказ дека во нашата земја лажењето стана начин на владеење.

http://bit.ly/grcev19

# ПРАВО НА ПРЕПРАВАЊЕ

04.05.2012

> Македонија е денес шизофрено општество во кое формално постојат слободи и права, но граѓаните во стварноста не можат или не смеат да ги уживаат.

Кога зборувам со луѓе за одземањето на правата и слободите на граѓаните, за неуставното владеење и за контролата на медиумите во нашата земја, се согласуваме дека состојбата повеќе соодветствува на тоталитарна отколку на демократска држава и дека во земјава незаконски владее режим кој практично извршил мирен уставен пуч. Но потоа, кога ќе се разделиме, секој за себе и сите заедно, продолжуваме со дневната рутина и се однесуваме како сè да е нормално а животот ни шуми како планински поток. Како никој навистина да не е засегнат од катастрофалните состојби во татковината, во мера која подразбира кршење на дневниот распоред и комфор, откажување од попладневната дремка и искажување лутина со малку пожесток протест или (недајбоже) бунт.

Се чини дека во најлошите услови за живеење што ги паметиме, како сите спонтано да глумиме нормална животна рутина и една фина, фииина недоветност.

Македонија е денес шизофрено општество во кое формално, на хартија, постојат модерните слободи и права, но граѓаните во фактичката стварност не можат или не смеат да ги уживаат. Режимот кој неформално го суспендирал Уставот и инсталирал иновативен вид прикриен, трапав и мусав тоталитаризам, се преправа дека владее законски и демократски, а граѓаните – за возврат – се преправаат како тоа да е вистина. Во земјава чии општествени темели се тресат од катастрофалните социо-економски параметри, растечката мизерија и непочитувањето на слободите и правата, владее рајска тишина, санаториумски социјален мир и мрзлива, туберкулозна апатија.

Општествата со ваква дијагноза до неодамна лесно ги препознававме како недемократски општества, било да се тие капиталистички или комунистички рожби. Сличен на нашиов, но екстремен случај на спротивставеност на формалните и фактичките права бил Советскиот Сојуз, во чиј Устав од 1936 година не само што биле гарантирани политичките слободи, слободниот печат и слободното формирање политички партии, туку државата била обврзана овие да ги финансира и помага, додека едновремено се затворале и убивале милиони луѓе обвинетии за дела кои не ги ни сонувале... Се разбира, никој не се осмелил, под стварна смртна закана, да ги употреби овие хартиени уставни права или јавно да ја денунцира тоталитарната практика на власта.

Слично, само сразмерно помеко и полигаво, е и кај нас, бидејќи режимот, со селективна репресија и економска принуда, го стави под закана целиот народ; по долги децении тоа повторно предизвика егзистенцијален страв кај луѓето. Поради тоа луѓето во Македонија денес се плашат од камера, од јавно искажување мисла, од погрешно однесување (кое може да се протолкува како антирежимско), од јавен настап, од неприлично отсуство или погрешно присуство, од неподобни пријателства... практично од сè. Стравот и психологијата на потчинетост и сервилност кон режимот – најважните психосоцијални симптоми на животот во тоталитарни општества – повторно стануваат основни карактеристики на животот во Македонија.

Селективната, егземпларна репресија и заглушувачката пропаганда го одржува македонското општество во лажен социјален мир, кој претставува некаков вид колективен перформанс, во кој големото внатрешно незадоволство, наместо во побуна, луѓето го конвертираат во глумење нормален живот. Оваа глума веројатно ја мотивира комплициран емоционален амалгам составен од егзистенцијален страв, чувство за пристојност, достоинство на жртвата и срам од делата починети врз неа. Глумата во овој театар на апсурдот се сведува на трпење неподнослива реа (која, инаку, штипе и задушува!) при што актерите речиси не го менуваат индиферентниот израз на лицето. Глумиме нормалност, како на светот да сакаме со извинувачка насмевка да му ја претставиме одвратнава смрдеа како вообичаен гастроентерален проблем на младата демократија... Демек, се усрало дет‘то, ама че му мине...

Ова колективно глумење нормалност, меѓутоа, станува малигна навика која прераснува во партнер на монструозната режимска пропаганда. Партнерите работат комплементарно: пропагандата го покрива јавниот медиумски простор, а колективната глума интимата, па покорниот народ така станува мизансцен за потврда на пропагандната лага, а заканата вградена во пропагандата станува оправдување за покорноста и глумењето нормалност. И така се затвора лошиот психосоцијален мотивациски круг кој ги обезбедува океанската тишина и долговечноста на режимот.

> Во овој театар на апсурдот учествува, на прикриен дипломатски начин, и меѓународната заедница која за катастрофалните општествено-политички состојби во Македонија употребува софистициран вокабулар составен главно од еуфемизми.

Во овој театар на апсурдот учествува, на прикриен дипломатски начин, и меѓународната заедница која за катастрофалните општествено-политички состојби во Македонија употребува софистициран вокабулар составен главно од еуфемизми. Така, на пример, пристојните дипломатски квалификации кои денес се употребуваат за пропаѓањето на македонското општество се: за потполната партизација и инструментализација на судството – „забавен е процесот на реформи во судството“; за укинувањето на слободата на информирање и уништувањето на независните медиуми – „загрижувачка е состојбата во врска со независноста на медиумите и слободата на

информирањето“, итн. Претпоставувам дека со вакви еуфемистички искази расните закони на Хитлер би се нарекле „загрижувачка насока на реформите во законодавството“, а погромот на Евреите во германската „Кристална ноќ“ би бил квалификуван како „серија напнати состојби со несакани поединечни инциденти во меѓурасните односи“...

http://bit.ly/grcev20

# ЕДНА УБИЕНА ТЕЛЕВИЗИЈА И ДЕВЕТ ГУЛАБИ НА ГРАНКА

**10.05.2012**

> Пропагандното загадување на медиумскиот простор во Македонија доби размери забележани само во еднопартиските општества.

Многу често, деновиве, од претставниците на меѓународната заедница слушаме дека Македонија имала „проблем со слободата на медиумите“. Не можеме да им се изначудиме на странциве: каков проблем?

Македонската влада и гласноговорниците на нејзината пропаганда веќе безброј пати убаво соопштија, и нам и на светот, дека во земјава немаме проблем со слободата на информирањето. И така е. Можеби за прв пат, но сосем се согласувам со власта по ова прашање. Проблем со слободата на медиумите во земјава навистина нема, затоа што веќе нема ни слободни медиуми.

Проблемот го снема заедно со укинувањето на слободата на информирањето и политичкото изјаснување, а денот на нивното исчезнување од македонскиот етер се совпаѓа со уништувањето на А1 телевизијата и на печатените медиуми од улицата „Перо Наков“. Од минатото лето, кога здружените банди на македонската државна мафија истовремено ги уништија медиумите и семејството на Велија Рамковски, во земјава завладеа контролирана медиумска хармонија, многу, многу поконтролирана отколку што постарите паметат дека била и во времето на „пустото комунистичко“.

> Од минатото лето, кога здружените банди на македонската државна мафија истовремено ги уништија медиумите и семејството на Велија Рамковски, во земјава завладеа контролирана медиумска хармонија, многу, многу поконтролирана отколку што постарите паметат дека била и во времето на „пустото комунистичко“.

По убивањето на А1, националните телевизии продолжија непречено да работат и „објективно и професионално“ да го забавуваат народот, да ја затапуваат јавноста со лажна слика на стабилен социјален мир и насмеана демократија, во која не постојат никакви проблеми со слободата на информирањето. И додека неколкуте преостанати „независни“ телевизии се мачат да информираат нападно внимателно, со нагласена и тегобна автоцензура, симетрично и уплашено, телевизиите на власта, на чело со јавниот сервис, го полнат медиумскиот простор со пропагандна порнографија од најдолен вид, рекла-

мирајќи ја и величајќи ја власта и озлогласувајќи ги неистомислениците и опозицијата.

Пропагандното загадување на медиумскиот простор во Македонија доби размери забележани само во еднопартиските општества, а најзагрижувачки аспект од оваа општествена несреќа е изопачувањето на етичките норми за кои мислевме дека се општочовечки константи. До скоро беше срамно и да се помисли дека слободата на медиумите ќе се толкува како нивна слобода да ја критикуваат опозицијата и да го фалат режимот. А тоа дека како нормално може да поминува секојдневното озлогласување на неистомислениците на власта, на афирмирани личности кои се изјасниле против режимот и на опозиционери – тоа не можеше да се сонува ниту во кошмарни ноќи. Дека медиумите ќе станат преполни со црни страници со фотографии и листи за прогон, отстрел или „легална“ омраза, полни и црни како старите скопски катраносани бандери на кои во слоеви висеа смртовници и некролози, е тоа мислевме дека е потполно невозможно. Лепливиот примитивизам на режимската пропаганда и одвратните дневни соопштенија на ДПМНЕ ги испоганија домовите на граѓаните со најдолни мотиви, неетичност и омраза, како со мачји измет на чевлите. Луѓето цел живот се трудат да не стапнат на таква смрдејца и невнимателно да не ја внесат дома, а македонскиот режим преку своите медиуми денес им ја фрла в лице на граѓаните и со неа им ги полни душите!

Но, да се вратиме на слободата на медиумите: интересно е што сè уште има многу луѓе на кои не им е очигледно дека со убивањето на А1 во потполност е укината слободата на телевизиските медиуми во Македонија. Им делу-

ва нелогично со укинувањето на само една телевизија да им се укине слободата на сите. За нив, загубата на една национална телевизија од десет, е загуба од 10% или – со оглед на турските серии кои братските телевизии ги преземаа од А1, длабоко нурнувајки ги повиените клунови во нејзиниот крвав и уште топол леш – уште помалку.

За да го објаснам нумеричкиот парадокс на македонските контролирани телевизиски медиуми, каде 10 – 1 = 0, се присеќавам на математичка задача од првите класови осмолетка... Всушност, задачата е трик прашање со измама во која идеалниот свет на математичката апстракција се меша со законитостите од реалниот свет. Елем, прашањето гласи: ако на гранките од едно дрво седат десет гулаби, а ловџијата отстрели еден, колку гулаби останале на дрвото? Сите деца, концентрирани на математичкиот резултат, брзаат да ги кренат рацете со два прста и го викаат нестрпливо одговорот: останале девет гулаби, учителке! А учителката, со широка насмевка и супериорност на благороден итрец, одговара дека на дрвото, деца, не останал ниту еден гулаб, зашто сите летнале уплашени од истрелот и смртта на нивниот другар. Забележувате ли длабоки сличности на трик задачата и состојбата со медиумите во нашата земја? За нас прашањето треба да се постави инверзно и да гласи: колку телевизии треба да уништи власта за да ги замолчи и контролира сите останати? Без оглед на вкупниот број телевизии, одговорот е секогаш ист: доволно е да се убие само една.

Особено интересно, од етички и психосоцијален аспект, е начинот на кој власта избра да го накаже гулабот што се осмели да ѝ серка в лице. За да го застраши целото општество, а не само останатите независни телевизии,

партиската власт и судство на ДПМНЕ спроведоа криминална, драконска и непропорционална, дури старозаветна одмазда над Велија Рамковски, неговото семејство, А1 телевизијата и сите фирми од Перо Наков. Еве ви го рецептот за „праведна казна“ од Стариот завет: „Затоа иди и убиј го (...), и сотри го како проколнато сето што го има; не жали го, туку убиј ги и луѓето и жените и децата и сѐ што е на женски гради и воловите и овците и камилите и магарињата.“ Со ваква пустинска патријархална „правда“ од пред 2500 години, газејќи по правото и Уставот, режимот на ДПМНЕ го казни Велија за слободно политичко изјаснување и противвладино информирање, ја затвори А1 телевизијата за вечност, ги осуди како заложници и ќерка му и синот му и брат му и другите, и му „сотре, како проколнато, сѐ што има...“ Со ова злосторство на власта беше убиен симболичкиот гулаб на слободните медиуми, и беа избркани деветте гулаби на слободната мисла и информирањето. Затоа, од пред една година во нашата земја не постои „проблемот со слободата на медиумите“, а на медиумското дрво царуваат головрати мршојадци со крвави клунови и, заедно со нив, жално купче усрани гулаби.

http://bit.ly/grcev21

# ПРВИН ДЕМОКРАТИЈА, ПОТОА ИЗБОРИ

**30.05.2012**

> Можни ли се демократски избори под недемократски режим? НЕ!

Можни ли се демократски избори под недемократски режим? Категорично не: демократски избори организирани од нелегална и недемократска власт се теоретски невозможни. Да можеше да генерира владеење на правото, слобода на политичкото изјаснување и на медиумите – сите основни услови за демократски избори, недемократската власт немаше да биде тоа што е, туку ќе беше своја спротивност. Значи, потврдниот одговор на прашањето е contradictio in adjecto, или, како што велат филозофите, противречен по себе, спротивен на сопственото својство.

Зошто тогаш ми требаше ова навидум глупаво воведно прашање? Веројатно за да ве подготвам, почитувани чи-

татели, на поразителниот факт дека целата македонска политичка стварност веќе шест години се темели врз противречноста со сопственото својство, на илузијата (или на самозалажувачката надеж) дека недемократскиот режим кога било спровел или е во состојба да спроведе фер, слободни и демократски избори. Веќе цели шест години една недемократска власт ги организира сите наши избори, а ние се однесуваме како тие да биле помалку или повеќе регуларни и демократски. На ова наше халуцинантно однесување му противречи не само теоријата, туку и куп очигледни докази. Доволно е да ги протриеме очите и да ги разгледаме условите во кои се случија сите избори од 2008 до 2011 година, и без какво и да е колебање да заклучиме дека сите, без исклучок, беа нефер, корумпирани, лажирани и недемократски, зашто беа спроведени во суштински нерегуларни услови.

Да се потсетиме на некои основни дефиниции за изборите: тие се јавен политички натпревар меѓу власта и опозицијата. Структурно гледајќи, тие се изградени од истата супстанца како и секоја натпреварувачка игра. Играта практично егзистира низ правила и нивното почитување е основен услов за нејзино постоење. Затоа основното правило во сите игри е казнување и исклучување од игра на оние што ги прекршуваат правилата. А најважниот принцип на играта, за чие утврдување не се штеди бројот правила, е принципот на еднаквост на учесниците, односно обезбедувањето рамноправни или фер услови за натпревар. Затоа постојат промени на страните на теренот, точно пропишана опрема, категории во боречките дисциплини, допинг тестови и други проверки на рамноправноста на натпреварувачите. За-

тоа е невозможно да видите фудбалски натпревар во кој едната екипа брои 111 играчи на терен, а другата 11, при што некои од стоте „јунаци“ носат безбол палки, некои ја носат топката со раце, додека другите слободно ги газат на земја единаесетте кутраци од другата екипа, за кои и понатаму строго важат познатите правила.... Таков меч не е одигран во историјата на спортските игри и нема никогаш да се одигра, но такви избори нам ни се повторуваат секоја година и ние упорно ги „прогласуваме“ за регуларни!

Да видиме што направи власта на ДПМНЕ, од 2006 до денес, во поглед на почитувањето на суштествените изборни правила за обезбедување условите за фер натпревар?

1. Ја започна бескрајната предизборна кампања која трае 363 дена секоја изборна година и 365 дена во година без избори, а на пропагандното саморекламирање потроши стотици милиони евра народни пари.

2. Ги претвори јавните работи во вечна предизборна кампања и потроши стотици милиони евра народни пари на саморекламерскиот кич наречен „Скопје 2014“.

3. Го задуши и го инструментализира слободниот медиумски простор со корумпирање на медиумите, со нивна сопственичка контрола и со брутално и насилно уништување на непослушните.

4. Ги партизира сите државни институции и ги уцени партиски вработените со нивните семејства и пријатели, кои како заложници ќе гарантираат дека на сите избори ќе гласаат за ДПМНЕ.

5. Им се закани на луѓето и на нивните семејства дека ќе бидат егзистенцијално уништени доколку не гласаат за ДПМНЕ, а илјадници беа корумпирани со по грст евра.

6. Со монтирани судски процеси ги затвора, економски ги уништува и ги озлогласува политичките противници, со што ги внесе егзистенцијалната закана и стравот како свои најважни сојузници во изборниот „натпревар".

Секое од овие прекршувања на уставот и законите суштински ги негира слободата, демократичноста и регуларноста на изборите, секое прекршување трајно и неповратно влијае практично на сите граѓани и секое од нив е повеќе од доволно за прогласување на изборите за нерегуларни и недемократски, за нивно поништување и санкционирање на прекршителите. Но, ние и понатаму мирно, со заматени погледи и лигушка на брадата, гледаме како секојдневно, со секоја реклама, секој споменик, монтиран процес, селективен инспекциски надзор, владина пропаганда и што сè не, се лажираат изборите преку уништување на претпоставките за фер избори...

И понатаму немо гледаме како Уставот и правилата се прекршуваат 364 дена во годината, додека упорно ја набљудуваме и ја оценуваме регуларноста само на денот на изборите! Како шест долги години нацијата да се храни со буники!? Со затапена свест го живееме искуството од тоталитарните општества каде што изборите најефикасно се лажираат претходно и во меѓувреме, кога режимот ги меле граѓаните со незаконска пропаган-

да, кога ги зема семејствата како заложници и, на крај, кога ги пушта граѓаните на денот на изборите „кротко и достоинствено“ да гласаат, секој со морничаво чувство во тилот, како од студениот допир на цевка од пиштол. Слично како и во тоталитаристичките искуства и нам, речиси секоја година, ни се повторува истата понижувачка еднодневна изборна фарса, кога сите „мирно“ и „достоинствено“ излегуваме да гласаме на однапред лажирани избори и потоа, само зашто дента биле мирни, ги прогласуваме изборите за регуларни. Се прашуваме ли некогаш дали некој нормален ги третира изборите во Северна Кореја за фер и демократски, само зашто биле мирни и што немало нерегуларности во броењето на гласовите? Тоа што нашите супстанцијално нерегуларни избори поминуваат мирно и без поголеми нереди, всушност би требало најмногу да нè загрижува, зашто тој „достоинствен и свечен мир“ е еклатантен симптом за нашата зашеметеност, болна помирливост, небунтовност и летаргија. Неподносливо срамно, но, за жал, срамно лесно за поднесување!

> Единствен начин повторно да се обезбедат услови за демократски избори е првин да се ослободиме од неуставната власт на Груевски.

Затоа, единствениот излез од оваа стрмоглава спирала на општественото пропаѓање, е да ѝ се одземе легитимноста на власта и таа да се санкционира за сите сторени криминални прекршувања на уставните правила и за уништување на демократијата. Тоа нема да биде едноставно, зашто боксерот што „победува“ со измами, во својот агол и во рингот ги има своите роднини и пријате-

ли, сите судии во мечот, комисиите и сите други органи задолжени за одржување на „регуларноста“ на натпреварот.

Оваа делегитимизација на власта, се разбира, не може да се изведе преку институциите на системот, зашто токму тие треба да се делегитимираат поради неуставно учество во укинувањето на нашите слободи, права и другите претпоставки кои слободните и фер избори ги прават можни. Уште еднаш, јасно: единствениот начин повторно да се обезбедат услови за демократски избори е првин да се ослободиме од неуставната власт на Груевски. Прво демократија, потоа демократски избори.

http://bit.ly/grcev22

# СМРТОНОСНАТА УДОБНОСТ НА НАШЕТО ОТСУСТВО

**23.07.2012**

> Нацијата се однесува како исправен, замиен и облечен леш што глуми нормално секојдневие, како да не знае дека е однатре мртов и веќе изгниен.

Иако натопена во досадна потпросечност и провинцијализам, македонската „преродба“ под режимот на ДПМНЕ предизвика таков колапс на системите на вредности, каков што не се памети од Втората светска војна. И додека од пепелта на претходниот колапс се родија македонската држава и нација, а потоа и сите современи овдешни културно-општествени вредности, сегашниов национален салто мортале наречен „преродба“ се заканува тие културни вредности – сите, без остаток – практично да ги помножи со нула. По оваа математичка операција од нас веројатно ќе остане само сеќавањето за клучниот парадокс на националниот пораз кој – без сомнение – ќе нѐ издвои од бескрајното множество мали цивилизациски умирања во мочуриштето на историјата.

Тој клучен парадокс е сочинет од неверојатниот контраст помеѓу огромната, смртоносна општествена штета од владеењето на ДПМНЕ и фрапантното отсуство на каков и да е експлицитен масовен револт или друга соодветна социјална реакција. Македонското граѓанско општество практично умира во тивка агонија, исчезнува апсурдно мирно, без борба, без ниту едно фрлено расипано јајце! Можеби овој парадокс е вистинскиот резултат на „преродбата", зашто го потврдува успешно изведениот процес на зомбификација на нацијата, која се однесува како исправен, замиен и облечен леш што глуми нормално секојдневие, како да не знае дека е однатре мртов и веќе изгниен. Според нашето однесување, изгледа како деновите на пропаста на македонскиот национален проект да си се нижат незабележително, како сите други сивуркави, аморфни денови што монотоно се тркалаат низ времето, тапо потчукнувајќи се меѓу себе, како речни камења...

Додуша, историските искуства нè учат дека во слични ситуации и кај другите нации изобилствуваа „зомби" симптомите на затруеност на духот. Вакви епидемиски симптоми на масовна затапеност на реакциите, страв, замор и индиферентност, се појавуваат најчесто во екстремни историски околности на владеење на диктатури и деспотии. Овие мрачни времиња на инквизиции и безумие немилосрдно ги изопачуваат моралните вредности на народите, но и нивната способност да мислат и да просудуваат. „Долготрајното ропство и лошата управа можат така да го збунат и накарадат сфаќањето на еден народ, што здравиот разум и правиот суд ќе му истенчат и ослабат до потполно изопачување. Таквиот пореметен народ не може веќе да го разликува не само доброто од

злото, туку и својата сопствена корист од очигледната штета“. Оваа анализа на Иво Андриќ небаре е пишувана како опис на состојбата на духот и разумот во денешна Македонија, под власта на Никола Груевски. Со таа разлика што Андриќ пишува за последиците од вековното крваво ропство, а ние успеавме оваа клиничка слика да ја „постигнеме“ за само неколку години...

Станува јасно дека нашата „нормалност“ е инстинктивно одбран образец на однесување во неволја: тоа е одлука за неучествување во борбата за контрола на сопствената судбина. Оваа контроверзна одлука е дарвински избор, зашто неучествувањето во сегашната борба денес најчесто изгледа многу побезбедно и поприфатливо од катастрофалните последици од оваа одлука во апстрактната иднина. Но, оваа „биолошка“ одлука со време добива рационални формулации и артикулирани социјални обрасци на однесување, во кои се разводнува и колективизира чувството на вина за морално неприфатливиот избор. Како поминува времето, меѓутоа, „вината“ односно последиците од народната отсутност и неучество во обликувањето на сопствената судбина, станува многу поголема отколку што било кој е спремен да признае, зашто индиферентноста на народите може да биде – сосем изненадувачки – најактивниот и најмоќниот фактор во историјата. Ако ги анализираме големите општествени катаклизми во минатиот век, неодминлив е заклучокот дека небаре сите се случиле не поради активноста или моќта на малкумината господари на злото, туку во најголема мерка и пресудно, поради пасивноста и неучествувањето на огромното мнозинство.

Грамши ни сведочи како народното самооткажување и индиферентност го довело првиот фашизам на власт: „Она што се случува не е зашто некои сакаат тоа да биде, колку оти огромната маса луѓе се откажува од поседувањето сопствена волја, им препушта на другите да делуваат, пушта да се заплеткаат јазли кои подоцна само со меч ќе може да се пресечат, дозволува да се донесат закони кои подоцна ќе може да ги укине само побуна, дозволува власта да ја грабнат луѓе кои подоцна само востание ќе може да ги собори.“

Очигледно е дека глумењето „нормалност“ во услови кога авторитарен режим го уништува слободното граѓанско општество, не е неутрална, индиферентна позиција, туку активен став кој му дава лажен легитимитет на режимот, му го продолжува траењето и ја зголемува општествената штета. Во услови на биполарно општество, во кое власта ги дели граѓаните на лојални поданици и предавници, трета, неутрална, физички индиферентна позиција не може да постои. Нашата индиферентност, нашето неучество, нашата „достоинствена неопределеност“ – сакале или не сакале – во ова поделено општество несопирливо станува тивка колаборација со власта. Уште повеќе: колку е попасиониран нашиот актерски перформанс во глумењето достоинствена граѓанска дистанца од политичката стварност, толку е поактивна нашата колаборација со фашизоидниот режим.

Не смееме да дозволиме, почитувани читатели, да поверуваме во оправданоста на сопственото глумење: нашите провинциски билмези не ја злоупотребуваат власта олку долго зашто се толку моќни, ефикасни, органи-

зирани и страшни, туку затоа што големо мнозинство граѓани тоа им го овозможило со својата покорност, индиферентност и неучество. За да ги компензираат моралните последици од покорноста и стравот, луѓето отпосле конструираат најчесто фаталистичко „историски прифатливо“ оправдание за своето однесување. Така, во функција на залечување на психолошките рани од искажаната покорност, злоупотребата на власт што групата неодговорни машки деца од ДПМНЕ ја изведе во овие шест години, беше подложена на вистинска фолклорна фатализација, во која доби атрибути на „непобедива“, „ефикасна“, „моќна“ и што сè не.

> Злоупотребата на власт што групата неодговорни машки деца од ДПМНЕ ја изведе во овие шест години, беше подложена на вистинска фолклорна фатализација, во која доби атрибути на „непобедива“, „ефикасна“, „моќна“...

Но, „фаталноста која доминира со историјата“, пишува Грамши, „не е ништо друго туку илузорен вид на таа индиферентност, на тоа отсуство“... на мнозинството. Така и авторитарната власт на Груевски е потполно испразнета од мисла, моќ, план или идеја, или каква и да е масовна народна поддршка. Таа е во целост создадена од темната силуета на чувството на страв и покорност, од празнината на нашето отсуство. И од ништо друго.

Не постои друг излез од нашата веќе предолга хамлетовска драма на преправање и пропаѓање, не постои друг излез од чувството на мека, детска и неодговорна подвоеност од стварноста... освен будењето. Да се разбудиме од

реалноста во која сме отсутни, и да се откажеме од пристојноста со која ја маскираме нашата граѓанска и човечка капитулација. Да се разбудиме и да се побуниме. Зашто бунтот за поврат на нашата историја и култура, на нашата уставност и на нашите граѓански слободи и права, е единствениот афирмативен одговор на дилемата – да се биде или да не се биде. Бунтот е будење од покорноста и индиферентноста во која се стуткавме како во родна постеличка. Тој е будење од психосоцијалната смрт која ја прегрнавме како удобна пердувеста перница, како топла и темна вода што безбедно нѐ носи сѐ подолу и подолу...

http://bit.ly/grcev23

# ЗБОР ЗА ГЛУПОСТА ИЛИ ВОИНОТ НА КЛЕКНАТ КОЊ

**04.09.2012**

> На прашањето (во интервју за странска телевизија) зошто грандиозен државен споменик на Александар, премиерот одговори: „А зошто да не?“

Иако исправен пред најголемото зло во историјата, чекајќи смрт во гестаповска ќелија, Дитер Бонхофер упорно тврдел дека глупоста, а не злото, е најопасниот непријател на доброто. Глупоста, за разлика од смисленото зло, е ирационална и практично непробивна за рационални аргументи: таа не се потпира на факти и нема јасна мисловна или мотивациска структура. Поради тоа најтешко се справуваме со глупаците, зашто тие не се „ограничени“ со никакво рационално знаење, објективни факти или етички норми, што ги прави секогаш задоволни со самите себеси и горди на своите глупоштии. Токму поради „ослободувачката“ неспособност да го разликуваат доброто од злото, глупаците се кадарни – со

ведрина и без чувство на вина – да извршат и најчудовишни злостори.

Правејќи го веројатно највиспрениот рационален продор во сфаќањето на глупоста, Бонхофер забележува дека таа суштински и не е проблем на интелигенцијата, туку дефект на човечноста. Испаѓа дека глупавоста воопшто не е вродена, туку дека одредени прилики ги тераат луѓето да станат глупави. Тоа значи дека глупоста е повеќе социолошки отколку психолошки феномен, вид на внатрешен одговор на делување на надворешни влијанија во одредени историски ситуации. Овие ситуации се без исклучок врзани за претензиите и остварувањето на моќта и власта во човечките заедници. Оттука, колку е посилен и поагресивен развојот и концентрацијата на општествените сили на моќта – било таа да е од политичка или религиска природа – глупоста повеќе ги зафаќа луѓето. Токму поради оваа инхерентна поврзаност на глупоста и вишокот нелегална моќ, авторитарните општества изгледаат како глупави општества владеани од глупаци.

> Проектот „Скопје 2014“ настанал во интимата на еден кошмарен ум, како чиста есенција на глупоста, но вистинска глупост станал дури откако насилно се социјализирал и со злоупотреба на власта прераснал во општествена состојба.

Врската помеѓу нелегалната концентрација на моќ и глупоста е веројатно единствената метафора со која може да се објасни феноменот на „проектот „Скопје 2014“. И овој „проект“ настанал во интимата на еден кош-

марен ум, како чиста есенција на глупоста, но вистинска глупост станал дури откога насилно се социјализирал и со злоупотреба на власта прераснал во општествена состојба измолкната на разумот. Во обидот да ја дефинираме нашава ендемска глупост, ќе се фокусираме на споменикот на Александар III Македонски, зашто тој е логото на „проектот“ и триумфално ја предводи чудовишната колона идиотски згради и невешто изделкани скулптури од „Скопје 2014“.

Клучното прашање за проникнување во оваа глупост е: зошто најголемиот државен споменик во Република Македонија е тој на Александар III Македонски? Се очекува дека нормална држава својот најголем споменик, на најпроминентното место во престолнината, ќе го подигне на историска личност најзаслужна за раѓањето и опстанокот на државата. Меѓутоа, шокантна вистина (која, вистина, никого не шокира) е што до денес не е изнајден и обелоденет ниту еден веродостоен историски факт кој може да го доведе во каква и да е врска Александар III Македонски со современата македонска држава. Ниту еден. Нула. Најсилен аргумент за подигање централен државен споменик во слава на историска личност која не придонела ништо за современата македонска држава, даде таткото на оваа колосална глупост, Никола Груевски. На прашањето (во интервју за странска телевизија) зошто грандиозен државен споменик на Александар, премиерот одговори: „А зошто да не?“

Трагичниот аспект на оваа несериозна изјава е што зад неа навистина не стои никаков скриен аргумент, план или каква било мисла, туку можеби само некаква матна и противречна детска психологија на инфериорност

и самозадоволство, фрустрираност и ароганција... Чудовишната контура на оваа глупост која буквално ја замрачува виделината, прецизно е доловена со контрастот помеѓу големата сериозност и далекусежните последици од одлуката за изградба на споменикот и несфатливата инфантилност и бесмисла кои стојат зад таа одлука. Во таа празнина симболички исчезнува целиот македонски општествен проект, особено ако се сфати двојниот смртоносен ефект на овој малоумен споменички гест: со него првин се негираат вистинските заслужници за постоењето на оваа држава, и тоа сите одред, заедно со досега остварените општествени вредности, и потем сето тоа се заменува со едно арбитрарно и инфантилно ништо!

Материјализацијата на глупоста понатаму се однесува како поројна вода што се излива по најстрмиот дол, па својата нова државна и историска „вистина“ режимот ја изведува, консеквентно, на најглупавиот можен начин. Наместо за него да одлучува Собранието како за државен споменик, Александар е „шверцуван“ како општинско спомен обележје од локално значење (!), со што суштински се суспендирани уставниот поредок и правната држава. И, понатаму, за сите урбанистички, архитектонски и естетички одлуки во врска со споменикот, како да се водеше специјална грижа да бидат некомпетентни и спротивни на стручните стандарди, естетските норми и здравиот разум. На крајот, изработката на споменикот е доверена на скулпторка почетник која со својата прва скулптура, за жал, ја обнароди и својата раскошна бездарност. Македонија така доби гигантски споменик во центарот на Скопје со уметнички вредности кои не ги надминуваат квалитетите на пластичните коњаници

што се продаваат како играчки на панаѓури. А на плоштадот ни „заседна“ грда, безживотна и аматерски изделкана фигура на воин закачен на трапав и отечен коњ, кој – очигледно во голема неволја – со предните нозе се фатил за невидлива слива и од голем зорт сосем неприродно потклекнал на задните, за да си ја олесни утробата... Национален резил од интергалактички размери!

> На плоштадот ни „заседна“ грда, безживотна и аматерски изделкана фигура на воин закачен на трапав и отечен коњ, кој – очигледно во голема неволја – со предните нозе се фатил за невидлива слива и од голем зорт сосем неприродно потклекнал на задните, за да си ја олесни утробата...

Темната, бездимензионална длабочина на оваа наша споменичко–идентитетска глупост може да се опише, или барем да се обележи по рабовите, преку неверојатните контрасти и апсурди од кои е сочинета. Тоа се контрастите помеѓу изборот на овој антички јунак за македонска државна икона и неговата апсолутна ирелевантност за современата македонска држава; помеѓу значењето на локацијата и тоталната некомпетентност и бездарништво ангажирани во нејзиното уредување; помеѓу неизмерната штета за општеството и инфантилната гордост на починителите. Вистинските димензии на оваа глупоштија се веројатно недофатни за здравиот разум, но нејзините последици се веќе сосем конкретни и безмилосни. Зашто, кога ќе стане државен стандард и ќе се реализира како државна агенда – глупоста незапирливо станува злостор. Институционализирана во државна политика и излиена во бетон и бронза, оваа колосал-

на глупост предизвика колапс на вредносните системи во земјава, дисфункција на правната држава и длабоки поделби во општеството, а со тоа прерасна во вистинско велепредавство и злостор против македонското општество и култура.

На крајот, како да се бориме со глупоста? Бонхофер тврди дека подучувањето или дебатата со глупаците е губење време и енергија, зашто глупоста не е создадена од рационална супстанца, па не може ни да биде надбиена со рационални аргументи или факти. Глупоста и глупаците се непобедливи додека владеат надворешните прилики што ги создале. Совладувањето на глупоста е затоа можно само со ослободување од неа, при што тоа е можно само како последица на елиминација на приликите во кои глупоста можела да царува. Затоа ослободувањето од глупоста што ја дави Македонија е можно единствено со соборување на режимот на Груевски и со расчистување на „Скопје 2014“ надвор од градот, во форма на градежен шут.

http://bit.ly/grcev24

# ЗА КРВТА И ПОЧВАТА

**24.09.2012**

> Културно-уметничката и архитектонската вредност на овој споменик е колку еден товар коњски гомна, но неговата симболичка вредност е огромна, зошто тој го симболизира поразот на разумот, слободата и демократијата во Македонија.

Големината и средепоставеноста на споменикот на Александар III Македонски во Скопје, не требаат да дозволат да падне трошка сомнеж дека тој е вистинскиот татко на нацијата и дека сите ние потекнуваме токму од неговите тестиси. Но, поради огромното незнаење и глупавост потребни ова измислено татковство да стане државна идеологија во Македонија, поверојатно е дека потекнуваме од тестисите на неговиот коњ... Сепак, зад овој споменик на глупоста и зад безумната решителност да се поништи македонскиот современ културно-историски континуитет во слава на античкиот мит, мора да стои некаква темна идеологија која го корумпира здравиот разум во Македонија, која им ја исполнува менталната празнина на „преродбениците“ и ги опива со

мисионерска убеденост. На која идеологија, всушност, ѝ е споменик скопскиот Александар?

Одговорот можеби може да произлезе од анализата на единствениот кафеански аргумент кој подржувачите на нашето александарско потекло можат да го исцедат од нивните мозочиња. Тој гласи отприлика вака: „Белки античките Македонци не исчезнале без трага, туку оставиле биолошки наследници, а бидејќи живееме (тука некаде) на истата земја, јасно е дека МОРА ние да сме тие!“ Не потценувајќи ја длабочината на оваа плиткоумност, токму во тој ирационален амбис треба да ја побараме темната идеологија на ДПМНЕ. Ако разгледуваме само дел од крвниот, генетскиот аспект на „аргументот“ за нашето александарско потекло – наједноставниот и најлесно пресметливиот дел – ќе се треснеме од несовладливата математика за „крвниот удел“ на нашите предци од времето на Александар. Елем, во секое колено бројот на предците се удвојува, а „крвниот удел“ двојно се намалува, па ако претпоставиме дека до времето на Александар има (најмалку) 96 колена, дропката $1/2^{96}$ ќе го претставува крвното учество на Александровата генерација во нашата крв. На просечно интелигентен и разумен човек оваа бројка јасно му ја отсликува неспознатливата димензија на минатото, при што вистинската непроникливост во сродствата од пред 96 колена е бескрајно зголемена дури со фактот дека не постои начин да се одреди крвното и географското потекло ниту на еден од несознајно големиот број учесници во оваа генетичка бајка... Фрапантната разлика во размери помеѓу бројот $1/2^{96}$ (незамисливо мала честица која физички припаѓа на субатомскиот свет) и 26 метри високиот спо-

меник, укажува на грандиозната глупавост на неговите градители, но уште повеќе, на злокобната моќ на темната идеологија која на луѓе што не си ги знаат своите предци од трето колено им дава привид на знаење за милениумското минато и фанатична убеденост која ги гони во злодејство.

> Фрапантната разлика во размери помеѓу бројот $1/2^{96}$ (незамисливо мала честица која физички припаѓа на субатомскиот свет) и 26 метри високиот споменик, укажува на грандиозната глупавост на неговите градители.

Тоа што новата македонска идентификација со избраниот митолошки јунак е изградена врз генетичка бездна од незнаење наместо врз цврсти сознанија за документирано крвно потекло, укажува дека мора да постои друг мистичен чинител кој ја компензира непостоечката крвна врска со Александар III Македонски. Тоа е втората половина од „аргументот“ за александарското сродство – земјата македонска! Земјата е таа која на непостоечкото крвно сродство му ја „обезбедува“ историската веродостојност, па токму мистичната, хтонска врска помеѓу крвта и земјата го сочинува `рбетот на темната идеологија која некои денешни Македонци и нивните политички близнаци од другата страна на границата – ментално симетричните Грци, ги прави сигурни во нивното античко потекло. Бидејќи е од верска провиниенција, блиндираната убеденост на денешните „антички“ Македонци во нивното потекло не може ниту да се загребе од јасните податоци дека и пред и после времето на Александар на поголемиот дел од оваа земја не живееле античките Македонци, туку Пајонците, Дардани-

те, Илирите, Тракијците и Бригите, за чиешто „исчезнување“ денес никој не рони солзи. На Александровите современи сирачиња не им значат ништо ниту научните сознанија дека античката македонска држава никогаш не „стапнала“ посеверно од Валандово, а тој лично само еднаш – во првата година од владеењето, пројавал преку територијата на денешна Република Македонија, бесно бодинајќи го Букефал, брзајќи назад од неговата дунавска кампања. Значи, и покрај апсолутниот недостаток на какви било податоци за нашите крвни или територијални сродства со Александар, единствениот извор на слепата верба во нашето античко потекло е мистичната врска помеѓу крвта и земјата македонска, која ДПМНЕ ја претвори во државна идеологија. Дали некој памети што претставува идеологијата на крвта и земјата?

> И покрај апсолутниот недостаток на какви било податоци за нашите крвни или територијални сродства со Александар, единствениот извор на слепата верба во нашето античко потекло е мистичната врска помеѓу крвта и почвата.

Крвта и почвата, или на германски Blut und Boden, е идеологија која ја потенцира врската помеѓу потеклото на луѓето (крв) и територијата што ја населуваат (почвата). Оваа идеологија се појави кон крајот на 19-иот век како основен мотив на германскиот национал романтизам, а подоцна стана основна супстанца на германскиот расизам, антисемитизам и нацизам. Од произволното поврзување на крвта и земјата произлегоа нацистичките еугенички програми за одгледување на чиста ариевска раса, германскиот Lebensraum и холокаустот,

најголемите злостори во поновата човечка историја. Национализмите кои се темелат на концептот на крвта и земјата се оние најдеструктивните, зашто го форсираат смртоносниот концепт на етнички нации чија врзаност за тлото им дава „старосна предност“ над другите народи и им создава илузија на супериорност само зашто се родиле со некое (измислено) име на некакво (случајно) парче земја. Како што национализмот на крвта и земјата е јадро на германскиот нацизам, тој е основниот мотив и на грчките етно-националистички и фашистички политики во 20-иот век, тој е инспирација и на современите грчки идентификации со античка Македонија, и, да, токму тој е суштината на фарсичната „антиквизација“ на современата Македонија како иконично овоплотување на македонскиот мимикричен фашизам.

Идеологијата која ги слави Александар III Македонски и Филип II како татковци на современата македонска нација е идеологија на национализмот на крвта и почвата или палингенетскиот ултранационализам, кој е генеричко својство на секој фашизам, зашто со помош на идеологијата на палингенезата или „преродбата“, нацијата се втемелува врз нејзиното „митско јадро“. Сите есенцијално фашистички елементи на преродбеничкиот национализам се присутни во идеологијата и практикувањето на власта на режимот на Груевски: митот за херојската генеза на народот од таткото Александар III Македонски и расната супериорност на неговите разбудени и преродени потомци; шовинизмот кој ги дели Македонците на словенски и антички; ултранационализмот кој го прави невозможен меѓуетничкиот соживот; паранојата која ѝ изолира и ѝ оддалечува од соседите и од светот; ноторно еугеничките државни проекти за

етнички селективно стимулирање на трето дете; тоталитарните и авторитарните практики на владеење, контролата на медиумите и заглушувачката пропаганда; ерозијата на човековите права и слободи и уште многу својства на фашизмот кои произлегуваат од идеологијата на крвта и земјата.

И, на крајот: на што е споменик скопскиот Александар? На ништо друго освен на монструозната идеологија на крвта и земјата и на затскриениот преродбенички фашизам на режимот на Груевски. Културно-уметничката и архитектонската вредност на овој споменик е колку еден товар коњски гомна, но неговата симболичка вредност е огромна, зошто тој го симболизира поразот на разумот, слободата и демократијата во Македонија. И пропаста на македонските модерни културни вредности и македонското слободно општество. Затоа неговото отстранување – еден сончев ден во блиска иднина – нема да биде само санитарно хигиенски чин на дефекализација на центарот на градот, туку и симболичен гест на освестеноста и решителноста на општеството да се ослободи од хипотеките на безумието на ДПМНЕ и да пристапи кон свое вистинско возобновување.

http://bit.ly/grcev25

# АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ, МАКЕДОНСКИОТ НАТЧОВЕК СО РАЗДВОЕН ИДЕНТИТЕТ

**01.11.2012**

> Промената на идентитетот не значи само раскинување со сопственото минато, туку и дисконтинуитет на свеста за сопственото постоење.

Би сакал да верувам дека и на другите луѓе им е јасна вистинската цел на споменикот на Александар III Македонски на скопскиот плоштад: дека тој е изграден за да послужи како алатка во режимскиот идентитетски инженеринг, како икона или модел за создавање и идентификација на Новиот македонски човек. Колку и да е неверојатна помислата за еден анахрон и морбиден државен расен инженеринг во Македонија, сосем е очигледно дека античкиот македонски крал е замислен како нормативен лик за самоидентификација на нашите деца – идните претставници на новата македонска раса. Александар е симбол за македонски натчовек, кој треба да го претставува митолошкото јадро на нацио-

налната „преродба“, која, пак, ќе резултира со повторно раѓање на расата на вистински антички Ариевци – Македонците кои некогаш го освоиле светот. Овој еднопартиски проект – да се злоупотреби државата за да се замени словенското за античкомакедонското потекло, е изведен врз основа на националистичка идеологија („крв и земја“) според која со „светата македонска земја“ треба да се „зацементира“ расната врска помеѓу Александар Велики, нашиот прататко, и нас – неговите вистински потомци. Овој идентитетски, националистички и во суштина расен инженеринг, кој речиси секогаш се употребувал како придружно оружје во процесите на поробувања, окупации, асимилации и револуции, режимот на Груевски го спроведува врз сопствените граѓани, но не сум сигурен дека тие се свесни за тоа.

> Овој идентитетски, националистички и во суштина расен инженеринг, кој речиси секогаш се употребувал како придружно оружје во процесите на поробувања, окупации, асимилации и револуции, режимот на Груевски го спроведува врз сопствените граѓани, но не сум сигурен дека тие се свесни за тоа.

Најтажното (и најпонижувачкото) во оваа национална несреќа е што споменикот на Александнар не е последица на – како што се зеза Басара – „здруженото делување на ЦИА, Ватикан и Коминтерна“, туку претставува врвен јавен акт на македонската национална самодеструкција, еден вид успешно изведено идентитетско самоубиство. Со изградбата на споменикот власта од едно модерно и бесконфликтно национално самочувство, коешто

до неодамна го имавме, произведе индуцирана криза на идентитет, со која ја доведе во прашање веродостојноста на целата досегашна македонска национална еманципација. Овој несреќен споменик, всушност, почна да го означува времето на најголемата идентитетска криза во историјата на младата македонска нација, зашто владата – во име на нацијата – практично се откажа од единствениот национален идентитет што успешно го градевме повеќе од еден век.

Можеби нашата мачна историја на поробен народ не ни овозможуваше конструкција на благороднички, царски или полубожествени митолошки идентитети, но такво национално самочувство не ни сакавме! Ние изградивме модерно национално самоспознавање врз основа на идеалите на слободата и еднаквоста, со имињата на нашите вистински херои – комитите и партизаните. И го носевме лесно и самосвесно тоа чувство на самоослободено словенско робје, на горди победници во анифашистичката војна и на градители на едно современо и свежо модернизирано општество. Го носевме тој идентитет лесно како тенка ленена кошула, исто како што се носи младешкото здравје, без да го чувствуваме, значи, без каква и да е потреба да се прашуваме за него. Негирајќи го тој огледен и здрав национален идентитет, режимот на Груевски со преродбенички инженеринг успеа од македонската нација да создаде поделен, шизофренично расцепен и идентитетски конфузен болен. Општите симптоми на колективна амнезија, губењето осет за реалноста, деперсонализацијата и проблемите во самопрепознавањето, се учебнички симптоми за тешко ментално растројство на нацијата, со дијагноза – акутно пореметување на раздвоеност на идентитетот. Од мла-

да, здрава и широкоприфатена нација, станавме болно општество кое го дефинираат заблудата за сопственото потекло, внатрешните поделби и омразата со која се оградува од соседите.

> Историска иронија на нашево национално пореметување на идентитетот, на нашава самоубиствена „преродба“, е што нејзиниот митолошки симбол Александар III Македонски, изгледа на сличен начин ја „самоубил“ етничката идентификација на неговото македонско племе.

Историска иронија на нашево национално пореметување на идентитетот, на нашава самоубиствена „преродба“, е што нејзиниот митолошки симбол Александар III Македонски, изгледа на сличен начин ја „самоубил“ етничката идентификација на неговото македонско племе. Додека денешната македонска власт се откажува од словенското потекло на својот народ, за сметка на измисленото античко македонско национално самочувство, Александар Македонски се откажал од својата македонска посебност, и, сметајќи се себе за Хелен, станал најголемиот дисеминатор на хеленската култура во историјата. Впрочем, да не беше Александар и неговото конвертитство од македонски варварин во Хелен, денес веројатно ќе постоеја само трошки од хеленистичкото културно наследство. Следејќи ја логиката на историската иронија, нашите денешни „преродбеници“ му се верни на својот идол: и Александровата и нивната замена на идентитетот се смртоносни за македонската кауза и – во двата случаи – претставуваат историска афирмација на хеленските интереси. Презе-

мајќи го хеленскиот идентитет, Александар – и никој друг! – засекогаш ја уништил изворната старомакедонска културна посебност, додека денешното преземање на античкомакедонскиот идентитет од страна на режимот на Груевски, ја предизвика нашата современа идентитетска и културна агонија, а на Грците им обезбеди недостижна предност во спорот за името.

Во психолошка смисла, идентитетот е самопрепознавање и самодефинирање кое е структурален услов за континуитетот на личноста или форма на нејзиното постоење. Ако колективниот идентитет е некој вид заеднички именител на индивидуалните идентитетски самочувства, тогаш се разбира дека неговото револуционерно менување е секогаш фатално: идентитетот кој се менува насилно, произволно и радикално, означува општество во распаѓање или егзистенцијален дисконтинуитет.

Затоа мора конечно да сфатиме дека промената на идентитетот, што сега власта го наметнува на македонскиот народ, не значи само раскинување со сопственото минато, туку и дисконтинуитет на свеста за сопственото постоење. Мора да сфатиме дека промената на идентитетот на нацијата, изведена насилно и со измама, всушност ја уништува свеста за каков било идентитет и дека „преродбата“ ја обезвреднува самата смисла на националната самоидентификација. Убивајќи го единствениот идентитет што го имаме, власта ја убива единствената веродостојна македонска посебност што досега видела бел ден.

http://bit.ly/grcev26

# ПОВТОРНА ОКУПАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**24.01.2013**

> Застрашувачката сличност на зимата 1942-43 со денешните состојби ви го стега грлото додека ја прегледувате хрониката на најважните случувања во дневниот весник „Целокупна Блгарија“.

Ако од историјата може било што да се научи, тоа е можно само заради постоењето повторливи обрасци во однесувањето на луѓето, како и поради каузално поврзаните низи или пакети на случувања. „Историјата не се повторува, но таа се римува“, кажал Марк Твен и на највиспрен начин го објаснил динамичниот однос помеѓу апсолутната неповторливост на времето и релативната повторливост на случувањата, преку ритамот на нивната звуковна сличност. Способноста за препознавање на овие историски „рими“ е единственото интелектуално оружје со кое располагаме за да се снајдеме во неповторливото и да ги донесеме судбинските одлуки за начинот на однесување во историскиот бран кој нѐ носи низ

времето. Недостатокот на оваа интуиција на искуството (препознавањето на историските сличности), резултира со трајна инфантилност и хронично неснаоѓање пред секоја одлука што мора самостојно да се донесе. Оние кои не го паметат минатото, напишал Сантајана – а мислел: кои во сегашноста не ги препознаваат некогаш сторените грешки – тие се проколнати да ги повторуваат. Нам Македонците ни се случи токму последново: поради хроничната национална инфантилност и плитка меморија, се најдовме повторно, како во грд сон – не во преддемократско, туку во предмакедонско време, некаде точно пред 70 години, во зимата 1942-43.

> Оние кои не го паметат минатото, напишал Сантајана – а мислел: кои во сегашноста не ги препознаваат некогаш сторените грешки – тие се проколнати да го повторуваат.

Власта на ДПМНЕ не само што ги уништи придобивките на тинејџерската македонска демократија, туку ги девастираше и придобивките од полувековната државна и национална еманципација на Македонија и Македонците. Ако ја сумираме состојбата во која денес се наоѓа земјава – а не што пишува во Уставот дека треба да биде, и ако наслушнеме како навистина се чувствуваат Македонците – а не како заглушува владеачката пропаганда, тогаш сегашната состојба неодоливо се „римува“ со онаа од спомнатата зима на нашето незадоволство.

Застрашувачката сличност на зимата 1942-43 со денешните состојби ви го стега грлото додека ја прегледувате хрониката на најважните случувања во дневниот весник „Целокупна Блгарија“ кој во тоа време се печатеше во

Скопје и ја репрезентираше тогашната официјална вистина. Во јануари 1943, во деновите кога германскиот пораз во Сталинградската битка ја решаваше судбината на Втората светска војна, на остриот раб на пресвртницата на XX век, режимскиот медиум известуваше за „Успешната офанзива на германската војска кај Сталинград" и за „Силите на Тројниот пакт како силни двигатели за воспоставување праведен поредок во светот". За тоа време, според државниот медиум, во Македонија животот течеше нормално: „Донесен е закон за трговски книги", „Во Скопје е основано природонаучно друштво", „Нова комедија на сцената на Народниот театар во Скопје" која, инаку, ја наполни салата со весели „нормални" луѓе и, се разбира, најважниот настан на неделата, статија за славењето на Богојавление во Охрид со фотографија полна торжествени црковни великодостојници, офицери и восхитена толпа (нормален народ). За главни виновници за војната беа прогласени Черчил и Рузвелт, а за локалните балкански неволји, во дневната хроника, се обвинети „разбојничките банди на тн. партизани во Србија", додека премиерот на целокупна Бугарија изјави дека владината политика ја подржува 99% од народот... За македонските херои кои излегуваа од нагласената „нормалност" за да се борат против окупаторот и кои беа убивани како бесни кучиња по завеаните планини, како и за полните затвори во кои беа мачени и уништувани борците за македонската иднина – не може да се најде ни збор. Животот на нашите родители и предци – тогаш сите до еден официјално Бугари по националност – во снежната зима 1943 жубореше скоро монотоно, додека единствените Македонци во тоа време, носителите на отпорот од кој ќе се роди македонската држава, беа озло-

гласени како предавници и третирани како разбојници во тишината на јавниот молк...

На огромните разлики помеѓу македонската состојба во онаа ужасна воена зима и оваа денешнава, не треба да се трошат зборови, но слушнете го исто толку громогласното историско „римување“ помеѓу окупациската бугарска и денешната владина пропаганда: се работи за истиот неверојатен отклон од стварноста и перверзната инверзност на вредностите и фактите со кои режимската пропаганда ја изопачува вистината за животот во земјата. Режимот на ДПМНЕ го користи вкупниот државно-полициски апарат на ист начин како што тоа го правеше бугарската окупациска власт, буквално како да е во воени времиња; повторно организира контрачети, контрапротести и контрафронтови за да го задуши отпорот на вистинските патриоти и да го потчини и контролира населението. И денес – повторно во судбински моменти за македонскиот државен, национален и културен опстанок – основна политика на власта е со исполнување на целиот медиумски простор со својата воена пропаганда да обезбеди привид на „нормалност“, да ја банализира политичката криза во која го турна општеството, да не ги забележува штрајковите и протестите, да глуми нормално демократско општество во кое уништените слободи, права и институции на системот божем сеуште постојат. И токму таа радикална, монструозна изопаченост на стварноста креирана од режимот, таа за 180 степени извртена вистина, би требало секому да помогне да ги разликува доброто од злото и да ја препознае вистинската страна во борбата за македонската иднина. Се разбира, вистинската страна – и тогаш и денес – е онаа која режимската воено-окупациска пропаганда ја озло-

гласува како предавничка: тогаш тоа беа партизаните, а денес се сите оние кои се против недемократскиот режим на ДПМНЕ, сите оние кои излегоа на улиците да се борат за повторно воспоставување на правната држава и на демократските институции.

> Точно 80 години подоцна, Груевски, со леснотија на веќе инсталиран диктатор, со полиција ги избрка пратениците на СДСМ од Собранието и – исто како неговиот претходник – за „инцидентот“ ја обвини опозицијата.

Една друга зима, 10 години пред погоре опишаната, на Хитлер му беше потребно да го запали германскиот парламент, Рајхстагот, и за тоа да ги обвини германските комунисти, за да си обезбеди лажен легитимитет за протерување од парламентот на неподобните пратеници. Со тој чекор – со полициско бркање на опозицијата од парламентот, Хитлер го обезбеди своето владеење како диктатор. Точно 80 години подоцна, Груевски, со леснотија на веќе инсталиран диктатор, со полиција ги избрка пратениците на СДСМ од Собранието и – исто како неговиот претходник – за „инцидентот“ ја обвини опозицијата. Ова е повеќе од историска „рима“, созвучје или сличност – тоа е структурален изоморфизам на случувањата, во кој патолошката обратност на режимската „вистина“ – обвинувањето на жртвата – е сосем јасен показател, дури и за луѓе со „тврди“ уши за историските рими, дека не е во прашање инцидент, туку завршен чин на инсталација на еден недемократски режим со фашизоидна идеологија.

Македонија е денес повторно под окупација како во снежната 1943, повторно територијално и функционално поделена, повторно неслободна и повторно во лажната „нормална“ воено-пропагандна стварност. Народот повторно живее во страв и тегобност, нагласено „нормален“ живот – овојпат не сите како Бугари по национално самочувство, туку како некакви митски Кентаури, первертирани плодови на љубовта помеѓу Александар и Букефал.... Очигледно е дека историјата ни се повторува во форма на фарса, но да не нè залажува надворешниот идиотлук на фарсата: однатре таа е за сите нас автентична трагедија во која на коцка е истиот залог за кој пред 70 години беа пролеани хектолитри жешка, млада македонска крв – нашата слобода, држава и нација. Затоа на сите мора да им стане јасно дека по 24 декември, најтемниот датум од предолгата зима на оваа повторна окупација, Македонија ќе мораме повторно да ја ослободиме, излегувајќи надвор од институциите и домовите. Зашто, окупациските зими никогаш не завршуваат ако пролетта се чека дома, во меките прегратки на „нормалниот“ живот.

http://bit.ly/grcev27

# НАЦИЈА НА ВОЗРАСНИ ДЕЦА

**26.03.2013**

> Инфантилната пропаганда инсистира на произволно именување на нештата со имиња и зборови кои служат како симболична но бесмислена маска за затскривање на грдата стварност.

Минута по потпишувањето на договорот за одржување локални избори и за преговори за терминот на предвремените парламентарни избори, премиерот Груевски истрча од салата каде се водеа преговорите, и скокајќи по две-три скали, се искачи на говорницата од која – со трогателна детска полунасмевка – триумфално ѝ објави на целата јавност дека во договорот за предвремени избори што пред малку го потпишал, воопшто не станувало збор за предвремени избори. Оваа урнебесна този-дупка-не-е-дупка шега, меѓутоа, не само што никого не засмеа, туку отвори жестока јавна дискусија околу клучното прашање за решавање на македонската политичка криза: дали ќе има предвремени избори или само избори кои

ќе се случат пред време, и дали изборите кои ќе се случат пред време, можат да бидат наречени предвремени доколку зборот „предвремени“ не е напишан во договорот со големи црвени букви?

Целата нација, заедно со меѓународните претставници, беше вовлечена во страствено и инфантилно, до болка повторувано толкување на една реченица од договорот. Како да се објасни ова трагично глупило на јавниот дискурс во Македонија, кое – гледано однадвор, како на филмско платно – мора да изгледа како комедија на забуни со замена на идентитети?

Овој национален колапс на разумот е очигледна последица од систематското заглупување на јавноста, кое режимот на ДПМНЕ веќе седум години го изведува со техниката: инфантилизација на општеството. Тоа е пропагандна стратегија со која авторитарната власт ги затрупува граѓаните со лаги и со редуциран, инфантилизиран вокабулар, третирајќи ги како да се деца, како да се незрели и инфериорни поданици неспособни самостојно да донесуваат судови за животот. Техниката на инфантилизација од слободните граѓани произведува зашеметени поданици, зашто таа претставува секојдневна бучава од пропагандни искази со која никогаш не се признаваат стварните факти, ниту вистинското значење на зборовите, како ни логичната смисла на исказите. Инфантилната пропаганда инсистира на едно произволно и детско именување на нештата со имиња и зборови кои служат како симболична, но бесмислена, маска за затскривање на грдата стварност.

Ваквата пракса во Македонија веќе стана нормална, па јавноста навикна на лажна стварност создадена со затскривање на вистината зад перде од лаги исткаено од бесмислени зборови испразнети од каква и да е логика или предметна содржина. Овој идиотски номинализам, во кој само имињата и зборовите се важни, а не стварите или процесите од кои се состои нивното значење – елем, дека не е битно што власта навистина направила, туку што таа прогласила дека направила – стана основен начин на кој режимот на Груевски ја креира македонската лажна стварност.

> Тоа што споменикот ја уништи позитивната меѓународна перцепција на Македонија, која во очите на светот стана непресметлива арпаџик-држава, тоа не им пречеше на претседателот и на министрите да манифестираат трогателна детска несвесност за катастрофалните последици од нивното злодело.

Така на пример, кога се појавија меѓународни реакции поради подигнувањето гигантски споменик во центарот на Скопје на клучниот симбол на „преродбата“, Александар Македонски – власта проблемот го „реши“ со негово преименување во „Воин на коњ“. По оваа инфантилна номиналистичка операција режимот се однесува како да ги „надмудрил“ сите домашни и меѓународни критичари и како проблемот со грандиозната глупост на централниот плоштад волшебно да исчезнал! Тоа што споменикот ја уништи позитивната меѓународна перцепција на Македонија, која во очите на светот стана една непресметлива арпаџик-држава, тоа не им пречеше на претседателот и на министрите да манифестираат

трогателна детска несвесност за катастрофалните последици од нивното злодело и да скокаат од радост како „ги превеслале“ сите странски и домашни непријатели, да си покажуваат кренати палци и да си ги плескаат високо кренатите дланки како детска екипа после победнички кош.

Случајот со споменикот на Тодор Александров е уште подидактичен. Овој споменик беше најавуван и изграден како анонимен „Војвода на коњ“, а се појави на јаве како буквална и прецизна бронзена интерпретација на фотографија на контраверзниот шеф на ВМРО. Поради бурните реакции на јавноста, целиот државен врв одигра претстава која можеби претставуваше светски врв на „итроштина“ во категоријата на деветгодишни машки деца со заостанат ментален развој: Владата се огради зашто, кутрата, не била информирана, градот Скопје немал поим бидејќи споменикот се подигал според програма на општината, а градоначалникот на Кисела Вода со нефокусиран и тажен поглед ѝ соопшти на јавноста дека општината му нарачала анонимен војвода на скулпторот, а што неговиот војвода случајно личел на Тодор Александров тоа било веројатно негова уметничка одлука. Ова арогантно, вулгарно и инфантилно лажење на јавноста од страна на целокупната македонска државна власт, градоначалникот го заврши со изјава во која е дефинирана суштината на инфантилниот номинализам: тој објасни дека „да се работеше за споменик на војводата Тодор Александров, тогаш на него ќе имаше плоча на која ќе пишуваше – Тодор Александров, а бидејќи таква плоча нема – значи војводата не е Тодор Александров“. Ха! Ете го базичниот принцип на сите вистински тоталитаризми: не е важно она што навистина

се случува (и што народот со свои очи го гледа), туку само она што власта ќе прогласи дека се случило.

Сосем е јасно дека државната употреба на инфантилни лажни искази создава ситуации толку апсурдни, претерани и глупави, во својата структура комични, што веќе не можат да бидат пародирани или претворени во сатира. Режимот се однесува како најстариот од филмските браќа Маркс – Гручо, кој, уловен во очигледна, детска лага, бесно одговара: „Кому ќе веруваш, на своите очи или на моите зборови?“ Структурата на горкиот хумор на македонската гротескна стварност е иста како во вицот од раните осумдесетти години, кога во Југославија снема кафе, па Мујо изнакупувал пакети со кафе од Италија и патува натоварен назад во татковината. На граница го застанува цариникот и го прашува што има во пакетите. Мујо вели: Храна за моите канаринци. Цариникот отвора – кога таму саде кафе! И му се врти на Мујо: Каква храна за канаринци, бе несреќо, па тие не јадат кафе? А, Мујо одговара бесно: Штоо?! Јас се мачам да им купувам храна дури од Италија, а тие да ми аздисуваат дека не ја јадат, па кај го има тоа?!?! Смешното во овој блес(к)ав виц е токму апсурдната упорност на Мујо до крај да се држи за својата детска лага, за идиотската, несфатливо инфантилна претпоставка дека неговата промена на името на кафето во храна за птици, успешно ќе го „маскира“ кафето пред очите на цариникот. Истово ѝ се случува на Македонија под режимот на ДПМНЕ, кој кршењето на Уставот го нарекува „одржување ред“, политичките реклами ги нарекува „соопштенија“ на министерствата, партизацијата на државата и судството ја нарекува „реформи“, нагрдувањето на Скопје го нарекува „разубавување“, огромните споменици од државно и меѓународно

значење ги нарекува „спомен обележја од локално значење“, ставањето на државата во понижувачка позиција да биде предмет на потсмев и сожалување режимот го нарекува „враќање на достоинството и вистинскиот идентитет“, вулгарното лажирање на изборите го нарекува „сценарио на опозицијата за одбрана од сигурен пораз“, и што сѐ не...

Но, да се разбереме: кога инфантилното однесување ќе стане својство на режимот, кога комичното и лудачкото ќе се транспонираат на високо државно ниво, тогаш смешното и инфантилното автоматски стануваат трагично и злосторничко. Тоа е така зашто предмет на „играњето“ на злосторничката власт се секогаш највисоките и најсветите човечки вредности – животот, правата, слободите и културата – со кои инфантилизираните моќници се играат со истата леснотија и несвесност како што тоа го прави дете кога им ги кине крилцата и нозете на фатени инсекти. А кога режимот го нормира инфантилизмот како единствен образец на однесување, кога ги злоупотребува институциите и ресурсите на државата за да го присили целото општество да не мисли и реагира на стварноста онака како што ја гледа и доживува, туку само низ „детските“ очи на диктаторот, тогаш нема сомневање дека се работи за инфантилизирано општество со кое владее авторитарна власт. Нашиот криптофашизам (како сите други фашизми) е создаден со плимата на општото чувство на инфериорност, пониженост и беспомошност, а инфантилизацијата се покажа како најуспешна стратегија овие болни чувства на несреќниот народ да се поттикнуваат и негуваат за да траат што подолго.

П.С. Слабоста на сите авторитарни режими кои го инфантилизирале своето општество е што граѓаните во еден момент се будат и прогледуваат со очи на возрасни луѓе спремни да се борат за својата слобода. Од 24 декември и во Македонија се случува забрзан процес на будење од инфантилната кома на груевизмот. Како реагира режимот на видливите симптоми на своето разобличување и пропаѓање? Исто како и Мујо со својата храна за птици: иако фатен на дело како го урива уставниот поредок и ја лажира демократијата, режимот слепо (до апсурд!) се држи до својата инфантилна лага, со наивно уверување дека таа ќе го заштити од неминовните консеквенци на неговите недела.

http://bit.ly/grcev28

# РУШЕЊЕТО НА „СКОПЈЕ 2014“ Е БАЈКОВИТА СЛИКА НА СЛОБОДАТА

17.04.2013

> Пред целосно да се ослободиме од окупацијата на партиско-полициската хунта на Груевски, сликите од рушењето на „Скопје 2014“ ќе бидат визии на сонуваната слобода.

Додека ечат плотуните во слава на триумфот на бесчестието, во третиот чин од пучистичкото лажирање на изборните резултати, низ чаршијата се прошири паничен глас на грижа за судбината на „Скопје 2014“, ако режимот (сепак) ја загуби општината Центар. Оваа загрижена мисла сака да ги завее и препокрие свежите слики за отвореното државно-полициско лажирање на изборите, непобитните докази дека Македонија стана арпаџик-држава – балканска варијанта на некогашните централно-американски банана-држави – во која владее партиско-полициска хунта. Тоа дека после 62 години слобода Македонија е повторно окупирана, и дека на Македонците повторно им се одземаат слободата и виделината, стана неважно во споредба со грижата што ќе се случи ако не-

кој невнимателен од ослободената општина Центар намисли да „гребне“ по обожаваните идоли од „2014“. Оваа лицемерна грижа се потпира на митот за домаќинскиот инстинкт на Македонците, кој наводно на библискиот народ не му дозволувал да руши нешто изградено со негови пари или, не дај боже, да плаќа дополнителни пари за радикални рушителски решенија, и уште куп други глупоштии и лаги.

Задоцнетата грижа за народното расположение е повеќе од очигледна манипулација на режимот кој води специјална војна со сопствениот народ, лицемерна лага која сака да го маскира фактот дека за време на градењето на „проектот“ народот не беше прашан ниту за една од илјадите идиотски одлуки со кои се крадеа народните пари, се уништуваше поредокот и се девастираше животниот простор. Јасно е и дека оваа грижа за судбината на „проектот“ е, всушност, подол обид во јавноста да се оправдаат сите противуставни и криминални средства кои режимот ги употребува за лажирање на изборни резултати. Во пакет со алибито за државниот криминал, оваа грижа цели и да ја легализира споменичната дивоградба, зошто ја префрлува одговорноста од злосторникот кон оној што треба да го санкционира злосторот. Окупаторите на македонската демократија кои крадеа и градеа споменици на сопственото лудило, не прашаа никого и не се замислија ни секунда, но сега – кога се појави стравот за судбината на нивните маузолеи – сега е моментот да се прашува народот и да се делува „домаќински“.

Митската лага за постоење некаков домаќински менталитет – со кој сме биле особено обдарени! – исто така го

навредува здравиот разум. Да имаше грам домаќинска интуиција овој народ немаше упорно да им ја доверува својата судбина на неопитни и неодговорни повторувачи и немаше да молчи кога се отуѓуваа народните милијарди евра и арогантно се трошеа на безвреден и фашисоиден кич. Навистина е перверзно некој денес да се повикува на „славниот и пословичен“ македонски домаќински инстинкт, денес, по седум години најнедомаќинско трошење, растурање и крадење на македонските државни и природни ресурси, културно и интелектуално богатство, денес да се повика на домаќинска мисла, дури кога злосторниците ги зајаде паничната помисла дека споменикот на нивниот злостор (можеби) нема да трае 1000 години?

> Да имаше грам домаќинска интуиција овој народ немаше упорно да им ја доверува својата судбина на неопитни и неодговорни повторувачи и немаше да молчи кога се отуѓуваа народните милијарди евра и арогантно се трошеа на безвреден и фашисоиден кич.

Инверзно изопачена е и тезата дека „требало да се гради, а не да се руши“, зашто оваа малоумна (и толку повторувана) парола не прави никаква разлика во природата на она што се гради и на она што се руши. Оваа евтина демагошка парола за задоволување на умносиромашните, ги укинува сите квалитативни етички и естетички разлики во стварноста, ги укинува разликите помеѓу убавото и грдото, доброто и лошото, злочинот и казната. Конечно, токму проектот „Скопје 2014“ е иманентно рушителски: тој го сруши доброто и убавото во центарот на Скопје, го сруши уставниот поредок, законите, културните и есте-

тичките стандарди, ја урна архитектурата на главните градски плоштади, ги уништи кејовите, ја урна гордоста и достоинството на целата нација и држава, претворајќи нè во предмет на потсмев и гадење на целиот свет. Затоа рушењето на рушителскиот „проект „Скопје 2014““, почитувани читатели, е укинување на чинот на нашето културно, цивилизациско и демократско самоукинување, тоа е негација на негацијата, тоа е афирмација на нашето општествено ослободување.

> Вредноста на оваа операција (отстранување на сите згради и споменици од „Скопје 2014“) нема да биде поголема од 10 милиони евра и ќе оди на сметка на извршителот на злосторот, што значи дека ќе биде платено од запленетите тајни фондови на ДПМНЕ.

Мистичната магла од незнаење, која од почеток го обвиткува „Скопје 2014“, веројатно ја изроди и лагата за тоа дека рушењето ќе чинело колку и градењето. Далеку од тоа. Ако „Скопје 2014“ го чинеше народот половина милијарда евра, вистинскиот градежен трошок не преминува 50 милиони евра, а останатото е украдено и инвестирано во благосостојбата на гангстерската камарила која го одржува партиско-полицискиот режим на ДПМНЕ. Уметничката вредност на „проектот“ е, како што веќе напишав, колку „еден товар коњски гомна“, а неговата вредност во правниот промет е 0 евра, бидејќи се работи за бесправна градба, која според законот може да има само една судбина – да се отстрани и евакуира од градот како градежен шут. Вредноста на оваа операција (отстранувањето на сите згради и споменици од „Скопје

2014“) нема да биде поголема од 10 милиони евра и, повторно според законот, оди на сметка на извршителот на злосторот, што значи дека ќе биде платено од запленетите тајни фондови на ДПМНЕ кои се полнеа преку партиско-тендерските откраднувања од државниот буџет. Народот, за жал, и во овој случај ќе ја плати сметката, но таа изнесува еднократни 2% од целата украдена сума, што е помалку од годишните трошоци за одржување на овие споменици на злото. Ако се пресмета колку зијан носат овие споменици на македонската пропаст и безнадеж, само во губењето на перспективите и одливот на македонската младост и иднина од земјата, рушењето на „Скопје 2014“ ќе биде најисплатливата инвестиција во поновата историја.

Но, најважното што треба да се знае за овој „проект“ е одговорот на прашањето: што е всушност „Скопје 2014“ и што овој монструозен споменичен комплекс воопшто слави? Знае ли некој? Еве, јас: зад колонадите јонски столбови, зад Александар и татко му, зад хаосот од стотиците други ликови од историјата на Балканот, стои еден единствен лик – премиерот Груевски, нивниот архитект, скулптор и татко, но и вистинскиот модел кого „уметниците“ го портретирале во секој од експонатите на оваа изложба на авторитаристичкиот кич. Ликот на Груевски трансцендира над појавното во секој детаљ од „Скопје 2014“, па единствената функција на оваа наша културна Треблинка е да ја слави диктаторската моќ и волја на својот творец. „Скопје 2014“ е изградено со злостор, со суспензија на Собранието и Уставот на РМ, што значи дека тоа е споменик на рушењето на уставниот поредок во Македонија, споменик кој ја слави смртта на македонското слободно општество, демократија и култура.

Слепата одлучност на нашиот фирер да го реализира „Скопје 2014“ по секоја цена и неговата детерминираност да ја жртвува судбината на земјата (како со последнава злоупотреба на судско-полицискиот апарат во лажирањето на локалните избори), го прави нашиот диктатор трагично сличен со неговиот германски урнек. Вистинскиот фирер ги збунуваше и соработниците со слепата посветеност кон неговите архитектонски и скулпторски проекти, од чија реализација не се откажуваше до самиот крај на војната, додека германските градови гореа во урнатини, а народот тонеше во гибел, глад и понижување. Од овој патолошки нарцизам на диктаторите произлегува и нивната апсолутна идентификација со спомениците кои ги градат во сопствена слава; оттаму и нивната решителност да ги жртвуваат своите народи за едно купче бронза и бетон. Затоа е логично, кога народите се ослободуваат од своите луди диктатори, во момент на ослободувачка катарза да ги срушат спомениците на нивната несреќа. Рушењето на „Скопје 2014“ затоа ќе биде единственото логично историско, правно, етичко и естетичко исходиште на процесот на ослободувањето на Македонија од диктатурата на Груевски.

Се разбира, тукушто ослободената општина Центар (доколку хунтата не организира толку кругови на прегласување колку што е потребно граѓаните на Центар да се иселат во Хондурас, а во општината да останат да гласаат само „гласачите“ од Пустец) нема да направи ништо од горното, бидејќи „Скопје 2014“ е државен, а не општински проблем. Општината ќе може само да прекине да биде извршна маша во понатамошното противуставно дивеење на режимот на ДПМНЕ, и секако, ќе може да

ги стави вон закон мрачните одлуки кои во минатото самата ги донесуваше под диктат на режимот. Пред целосно да се ослободиме од окупацијата на партиско-полициската хунта на Груевски, сликите од рушењето на „Скопје 2014“ ќе бидат визии на сонуваната слобода.

Слободата, почитувани читатели, ќе ја препознаете кога еден ден ќе се разбудите и ќе го здогледате скопскиот центар исчистен и измиен од спомениците на диктатурата. Сè додека ги гледате тие грдотии простачки распослани по центарот на престолнината, знајте дека не сте слободни граѓани. Сè додека рушењето на спомениците на неслободата го сметате за радикално и опасно, а не нивното неуставно подигање, знајте дека мижите уплашено и во сопствените мисли. И ако не ја сонувате бајковитата слика за рушењето на „Скопје 2014“ и ако не се побуните за да си ја вратите слободата, вратете се на доспивање и одбегнувајте го будењето, зашто, да парафразирам еден голем државник, кога заспаните народи ќе се разбудат, се будат како робови.

http://bit.ly/grcev29

# ПОТОП ОД ЛАГИ ВО БИБЛИСКАТА ЗЕМЈА

**19.06.2013**

> Ништо не може да ја разбранува како огледало мазната површина на нашата рамнодушност кон сопствената судбина.

Што и да ѝ се случи на Македонија – на политички, историски или астрофизички план (на пример, да биде окупирана и поробена, да пропадне во временска дупка или врз неа да падне астероид со големина на библиската планина Ар Македон) – верувам дека ни милиметар нема да ја наруши гранитната „нормалност“ на нашето секојдневие. Ништо не може да ја разбранува како огледало мазната површина на нашата рамнодушност кон сопствената судбина. Секој ужасен настан од процесот на пропаѓање на македонската демократија и култура – што се случува низ годиниве – наместо да ја „разбранува“ јавноста или да предизвика бура, станува проголтан од густата и леплива тиња на нашата „нормалност“. Клучните општествени трагедии на фактичката загуба на

правата и слободите, кои ни се случија од 24 декември до денес, не успеаја да предизвикаат реакција поголема од мрзливо отворање на црната светкава површина и исчезнување на „веста“ во темните длабочини на заборавот, со придружниот звук – „блоп“.

По своевидното палење на македонскиот Рајхстаг и изгонот на опозицијата од парламентот, дојдоа најизмамничките избори во македонската историја – локалните избори 2013, веројатно најмирните избори во последните две децении; токму тој остар контраст помеѓу тоталната нерегуларност на изборите и ледената погребна тишина на изборниот обред е сосем јасна индикација дека лажирањето претставуваше не само симболично туку и техничко погребување на владеењето на правото во Македонија.

Деновиве, повторно во пригодна јавна тишина, почна и режимската блокада на работата на Советот на општина Центар, со организираните „спонтани“ одреди на граѓани – клеро-фашистичкиот башибозук на ДПМНЕ – кои под заштита на полицијата ги кршеа прозорците на општината. Овие лажни „граѓански“ протести против слободата, разумот и правото – во кои само имбецил нема да ја препознае башибозук верзијата на црните и кафените кошули на Мусолини и Хитлер – се продолжени погребни обреди на јавното зачукување клинци во ковчегот во кој почива македонското слободно општество.

И? Како реагираше библиската земја на ова јавно погребување на граѓанските права и слободи? Освен звукот „блоп“, кој можевме да го чуеме после секоја трагична

фаза од нашето национално урушување, според реакцијата на македонската јавност не може да се забележи дека што било се случува во библиската земја. Наместо да се бори за својата слободарска суштина, Македонија го избриша од меморија 24 декември, ги заборави и локалните избори и деновиве сонливо ја врти главата за да не ги гледа скршените прозорци на општина Центар.

Иако мртва, библиската земја задоволно цацка со јазикот, замислувајќи дека ја дреме вообичаената попладневна дремка, и (да парафразирам еден духовит циник) на својата смртна постела раѓа здраво и весело мртвороденче – ненормално мртво општество во кое се живее „нормално".

Најважниот симптом за поставување на нашата општествено-политичка дијагноза веќе не е изгонот на опозицијата од парламентот или бруталната изборна измама (како симптоми на еден комплетно инсталиран тоталитарен режим), туку леснотијата со која земјава ги заборави вредностите на сопствената слобода и овие срамни и трагични факти на неслободата ги прифати како норма, како обична реалност на животот. Нацијата како да му даде предност на поданичкиот живот во имагинарната божем-демократска стварност, пред соочувањето со грдата реалност на одземените права и слободи.

„Утеха" за националниот срам поради колективното бекство од слободата можеби може да се најде во науката за обрасците на човечкото однесување. Имено, веќе е познато дека оваа тапа „нормалност" која ја глуми целото наше општество, е вид биолошки опортунизам на човечкиот вид, психо-социјална реакција која се

појавува како еволуциска адаптација која треба во одредени тешки ситуации да му овозможи на човекот да ја

> Испаѓа дека навидум ненормалната и перверзно одглумена „нормалност“ е всушност нормално однесување на хомо сапиенсот во ненормални и несреќни околности.

преживее грдата стварност на сопствената немоќ, страв и кукавичлук. Оваа јавна претстава на народното самозалажување вообичаено се практикува во сите големи и јавни несреќи, окупации, тоталитарни и мафијашки режими и диктатури, кога на беспомоќниот разум и на уништеното достоинство на луѓето им прискокнува во помош нивната последна одбрана – самозалажувачката свест, која на најекономичен начин на човека му овозможува комфорно да го преживее денот како неслободен и обесправен поданик. Конечно, постои ли поекономично решение – кога трпиш понижувачко насилство – отколку да се правиш дека ништо не се случило? Испаѓа дека навидум ненормалната и перверзно одглумена „нормалност“ е всушност нормално однесување на хомо сапиенсот во ненормални и несреќни околности.

Моќта на оваа самозалажувачка свест и леснотијата со која мозокот ја поднесува лажната стварност и самогенерираните лаги за анестезирање на сопствената совест, изгледа како да се буквално неограничени. Минатата деценија француската и германската јавност беа шокирани и буквално згадени од две изложби на фотографии од времето на Втората светска војна, кои тематски го прикажуваа обичниот живот на луѓето за време на војната. Што беше неподносливо скандалозно во фотографиите?

За Французите тоа беа животната радост, свежината и дури егзалтираноста која бликаше од лицата на нормалните граѓани кои за време на војната масовно уживаа во претставите, концертите, кафеаните, бистроите, излетничките места и тогаш многу популарните речни плажи... Денешните Французи ги запрепасти и засрами нехуманата и безмилосна радост на животот и „нормалноста“ на нивните најблиски предци, која се одвиваше истовремено (и едно до друго) со полнењето на возовите со француските Евреи и нивното испраќање во логорите на смртта. Германската изложба предизвика уште поголем ужас, зашто беше составена од семејни фотографии на германски офицери и службеници кои војната ја поминале на служба во логорите на смртта. На фотографиите се овековечени семејните прослави, роденденски торти и новогодишни елки, црковни слави и обреди, сцени од групни игри на здравите и сити офицерски деца, игранки со куп весели, еуфорични и полупијани лица..., сето тоа снимено во самите логори на смртта, во суперпонирани планови во кои на неописливо перверзен начин позадината на оваа животна радост на „нормалните“ луѓе се логорските бараки и оџаците од крематориумите, бодликавите жици и бескрајните колони луѓе, жени и деца, кои со вџашени погледи кротко го чекаат својот ред да бидат ѕверски убиени, фрлени во оган и претворени во црн чад и пепел.

Колку и да е неприфатливо за човечкото самочувство, очигледно е дека не постои толку ужасна стварност која може да ја попречи самозалажувачката свест на човекот и да не му креира лажна „нормална“ стварност која ќе го затскрие ужасот и ќе му обезбеди привид на „нормалност“ и мирна совест. Но, факт е дека оваа „нормалност“

на мнозинството и „мирната совест“ која произлегува од лажната перцепција на стварноста, се немо соучество во злосторот, дури conditio sine qua non на сите масовни трагедии и холокаусти во историјата.

Денес, кога повторно тонеме во окупација и самоубиствен цивилизациски регрес, самозалажувачката свест на „нормалноста“ повторно ни ги врти главите настрана од злосторот кој власта на ДПМНЕ ја врши над нашите државотворни, цивилизациски и културни тековини. Отсуството на сенародниот непокор или барем срам поради скврнавењето на жртвуваната крв на создавачите на македонската држава, како и леснотијата со која се откажавме од нивното дело – македонската (НАШАТА!) слобода и култура, е јасен знак дека самозалажувачката свест повторно „јава“ низ библиската земја. Во потопот од лаги во кој се дави Македонија под власта на ДПМНЕ, владее тоталитарниот принцип на наметнатата лага како „единствена вистина“, а глумењето „нормалност“ и граѓанската пристојност – манифестации на човечката капитулација пред поробувачката сила на злото – се нудат како единствен modus vivendi за локално преживување.

Затоа, почитувани читатели, нашата борба против тоталитарниот режим на Груевски мора да се добие првин во нашите мозоци – тоа е борба помеѓу здравиот разум и пропагандата, помеѓу рационалната мисла и самозалажувачката свест, помеѓу вистината и лагата. Оваа борба секој мора да ја избори со/во самиот себе, очи в очи со сопствениот конформизам, обата со крај од шамија во забите и нож во раката, до потполна победа на едниот. Но, тие чијшто разум и морална вертикала ќе ја победат

самозалажувачката свест која им го нуди ропскиот комфор на глумената „нормалност“ мора да знаат дека ќе бидат мета на напад, како неприлагодени и „ненормални“. Ако издржат, нека не се грижат за крајниот исход:

> Извесноста на конечната победа на слободата и правдината лежи во фактот што „ненормални“ и непокорени денес има многу повеќе од времето на бескрајната зима од 1941-1945, кога едвај неколку илјади вистински македонски светци им ја изборија слободата на сите други „нормални“.

извесноста на конечната победа на слободата и правдината лежи во фактот што „ненормални“ и непокорени денес има многу повеќе од времето на бескрајната зима од 1941-1945, кога едвај неколку илјади вистински македонски светци им ја изборија слободата на сите други „нормални“.

http://bit.ly/grcev30

# ХЕЛЕНИЗАЦИЈА И РАСИЗАМ

**17.08.2013**

> Вистински злочин е што „теоријата“ за нашата античко-македонска етногенеза власта почнува да ја пропагира уште во градинките и основните школи.

Во „Животот на Галилеј“ на Бертолд Брехт, Галилеевиот ученик вели: „Тешко на земјата без херои“, а учителот го исправа: „Тешко на земјата на која ѝ требаат херои“. Оваа поврзаност помеѓу неволјата и хероите ја отсликува вистинската природа на македонската национална мизерија, зашто нѐ дефинира како земја која ја креира сопствената несреќа измислувајќи погрешни херои. Споменикот на Александар – деновиве нашиот најголем херој – стана мерило на културната и интелектуалната инсуфициенција на македонската држава, но и симптом на идентитетската агонија на Македонците под режимот на Груевски. Споменикот кој треба да им го крева самочувството на понижените граѓани низ идентификација со античкиот натчовек стана најекспонираниот извор на

понижување и потсмев, зашто во целиот свет тој го брендира Скопје како „метропола на кичот", а нацијата како попречена во менталниот развој. Инфантилноста и бездарништвото кои го обликуваа овој симбол на насилството над разумот, ја дефинираат државата што го подигнала споменикот како трагикомична земја која автентичната трагедија на своето национално идентитетско самоубиство ја претвори во евтина кичерска фарса. Колку и да е тешко и тегобно, суровава вистина за нас самите мораме да си ја повторуваме доволно често, за да не се навикнеме на неподносливата леснотија на сопственото непостоење, во сенката на овој споменик на глупоста.

Но, вистинска цел на непомирот со тој споменик на културното самопоништување треба всушност да биде отпорот кон идеологијата која ги изнедри и безимениот Александар и грдата колона бронзени коњи и луѓе зад него. Тоа е идеологијата на крвта и земјата, темелена на расистичката „теорија" за ариевската етногенеза на македонскиот народ, која веќе со години се етаблира во јавноста и во образовниот систем како историско-идеолошка подлога за владеење на овдешниот фашизам. Вистински злочин е што „теоријата" за нашата античко-македонска етногенеза власта на ДПМНЕ почнува да ја пропагира уште во градинките и основните школи. Притоа најжално е што македонската „културна револуција" не се повикува ниту на еден научен или рационален податок, макар како обид да ја направи веродостојна античко-македонската етногенеза. Токму спротивно, глупостите кои официјалната доктрина ги проповеда за големиот антички Македонец, се присобрани од кој знае која рака од странски филмови, стрипови, сликовници и романсирани биографии, а се соопштуваат со инстуционален авторитет кој како „одна-

тре“ да ја познава крвната слика и генетскиот код на неприкосновениот антички „Моцарт на насилието“.

Користејќи ја сѐ поголемата необразованост и затапеност на населението (уморно од егзистенцијални грижи), партиско-државната пропаганда на ДПМНЕ својата идеологија на крвта и земјата ја темели врз априорното „знаење“ на едно купче јасновитци и маалски пророци – знаење кое, се разбира, не е можно никој да го поседува – кои за ариевското расно потекло на старите Македонци зборуваат како да го виделе со свои очи. Со лудачка сигурност која како да произлегува од нивното лично присуство на дамнешните настани, овие шарлатани бладаат дека античките Македонци биле вистинските зачетници на „супериорната“ бела раса, а ние – денешните Македонци – сме нивните директни и непосредни наследници (за разлика од Грците кои потекнувале од „инфериорните“ африкански црни раси!). Откога сфатија дека станаа јадро на државно-партиската историографија, овој буљук лудаци реши да го посрамоти македонското име за сите идни времиња и пушти во промет верзии за Македонија „од Атлантикот до Пацификот“, за Македонија како „лулка на светската цивилизација“, за македонското потекло на биолошкиот вид homo sapiens, како и на секој голем човек и настан во историјата на светот.

Режимот на Груевски го презема овој контаминиран ментален отпад како митолошка есенција на својата политичка агенда за повторно раѓање на македонскиот народ. За да обезбеди ова радиоактивно расистичко ѓубре да стане фундамент на новата национална идентификација, власта првин со пропагандна лоботомија од мозоците на граѓаните требаше да им ги исфрли чети-

рите наследени идентификациски супстанци: живата меморија за создавањето на македонската држава и на нејзините вредносни системи, словенското самочувство, модернизмот и антифашизмот. Меморијата за антифашистичката суштина на единствените македонски херои – основачите на нашата современа држава и за создадените културни вредности во втората половина од 20-иот век, режимот ги уништи (низ приоритетна политичка програма) со сите насилни средства на една тоталитарна држава – со пропаганда, озлогласување, рушење споменици на херои, застрашување и лустрација. Последниот столб во идентификацискиот самоувид на Македонците – словенството, режимот реши да го уништува полека, со десловенизација на културната политика и образованието, ментално оштетувајќи генерации македонски деца со расистички отров и малоумие.

Како подготовка за замена на нашиот словенски идентитет, идеолозите на македонскиот расизам таква иста насилна замена на идентитетот мораа да извршат ретроактивно и врз античките Македонци. Па, иако е општопознато дека и Александар III Македонски и сите негови предци од династијата на Аргеадите себеси се сметале за Хелени, ДПМНЕ го изѕида новиот антички македонски национален идентитет токму врз кралската лоза која експлицитно се откажала од својот посебен македонски племенски идентитет за сметка на хеленскиот. Аргејците – од Пердика до Александар III – не само што се сметале за Хелени, туку на крајот излезе дека биле најголемите Хелени меѓу сите Хелени, зашто токму Александар ја расеал хеленистичката култура низ светот и времето, а на старогрчкиот јазик му овозможил да стане првата „лингва франка“ на стариот свет. Нашите „пророци на минатото“

кои си ги помодреа градите инсистирајќи на нашето право на слободен избор (на кое било) етничко самочувство, тоа право не им го признаваат (ретроактивно!) на своите митолошки идоли, па новиот античко-македонски расизам упорно го темелат на посебниот севременски македонски расен и етнички идентитет на Александар III Македонски и неговата аргејска кралска лоза. Тие (пророците на минатото) не го признаваат Александровото конвертитство од македонско во грчко племенско самочувство (за коешто тој, кутриот, очигледно не бил ни свесен), туку го објаснуваат со помош на аргументите на сопствената параноја. Демек, хеленизацијата на античките Македонци е резултат на наводниот глобален заговор, управуван од Коминтерна, Ватикан, ЦИА, и, се разбира, од Најголемата интергалаксиска масонска ложа, заговор кој ја фалсификувал целата историја само за него (Александар) да го направи Хелен, а нас да нè остави без благородничко потекло...

> Демек, хеленизацијата на античките Македонци е резултат на наводниот глобален заговор, управуван од Коминтерна, Ватикан, ЦИА, и, се разбира, од Најголемата интергалаксиска масонска ложа.

Бесполезно е со научни факти и рационални аргументи да се дискутира против фанатична увереност во идеи кои се производ на умоболна имагинација. Попрво треба да се запрашаме колку треба на човека да му се нарушени фундаментите на личноста, за да го уништува наследеното идентитетско самочувство, изградено од музиката на јазикот, здивот и дамарот на двете живи генерации пред него и од системот на вредности кои ги примил со

мајчиното млеко. Мотивите на нашите денешни преродбеници да го разнебитуваат модерниот словенски македонски идентитет и да посегаат по благородното потекло на Аргејците од пред 2300 години, се сосем сигурно во доменот на клиничката психопатологија. Нема друго. Најверојатно е дека тие се буткаат под Александровите скутови за да си обезбедат лек за некое тегобно чувство на безначителност и јадосаност, кое мора да ги мачи од раѓање. Токму оваа психопатологија на инфериорноста би требало да е онаа најдлабоко скриената мотивација за срамење од сопственото потекло и за питачење по некое поблагородно, по можност кралско стебло. Патолошкиот комплекс на инфериорност – кој е, инаку, состојба на духот од која произлегле сите фашизми во историјата – би заслужувал сожалување и сочувство, да не беше претворен во злочин од страна на режимот на ДПМНЕ, зашто личното психопатско проклетство тие со злоупотреба на власта го транспонираа во колективно културно и идентитетско самоубиство на македонскиот народ. Конечно, колку и да се измислени, лажни и умоболни расистичките „теории“ за нашето натчовечко расно потекло, нивните последици за нашата сегашност се стварни и објективни. Така државно-партиското самоубивање на македонскиот модерен идентитет, стана трагична последица на една инфериорна состојба на духот, која е лечена со лаги за херојското потекло и со омраза кон сите вредности на единственото реално национално минато.

П.С. Еден страничен, колатерален пример за стварните последици од нереалните бладања за нашето потекло, е регресијата на македонските позиции во спорот за името. Зошто? Затоа што додека бевме Словени, никој во вселената не можеше со рационален аргумент да ни го оспори правото да се викаме со нашето македонско име, а грчките опструкции во светот ги сметаа за ирационални. Сега, кога режимот нè „прероди“ во антички Македонци, сè е обратно: опасните илузии за нашето античко-македонско

> Така државно-партиското самоубивање на македонскиот модерен идентитет, стана трагична последица на една инфериорна состојба на духот која се лечи со лаги за херојското потекло и со омраза кон сите вредности на единственото реално национално минато.

потекло ги направија меѓународно разбирливи грчките грижи, ја „опредметија“ и ја рационализираа грчката позиција, па сега нас во светот нè сметаат за ирационални и „проблематични“, зашто гледаат дека во Македонија владеат кретени кои мислат дека полагаат право на наследството на крвната, културната и, се разбира, земјишната оставнина на Александар III Македонски.

http://bit.ly/grcev31

# МАКЕДОНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА КАКО „КАРГО КУЛТ“

**15.10.2013**

> Имитирањето демократија со учество на лажирани избори и со почитување на одлуки на лажни судови ќе ја врати демократијата во Македонија тогаш кога ќе проработат обредните радиоапарати направени од кокос.

Првиот карго култ се појавил на Фиџи 1885 година како домородечка реакција на последиците од судирот со материјалната култура на европските колонизатори, кои – пренесувајќи ги на девствениот остров своите надмоќни транспортни средства и предметни блага – предизвикале урушување на традиционалните островски општества. Култот бил воспоставен врз ветувањето за преродба на народот односно врз возобновувањето на златното доба на предците. Основна култна „алатка“ за постигнување на целта било обредното имитирање на пристигањето и растоварот на карго бродовите. Најголемиот процут на карго култовите е периодот по Втората светска војна,

кога на Меланезиските острови мирот ги „сопрел“ воените карго транспорти кои цела деценија носеле незамисливи количини храна, облека, лекови, оружје и опрема за јапонската и американската армија. Тој долг и несфатлив проток на добра кај домородечките заедници се претворил во фасцинација кон карго богатството кое се спушта од небото и доаѓа преку морето со фантастични метални авиони и бродови, фасцинација која – кога карго конвоите исчезнале – станала митолошка супстанца на карго култовите. Обредите од кои се состоеле карго култовите требало да ја совладаат општествената криза и да го обезбедат повторното појавување на авионските и бродските карго конвои. За да ги повикаат авионите да фрлаат храна и опрема со падобрани, островјаните ја имитирале рутинската воена постапка за осветлување и обележување на импровизираните земјани ритуални писти; поклониците изработиле дрвени пушки, а на голите тела ги сликале воените униформи, па дури изградиле дрвени авиони и кули за контрола на летовите, на кои седеле „контролори“ со изрезбарени дрвени слушалки на ушите кои ракувале со радија изработени од кокосови ореви и слама, и со антени од бамбусови стапови.

> Поклониците изработиле дрвени пушки, а на голите тела ги сликале воените униформи, па дури изградиле дрвени авиони и кули за контрола на летовите, на кои седеле „контролори“ со изрезбарени дрвени слушалки на ушите.

Описите и фотографиите од практикувањето на овие ритуали, речиси несопирливо предизвикуваат смеа, а чувството на супериорна емпатија – какво што развива-

ме кон децата – нѐ преплавува додека ја гледаме наивноста која создала култни предмети од дрвени и сламени макети на авиони и контролни кули, воени кантини и опрема. Сожалување предизвикува и неснаоѓањето на островјаните да ги препознаат законитостите на материјалниот свет, како и неразбирањето на политичките, пазарните и технолошките принципи според кои карго конвоите функционираат во реалноста. Но, само еден поглед на македонската реалност е доволен за да сфатиме дека постојат неверојатни структурни сличности помеѓу меланезиските „примитивни“ заедници и нашето „супериорно“ современо општество, зашто од пред некое време функционирањето на нашата парламентарната демократија и правната држава не се ништо повеќе од обредно практикување на некаков перверзен ѓоа-демократски култ, кој во сѐ наликува на карго култ.

На сите ни е веќе сосем јасно дека институциите на македонската демократија и на уставниот поредок се веќе неколку години потполно испразнети од својата суштинска содржина од страна на авторитарниот режим на Груевски. Ниту една институција не ја врши функцијата пропишана со Уставот на Републиката. Во Парламентот практично нема плурализам, нема политичка дебата и не се донесуваат закони, туку неписмени и неуставни акти со кои се демонтира правната држава и се дерогираат човековите и граѓанските права. Судовите не судат според законите и правдината, туку според налозите на еднопартиската власт. Полицијата не е сервис на граѓаните, туку му служи на режимот за застрашување на населението и за апсење на политичките противници. Медиумите се контролирани од режимот и имаат „сло-

бода“ да ја емитираат владината пропаганда. Изборите се во потполност недемократски, а ги лажираат токму оние органи кои треба да го обезбедат правото на слободен избор и на фер натпревар. И така натаму. Иако е очигледно дека зад фасадите на зградите во кои се сместени институциите на македонската демократија, веќе не се случува ништо вистински демократски функционално, целото општество сеуште сосем мирно и организирано ги одржува некогаш демократските – а сега сосем испразнети од смисла – процедури и постапки, токму како обредни ритуали на некаков карго-ѓоа-демократски култ.

Македонската „демократија“ ја допре суштината на карго култовите, која се состои во маестралната заблуда дека упорното и слепо практикување на ритуалите на култот е сѐ што е потребно за да се обезбеди посакуваната материјална благосостојба, а – во нашиот случај – да се обноват демократските вредности, слободите и граѓанските права. Заблудата на која „едри“ секој карго култ е дека површинската формална сличност на култните реквизити (направени од дрво, бамбус, кокос и слама) со вистински појави, е сосем доволна за да ја обезбеди исчезнатата реалност која култот ја евоцира, додека суштинските услови, околности и содржини (клучни за одвивањето на посакуваните појави), се апсолутно небитни за поклониците на култот. Македонската демократија веќе не постои, а Македонците упорно живеат во истата заблуда како и нивните меланезиски колеги: дека со ритуалното почитување на сламените институции на системот кои се потполно испразнети од демократската, правната и етичката суштина и со упорното обредно учество на лажни избори или монтирани судски проце-

си, ќе ја евоцираат слободата и демократијата од минатото. Тоа дека овие лажни недемократски култни обреди имаат исто толку врска со вистинските институции на демократијата како и бамбусовите макети на авиони со вистинските летала, како веќе никому да не му пречи. Или барем не му пречи доволно за да се отфрлат празните ритуали и да се преземат вистинските општествени акции за повторно воспоставување на реални демократија, медиумска слобода и граѓански права.

> Тоа дека овие лажни недемократски култни обреди имаат исто толку врска со вистинските институции на демократијата како и бамбусовите макети на авиони со вистинските летала, како веќе никому да не му пречи.

Македонската „карго култ демократија“ е метафора за општество неспособно да ја препознае вредноста на културните и цивилизациските придобивки кои ги изгуби како последица на нелегалното владеење на режимот на ДПМНЕ. Ние станавме општество кое одбива да се сеќава на своите родители и на цената која тие ја платиле за нашиот настанок. Поради тоа, ние сме општество кое не е подготвено да ја плати реалната цена за одржување на придобивките на слободата и демократијата; општество кое е неспособно да сфати дека почитувањето на зградите на окупираните институции на системот и на лажните недемократски законски процедури, само по себе никогаш нема да може да ги „повика“ да се вратат изгубените слободи, права и културни вредности. Имитирањето демократија со учество на лажирани избори и со почитување на одлуки на лажни судови ќе ја врати

демократијата во Македонија тогаш кога ќе проработат обредните радиоапарати направени од кокос и кога од пистите осветлени со ритуални факели ќе полетаат дрвените карго авиони. И додека меланезиските карго култови делумно ја постигнаа својата цел обезбедувајќи им на островјаните некаква социјална кохезија, нашата „карго култ демократија“ го дели општеството на антагонизирани групи и на атомизирани летаргични единки кои стануваат поклоници на празните псевдодемократски култни обреди на едно мртво тоталитарно општество. Да, оригиналните островски карго култови беа автентичен обид со обреден социјален инженеринг да се надминат општествените кризи, но нашата „карго култ демократија“ е само јавна обредна маска зад која партијата за внатрешен терор ДПМНЕ практикува авторитарна клептократија и стрмоглаво ја продлабочува културно-општествена безнадежност.

http://bit.ly/grcev32

# ВО ВИРОВИТЕ НА БЕЗУМИЕТО

**24.10.2013**

> Двата највредни инженериски проекти во Скопје од ослободувањето од фашистичката окупација до потпаѓањето под окупацијата на ДПМНЕ, се регулацијата на реката Вардар и пошумувањето на планината Водно.

Веќе е сосем лесно во Македонија човек да биде јасновидец: доволно е само да го смисли најгрдото сценарио за брзо пропаѓање на општеството и да почека малку, за режимот на Груевски да му го оствари предвидувањето. Оваа зачудувачка ефикасност со која режимот ги реализира најцрните предвидувања, многумина ја користат за мистификација на моќите на власта и за воспевање на таинствениот советнички штаб на вождот. Но, извршителноста на режимот на Груевски се објаснува со еден сосем спротивен принцип, кој гласи: никогаш не го посочувај злото како причина за нешто што може да се објасни со глупост. Тоа е така, зашто во тоталитарните општества царува законот на глупоста, а таа – колку и да е инвен-

тивна и непредвидлива – е еднонасочна и максимално ефикасна. Глупоста секогаш ќе го избере најбрзиот начин да го уништи најскапоценото. Како поројна вода таа секогаш тече по најстрмните долови и непогрешиво се струполува во насоката на најбрзото пропаѓање. Во човечките работи глупоста е најактивна сила на ентропијата и непресушен извор на бесмислената деструкција.

> Никогаш не го посочувај злото како причина за нешто што може да се објасни со глупост.

Нашата скорешна историја е полна со примери на уништувачката ефикасност на режимот на ДПМНЕ. На тие примери еден ден ќе се учат двата најважни закони на глупоста. Првиот: деструктивната ефикасност на глупоста е правопропорционална на вредноста што ја уништува; вториот: авторитарната глупост се „легитимира“ со своето упорно повторување.

Првин за вредностите кои се природна жртва на глупоста. Двата највредни инженериски проекти во Скопје од ослободувањето од фашистичката окупација до потпаѓањето под окупацијата на ДПМНЕ, се регулацијата на реката Вардар и пошумувањето на планината Водно. Со овие два грандиозни зафати се сменија основните околности на животот во Скопската котлина: од традиционално нездрава и непријатна за живеење, таа доби стабилна одржливост и пријатна мека клима освежувана со шумскиот здив кој секоја ноќ се спушта од Водно. Пред пошумувањето, Водно – за кое ќе зборуваме овојпат – беше еродирана кафеникава голија, напати обрасната со кржлав шимшир и смрека; од голијата на секој посилен дожд се точеа во градот бесни поројни реки кал и ка-

мења, а во летните ноќи во градот не можеше да се спие од врелина и задушност. Сегашните пријатни скопски ноќи се последица на создавањето на Парк шумата Водно, па сè што една нормална цивилизација треба да стори за да го одржи ова непроценливо општествено благо, е да ја негува парк шумата и повеќе од сè – ДА НЕ ДОЗВОЛИ НИКАКВИ МАСИВНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ, кои би ја уништиле шумата нарушувајќи ја кревката хумусна подлога што ја храни вегетацијата.

Што прави власта на ДПМНЕ соочена со ваков предизвик? Таа ја докажува неисцрпната инвентивност на глупоста, смислувајќи најнепотребни „проекти" за да ги изгради токму на Водно, избирајќи ги инстинктивно оние кои ќе направат најмасивна штета во парк шумата. Така е првин изграден крстот на врвот на Водно, кој е парадигма за уништувачката моќ на глупоста, зашто за само неколку милиони украдени народни пари се изгради дивоградба која наруши најмногу темелни уставни вредности, воспоставувајќи кошмарна врска помеѓу партиската моќ, државните ресурси, верските симболи и етничките идентитети. Веднаш по крстот се изгради асфалтен пат до планинскот дом на врвот на Водно (!), потоа се изгради жичара – за уште десетина милиони евра и некоја иљада исечени стебла – која во светкавите кабини го развозува водњанскиот воздух. Потоа се воспостанови редовна линија на двокатни автобуси кои патуваат со просечно 1 (еден) патник од градот до средно Водно, а деновиве – за да се оправдаат капацитетите на патот и жичарата – се гради неверојатно непотребна ѓоа телекомуникациска кула, на која од сите страни висат – ко тра-

тови на дрво – предимензионирани ресторани. Идиотската кула ќе се гради – каде, деца? На врвот на Водноoo!

Паралелно, власта на ДПМНЕ упорно го бутка малоумниот проект „Сончев град“, најавен уште 2007 година како најсензационална инвестиција од 100 или колку-и-да-е милиони евра, на јужните падини на Водно. Локацијата на бесмислениот град е веднаш над селото Сопиште и никогаш никој не ја сакал за живеење, зашто е на престрм и непријатно набран рељеф, без вегетација и без вода. Најголем успех на Владата во врска со „Сончев град“ е што успеа да измами израелски инвеститор кој – мислејќи наивно дека има работа со држава – ја купил земјата и почнал да го спроведува планот на Владата. Откако видел дека проектот е неспроведлив и дека не постои водовод кој би го снабдувал градот со вода (и уште куп други докази дека човекот заталкал во зоната на глупоста), Израелецот со судски скандал се извлекол од зделката, а Владата – наместо земја да ја проголта – продолжи со ентузијазам да го продава „Сончев град“. На новиот купувач, за да го навлече да нагази во нивниот вир од вселенски глупости, Владата му подари најдиректен и – се разбира – најглуп и најштетен „регионален“ пат од „Сончевиот град“, преку Парк шумата Водно, до центарот на Скопје. Иако планираниот Сончев град е залепен на селото Сопиште и поврзан со градот Скопје со уличен крак од вкупно 450 метри, значи потребна е мала интервенција за проширување на стотина метри улица, ДПМНЕ веќе гради „регионален пат“ од 4,4 км (а всушност цели 10 км) преку Водно, кој ќе ја уништи Парк шумата за сите времиња. Ви требаат ли уште примери?

За крај: заглупавувањето на македонската стварност под власта на ДПМНЕ е зло кое ќе ја девастира земјата повеќе од сите војни и окупации. Својата ефикасност тоа зло ја црпи од глупоста, а таа е неподносливо селективна и неправична, како смртта: нејзините последици не ги чувствува умрениот, туку неговите блиски, па така и во несреќната Македонија, сеуништувачкото глупило на режимот на ДПМНЕ не ги боли нив, туку нас, нормалните луѓе, нивната нажалена родбина.

http://bit.ly/grcev33

# ПЛАНИНА ОД ГОМНА ПОКРИЕНА СО ТИЛ

**01.11.2013**

> Додека не се свестиме и не ги засукаме ракавите решително да ги исчистиме фекалиите на ДПМНЕ во водите на Вардар, кон Солунското поле и Бјалото море, Македонците ќе ја форсираат својата планина од гомна.

Во првата половина на деветнаесеттиот век Лондон бил нурнат во процес на дотогаш невидена урбанизација и индустријализација. Густината на населението била на места несфатливо висока, па неслужбениот рекорд го носела сиромашната населба Сент Џајлс, каде само во неколку улички биле натрупани дури 54.000 жители, или просечно повеќе од 40 луѓе по стан. Оваа огромна маса луѓе произведувала многу повеќе отпад отколку што каков било систем на септички јами од тоа време можел да поднесе. Во еден рутински извештај од надзорот на неколку куќи во населбата, комуналниот инспектор измерил и запишал дека подрумите од куќите биле полни со човечки измет во длабочина од еден метар, а целата површина на дворовите била покриена со слој

од фекалии дебел петнаесет сантиметри. Дворовите се изливале во уличките, кои – според извештаите – биле целосно преплавени со „канализациски отпад“.

Зошто ви ја раскажувам оваа грда комунална приказна од не толку дамнешната историја на најмоќниот град на светот? Бидејќи денес никој не може да поверува дека престолнината на Британската империја, во нејзината златна викторијанска ера, дословно се давела во сопствените фекалии. А зошто е тоа толку неверојатно? Бидејќи властите на Лондон не се обиделе таа состојба да ја претворат во нормална и да ја накитат со еуфемизми и лаги за да изгледа (и мириса) политички поприфатливо, туку се соочиле со грдата стварност и го решиле проблемот толку темелно што исчезнал не само од градот, туку и од колективната меморија на светот.

Во Скопје – современата метропола на античката Македонска империја –режимот на ДПМНЕ кој владее како да е легален наследник на кралската лоза на Аргејците, креира сосем обратна ситуација од онаа во викторијанскиот Лондон. Тука режимот го затрупува градот (и целата земја!) со огромна количина нивен измет, и потоа ги мобилизира сите државни ресурси за лажирање на состојбите, инсистирајќи дека тоа е нормална ситуација во сите демократски земји. За да не изгледа дека брдото фекалии е последица на неспособноста и глупоста на режимот, власта продолжува јавно да трупа гомна врз македонската престолнина и на тој начин – со повторување на „чинот“ – сака криминалниот куп режимски измет да го „легитимира“ како државен стандард и како успех и гордост на нацијата. Планината од гомна која самиот ја создал режимот на ДПМНЕ ја прекрива со свилен тил од

пропаганда и процедуралност кој, се разбира, не може да ја сокрие одвратната реа, но обезбедува оправдување за сите кои решиле да ја трпат.

> Патот уште во најава уништи 10 милиони украдени народни евра, а ќе предизвика верижни трошоци од 50 нови милиони, за на крајот на Парк шумата да направи штета од 500 милиони евра.

Најзаводливиот детаљ од македонската фекална општествена разгледница е секако мрежестиот свилен тил, кој режимот на ДПМНЕ го плете од еден единствен конец – од инсистирањето дека секое нивно криминално празнење на цревата на јавно место е во согласност „со сите закони и прописи“. Колку и да е очигледен државниот криминал, колку и да е неподнослива реата на нивните „креации“, тие ги „покриваат“ со тоа тенко симболично ткаење од лажни процедури, фалсификувани одобренија, незаконски решенија и неуставни закони. Еве, актуелното уништување на Парк шумата Водно, со пробивање на апсолутно непотребниот „регионален пат“, прерасна во фекална лавина која – како елементарно зло – веќе се струполува врз Скопје со несогледливо разорни последици со кои буквално се подрива животната основа на престолнината. Патот уште во најава уништи 10 милиони украдени народни евра, а ќе предизвика верижни трошоци од 50 нови милиони, за на крајот на Парк шумата да направи штета од 500 милиони евра. Или повеќе? Сето тоа бидејќи за непотребниот „Сончев град“ владата одлучила да изгради уште понепотребен „регионален пат“ од Сопиште, долги 10 километри низ Парк-шумата Водно, до центарот на Скопје. Овој кри-

минално непотребен трошок и неверојатно големата и далекусежна штета врз Парк шумата се преземаат врз основа на – никогаш образложената! – одлука „Сончев град“ да не се поврзува со Скопје со постојната (неодамна проширена) магистрална улична мрежа – со булеварот „Србија“ и со улиците „Борис Трајковски“ и „Сава Ковачевиќ“ – туку со сосем нов пат. Зошто воопшто да се гради нов пат, кој ќе уништи непроценливо народно благо, наместо да се реконструира постоечката улица во должина од неколку стотини метри? Зошто стварна и непоправлива штета од кој-знае-колку стотини милиони евра, кога поврзувањето на бесмислената населба наменета за купче богати и бесни може да чини не повеќе од 500.000 евра? Не, нема да најдете ниту еден рационален аргумент во потпора на оваа малоумна одлука на Владата, ниту збор образложение за овој криминален, вандалски пат. Притоа сите надлежни органи на државата ќе ви мавтаат со процедурални шамии од тил, со длабоко неуставни и нехумани планови, елаборати и решенија. Апокалиптичното сечење на Парк шумата Водно и динамитирањето на водњанските еродивни падини, таа владина планина од гомна ја покриваат со превез од тил, со празни, незаконски хартии со „силни“ наслови: Елаборат за заштита на животната средина (која злосторничка иронија!), Дозвола за сечење на гзилион дрва издадена од Градот Скопје, Одобрение за градење од Министерството за глупост и грабеж и др и сл. И?

Нема „и“. Додека не се свестиме и не ги засукаме ракавите решително да ги исчистиме фекалиите на ДПМНЕ во водите на Вардар, кон Солунското поле и Бјалото море, Македонците ќе ја форсираат својата планина од гомна,

задушени од реа и загледани во белузлавиот превез од тил под нив, од кој – како од тенка снежна покривка – само што не никнале кокичиња и качунки.

http://bit.ly/grcev34

# ПАРЛАМЕНТАРНА ФАРСА ВО ТРИ ЧИНА

**06.11.2013**

> Во говорот Вељаноски – со вдахновеност на букова пенушка – ја набеди опозицијата за велепредавство зашто „по белосветските метрополи ветувала промена на името“.

23 октомври се наврза на 24 декември како кадар од еден ист филм, како логична последователна сцена од една жална провинциска сага во жанрот на трагикомедијата која ги опишува фазите од агонијата на македонската демократија. Трагичното во приказнава е што се работи за вистинско умирање на еден државотворен национален и културен проект, а комичното произлегува од погрешната реакција на учесниците во оваа драма. Така ви е тоа во уметноста: дури и најгрозните насилства можат да бидат комични, доколку актерите и по серијата фатални повреди (како во филмчињата за Том и Џери) продолжуваат живи и здрави да трчаат низ филмската фабула.

24 декември и исфрлањето на пратениците од опозицијата и новинарите од македонскиот парламент беше брутална сцена која со јасен драмски јазик ја опиша симболичната смрт на слободата на информирањето и на парламентарната демократија во Македонија. Но, кога злосторниците од претходната траорна сцена – криминалните ликови на Груевски, Вељаноски, Ставревски и Јанкуловска – продолжија да се однесуваат како ништо да не се случило и, згора на тоа, кога жртвите на злосторот се вратија во парламентот и на преговарачка маса, како да не постојат последици од претходните смртоносни случувања – е, тука се роди комичното, тука публиката го препозна жанрот на филмската фарса и почна да се смее и на сцените кои – според својата содржина – би морало да изнудат тага, гнев и револт.

Вистинската трагикомедија, како што веќе објаснив, својот жанр го темели на комбинација од трагична животна содржина и комична уметничка форма или контекст; така на 23 октомври најодговорниот за злосторството од 24 декември одржа говор полн со ксенофобија и еднопартиски прозелитизам (што е елемент на трагичното), во надреално кичерски контекст, кога секој момент очекувате да упадне кубанскиот диктатор Фулгенсио Батиста и на присутните да им ја честита новата 1959 (елемент на комичното). Во говорот Вељаноски – со вдахновеност на букова пенушка – ја набеди опозицијата за велепредавство зашто „по белосветските метрополи ветувала промена на името“ и зашто ја „кодошела својата земја“ наместо да ја брани рака под рака со нив – единствените бранители на македонското име во вселената. Тој грозен и скудоумен говор беше изречен пред македонската и меѓународната елита, во гротескен ам-

биент на банана-барок, каде што од какофонијата на бесмислени лажни конзоли, корнизи и картуши, исполнети со вистинска блујавица од несварени архитектонски орнаменти, обилно се цедеше бојата на лажното злато. Во амбиентот кој можеби сепак повеќе му прилега на урнебесниот „Бал на вампирите“ од Полански, спикерот–пенушка го заврши својот инфантилен исказ со „ефектна“ гимназиска ораторска фигура: „Од оваа говорница подавам рака.“ А, зошто пенушката подава рака? За да ги повика клетите кодоши од опозицијата да престанат да бидат велепредавници и да застанат со ДПМНЕ во единствен фронт во одбрана на името... Ајајај, човек да помисли дека живее во клас за ментално ретардирани!

Но, да се вратиме на насловната тема: суштината на парламентот е во политичкиот разговор помеѓу инакумислечките (зборот потекнува од старофранцускиот латински parler – говори, од кој е изведен parlement – говор и дебата на повеќе учесници), при што токму таа дебата е есенција на парламентот и демократијата. А што направи криминалниот режим на ДПМНЕ? Направи сè за да го скрати и оневозможи говорот во парламентот, деловнички да ги скрати и укине дискусиите, го злоупотреби своето мнозинство за го обезвредни учеството на сите други, за на крајот да изврши тивок државен удар со трансфер на законодавната власт од парламентот во владата. Откако функционално го обезвласти парламентот и го испразни од демократска суштина, ДПМНЕ насилно, со помош на тајната полиција, ги исфрли опозицијата и јавноста вон законодавниот дом.

Иако се случи години по функционалната смрт на демократијата, медиумскиот перформанс на исфрлање пра-

тениците („на клоци“) од парламентот беше вистински драматуршки климакс на македонската општествена трагедија. За жал, повторното враќање на животот во „нормала“ беше антиклимакс кој и го смени „кодот“ на трагедијата и ја претвори во фарса. Така смртта на македонската парламентарна демократија – претворена во трагикомедија – стана баналност, па дури и комичен мотив за увеселување на политичката и дипломатската крема. Затоа, иако на 23 октомври Вељаноски експлицитно му соопшти на градот и светот дека: 1. ДПМНЕ се поистоветува со македонската држава, 2. Македонија е опкружена со непријатели, 3. Опозицијата е предавничка, и 4. Само стопени во еден партиско-државен фронт можеме да се одбраниме од светското зло; со што простодушно го дефинира режимот како застрашувачки наци-фашизам par excellence, никој не го препозна овој одвратен говор на парламентарниот спикер како хитлеровски, туку само како уште еден глупав партиски настап, уште еден забавен скеч на македонските Том и Цери. Дека меѓународната заедница лудо се забавуваше слушајќи хитлеровски говори во латиноамериканска диктаторска сценографија укажува и до исчашување оклештената фаца на европскиот амбасадор, кому за ви-

> Дека меѓународната заедница лудо се забавуваше слушајќи хитлеровски говори во латиноамериканска диктаторска сценографија укажува и до исчашување оклештената фаца на европскиот амбасадор, кому за вистинска егзалтација како да му недостасуваше само кесе со пуканки.

стинска егзалтација како да недостасуваше само кесе со пуканки.

Очигледно е дека ние ја живееме – не препознавајќи ја – трагедијата на демократското и културното пропаѓање на германските триесетти години, при што фарсичната форма на нашата несреќа како да превладува поради среќниот изостанок на човечки жртви или, можеби, поради тоа што нашите жртви продолжуваат да живеат како ништо да не се случило. Кој знае.

http://bit.ly/grcev35

# ЗАД РАЗУМОТ, ВРЗ ТРУПОТ НА ПРАВОТО

**14.11.2013**

> Сосем е јасно дека сите планови, одобренија и елаборати, одлуки и решенија со кои се гради „регионалниот пат“ низ Парк-шумата Водно, се незаконски и неуставни, а целиот проект е тежок пример на државен криминал.

Историјата нè учи дека не постои доволно голема глупост која во некои матни времиња нема да биде прогласена за државен проект, заради кој ќе биде жртвувана иднината на целото општество. По сè изгледа дека нашата сегашност е тој зол миг кога на Македонија ѝ дојде времето да ги уништува своите културни и природни вредности, реализирајќи државни проекти во слава на глупоста на еден инфантилен авторитарен режим. Иако се тешиме дека практично ниту еден народ досега не се покажал природно отпорен на глупоста и дека се работи за очигледно универзална слабост на човештвото, пропаѓањето на Македонија зад границите на разумот под власта на ДПМНЕ не смее да се банализира со општи

констатации дека се работи за нормална криза во историјата видена многу пати.

> Патот е, значи, само каприц на нехуман и криминален ум, кој намислил да обезбеди ексклузивна траса за непостоечка елитна населба, за нејзините богати жители да ја избегнат булеварската врска низ Кисела вода до центарот на Скопје и да уживаат возејќи низ исечената Парк шума.

Веќе пишував за чудовишниот „регионален пат“ од Сопиште до центарот на Скопје, кој Владата го гради специјално за потребите на својот бесмислен проект „Сончев град“ и го трасира 10 километри преку Парк-шумата Водно. Овој пат ја докажува неисцрпната инвентивност на глупоста, зашто не само што за него не постои никаква потреба – локацијата „Сончев град“ е поврзана со Скопје со примарна сообраќајна мрежа од булевари и улици, туку неговото пробивање низ Парк шумата ќе направи непроценливи штети (десетици илјади исечени дрвја и хектари ееродирано земјиште) на ова наше скапоцено општествено благо. Патот е, значи, само каприц на нехуман и криминален ум, кој намислил да обезбеди ексклузивна траса за непостоечка елитна населба, за нејзините богати жители да ја избегнат булеварската врска низ Кисела вода до центарот на Скопје и да уживаат возејќи низ исечената Парк шума. Овој перверзен каприц треба да чини десетици милиони евра народни пари и стотици милиони евра непоправлива штета на целиот биолошки систем на Водно, а Владата оваа ужасно штетна глупост ја „бутка“ со образложение дека про-

ектот за патот ги поседува „сите потребни одобренија и елаборати и е во согласност со сите закони и прописи". Но, „регионалниот пат" и сите негови одобренија и елаборати не само што се спротивни на здравиот разум, туку се спротивни и на Уставот и на законите. Еве зошто.

Секој градежен зафат, а особено секој голем инфраструктурен проект мора да биде во согласност со планските документи од повисоко ниво. Овој принцип на хиерархиска поставеност на системот на закони и прописи е клучен структурен услов за владеењето на правото и темелна вредност на уставниот поредок (Устав на РМ, член 8 алинеа 3). Оваа задожителна усогласеност на прописите со законите и на прописите и законите со Уставот (член 51 став 1 од Уставот на РМ), во потполност важи и за системот на просторни и урбанистички планови, така што сите урбанистички планови од пониско ниво мораат да бидат во согласност со плановите од повисоко ниво, а сите планови во Републиката мора да се во согласност со Просторниот план на Република Македонија. Просторниот план го донесува Собранието на РМ како закон кој го претставува „просторниот устав" на земјата, а во него се уредени основната намена на земјиштето, мрежата од населени места и просторната разместеност на сообраќајната инфраструктура. Тоа значи дека за легално да се гради еден регионален пат, тој мора да е предвиден во Просторниот план на Република Македонија, кој е донесен од Собранието во не толку далечната 2004 година. А, дали „регионалниот пат" од Сопиште до Скопје преку Водно е предвиден во Просторниот план? НЕ Е!!!

Секој граѓанин – да не зборуваме за надлежните државни органи – може лесно да провери во Просторниот

план во главата „4. Сообраќај и врски“ и во картата бр.13 – во која е уредена сообраќајната мрежа, односно СИТЕ траси на автопатите, магистралните патишта и регионалните патишта – дека „регионалниот пат“ од Сопиште до Скопје ВООПШТО НЕ ПОСТОИ. Тоа значи само едно – дека целиот проект на Владата за најглупиот и најштетниот „регионален пат“ е бесправен, криминален и неуставен. Во дното на ова темно откритие на трупот на македонскиот правен поредок, сепак сјае модрозелената искра на иронијата, зашто во истото поглавје од Просторниот план е наведена основната цел на планот во областа на сообраќајот, а тоа е: „изградба на транспортен систем што ќе ги минимизира штетните влијанија на сообраќајот врз животната средина...“ Токму така – само обратно: Владата го гради патот кој не постои во планот и ги максимализира штетите врз животната средина!

Сосем е јасно дека сите планови, одобренија и елаборати, одлуки и решенија со кои се гради „регионалниот пат“ низ Парк-шумата Водно, се незаконски и неуставни, а целиот проект е тежок пример на државен криминал. Јасно е и дека во секое слободно граѓанско општество државна злоупотреба од оваа размера е повеќе од доволна причина на градските улици и падините на Водно да излезе маса од стотина илјади револтирани граѓани во одбрана на својата животна средина и иднина. Правдољубива маса на слободни граѓани решена да ги отстрани булдожерите што ја рушат шумата и да ги изведе сите одговорни пред мечот на правдата, за да ги осуди за пустошење на шумата, деградирање на животната средина и рушење на уставниот поредок. Но, ние нема да наседнеме на таа провокација – да бидеме насилни како

криминалците кои ни ја уништуваат татковината – и ќе се задоволиме со мирно и достоинствено наслушнување на веселиот зуеж на моторните пили и на длабокиот динамитен татнеж кој мило се спушта од планината. Ќе почекаме достоинствено спората но достижна правда да дотетерави до темниов вилает, ако попат не се сопне од трупот на нашето право.

http://bit.ly/grcev36

# ДЕСЕТТЕ ЗАПОВЕДИ НА ГРУЕВСКИ

19.11.13

> Употребата на детски јазик во комуникација со возрасни ја потиснува критичката свест и овозможува некритичко продирање на пораките подлабоко во свеста на изманипулираните.

Сите кои ја видоа снимката од неодамнешниот говор на премиерот Груевски пред 3000 раководители од државната администрација (а не ги заплисна спонтана оргазмичка катарза во моментите кога номенклатурата му скандираше на својот водач: „Heil, heil!"), мора да почувствувале тешка и задушлива тегобност, чувство на стеснетост и недостиг на воздух. Претпоставувам дека истото чувство на клаустрофобија го имале сите слободни луѓе во ситуации кога нивните земји пропаѓале под авторитаризам и изолација. Говорот со кој Груевски ја промовираше деловната етиката пред менаџерите на државната администрација беше настан со толку јасна и застрашувачка наци-фашистичка симболика, па не

е чудно што кај многу македонски граѓани, возрасни луѓе, предизвика да се чувствуваат како деца усвоени во туѓо, чудовишно семејство во кое се изложени на семејно насилство.

Гледан ладнокрвно со историска дистанца од две недели, овој настап (како, конечно, и сите обраќања на Груевски) е едно немушто исчитување на банален, тупаџиски и неписмен говор, полн со општи места; но, дикцијата со која е читан на овие тривијалности им дава особено морбидна психосоцијална функција. Анализата на говорот покажува дека тој ги содржи неколкуте основни елементи од јазикот на диктаторите кои имале претензии да му бидат татковци на својот народ, а нивните држави ги претвориле во органска целина, во „сложно“ патријархално семејство. Снисходливиот тон и нападно добронамерното обраќање – со поучен изговор кон кој возрасните спонтано се „префрлаат“ кога им се обраќаат на најмалите дечиња – и тоа на 3000 возрасни луѓе, столбови на државната бирократија, и, се разбира, на целиот библиски народ, е типично тоталитаристички инструмент за манипулирање и потчинување. Како што објаснува Ноам Чомски, употребата на детскиот јазик во комуникација со возрасна јавност автоматски ја потиснува критичката свест и овозможува некритичко продирање на пораките подлабоко во свеста на изманипулираните. Оваа манипулација, со која се зацврснува авторитетот на водачот, ги ползува прималните канали во психата на луѓето, изградени уште во раното детство. Тоа се патишта во потсвеста по кои некогаш се спроведувал животодавниот авторитет на родителите, чија функција престанала со достигањето на зрелоста. Овие канали кај возрасните луѓе повторно се „отвораат“ – сосем несвесно и

рефлексно – кога луѓето се наоѓаат под егзистенцијална закана и кога нивниот врвен авторитет, нивниот Водач, им се обраќа со детски јазик и со родителска (или учителска) хипнотички поучна и затапувачка дикција.

> Тука морам да забележам дека Тате повторно (по кој-знае-кој-пат) ги измешал значењата на зборовите, па погрешно го употребил „сервилно" наместо „услужно", не знаејќи, кутриот, дека „сервилно" значи ропски, покорно, понизно, подло, ниско, измеќарски.

Содржината на говорот е исто така очебиен пример на авторитарен, патријархален, „татковски" говор, во кој пораките се однесуваат на морални правила или факти од животот кои им се кажуваат на деца од предшколска возраст. На своите деца – на неколкуте илјади директори и раководители, правници, лекари и професори – читајќи го новиот етички Катихизис, нивниот Татко им порача: „Бидете добри луѓе", „Бидете љубезни кон секого", „...бидете подеднакво сервилни кон сите". Тука морам да забележам дека Тате повторно (по кој-знае-кој-пат) ги измешал значењата на зборовите, па погрешно го употребил „сервилно" наместо „услужно", не знаејќи, кутриот, дека „сервилно" значи ропски, покорно, понизно, подло, ниско, измеќарски; но повторно, оваа неписменост како фројдовска грешка ја открива суштинската функција на неговиот говор – утврдувањето ропска покорност. Понатаму, Архитектот и врховниот Етичар порачува: „Ако некој направил грев према вас, не му возвраќајте со тоа што и вие ќе направите грев...", итн., и уште куп банални старо и новозаветни заповеди и препораки за подметну-

вање образи... И тука Пастирот очигледно бајаги се занел и почнал малку пречесто да се префрла од старозаветната улога на Мојсеј директно во улогата на богочовекот Исус, зашто да не заборавиме: Менаџмент етиката Тој ја срочи точно во 10 заповеди!

Но, шегата на страна, иако буквалното значење на повеќето од овие базични морални пораки не е спорно, нивната баналност, нивната авторитарна лапидарност и нивната лажност – бидејќи се искажани во ужасно погрешен контекст – ги чини и тоа како спорни. Кога еден премиер на менаџерите на државната бирократија им ги бае како поп на петгодишни дечиња овие рудиментарни морално-религиски мантри, и тоа како врвни закони според кои овие ќе ја водат професионалната кариера и ќе се управуваат во животот, е, тоа е веќе сериозна, дури злосторничка манипулација за покорување на државната администрација и за нејзина инструментализација во политичко-партиски извршител. Овој настан е еклатантен пример за тоталитаристичка злоупотреба на политичката моќ, но тој е воедно и симптом за еден комплетиран процес на „инсталирање“ на фашизоидна партиско-полициска држава. Неуставното функционирање на оваа држава-монструм во потполност го сервисира партизираната администрација чијашто ефикасност се темели единствено на отсуството на мисла, совест и човечност, како и на нејзината тапа покорност и сервилност.

Хана Арент пишува дека вредностите според кои човекот треба да се управува во тоталитарно општество веќе не му се достапни на неговото мислење или индивидуалната совест, туку се во потполност диктирани од држава-

та. Таа инсистира дека во тоталитаризмот разликувањето на доброто и злото веќе не е работа на поединецот, туку на државата. Како да присуствувала на говорот на Груевски.

http://bit.ly/grcev37

# БЛАГОСЛОВ И КЛЕТВА

**26.11.13**

> Тој модел на „строг ама правичен“ татко, газда, паша, крал или бог, е очигледно длабоко врежан во поданичкиот ген на божјите робови со овчо самочувство.

„Јас сум Господ, вашиот Бог, кој ве изведе од земјата во која бевте ништожници.“ Оваа основна, старозаветна пустинска порака провејуваше низ целиот говор на Груевски, таа беше единствената порака во сите Десет заповеди, кои премиерот пред неполн месец дена им ги соопшти на офицерите на државната и јавната администрација. Говорот беше задушен со повторувања на рудиментарни, анахрони морални поуки, кои можеби биле пригодни за неписмените синови Израилеви пред 3.200 години, под изгорената Синајска гора, но сосем сигурно се неприкладно, дури злокобно инфантилни, кога денес им се соопштуваат на образовани, возрасни, раководни кадри од една современа држава. Јасно е дека сите тие ветви морални поуки (за тоа како

администрацијата треба да се однесува со граѓаните) имаа функција само како носачи на едната и единствена порака во целиот говор: „Немојте да имате други богови освен Мене!“, ечеше зловесто зад секоја умилна детска поука, и „...немојте да им се клањате, ниту да им служите, оти Јас сум Господ, Бог ваш, Кој за гревовите на татковците ги казнува децата до третото и четвртото колено...“ (Свето писмо, Втора книга Мојсеева 19.20).

Латентната закана за сурова и непропорционална казна, која ќе удри на невините членови на семејството „во трето и четврто колено“, е всушност вистинската порака која Груевски во таа пригода им ја испрати на сите синови Александрови, на целиот библиски народ. „Пораката ја праќам (...) чисто, јасно, недвосмислено, и (ве молам) никој поинаку да не го разбира или толкува од она како што го кажувам.“ – вели Тој, исто како Јахве: „Пазете го целиот мој закон и сите Мои повелби, и извршувајте ги. Јас сум Господ, Бог ваш.“ (19.20) Самодеификацијата која премиерот скромно ја „одработи“ во говорот, тој ја конструира заедно со мистификацијата на моќта на неговите закони: „Законот е така направен што не постои начин да се изигра“ – вели Груевски (изговарајќи ја сосем сериозно оваа скудоумна детска глупост, на која администрацијата – да не беше посрана од страв и восхит – ќе се валкаше по партерот од смеа). Но потем, за некоја будала буквално да не ја сфати претходната изјава, премиерот – гувеејќи срамежливо – напоменува дека Неговата Реч е (сепак!) посилна и од законот: „ ...повикајте се на законот, етичките норми, и (најнакрај, демек, ако ништо не помага!) ... и на овој мој говор.“ Амин.

Јазикот на прималните емоционални екстреми на стравот и овчата блаженост, кој преовладува во говорот на Груевски, е проверена религиска формула за потполно и безусловно потчинување на верничките маси од страна на правичниот но строгиот Господ Бог. Тој модел на „строг ама правичен“ татко, газда, паша, крал или бог, е очигледно длабоко врежан во поданичкиот ген на божјите робови со овчо самочувство, кои во животот се управуваат со примални чувства а не со разумна мисла. Тие знаат инстинктивно дека „строгиот ама правичен“ бог секогаш имал двоен аршин: тој дава благослов само на оние што го слават слепо и безусловно, а фрла клетви и сурово се пресметува со инакумислечките: „Ако постапувате според Моите повелби и ги запазувате Моите наредби, (...) Ќе погледнам на вас и ќе ве благословам (...) Ако, пак, не Ме слушате и не ми се покорувате, (...) Ќе ја запустам земјата ваша, (...) вас, пак, ќе ве растурам меѓу народите и ќе ве истреби мечот што ќе дојде;“ (Свето писмо, Трета книга Мојсеева 25.26 Благослов и клетва).

Кога овој верски говор на благословот и клетвата ќе стане старо-новоговор на политиката, тогаш е сосем сигурно дека тоа никако не е говор на разумот и логиката, туку говор на емоциите, говор на популистичката манипулација и на пропагандата. Основната функција на овој примитивен новоговор не е да обезбеди интелектуални алатки за препознавање на доброто и злото, туку да ја утврди социјално-политичката стратификација на општеството, да го оддели мнозинството благословени од стигматизираното малцинство на отпадниците. Етиката на сите старозаветни – во денешно време тоталитаристички – заедници е одредена преку носителот на монополот за насилство: доброто е секогаш на страната на

власта, а злото е секогаш кај отпадниците, слободоумните, предавниците. Ветеното блаженство – од една страна, и заканата за непропорционалната и свирепа казна – од другата, се практично единствените елементи на бинарниот емоционален говор на пустината, а кога ќе станат носечки елементи на еден современ политички говор, знајте дека тој се случил во општество во кое веќе владее тоталитаризмот. Рита Леви-Монталчини сведочи дека „Хитлер и Мусолини зборуваа со јазикот на емоциите, којшто го прифаќа базичниот, анималниот дел на мозокот, а не неокортикалниот, интелектуалниот мозок. Тие управуваа со емоции, а не со разум и со резон.“

> Рита Леви-Монталчини сведочи дека „Хитлер и Мусолини зборуваа со јазикот на емоциите, којшто го прифаќа базичниот, анималниот дел на мозокот, а не неокортикалниот, интелектуалниот мозок. Тие управуваа со емоции, а не со разум и со резон.“

Како е можно тогаш, македонската држава – која од рана младост ја осозна слободата на рационалната мисла – да пропадне толку ниско за да биде владеана со примитивните емоции на стравот и ветената милост? Славната нобеловка објаснува дека разумот е чедо на несовршеноста, па за безрбетниците кај кои сѐ е програмирано може да се рече дека се совршени, додека несовршениот човек морал да прибегне кон разумот и кон проценка на етичките вредности. Изборот помеѓу доброто и злото така станува највисок степен на Дарвиновата еволуција. Но, длабоко во секој човек, за заштита на треперливата искра на голиот живот, останало во функција безрбет-

ничкото мозоче кое управува со емоциите, а најсилната од сите емоции е стравот. Така еволуцијата на човечкиот вид е обележана со борбата помеѓу стравот и разумот, а таму каде што премиерот држи старозаветни говори со благослов и клетва, милост и закана, таму стравот веќе ја однел победата.

http://bit.ly/grcev38

# СПОМЕНИК НА ТИТО КОЈ ЌЕ СЕ ГЛЕДА ОД ВСЕЛЕНАТА

**03.12.13**

> На Тито би требале да му изградиме споменик висок 16 километри!

Веста за поставување полиуретански (или не знам каков) споменик на Јосип Броз Тито, ноќта спроти 29 ноември, пред истоимената гимназија во центарот на Скопје, и неговото свечено откривање утредента од страна на преживеаните Титови борци и нивните почитувачи, се прошета низ македонските медиуми истакнувајќи го само прашањето за легалноста на споменикот. Значи, најважното прашање на 29 ноември беше дали споменикот има уредно одобрение од надлежниот државен орган, а – за фарсата да добие и безбедносен шмек – се постави и прашањето за стабилноста на споменикот, бидејќи скопското ветерче можело да го оддува Маршалот во непознат правец, причинувајќи патем кој знае какви

штети? Неколку мига по веста, тој обичен сивуркав работен ден, ме порази сознанието за размерите на нашето македонско национално недостоинство и понижувачкиот недостиг на самопочитување, зашто успеавме најзаслужната историска фигура за настанувањето и процутот на современата македонска држава и култура, заедно со денот на нејзиниот вистински зачеток, прво да ги испоганиме со нашиот заборав и рамнодушност, а потоа да ги претвориме во панаѓурска шега и левтерна вест од комунална хроника. Затоа, најважните прашања за современата национална и државна самодефиниција на Македонците – кој е најзаслужен за нашето постоење, кога сме зачнати, во име на кои вредности, кој и со каква цена го платил нашето постоење – тој ден останаа непоставени и неодговорени, покриени со сточниот измет на нашата плиткоумност и изгазени со копитата на нашиот сиров чифлигарски простотилак.

> Најважните прашања за современата национална и државна самодефиниција на Македонците – кој е најзаслужен за нашето постоење, кога сме зачнати, во име на кои вредности, кој и со каква цена го платил нашето постоење – тој ден останаа непоставени и неодговорени, покриени со сточниот измет на нашата плиткоумност.

Првин за веселиот дел од веста, за легалноста на споменикот на Јосип Броз Тито, која ќе треба да ја утврдуваат органите на општина Центар, истите органи кои – кога со општината владееше ДПМНЕ – незаконски ги издадоа сите одобренија за десетиците споменици што веќе неколку години го грдат центарот на градот. Што ќе направат кутрите инспектори на општина Центар кога

ќе излезат да ја утврдат легалноста на пластичниот споменик? Ќе утврдат дека во неуставната и незаконската општинска Програма за изградба на спомен-обележја го нема името на Јосип Броз Тито? Ха! И што ќе се докаже со утврдувањето на фактот дека Тито го нема во најнезаконската Програма на сите времиња, со која се изградени Александар и татко му Филип, Јустинијан и уште четири дузини бесмислени споменици, онаа иста Програма со која беше суспендирана надлежноста на Собранието на РМ за градење на споменици, онаа програма со која беа на гангстерско-мафијашки начин искрадени неколку десетици милиони евра народни пари. Ќе се докаже дека споменикот е легален или нелегален? Да бевме нормална земја, да ја прележавме веќе болеста на националното лудило на самозаборавот и синдромот на мочање врз сопствениот гроб, инспекторите на општина Центар немаше да мораат ниту да излезат од своите канцеларии, зашто легален споменик денес може да биде само оној што не е наведен во нивната Програма! Од друга страна, постои ли група луѓе со поголем легитимитет во земјава од оние старци и старици што со солзи во очите, со ордења на градите и со сеќавања на загинатите

> И што ќе се докаже со утврдувањето на фактот дека Тито го нема во најнезаконската Програма на сите времиња, со која се изградени Александар и татко му Филип, Јустинијан и уште четири дузини бесмислени споменици, онаа иста Програма со која беше суспендирана надлежноста на Собранието на РМ за градење на споменици.

другари, му го откриваа споменикот на својот врховен командант?

А, 29 ноември, денот кога се случи овој дубиозен комунален скандал – денес обичен, необележан и непразничен ден – да ти бил Вистинскиот ден на зачнувањето на нашата денешна македонска држава! Ехееј, народе македонски! На тој ден 1943 година во босанско Јајце е донесен и стапи на сила првиот државотворен конститутивен правен документ во историјата, во кој на демиуршки јасен и децидиран начин се установува формирањето на македонската држава и постоењето на македонскиот народ. Во Одлуката бр.3 на Второто заседание на АВНОЈ, во точката 2. пишува: „За да се оствари принципот на сувереност на народите на Југославија, (...) Југославија се гради на федеративен принцип кој ќе обезбеди полна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина." Сегашното официјално игнорирање на денот кога д-р Иван Рибар го ставил својот потпис на документот на нашата креација, на нашиот родилен лист, го слика општествениот контекст „на нелегалното поставување на пластичниот Тито", на состојбата на нашата добиточна помиреност со сопственото непостоење и со повторната окупација на Македонија.

Што се однесува до споменикот на Јосип Броз Тито, што повеќе да ви кажам: доколку големината и пресудноста на личниот и историскиот придонес за постоењето на Република Македонија е мерка за големината на неговиот споменик, споредено со 30 метри високиот Александар, на Тито би требале да му изградиме споменик висок 16

километри, од титаниум, иридиум, злато и платина, за да се гледа со голи очи од вселената. Бидејќи тој бил единствената голема историска фигура која решително ги засукала ракавите, за да ги брцне длабоко во маларичните блата на Вардарска бановина, тогаш дел од целокупна Блгарија, и од црната кал да го запали факелот на македонската државност; тој е единствениот глобален големец во бесконечното минато кому можеме да се заблагодариме што се обидел да го воспостави и одржи во живот првото слободно и суверено македонско општество. Се обидел и – како што деновиве гледаме – не успеал за долго.

http://bit.ly/grcev39

# МАКЕДОНИЈА НЕ ИМ ВЕРУВА НА СОПСТВЕНИТЕ СОЛЗИ

**11.12.13**

> Вистинската мерка на македонската несреќа се состои во фактот што сево ова што ни се случува го прифаќаме како нормална состојба.

Во позадината на кадарот се нишаат палми, а во преден план гледате обичен човек зад кој се тиска камарила безрбетници тапо загледана во неговиот тил, од што станува јасно дека се работи за президенте де ла хунта, кој ноншалантно одговара на прашањата на новинарите. На прашањето што ќе направи Владата да го реши проблемот на пренатрупаност на затворите за притвор (кој настанал токму поради тоа што судовите по негова наредба притворот го претворија во затворска казна со неограничено траење), ел президенте одговара рутински самоуверено. Вели дека Владата веќе сериозно се зафатила со проблемот и со помош на европските фондови за унапредување на демократијата (или слично) ургентно ќе бидат изградени поголеми затвори кои без проблем ќе

го згрижат енормно зголемениот број притворени лица. Очекувате да грмнат салви од студиски монтирана смеа, а пред телевизорите да се грчи во урнебесно смеење повеќемилионскиот аудиториум, здушно уживајќи во овој ударен штос од една првокласна политичка сатира. Хумор со кој се параболизира ненормалната состојба кога една недемократска власт, наместо да прекине со масовното притворање невини, „проблемот" го решава со градење нови затвори. Но, не, немаше ниту монтирана смеа, ниту некој во Македонија се насмеа на оваа сјајна сатира која помина незабележана, зашто сатирата е функционална само кога параболизира ненормални ситуации, додека нашата веќе параболизирана реалност е претворена во банална нормалност. Поради тоа Груевски, одговарајќи на прашањето за последиците од злоупотреба на притворот, немаше намера да прави сатира (на самиот себеси), туку со студена бастеркитоновска фаца му објасни на светот како проблемот со зголемениот број незаконски притворени политички затвореници владата на ДПМНЕ го решава со градежни средства.

> Сатирата е функционална само кога параболизира ненормални ситуации, додека нашата веќе параболизирана реалност е претворена во банална нормалност.

Или, ја слушаме министерката де ла полисија де ла хунта како им објаснува на новинарите за сите мерки кои Министерството ги презело за да ја сузбие појавата на зголемен број македонски граѓани кои бараат политички азил во земјите на Европската унија. Ставот на европските земји и на нашата Влада е дека „лажните

азиланти“, најчесто Роми, го злоупотребуваат правото на политички азил, бидејќи побудите им биле економски, а не политички ( демек, луѓето оделе по леб, а не поради дискриминација или кршење на нивните човекови права). На истите вести, минута подоцна, гледаме како нашата гранична полиција ги враќа од граница назад во земјата Ромите кои тргнале на пат во странство, без образложение и безпоговорно, очигледно следејќи ги неформалните усмени наредби од својата хефе де ла полисија. И оваа одвратна ситуација има структура на префинета иронија и политичка сатира од висока класа, зашто со незаконското и неуставното ограничување на правото на движење и грубата дискриминација на Ромите, македонските власти и де јуре и де факто го „легализираа“ нивното барање за политички азил, претворајќи ги економските мигранти во легитимни азиланти чиишто права и слободи се дерогирани и кои се дискриминирани од властите во сопствената држава. „Мерките“ на режимот од „лажните азиланти“ создадоа вистински политички азиланти! Се разбира, и оваа грда вест не беше доживеана како сатира и никој не се насмеа на неа, но – како и на вестите за другите злостори на режимот – никому ниту око не трепна...

> „Мерките“ на режимот од „лажните азиланти“ создадоа вистински политички азиланти!

Со други зборови, ако сакаме да ја дефинираме вистинската мера на нашата општествено-политичка мизерија, таа нема да се однесува на степенот и формата на незаконитото владеење на режимот на Груевски, односно на инсталирањето на неформална партиско-полициска власт во Македонија, која ги окупираше сите уставни

институции во Републиката. Не, тоа нема да биде ниту описот на сè поголемиот број жртви на кршење на човековите права од страна на власта, ниту одмерувањето на опаѓачките параметри од сите аспекти на животот во замирање... Вистинската мерка на македонската несреќа се состои во фактот што сево ова што ни се случува го прифаќаме како нормална состојба. Како ништо ужасно ненормално да не ѝ се случува на Македонија. А токму „нормализацијата" на ненормалните состојби со нашите слободи и права, и банализацијата на практичното суспендирање на Уставот од страна на авторитарната власт на ДПМНЕ, се најцрните симптоми на нашата општествена болест.

И, ако се послужиме со Шопенхауеровата дефиниција дека сочувството е основата на моралноста, мерката на нашата мизерија е во длабочината на нашата неморалност, зашто не само што дозволивме пред очи да ни го заколат и фрлат во јама со негасена вар нашиот македонски државно-национален и културен проект, туку што поради нашето глумење дека ништо (страшно) не се случило, не успеавме ниту солза да пуштиме за него. Нашата неморалност се манифестира во рамнодушноста кон сопствената судбина, исто како и во несочувствителноста кон општата несреќа. На таа неморална, тапа „нормалност" ѝ се предадовме со таква страст што не успеваме да ја препознаеме ниту комичната и сатиричната природа на нашата трагична стварност, а богами, не почувствувавме ни бес ни жал и за сопствената изгубена слобода. При што, глумењето нормално секојдневие во услови на егзистенцијален страв, кој им ги бои гаќите на храбрите македонски мажи, како да ги апсорбира сите

афективни потенцијали на нашата човечност и ги задушува последните дамари на нашата моралност. Затоа, не само што прекинавме да чувствуваме тага, гнев или солидарност кон туѓите несреќи, туку, кутрите, веќе немаме емпатија ни кон сопственото пропаѓање. Македонија веќе не им верува ниту на сопствените солзи.

http://bit.ly/grcev40

# ИМЕТО НА ЗЛОТО

**18.12.13**

> Името на злото мора да го знае секој што наумил против него да се бори, зашто инаку тоа за него е невидливо, несфатливо, па поради тоа и несовладливо.

Некаде во доцните седумдесетти, во самракот на скопското корзо, се протркала од Кенан до Кооператива еден дотогаш нечуен виц-загатка. Прашањето во загатката беше: „Што е тоа: големо, зелено, живее во вода и јаде камења?“ Бидејќи никој не го знаеше името на ова бизарно суштество, сите со подотворена уста го чекаа одговорот: „Голем зелен воден каменојадач!“ Загатката произведуваше умерена и млака смеа, но затоа носеше скриена поука за принципите на препознавањето и именувањето на нештата, многу повредна од заборавот што ја проголта. Се работи за елементарната вистина дека препознавањето на сите појави во човековата реалност е можно само со воспоставување цврста релација помеѓу

именувањето на појавата и описот на нејзината природа. Од ова понатаму произлегува дека појава која нема име – а со тоа ниту опис на својствата – не е видлива, односно не е сознатлива за човекот.

И, додека неименуваната роза може да биде предизвик за поетската интуиција, неименуваната болест или невидливото зло е без сомнение најголемата опасност за животот на човекот и неговите заедници. Името на злото мора да го знае секој што наумил против него да се бори, зашто инаку тоа за него е невидливо, несфатливо, па поради тоа и несовладливо. Се разбира, зборувам за режимот на Груевски и последиците од неговото неименување односно непрепознавањето на неговата вистинска природа.

Иако вистинската природа на режимот на ДПМНЕ е со очебијна фашистичка провениенција, вложени се огромни напори името на ова најголемо зло во историјата на македонската држава да не биде во јавна употреба. За жал, оваа мимикриска појава не е локална, балканска, туку глобална, зашто појавата на новиот фашизам со „демократски лик“ добива континентални размери. По неочекуваниот глобален колапс на социјалистичката идеја и комунистичката идеологија – со кои на необјаснив начин замре и целокупната левичарска мисла во светот – стана особено воочлива општата тенденција кон вредносната релативизација на фашизмот и кон неговата историска инкапсулација. Се релативизираат причините и големината на неговите злостори, а се негира и употребливоста на искуствата и поуките од ова апсолутно општочовечко зло во анализирањето на современите општествено-политички појави.

Видно е општото политичко поместување вдесно и изолирањето на фашизмот како поединечна историска појава која нема современи пандани ниту практична употребливост, и сѐ почестото употребување на комунизмот – наместо фашизмот – како метафора за Големото зло. Паралелно, антифашизмот почнува да се смета за анахрон и пригоден само за рутинските говори по повод чествувањата на победата над фашизмот, кои се вршат во присуство на сѐ помалиот број на живите ветерани антифашисти. Со исчезнувањето на генерацијата старци кои ги вложија своите животи во светската победа над

> Видно е општото политичко поместување вдесно и изолирањето на фашизмот како поединечна историска појава која нема современи пандани ниту практична употребливост, и сѐ почестото употребување на комунизмот – наместо фашизмот – како метафора за Големото зло.

фашизмот, од под камењата излазија луѓе кои како да се родени со бацилот на фашизмот во крвта. Тие како знаме го истакнаа историскиот ревизионизам со кој ги прогласија своите домашни фашисти и крвници од Втората светска војна за херои и жртви. Како последица на овој долго одложуван победнички реваншизам на губитниците од Втората светска војна, денес е веќе вообичаено да се одбегнува употребата на поимот „фашизам“ како генеричко име за современа општествено политичка состојба, идеологија или состојба на духот, а невнимателното кршење на оваа куртоазна рутина сѐ повеќе се смета за обична непристојност или навреда. За тоа вре-

ме, новиот „кадифен“ фашизам завладеа со Македонија и со некои европски земји, а во повеќе други расте како кисело тесто.

Јасно е зошто режимот на Груевски не сака да биде именуван со неговото име. Фашизмот е – и покрај усилбите на новиот ревизионизам – сепак општоприфатен синоним за нoторно зло, а режимот на ДПМНЕ (како и сите современи диктатури) страсно сака да се прикажува во позитивни демократски бои. Груевски ниту под закана на живот нема да ја признае фашизоидната природа на идеологијата на ДПМНЕ и никогаш нема да се откаже од глумењето љубезна и кротка демократија, како и од лажното декларирање посветеност кон европските вредности. Токму ова инсистирање на лажната претстава за себе стана дистинктивно својство на македонскиот фашизам: тоа е подол и итар, полициски, а не милитаристички фашизам, тоа е фашизам што го крие своето право лице, затскриен фашизам или криптофашизам. Овој срамежлив фашизам, меѓутоа, се заснова врз истата идеологија на преродба на нацијата, врз идеологијата на крвта и земјата која е есенцијалното митолошко јадро и на оригиналниот наци-фашизам, од каде што потекнува и неговата ѓаволска природа. Од преродбеничкиот национализам потекнуваат сите несреќи и умирања предизвикани од фашизмот, зашто таа идеја ги буди и активира, ги прави неопходни и ги оправдува најдолните човечки својства: расизмот, шовинизмот, ксенофобијата, биготизмот, сексизмот, хомофобијата, алчноста, суровоста, неморалноста и уште многу други...

Новиот фашизам е болест на општеството како што е тоа канцерот во човечкиот организам – неговата смртонос-

на моќ потекнува од неспособноста на одбранбениот имуносистем да го препознае и уништи злото. Навременото препознавање на фашизмот затоа е исто како раното дијагностицирање рак – колку порано се препознае болеста, колку похрабро се соочиме со неа и, се разбира, колку посоодветно реагираме, толку се поголеми шансите за нејзино совладување. Во таа борба името на злото ни е неопходно за да го одбереме вистинското оружје, зашто канцерот не се лечи со ладни облоги.

> Новиот фашизам е болест на општеството како што е тоа канцерот во човечкиот организам – неговата смртоносна моќ потекнува од неспособноста на одбранбениот имуносистем да го препознае и уништи злото.

http://bit.ly/grcev41

# ЖИВОТ ВО КУКАВИЧИНО ГНЕЗДО

**25.12.2013**

> После глобалниот успех на филмот на Форман синтагмата „кукавичино гнездо“ го доби и значењето на институција за згрижување ментално заболени луѓе.

Поимот „кукавичино гнездо“ во сите европски култури во кои живее птицата кукавица – која ги полага своите јајца во гнезда од други птици – во говорниот жаргон најчесто означува место коешто не постои или темен вилает каде што не треба да се оди. После глобалниот успех на филмот „Летот преку кукавичиното гнездо“ на Милош Форман, синтагмата „кукавичино гнездо“ го доби и значењето на лудница или институција за згрижување на ментално заболени луѓе. Интересно е дека употребата на оваа синтагма за отсликување на суштината на македонската општествена криза, успеа во себе да ги вообедини и двете значења на поимот „кукавичино гнездо“, зашто нашата преродбеничка Голгота се одликува и со дистопичност поради општото пропаѓање на демокра-

тијата и правната држава, како и со вистински колапс на разумот и паметта. Но, мрачните совпаѓања на метафората за кукавичиното гнездо со македонската цивилизациска пропаст под власта на ДПМНЕ не завршуваат на симболичко ниво, туку продолжуваат да се остваруваат и низ епската драма на измама и сотирање на породот, драма која се случува откако кукавицата ќе го положи своето јајце.

Современите набљудувања на кукавичината паразитска стратегија за репродуцирање открија неверојатни аспекти на оваа измамничка драма, кои ѝ даваат поучни езоповски размери на приказната. Првин кукавицата внимателно ги бира птиците-жртви според три основни критериуми: тие треба да се вредни и лојални хранителки, да немаат доволно интелектуални способности за да ја препознаат измамата и – што е најважно – тие треба физички да се многу помали и послаби од кукавицата. Тоа е зашто кукавицата (спротивно од проширеното мислење) го набљудува однесувањето на домаќините во чие гнездо го положила своето јајце и доколку забележи дека родителскиот пар сака да го исфрли измамничкото јајце, кукавицата го казнува со егземпларно растурање на целото гнездо. Вистинско откритие е дека „кукавичиното гнездо“- а секое гнездо во кое кукавицата ќе го снесе своето јајце станува кукавичино – не е продукт само на итрина и измама, туку и на мафијашки рекет или институционална закана која ги присилува родителите да го прифатат и хранат паразитскиот пород. Цената на овој рекет за родителите кои решиле да се однесуваат „нормално“ и да го излегнат кукавичиното младо, е смртта на целиот нивен пород, зашто прво што прави тукушто ис-

пилената кукавица – уште слепо голтарче – е да ги исфрли и убие сите други новоизлегнати птичиња од гнездото и да остане само да го ползува целиот капацитет за хранење на родителскиот пар кој останал без својот пород. Вистинска еволуциска мистерија е завршницата на оваа колосална измама (или одвратен мафијашки рекет) која – како и секоја трагедија – има перверзни елементи на комичното, зашто младото на кукавицата расте и до шест пати поголемо од „родителите", па тие – за да му ја уфрлат храната во клунот – понекогаш мораат да му слетуваат на рамото!

> Младото на кукавицата расте и до шест пати поголемо од „родителите", па тие – за да му ја уфрлат храната во клунот – понекогаш мораат да му слетуваат на рамото!

Сигурно се прашувате, почитувани читатели, зошто ви го трошам времето и вниманието на неважни куриозитети од тајниот живот на животните? Немам солиден одговор и веднаш признавам: за џабе. Но, сепак. Стратегиите за преживување и обрасците на однесување кај животните знаат да бидат неверојатно применливи за човечка употреба, зашто се структурно идентични и се темелат на истите еволуциски механизми на присила и избор. Така и во случајот со „кукавичиното гнездо", трагичната измама со подметнатото јајце е структурно идентична со институционалната злоупотреба на демократијата која режимот на Груевски ја спроведува веќе седма година во Македонија. На последните демократски избори 2006 година, ДПМНЕ како кукавичино јајце се всели во кревкото седало на македонската демократија и оттогаш паразитира голтајќи го вкупниот општествен про-

извод, убивајќи ја македонската иднина, истуркувајќи ги македонските млади надвор од татковината, од родното гнездо. Измамата со подлото инсталирање на партиско-полициската диктатура на ДПМНЕ во демократска држава која ја создале други, е потполно аналогна на кукавичината: измамникот првин ја маскира својата злосторничка природа, а потоа ги окупира сите институции на државата, уништувајќи ја нивната демократска, правна и човечка содржина. Натрапникот потоа ја уништува конкуренцијата создавајќи страховлада и „социјален мир" со државен рекет, па го растерува подмладокот кретенизирајќи ја земјата и создавајќи безнадеж, за на крајот да продолжи да паразитира, расте и краде до пропаста на измамениот народ.

> Измамникот првин ја маскира својата злосторничка природа, а потоа ги окупира сите институции на државата, уништувајќи ја нивната демократска, правна и човечка содржина.

Поуката од суровата басна за „кукавичиното гнездо" е дека најодговорниот за смртта на младите птичиња излегнати во „кукавичиното гнездо" не е кукавицата – која е креаторот на измамата, ниту е тоа младото кукавичино пиле – кое е директниот извршител на убиството, туку тоа се родителите на убиениот пород. Тоа е така не само зашто не ја препознале измамата, туку најповеќе зашто го „легализирале" убиството на сопствените млади, продолжувајќи да се однесуват „нормално" и да го хранат натрапничкиот окот. Така и Македонците кои „нормалниот живот" во „кукавичиното гнездо" на ДПМНЕ го претпочитаат повеќе од борбата против диктатура-

та на Груевски, се најодговорните за тажната судбина на својот пород. Тие мораат да знаат дека се помириле со мафијашко-партиски рекет во кој кревкиот привид на нормалниот живот денес, го плаќаат со апсолутно сигурната загуба на нивниот пород во иднина. Зашто, паразитскиот окот на диктатурата на ДПМНЕ со време неумоливо ќе ги истурка сите нивни птичиња вон татковината која станала „кукавичино гнездо", некаде далеку од Македонија, голи и боси во незнајната судбина, нагрнати само со надежта за подобар неповрат.

http://bit.ly/grcev42

# ШЛЕМОТ НА АЛЕКСАНДАР СО ЦРВЕНА МЕТЛА КАКО ПЕТЕЛСКА КИКИРИШКА

**15.01.2014**

> Ужасната вистина е дека „бескомпромисната битка за името“ е само сценска закрила зад која Груевски во тишина ја уништува културната содржина на македонскиот идентитет.

Најефикасна окупаторска техника за покорување на населението од новоосвоените земји, од најстари времиња до денес, е брзата и насилна промена на културата, верувањата и идентитетското саморазбирање на жртвите. Оваа техника во поново време ја користеле десните националистички диктатури, фашизмот и нацизмот, за покорување на сопствените народи. Основната метода на покорување се состои во институционалното создавање дисконтинуитет во народното сеќавање, во уништувањето на кумулираните културни вредности и во раздвојувањето и замената на фундаментите за колективната идентификација – операција нагалено наречена „преродба на народот“.

Годфрид Бен, германски писател кој 1933 застанал зад Хитлеровата револуција измамен од нејзината енергија, неколку години подоцна освестен и констерниран сведочи како преродбата го сменила идентитетот на нацијата со „образование чија суштина беше во систематското бришење на секаква духовна и морална животна содржина како од книгите така и од практиката и во нејзино заменување со... мистичниот тоталитет на лудаците...“

> Преродбата го сменила идентитетот на нацијата со „образование чија суштина беше во систематското бришење на секаква духовна и морална животна содржина како од книгите така и од практиката и во нејзино заменување со... мистичниот тоталитет на лудаците...“

Преродбеничката револуција на Груевски ги користи истите методи на Хитлеровите културбригади, зашто македонската „преродба“ е франкенштајнска операција со која од мозоците на луѓето првин се демонтираат фундаментите на нивното самоспознавање базирани на наученото знаење, на непосредното и доживеаното минато, како и на уште паметливата и фактографски обилно документирана историја. Менталната празнина потоа се пополнува со митолошка небулоза за вистинското потекло на народот за чија „фактографска“ поткрепа постојат само умосерини исцедени од бладањето на тешки ментални болесници во улога на национални пророци. Во таа операција корпусот знаења за нас самите и за нашето место во светот и историјата, се озлогласува и се обезвреднува, за да се замени со купче отровен ментален измет со кој се трујат македонските деца уште

од градинка и во којшто секој „добар Македонец“ од сега па натаму би требало слепо да верува.

Додека оваа злосторничка операција за покорување на Македонците со пропагандни средства се одржува во областа на периферниот вид на нацијата, власта со сите медиумски средства во централниот фокус на јавноста громогласно ја одржува „титанската битка за зачувување на името“. Всушност, мамејќи ја нацијата дека нејзиниот идентитет се содржи (и се брани!) во името, режимот создава сценска магла од чадот на лажната борба за зачувување на името, од која не се гледа дека зад сцената тој систематски ја уништува самата суштина на националниот идентитет, уништувајќи ја неговата културна содржина. Зашто – да се потсетиме – идентитетот на личноста е знаењето за самиот себе си, свеста за сопственото себство, додека националниот идентитет е сублимат од институционалната меморија за сопствената култура во која се преплетуваат општествено-политичките, државно-правните, културните и етничките аспекти на колективното сеќавање. Личните и државните имиња се, значи, само формалните ознаки на огромните психо-социјални и културно-историски идентитетски архиви на чиишто кровови се веат идентитетските симболи. Тие се само натписи над влезовите во зданијата во кои се сместени идентитетските содржини. Испаѓа дека работите се токму обратни од нивната пропагандна претстава во македонската јавност, зашто луѓето и државите често си ги менуваат имињата без последици, додека суштинското менување на когнитивната и културната содржина на идентитетот, кај личноста е симптом на тешко психичко заболување, а кај нацијата е симптом на нејзиното исчезнување.

Ужасната вистина е дека „бескомпромисната битка за името“ е само сценска закрила зад која Груевски во тишина ја уништува културната содржина на македонскиот идентитет. Зашто, дифамирајќи ја социјалистичката македонска култура и историја и заменувајќи ја вистинската херојска епопеја на македонските партизани и полвековниот девствено македонски културен производ со лажната митологија за македонското златно доба под знамето на Александар III Македонски, срамежливиот фашизам на ДПМНЕ ја множи со нула единствената реална македонска култура, а со тоа и супстанцата на македонското постоење. Навидум оперетска кич претстава, идентитетската преродба на Груевски ќе изврши вистински холокауст врз македонскиот културен идентитет, после што веќе нема да може да се зборува ниту за македонска култура, ниту за македонски идентитет.

И на крајот, збор за надворешната функција на идентитетот како перцепција и препознавање од страна на светот, каде што идентитетската преродба на режимот бележи навистина револуционерни резултати. Додека нè препознаваше според „титовката“ со петокрака, светот нè почитуваше како млада и горда нација самосоздадена во антифашистичкиот оган. Денес светот гледа очајна нација со тешко пореметување, гледа умоболник со заменет идентитет, кој наместо вообичаената наполеонска шапка на главата го накривува импровизираниот шлем на Александар со црвена метла како петелска кикиришка озгора.

http://bit.ly/grcev43

# КРАЛОТ ЕДИП, ТРАГЕДИЈА ЗА ИДЕНТИТЕТОТ

**22.01.2014**

> Најголемата опасност на идентитетот никогаш не му се заканува од надворешните непријатели, туку однатре, од страна на неговиот носител.

Во веројатно најголемата трагедија на сите времиња, Кралот Едип на Софокле, целата структура на дејствието е исплетена околу проблемот на идентитетот, а започнува со едно злокобно пророштво од Делфи. Пророштвото е изречено веднаш по раѓањето на Едип, и во него се тврди дека еден ден тој ќе го убие татка си и ќе се ожени со мајка си. Кога пораснал, стравот од остварувањето на пророштвото го брка Едип од Коринт, каде што мирно израснал како единствено дете на кралот Полиб и мајка му Меропа. Бегајќи од пророштвото една темна ноќ Едип се судира и убива некои непознати луѓе на патот, продолжувајќи да талка кон градот Теба. Кога стасал, го ослободува градот од теророт на страшната Сфинга,

станува крал и се жени со кралицата Јокаста, вдовицата на Лај – кралот на Теба кој пред кусо време мистериозно загинал патувајќи ноќе – и со неа раѓа четири деца. По некое време на Едип му стасува веста дека починал татко му во Коринт, но и дека тој не му е вистинскиот татко, туку дека Едип им бил даден како бебе на Полиб и Меропа од некој пастир кој го нашол бебето оставено да умре на Китеронската гора. Барајќи упорно „кој е навистина тој", Едип конечно сознава дека онаа темна ноќ на патот за Делфи тој незнаејќи го убил кралот Лај, кој му бил вистинскиот татко и дека Јокаста, вдовицата на Лај со која се оженил, му е вистинската мајка. А всушност, проклетото пророштво почнало да ја стега јамката на своето остварување уште од моментот кога било изречено, по раѓањето на Едип, кога неговите родители Лај и Јокаста, исплашени од пророштвото, го оставиле нивното единствено дете да умре на гората Китерон. Сфаќајќи ја страшната вистина дека Едип во потполност го остварил пророштвото, мајка му Јокаста се самоубива, а кога ја видел мртва, Едип се ослепува бодејќи се со нож.

> Самоостварувачките предвидувања филозофот Карл Попер ги нарекол Едипов ефект и ги дефинирал како предвидувања кои влијаат на настаните за кои се однесуваат.

Целото дејство во Кралот Едип е движено од исто пророштво, а вербата во пророштвото е всушност онаа злокобна сила која претскажувањето го претвора во стварна трагедија. Самоостварувачките предвидувања филозофот Карл Попер ги нарекол Едипов ефект и ги дефинирал како предвидувања кои влијаат на настаните за кои се однесуваат. Ова се случува така што во почетокот

сосем лажните и измислени изјави предизвикуваат промени во однесувањето на луѓето (кои поверувале во овие лаги), кои на крајот ќе обезбедат лагите да се „остварат“ и да станат „вистина“. Сепак, централниот мотив на трагедијата е прашањето на идентитетот, зашто начинот да се оствари трагедијата е Едиповото упорно барање на неговиот вистински идентитет.

Македонците можат многу да научат од вонвременската трагедија на кралот Едип, поради трогателната сличност на Едиповото барање на идентитетот со нашето современо талкање по античко-македонскиот идентитет. Зашто, ако нешто навистина може да се научи од најголемата од сите трагедии, тоа е дека идентитетот, реалниот идентитет, оној што го носиш откако знаеш за себе, почнува да исчезнува во моментот кога ќе почнеш да го проблематизираш.

Вистинскиот идентитет е оној за кој не се прашуваш, кој го носиш како сопствена кожа, зашто кога ќе го поставиш прашањето „кој сум навистина јас“, почнуваш да го заменуваш со друг идентитет, кој пак не може да биде ништо друго отколку имагинарен лик или мит. Тоа значи дека најголемата опасност на идентитетот никогаш не му се закaнува од надворешните непријатели, туку однатре, од страна на неговиот носител. Трагедијата се појавува кога во самочувството ќе се појави пукнатина на сомнеж во сопствениот идентитет, зашто таа потоа неминовно се шири, пропуштајќи ги отровните халуцинации за „оној вистинскиот“ натчовечки идентитет, кршејќи го така јадрото на личноста и претворајќи ја во растроена повеќекратна или сосем скршена личност без идентитет.

Секој преродбенички фашизам е едиповска трагедија во која се отфрлаат сите постојни идентификациски репери и сите реални вредности на животот, поради некој друг непостоечки преродбенички идентитет, кој секогаш се бара во далечното мистифицирано минато. Така една индивидуална психопатолошка анамнеза на клиничка инфериорност (на фирерот) станува идентитетска драма на цели народи кои поверувале во лудачката приказна за „вистинското“ ариевско потекло на нацијата. Така Хитлер испраќал експедиции на Тибет и по траекторијата на Александар Велики, во обид да обезбеди материјални докази за расната поврзаност на Германците со Ариевските надлуѓе од пред 3000 години. Така Анте Павелиќ го барал „вистинскиот“ идентитет на Хрватите во ариевско-персиското племе Хараувати од времето на Ксеркс, а Садам ги престорил Ирачаните во директни наследници на Вавилонците, додека тој бил реинкарнацијата на најславниот библиски душман Набукодоносор. Исто така и преродбеничкиот фашизам на Груевски е само уште една провинциска адаптација на трагедијата на кралот Едип, во која – како и кај сите други фашизми – опсесивната потрага по „вистинскиот“ идентитет е самоостварувачка заблуда за нашето расно ариевско потекло, која ќе се оствари само во делот на уништувањето на нашиот модерен, реален, единствен и за жал, веројатно необновлив идентитет.

> Хитлер испраќал експедиции на Тибет и по траекторијата на Александар Велики, во обид да обезбеди материјални докази за расната поврзаност на Германците со Ариевските надлуѓе од пред 3000 години.

Горчлива е иронијата на фактот дека сепак има нешто античко во современата македонска фарса на пронаоѓањето на националниот идентитет во кралската лоза на Аргејците од пред два и пол милениуми. Античка е структурата на едиповската трагедија на замената на идентитети, драма во која вистинскиот и единствениот идентитет исчезнува заедно со безгрижните времиња кога тој не бил проблематизиран, во замена за измислениот митолошки идентитет кој се појавува како мотор на несреќата, како самоостварено трагично предвидување од кое – барем според генијалниот Софокле – никој не излегол неоштетен.

http://bit.ly/grcev44

# ИЗБОРНА ЕПИФАНИЈА ИЛИ „РАСОЛНА ТЕОРЕМА“

**30.01.2014**

> „Вистината“ на Груевски ја изопачува стварноста до таа мера што однесувањето на луѓето и употребата на поими кои во услови на слобода би биле невозможни или оценети како малоумни, станува сосем нормално.

Основно правило за живот во тоталитарно општество е одбивањето да се согледа стварноста. Затоа најважна политика на режимот е одржување на пропагандната слика за лажната стварност. Лажната стварност се операционализира преку официјалната „вистина“ – настаните и поимите се дефинирани на начин кој не кореспондира со стварноста – која е единствена вистина наменета за масовна употреба. Ова општонародно откажување од вистината и разумот најмногу се манифестира во заборавањето на сѐ што се случило во непосредното минато или во одбивањето да се прифати каква и да е причинско-последична врска помеѓу судбинските настани.

Да ги земеме како пример пролетните избори. Го следам со едно уво предизборното „загревање“ на македонската јавност и не можам да му поверувам на сопственото сетило: безмалку сите учесници во јавниот дискурс пролетните избори ги третираат сосем рутински, како да се работи за уште едни во бесконечната низа демократски избори во библиската земја. Неверојатно! Не помина ни една година од најодвратната државно-партиска изборна измама во историјата на македонската држава, кога режимот бесрамно ги злоупотреби сите институции на државата во политичката реализација на ДПМНЕ, а ние веќе спокојно си седиме на медиумските гранки, серкаме по минувачите црно-бел дожд од чавкини гомна, и гракаме за следните избори како никогаш ништо да не им фалело на претходните?

> Не можам да му поверувам на сопственото сетило: безмалку сите учесници во јавниот дискурс пролетните избори ги третираат сосем рутински, како да се работи за уште едни во бесконечната низа демократски избори во библиската земја. Неверојатно!

Локалните избори 2013 беа гнасна измама во која авторитарниот режим на Груевски ги инструментализираше државната администрација, судството, полицијата и медиумите, сосем отворено да ги користат надлежностите и јавните средства во полза на партијата на власт. При тоа, државата во служба на ДПМНЕ ги фалсификуваше јавните исправи, изборните списоци, избирачките ливчиња и го употреби секое незаконско средство за лажирање на изборниот процес. Но, никому ништо, библи-

ским народ влезе во изборната 2014 не само без злопаметење, туку практично без каква и да е меморија. Влеговме во нов изборен циркус како едвај (или повторно?) родени бебиња, кои требаат – златни на мама – да почекаат изборите првин да се случат за да видат (со бебешките матно сини очиња) дали ќе бидат фер, слободни и демократски. И очекуваме дека основните и неопходните услови за да се случат демократски избори – слободното изјаснување, слободните медиуми, независното судство и непартизираната државна администрација – ќе се остварат сами од себе, спонтано и закономерно како светлинскиот спектакл на поларната светлина, вечерта на денот на изборите? Или, можеби, дека непостоечките услови за слободни и фер избори наеднаш ќе се појават на денот на изборите како верско чудо или некој вид на изборна демократска епифанија?

> Очекуваме дека основните и неопходните услови за да се случат демократски избори – слободното изјаснување, слободните медиуми, независното судство и непартизираната државна администрација – ќе се остварат сами од себе, спонтано и закономерно како светлинскиот спектакл на поларната светлина, вечерта на денот на изборите?

Тешко е да се сфати дека еден народ кој поседува доволно здрав разум да го препознава каузалитетот на нештата во нормалното секојдневие, не може да сфати дека истите закони важат и за општествено-политичките процеси како што се изборите. Така на пример, секому во Македонија мора да му е јасна фундаменталната „Теорема на расолот“ во која се дефинира дека за спремање-

то на расол од зелка, неопходно е во исто буре истовремено да се обезбедат свежа зелка, вода и сол. Колку и да е комплицирана „Расолната теорема“, Македонците знаат дека доколку недостасува макар еден од набројаните клучни чинители, тогаш расолот од зелка е неостварлив и сосем невозможен! Тоа значи дека, доколку истите интелектуални алатки од „Расолната теорема“ ги примениме на македонските избори ќе заклучиме со леснотија дека авторитарниот режим на Груевски веќе ги укина сите основни услови за да се одржат слободни, демократски, легални и легитимни, фер избори, и дека тие веќе не се можни во Македонија, додека режимот на Груевски е на власт. Со укинувањето на слободата на искажувањето и слободата на медиумите, независното судство и државната администрација како јавен сервис на граѓаните, слободните избори се и теоретски невозможни, а она што се одржува под името „избори“ е култен обред организиран од авторитарниот режим кој има за цел да ја легитимира неуставната и криминална власт. Ништо друго и ништо повеќе. Тука не би ни навлегувал во техникалиите на изборите кои се заглавени во зоната на малоумието, каде што органи и комисии, тела и министри зборуваат за ажурирање на избирачкиот список во услови кога НЕ ПОСТОИ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО и кога не постои ниту подготвеност на власта пописот воопшто да се спроведе. Тоа е како да зборувате за расол од зелка, но без зелка, вода, сол и без каца!

Џорџ Орвел сметал дека најзлокобната опасност во иднината ќе биде „исчезнувањето од светот на самиот поим на вистината “. Во неговата „1984“ духовната поробеност на жителите на тоталитарната Океанија се должи пред

сè на владеењето (на Големиот брат) над „единствената вистина“ која е производ на пропагандна лага. Покорените жители се „пристојни“, „учтиви“ и „нормални“ само доколку ја прифатат тоталитарната лага како „единствена вистина“ според која се преживува денот. Во нашето општество кое тоне во неформален но болно стварен тоталитаризам, исто како во Орвеловата Океанија, „вистината“ на Груевски ја изопачува стварноста до таа мера што однесувањето на луѓето и употребата на поими кои во услови на слобода би биле невозможни или оценети како малоумни, станува сосем нормално.

http://bit.ly/grcev45

# ИЗБОРЕН ЗАКОНИК ЗА ГЛАДЕЊЕ ЈАЈЦА

**12.02.2014**

> Во држава во која партијата на власт ги соединува политичката и приватната корпоративна моќ сосем е јасно дека принципот на граѓанска еднаквост е невозможен.

Неодамна, на едно јавно предавање за недоволната субверзивност на левоориентираната мисла во светот, Славој Жижек раскажа грозен – исто толку смешен и поучен – руски виц. Се случува во 15 век во Русија окупирана од Монголските орди. На летна припека, по селскиот пат удавен во прашина, оди руски селанец со својата млада жена. Ги пресретнува монголски воин на коњ, ги сопира и, одмерувајќи ја младата селанка, му се обраќа на селанецот: „Сега ќе ја силувам жена ти, а ти ќе ми ги држиш јајцата за тоа време, за да не ги увалкам во прашина. Јасно?“ Така и било: Монголот ја силувал кутрата жена, а нејзиниот маж асистирал како што му било наредено. Откога насилникот си ја завршил работата и одјавал по

патот, мажот зел да се смее и да скока од радост, а жена му се згрозила од неговата непримерна реакција: „Како можеш да се радуваш, кога тукушто бев сурово силувана пред твои очи?“ – му вриснува таа на мажот. А овој триумфално ѝ одговара: „Го зезнав клетиот Монгол: му ги извалкав јајцата со прашина!“

„Како можеш да се радуваш, кога тукушто бев сурово силувана пред твои очи?“ – му вриснува таа на мажот. А овој триумфално ѝ одговара: „Го зезнав клетиот Монгол: му ги извалкав јајцата со прашина!“

Овој тегобен виц ви го раскажав, почитувани читатели, поради тажната мисла дека кај нас јавното силување се случува веќе осма година, колку што партиско-полицискиот режим на Груевски ги силува македонските граѓани. За тоа време сите ние што во борбата против нелегалната и насилна власт ги употребивме нашите најлути зборови и ги применивме „сите демократски средства“, можеме да бидеме горди што веќе им ги гламносавме со прашина јајцата на силувачите, придржувајќи им ги нежно, додека тие врз сите нас го вршат најпонижувачкиот од сите злостори. Но, нашата варијанта од сцената на прашливиот селски пат произведе уште поперверзна ситуација, особено во Парламентот, каде веќе со години се донесуваат закони во кои се кршат основните начела на уставниот поредок и се изопачуваат принципите на еднаквост и праведност. Тоа се закони со кои на силувачите на македонската демократија – наместо (барем) да им се извалкаат – им се завиткуваат јајцата за да се заштитат од црната прашина на историското беспаќе во кое се случува злосторот.

Изборниот законик е најсвеж пример на таков закон за завиткување јајца. Највәжниот принцип на изборите – без чие исполнување тие се перверзна фарса – е принципот на еднаквост на учесниците во политичкиот натпревар. Еднаквоста во изборната трка се артикулира преку еднаквост при претставување на политичките натпреварувачи во медиумите, и тоа во членот 30 од Законикот. Во последниот став од членот, по претходно долго набројување на детали како и за кого е гарантирана еднаквоста на претставувањето, законодавецот се ритнува и ја истура кофата полна со тукуштo измолзеното (демократско) млеко: „Од принципот на (...) еднаквост се иззема платеното политичко рекламирање". Ха! Значи, со Изборниот законик официјално со пари се купува нееднаквоста и повластената изборна позиција. Во држава во која партијата на власт ги плаќа своите сметки со буџетски пари и ги соединува политичката и приватната корпоративна моќ со контрола на крупниот капитал, сосем е јасно дека предноста на партијата на власт врз основа на кршење на принципот на еднаквост – практично е неограничена.

Уште подрастичен е примерот на членот 75-д, кој би требало да ја уредува криминалната зона во која тоталитарната држава ја корумпира, финансира и контролира целокупната сфера на радиодифузните и печатените медиуми. Во членот 75-д, во ставот 3, е утврдено: „Од денот на распишувањето избори сè до нивното завршување, радиодифузерите и печатените медиуми не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините...", итн. И тука добрите и наивните обично скокаат од радост (како рускиот селанец од вицот) зашто

конечно е забрането неуставното државно рекламирање во медиумите. Но не, почитувани читатели, законот само на прв поглед утврдува дека државното рекламирање очигледно го попречува изборниот процес, но веќе на втор поглед станува јасно дека ограничувајќи ја забраната за емитирање и објавување само на периодот од распишување до завршување на изборите, СО ЗАКОНОТ ПРАКТИЧНО СЕ ЛЕГАЛИЗИРА МОНСТРУОЗНОТО ДРЖАВНО-ПАРТИСКО РЕКЛАМИРАЊЕ ВО ВКУПНОТО ВРЕМЕ ПОМЕЃУ ИЗБОРИТЕ! Наместо да се криминализира и забрани секое државно рекламирање кое служи за инструментализирање на сите јавни и приватни медиуми во една државно-партиска пропагандна машина, со овој закон за завиткување јајца на партиската држава на ДПМНЕ ѝ се дозволува официјално да го практикува овој противуставен државно-партиски криминал и на смрт да ја труе македонската демократија пуштајќи ѝ го својот пропагандно-коруптивен Zyklon B.

> Тоа се закони со кои на силувачите на македонската демократија – наместо (барем) да им се извалкаат – им се завиткуваат јајцата за да се заштитат од црната прашина на историското беспаќе во кое се случува злосторот.

Жална и неподнослива е вистината дека во псевдодемократската партиско-полициска држава каква што е Македонија под власта на ДПМНЕ, со делумно божем демократско „корегирање“ на неуставните закони честопати наместо (барем) да им се става прашина на јајцата на силувачите на македонската демократија, им се виткаат „истите“ во мека законска хартија за да им „светкаат“ по

извршениот злостор. А како што вели Жижек, анализирајќи ја метафората за „прашината на јајцата“, поентата не е во тоа да им се извалкаат јајцата на злосторниците, туку безмилосно да им се отсечат! Макар метафорично.

http://bit.ly/grcev46

# ДРЖАВАТА КАКО ТЕРЕЗИЕНШТАТСКА БАЊА

**05.03.2014**

> Нашата логорашка глума, меѓутоа само ја потенцира вистината дека Македонија денес не е само бивша, туку е и тотално лажна Република.

Чешкиот град Терезин, или како Германците го нарекуваа – Терезиенштат, воен град изграден кон крајот на 18-иот век во форма на ѕвездеста барокна тврдина, беше претворен од 1942 до 1945 година од страна на германските Одбранбени одреди (SS Schutzstaffel) во единствена пропагандна „огледна еврејска населба“, первертиран вид на нацистичко „Потемкиново село“. Основната задача на ова морбидно пропагандно гето, на овој црн бисер на умоболната нацистичка имагинација, беше да ја замагли вистината за монструозната судбина на бескрајните транспорти на европските Евреи, коишто тие години се тркалаа по сите пруги на исток, кон архипелагот на логорите на смртта. Во Терезиенштат беа транспортирани постари Евреи од Германија и од западноевропски-

те земји, особено афирмирани уметници, научници и луѓе „од некакво значење“ во своите средини, но и многу други за кои Терезиенштат фактички беше обичен транзитен концентрационен логор низ кој во логорите на смртта биле транспортирани повеќе од 150.000 луѓе. Сите овие жртви на најголемиот злостор во историјата беа присилени да земат учество во бескрајно перверзната пропагандна измама, во која мораа да глумат „задоволни жители на една огледна еврејска населба“, која во нацистичката пропаганда била опишана како „бањски град“ во кој возрасните германски Евреи можеле „безбедно и достоинствено да одмораат“.

> Основната задача на ова морбидно пропагандно гето, на овој црн бисер на умоболната нацистичка имагинација, беше да ја замагли вистината за монструозната судбина на бескрајните транспорти на европските Евреи.

Врвот на оваа ужасна пропагандна измама се случил во јуни 1944 година, кога Терезиенштат го посетиле претставници од организацијата на данскиот Црвен крст. Пред да се случи посетата, есесовската управа на логорот наредила масовни работи за „разубавување“ на градот: биле засадени цели градини, фасадите биле реконструирани, куќите свежо молерисани, бараките реновирани, биле уредени сосем лажни продавници и кафеани, а биле „поставени на сцена“ и внимателно вежбани низа социјални и културни настани кои требало да се одвиваат додека траело разгледувањето на градот од страна на посетителите од Црвениот крст. Гостите ги шетал лажен „градоначелник“ кого го „глумел“ член на еврејски-

от Совет во логорот, при што делегацијата посетила цел еден лажен фудбалски натпревар, со навивачките толпи „живо загреани“ за своите тимови, па дури и детска оперска претстава изведена во сала специјално изградена за таа прилика. По посетата која многу ги задоволила данските достојанственици, есесовците ги транспортирале до крајот на војната скоро сите „актери“ на Терезиенштатската измама во логорите на смртта Треблинка и Биркенау, каде биле злосторнички убиени заедно со милионите други жртви на Холокаустот.

Се разбира дека секое споредување на македонските конформистички, евтини и простачки општествено-политички кризи, со страдањето на терезинските Евреи, е невозможно и неприфатливо од аспект на релативизациските асоцијации, кои би можеле да се сфатат како скврнавење на светоста на терезинското маченииштво и на жртвите на Холокаустот. Но сепак, еден аспект на историски единствената измамничка претстава во логорот Терезиенштат, ја прави таа пропагандна перверзија споредлива со Македонија под власта на авторитарниот режим на Груевски. Тоа е аспектот на тоталната лага, на тоталитарната измама во која учествуваат сите жители на Македонија, зашто и Македонија под власта на ДПМНЕ е денес како држава-логор во кој институционалната сила на злото е свртена против своите граѓани, уништувајќи им ја судбината, воедно присилувајќи ги да глумат „нормална“ и „пристојна“ секојдневница пред очите на јавноста и на странските набљудувачи. Така Македонците, длабоко потонати во незадоволство и очај, мораат со убедлива глума да го обезбедат лажниот социјален мир и лажниот привид за функционирањето на институциите на демократијата, сето тоа како перверзна

фарса во која „од патриотски причини“ сите подеднакво учествуваат. Нашата логорашка глума, меѓутоа само ја потенцира вистината дека Македонија денес не е само бивша, туку е и тотално лажна Република. Во неа уставните демократски институции и гарантираните слободи и права се остваруваат на истиот перверзно лажен начин како и бањските капацитети на тогашниот Терезиенштат. И тука веќе сè е лажно: парламентот е сосем празен и лажен, судовите и судските процеси се монтирани, човековите права се декларативни, работничките права се непостоечки, лажна ни е културата, лажна е и науката и лажни ни се и здравството и образованието. Лажен е секој квадратен сантиметар од архитектурата на монументално глупите државни згради, лажни се споменициите на минатото, а лажно е веќе и нашето минато, поради што е лажна и практично непостоечка и нашата иднина. Македонија е лажна држава како што Терезиенштат бил лажен бањски град, а всушност исто така се работи за транзитен логор од кој излегуваат композиции на млади луѓе кои никогаш нема да се вратат во државата која лажно им се претставувала како демократска и перспективна татковина.

Бескрајно тажно сличен е и перверзниот однос на затворениците на македонската логор-држава кон меѓународната јавност, на која овие (како и терезинските маченици) им ја лажираат сопствената одвратна стварност, очајно посакувајќи странските набљудувачи да ја „провалат“ измамата, да ја препознаат вистинската стварност зад очајната глума и да интервенираат носејќи спас со демиуршки средства. Но, и нашите странски набљудувачи – како и оние од Терезиенштат – земаат активно уче-

ство во перверзната измама, бесрамно фалсификувајќи и разубавувајќи ја нашата стварност во нивните извештаи, опишувајќи го со еуфемизми нашиот перформанс на денот на изборите или на некоја друга лажна претстава која ја играме, нарекувајќи ја упорно диктатурата „демократија“, општественото пропаѓање „напредок“, а лажираните избори дека се „добро организирани“. Но, тука паралелите со терезинските маченици завршуваат, зашто – за разлика од нив, кои глумеа под закана на смртта – ние своите лажни странски извештаи обилно ги заслуживме како рецензии за лажната претстава која ја глумиме од конформизам, не сакајќи пантофлите да ги замениме со чевли, а телевизиските „далечински“ во рацете со по парче автентичен барокен бекатон.

http://bit.ly/grcev47

# РОПСКИ ГЕНИ ИЛИ ПСИХОЛОГИЈА НА ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

**12.03.2014**

> Ужасната иронија на овој психосоцијален рефлекс на жртвите е што со креирање на „нормалната“ лажна стварност тие веќе не се пасивни жртви, туку активни соучесници во злосторот врз нив самите.

Кога човек ќе се замисли над суштината на македонското општествено пропаѓање, веднаш сфаќа дека таа не е толку во лажната демократија на ДПМНЕ, која владее со злоупотреба на уставот и законите, туку повеќе во фактот што граѓаните тоа на власта ѝ го дозволуваат. Таа „граѓанска послушност“ е практично единствената реакција на македонските граѓани на злоделата на власта која им ја краде татковината. Од таа трпелива граѓанска послушност како да зрачи некаква фаталистичка потчинетост, неограничена толеранција и адаптибилност кон секојдневното влошување на животот, дури несвесност или незаинтересираност за сопствената судбина. Па, како е можно сите толку упорно да се однесуваме како

во „нормална“ просечно проблематична демократија, а знаеме дека режимот создал и одржува суперпартизирани, речиси тоталитарни услови на живот, во кои демократијата и владеењето на правото веќе ни теоретски не се можни? Што се случува со нас? Да не потекнува нашата покорност од „ропските гени“ во нашата славјанска крв, од нашата „ропска душа“, како што сè почесто можам да чујам во очајните обиди за префрлување на нашата одговорност на нашите предци?

Факт е дека „проблемот на ропските гени“ – колку и да се работи за болна самоодбрамбена мисла – наоѓа лесна поткрепа во историски потврдениот робовски статус на Словените, особено во времето на пропаѓањето на Римското царство и во средниот век. За тоа дека Словените биле најчестиот и најмасовниот европски извор на робовска сила во раниот среден век (а најверојатно и порано), постои и необично возбудлива и непобитна лингвистичка евиденција. Имено, во лингвистиката е општо место дека во многу европски јазици именката „роб“ е изведена со антономазија – со поопштување на лично име – од „Словен“. Како што наведува италијанскиот лингвист Алинеи, зборот „роб“ во многу европски јазици е изведен од латинскиот збор sclavus, кој во оригинал значел „словен “, а во англискиот станал slave, во германскиот sklave, во холандскиот slaaf, во данскот slave, во шведскиот slaaf, во велшкиот slaf, во бретонскот sklav, во францускиот esclave, во шпанскиот esclavo, португалскиот escravo, италијанскиот schiavo, албанскиот skllaf, грчкиот sklavos, итн. Неверојатната прошириеност на изведбата на именката „роб“ од „Словен“ во практично сите европски јазици (а зборот влегол и во арапскиот

и турскиот јазик со значење на „евнух“), укажува на повеќевековната ропска судбина на Словените, која патем – како лингвистички куриозитет – на светот му го подарила и можеби најомилениот неформален говорен поздрав. Тоа се случило така што во северноиталијанските дијалекти зборот sclavus, со значење на „Словен“ како и „роб“, со вообичаен фонетски развој се претворил првин во sciavo, па во sciao, и конечно во ciao, или „чао“ – италијанскиот неформален поздрав, денес познат и прифатен во целиот свет, а особено кај нас.

> Неверојатната прошireност на изведбата на именката „роб“ од „Словен“ во практично сите европски јазици (а зборот влегол и во арапскиот и турскиот јазик со значење на „евнух“), укажува на повеќевековната ропска судбина на Словените.

Но, колку и да се непобитни историските и лингвистичките докази за вековната ропска судбина на Словените, тие се повеќе од недоволни да ја одбранат „теоријата за ропската душа“ или „ропскиот менталитет“, зашто долго по мрачниот период кога биле најомилената ропска „суровина“, тие станале главни актери на херојски епопеи кои ја смениле светската историја. Во поновата историја тие бивши робови ја изведоа најголемата револуција на сите времиња, која со марксистичката идеологија ги реафирмираше ранохристијанските утописки принципи за остварување на Рај на земјата, при што луѓето нема да бидат поделени на богати и сиромашни, туку ќе живеат во слобода, еднаквост и братство. Три децении подоцна, тие исти Словени го дадоа клучниот воен придонес и ја

платија најголемата цена во човечки животи, во победата над наци-фашизмот и во ослободувањето на светот од најголемото зло кое човештвото дотогаш го измислило. Во таа иста антифашистичка епопеја јужните Словени ја изведоа најхеројската и најневеројатната – небаре митска – партизанска народно-ослободителна борба во поробената Европа. А, од грандиозниот оган на оваа антифашистичка ослободителна борба, се самосоздаде и се издвои факелот на македонската државно-национална посебност. Сосем е очигледно дека е невозможно по 60 години уживање во слобода, на Македонците да им се разбудат "ропските гени" формирани во долгото ропско минато, кои денес на некогаш слободните граѓани им го „палат" рефлексот на потчинување и им ја веднат главата пред криминалната власт на ДПМНЕ.

Затоа најлогично објаснување за „граѓанската послушност" и за „нормалното" однесување на потлачените Македонци е дека се работи за најчестиот општочовечки образец на однесување на жртвите на тоталитарно државно насилство. Конечно, таква е психологијата и на мнозинството жртви на семејно насилство и на практично сите сексуално злоставувани жени и деца; глумат „нормалност" – криејќи го насилството извршено врз нив – и жртвите на најголемиот број силувања. За жал, со оваа глумена „нормалност" во која жртвите го кријат злосторот, заштитувајќи го своето скршено его од јавно срамотење, во кое се преправаат дека терор воопшто нема, и дека никој не е понижен и никој не мора да се срами, тие практично ги штитат злосторниците и им даваат легитимитет злосторот да го вршат и понатаму. Ужасната иронија на овој психосоцијален рефлекс на жртвите е што со креирање на „нормалната" лажна стварност тие

веќе не се пасивни жртви, туку активни соучесници во злосторот врз нив самите, зашто со глумењето „нормалност“ и со „граѓанската послушност“ зеле активно учество во сопственото поробување.

Чао.

http://bit.ly/grcev48

# „ГЛОБАЛИЗАЦИЈА“ НА МАКЕДОНСКИ НАЧИН

**19.03.2014**

> Суштината на оваа криминална „глобализација“ на општеството е обезбедување услови во кои од секој граѓанин може да се наплати глоба за несторен, несвесно сторен или неизбежно сторен прекршок.

Едно од темелните начела на функционирањето на тоталитарната држава е воспоставување на принципот на надмоќта на силата над правото, односно неприкосновеното првенство на политиката пред моралот. Тоталитарната држава така ги монополизира сите права, кои потоа стануваат должности и обврски на граѓаните, а таа се претвора во потполна негација на секое природно човеково право и на секоја етика. А како што стана очигледно од навредливо грдите споменици и згради од „проектот“ „Скопје 2014“, македонската држава веќе стана негација и на секоја естетика.

Но, додека деификацијата на тоталитарната партиска држава со споменици и градби цели да ја зафати супра-

структурата на колективната идентификациска иконографија, вистинските темели и конструктивни елементи на тоталитаристичката градба се градат со невидливата правна инфраструктура на илјадниците закони и други нормативни акти. Инфраструктурата на тоталитарната држава на ДПМНЕ е изградена со повеќегодишна хиперпродукција на безброј нестручно напишани, често криминални и неуставни нормативни акти, при што темпото на оваа законодавна дијареја и нејзината безумна содржина создаваат темен облак на сеприсутна државна закана, под кој македонските граѓани се чувствуваат несигурно и беспомошно.

> Ова пренатрупување на правила и норми се случува токму спротивно од најгласното ветување на Груевски (од 2006 и 2007) дека ќе ја спроведе таканаречената „регулаторна гилотина“.

Ова пренатрупување на правила и норми се случува токму спротивно од најгласното ветување на Груевски (од 2006 и 2007) дека ќе ја спроведе таканаречената „регулаторна гилотина“, еден вид рационализација и намалување на обемот на нормативната материја, со цел да се поедностават бирократските процедури. И додека јавно ни ги дупеа ушните тапанчиња со лагите за „гилотината“, ДПМНЕ – практично во тишина – произведе илјадници немушти, хаотични, контрадикторни и неуставни правни норми. Огромниот број набрзина донесени закони и прописи со своето количество, но и со незамисливата динамика на нивното секојдневно менување, создадоа правен хаос во кој никој не се чувствува сигурно, каде што за

толкување и примена на секоја норма се чека одобрение „од горе“, од кабинетот на Груевски или од измеќарите што ги одржуваат неговите одаи. Ќе ви илустрирам состојбата со Законот за градење, кој на моја голема жалост и несреќа, премногу добро го познавам.

> Оваа безумна пролиферација на правни норми, предизвика прво паника во органите што треба да ги спроведуваат законите, за подоцна оваа вознемиреност да се претвори во тапа и бесчувствителна послушност и помиреност со судбината.

Елем, кога дојде на власт ДПМНЕ затекна нов закон за градење, донесен една година порано, изработен со долготрајно учество на мултидисциплинарна инженериска професионална заедница; беше претставен на 42 страници со 147 члена. Законот уште во 2008 година претрпе коренити измени и дополнувања во обем од неверојатни 31 страница и 75 члена, но веќе следната година беше донесен нов закон, во значително зголемен обем од 55 страници и 173 члена. Но, тоа е само „загревање“ за вистинската законодавна дијареја што следи: од 2009 до 2013 година Законот за градење претрпува апсолутно недостижни 12 измени и дополнувања, на вкупно 77 страници и 310 члена, за на крајот законот да содржи 252 члена и вкупно 160 страници текст. Оваа безумна пролиферација на правни норми, предизвика прво паника во органите што треба да ги спроведуваат законите, за подоцна оваа вознемиреност да се претвори во тапа и бесчувствителна послушност и помиреност со судбината.

Крајниот ефект на натрупувањето норми и нивно перманентно менување е што на тој начин се создава вистинска нормативна инфлација, еден вид беззаконие во хаосот од контрадикторни и менливи правни норми, во кое политичката врхушка се појавува како неизбежен арбитар кој владее над правото. Еден од најинтересните (и најмалигните) аспекти на оваа тоталитаристичка опсесија со хиперпродукција на правни норми, е што во вака создадената нормативна конфузија власта на ДПМНЕ обезбедува и огромно зголемување на бројот на прекршоци, како и убиствено зголемување на износите на пропишаните глоби. Со измислувањето стотици и илјади нови прекршоци и со безмилосното зголемување на глобите, власта практично изведе потполна „глобализација" на целото македонско општество. Законот за градење е убав пример и за оваа тоталитарна „глобализација", зашто од само 9 прекршочни члена во законот за градење од 2005 година, кои за 44 прекршоци пропишуваа максимални глоби во вкупен износ од 90.400 евра, денешниот Закон за градење има 29 прекршочни члена, кои уредуваат неверојатни 102 вида прекршоци и утврдуваат застрашувачки максимални глоби од вкупно 780.000 евра!

Суштината на оваа криминална „глобализација" на општеството е обезбедување услови во кои од секој граѓанин може да се наплати глоба за несторен, несвесно сторен или неизбежно сторен прекршок. Огромниот број пропишани прекршоци и нивната нереално висока глоба им овозможува на инспекциско-судските јуришни трупи на ДПМНЕ да наплатуваат партиско-државен рекет, наплатувајќи глоба по случаен одбир, практично

од сите правни и физички лица во земјава. Глобите станаа инструмент и за одржување на општата атмосфера на покорност, и тоа со нивно нагласено селективно применување за егземпларно економско уништување на избрани личности и фирми што ќе служат за втерување страв кај мнозинството граѓани.

Во земјата под власта на Груевски сите граѓани треба да се чувствуваат виновни за нешто, та затоа за секој ден без глоба или апсење треба да ѝ се благодарни на власта. Но, мора да се знае дека тие што му фабрикуваат вина на народот, веќе се виновни. Ќе им биде судено подоцна.

# „БАРОКОТ“ НА ГРУЕВСКИ И ФРИЗУРАТА НА КИМ ЈОНГ УН

**02.04.2014**

> Неговата психопатија станува државна идеологија, а државата станува тоталитарна, па крахот наместо психопатот го доживува општеството на чијшто врв тој се наоѓа.

Во последно време секоја бизарна вест од Северна Кореја, која медиумските ветришта како лесен отпад ќе ми ја залепат на прозор, ја примам со интензивна емпатија и сочувство. Овие вести сè повеќе ги доживувам лично, како да се работи за родна Македонија, а не за далечна и непозната земја, чијшто реликтен тоталитаризам произведува апсурдни ситуации во кои трагичното се прелива со комичното. Еве, деновиве светот го преплавија вести дека властите на Северна Кореја на студентите им наложиле да се стрижат по урнек на својот лидер Ким Јонг Ун, сите да ја носат ужасната фризура позната како „кинеска шверцерска фризура“! Како, па зарем е можна таа неподнослива, понижувачка глупост? За среќа,

откако го обиколи светот, веста се покажа како лажна и сосем измислена. Но, леснотијата со која милијарди луѓе ја примија оваа „патка“ како вистина, покажува дека тоталитаризмот во Кореја веќе подолго време одржува општествено-политички услови во кои секоја глупост, без оглед на нејзините размери или перверзност, е можна и нормална. Од друга страна, структурата на веста ја оголи самата суштина на тоталитаризмот: државата настојува да ги контролира човечките души, правејќи ја глупоста задожителна за секој граѓанин.

Ако човек малку ги протрие очите и ја погледне стварноста во која живееме, ќе види дека тоталитаризацијата на македонското општеството од страна на режимот на Груевски во некои области на животот отишла и подалеку и подлабоко отколку што династијата Ким тоа успеала да го спроведе за 66 години владеење. Веќе нотορен пример е таканаречената „барокизација“ на центарот на Скопје, односно државната принуда архитектите да ги проектираат сите згради во некаков непостоечки „франкенштајн стил“, кој власта го нарекува „барок“. Злосторничкото префасадирање на архитектонските споменици на културата е исто така флагрантен пример на тоталитаристичка присила и стандардизација на глупоста во Македонија, според кој корејската задолжителна фризура е вистинска шега. Затоа, веста за фризурата по урнек на онаа на водачот, измислена да ја исмее севернокорејската диктатура, ќе биде заборавена и завеана во медиумските сметови; но тоталитарната „антиквизација“ ѝ донесе на Македонија трајна глобална слава како кичерска држава и длабоко го оштети културниот идентитет на нацијата. Браво за Груевски, зашто наредбата за задолжителната „антиквизација“ излезе од под неговата

фризура, па Ким Јонг Ун може само да пати во чувството на инфериорност пред кретенската супериорност на македонскиот „барок“.

> Тоталитарната „антиквизација“ ѝ донесе на Македонија трајна глобална слава како кичерска држава и длабоко го оштети културниот идентитет на нацијата.

Меѓутоа, сите кои мислат дека со „Скопје 2014“ режимот на Груевски достигнал космичка граница на идиотизмот, горко се лажат, зашто под врисокот на видливото, под агресијата на визуелниот кич, во инфраструктурата на нормативното режимот ја спровел веројатно најтемелната законодавна кретенизација на општеството во поновата човечка историја. Ова ќе го илустрирам само преку еден член од Законот за просторно и урбанистичко планирање кој – како чиста креација на режимот – осамна во измените и дополнувањата на законот од 2009 година. Се работи за членот 15-б, во кој пишува дека кај станбените куќи „процентот на изграденост на градежната парцела треба да изнесува 70%, а висината на градбата (...) 10,2 метри. За (...) станбени згради процентот на изграденост треба да изнесува 70%, а висината на градбата (...) за градежни парцели со површина од 500 до 1.000 м2 треба да изнесува најмалку 25,2 метри, а за градежни парцели со површина поголема од 1.000 м2 треба да изнесува најмалку 30 метри.“ Што значи ова? Тоа значи дека наместо со стручна и транспарентна процедура на изработување урбанистички планови за секоја парцела, блок или четврт поединечно, и за секоја населба посебно, да се утврдуваат условите за градење на објектите, законот

тоа го прави униформно и еднакво за сите парцели во Република Македонија. Членот брутално го суспендира уставниот поредок, правата и учеството на граѓаните во планирањето, целиот закон за урбанистичкото планирање и самото планирање како знаење, дисциплина и процедура, зашто однапред, со една произволна и паушална законска одредба, исто за сите ситуации – низински и планински, градски и селски – ги утврдува најважните димензии на градбите. И тоа, ги утврдува на најмалоумниот можен начин, кој не би можел да излезе ниту од умерено ретардиран мозок, зашто читателот веднаш ќе забележи дека – според членот – во земјава не би смеело воопшто да постојат станбени згради со височина помеѓу 10,2 и 25,2 метри (а повеќето градски згради во Македонија се токму во таа „забранета“ зона). Уште да ви протолкувам само една од бескрајно многуте градителски последици од членот 15-б. Членот налага оној што поседува парцела од на пример 5000 квадратни метри, да треба да изгради куќа со површина на приземјето од 3500 $м^2$ и уште три етажи или вкупно 14000 $м^2$ потполно непотребен, неупотреблив и до идиотизам бесмислен простор, во Галичник исто како и во Мариово, во Охрид или Скопје... Овој член ги уништува квалитетот, хуманизацијата и одржливоста на градските простори и на градоградителството, исто како што расните закони на Хитлер (кои беа нормативната рамка за холокаустот) ги уништија европските Евреи. Овој член е пример на тоталитарна, психопатска глупост, која нема пандан во ниту еден урбанистички закон во светот, во ниту една тоталитарна држава, па ниту во исмејуваната Северна Кореја. Но, кај нас членот се применува веќе петта година, и во

пасторална тишина ја умножува глупоста низ целата библиска земја.

> Членот налага оној што поседува парцела од на пример 5000 квадратни метри, да треба да изгради куќа со површина на приземјето од 3500 м$^2$ и уште три етажи или вкупно 14000 м$^2$ потполно непотребен, неупотреблив и до идиотизам бесмислен простор.

Кога психопатот се наоѓа на дното на општествената пирамида, пишува Латињина, порано или подоцна тој доживува личен крах, но кога ќе се искачи на нејзиниот врв, се случува обратното. Неговата психопатија станува државна идеологија, а државата станува тоталитарна, па крахот наместо психопатот го доживува општеството на чијшто врв тој се наоѓа. По таа катастрофа следи општонародното будење кога ќе се видат вистинските димензии на пропаста во која е турната земјата и ќе станат очигледни сите последици од повеќегодишната кретенизација на општеството, и присилното движење точно за 180 степени спротивно од разумот, правдата, знаењето, доброто и убавината. Тогаш ќе сфатиме дека сите кои одат во спротивната насока од посакуваната цел, секоја година се најмалку две години подалеку од целта.

http://bit.ly/grcev50

# „ДРЖАВАТА ПРЕД СÈ“?!

**09.04.2014**

> „Клучниот елемент на фашистичката доктрина е концепцијата на Државата (...) За фашизмот државата е апсолутна, а поединците и групите се релативни“.

Опишувајќи ги настапите на великодостојниците на ДПМНЕ често ја цитирав мислата на Твен: „Подобро да молчиш и да изгледаш како идиот, отколку да прозбориш и да ги развееш сите сомнежи“. Факт е дека – според бројот и „густината“ на искажаните глупости во единица време – македонскиот државен врв не само што не го послуша советот на бесмртниот гениј, туку се напрега да ја искористи секоја прилика со малоумни изјави да ги отфрли сите сомнежи дека со Македонија владеат идиоти. Деновиве, со почетокот на претседателската кампања, неприкосновениот македонски шампион во тропање глупости осамна на 16 милиони улични огласни панои, со својата добродушна и дефокусирана полунасмевка,

и со громогласниот слоган на кампањата: „Државата пред сè“. Знам дека изгледа ситничарски да се анализира кандидатот според изборниот слоган, кој најчесто го измислуваат други, го усвојуваат трети, сите најчесто интелектуални трупци од дпмнеовска провениенција. Но, сепак, целото тоа сложно братство гордо го истакнува слоганот како политичко кредо, како квинтесенција на нивната државно-политичка доктрина, па гледајќи ја леснотијата со која преоѓаат преку сопствените глупости речиси е невозможно човек да не се запраша: знаат ли воопшто тие што значи слоганот „Државата пред сè“. Дали професорот по политичка теорија знае на која и на каква држава овој слоган директно се однесува?

Знам дека изгледа ситничарски да се анализира кандидатот според изборниот слоган, кој најчесто го измислуваат други, го усвојуваат трети, сите најчесто интелектуални трупци од дпмнеовска провениенција.

Навистина, на која современа политичка теорија на државата би ѝ одговарал слоганот „Државата пред сè“? Марксистичката теорија во таа смисла е потполно одредена – таму капиталистичката држава е орудие со кое владејачката елита ја одржува својата позиција во општеството со помош на институциите на системот, при што државата – која произлегла од општеството – се става над и против него. Според оваа теорија, државата е репресивен инструмент за заштита и промоција на интересите на малобројната класа сопственици на материјалното богатство, средствата за производство и финансискиот капитал. Таквата држава, во социјалистичкиот развој треба да стане општествено орудие за праведна прерас-

пределба на богатството, при што нејзина цел е – со развојот на праведното општество на социјализмот – таа постапно да исчезне. Очигледно е дека слоганот „Државата пред сè“ не можел да излезе од таваниите на марксистичкото образование на кандидатот. Одиме понатаму.

> Во ова општество на благосостојбата, државниот апарат треба да е стручен, аполитичен и чесен, во заштитата на правата и слободите на сите граѓани како индивидуи.

Според денес глобално прифатената политичка теорија на државата, создадена како хибрид од филозофиите на отвореното цивилно општество на Карл Попер и „чесното“ општество на социјалната правда на Џон Ролс, државата е сервис на општеството, институционалната гаранција за праведната (ако не рамноправната) распределба на политичката и финансиската моќ. Оваа држава треба да го овозможи „хуманиот“, демократскиот либерален капитализам со елементи на социјалната правда кои не се декорација туку суштина на системот. Овој еквилибриум државата ќе го остварува со владеењето на правото, кое, пак, ќе ја гарантира демократската контрола и сменливост на власта, ќе ја обезбедува ефикасноста на економијата и еднаквоста на граѓаните пред законот. Во ова општество на благосостојбата, државниот апарат треба да е стручен, аполитичен и чесен, во заштитата на правата и слободите на сите граѓани како индивидуи. Оваа држава – според теоријата – треба да биде практично невидлива, таа треба да е тивок и непоколеблив „слуга“ на општеството, таа мора да е зад – а не пред – сите општествени вредности и индивидуални слободи и пра-

ва. Јасно е дека и овој концепт на држава (според кој, патем, е создаден и Уставот на Република Македонија) не е оној од слоганот „Државата пред сè“.

Па, која е таа, по ѓаволите, држава која е „пред сè“? Тоа е, за жал, во политичката теорија и во современата историја, единствено тоталитарната фашистичка држава. Еден од првите што го изучувал тоталитаризмот, германскиот интелектуалец Валдемар Гуријан уште тогаш ја опишува тоталитарната држава како партиска структура во која државата и партијата се стопени во една сакрализирана супердржава, која служи како оружје за поробување и контрола на сите поединци и на целото општество, при што нејзината цел не е само да владее неограничено, туку и да го „прероди“ општеството контролирајќи ги човечките души и мисли. Конечно, самиот Мусолини, „таткото“ на фашизмот, пишува дека „фашистичката концепција на државата е сеопфатна и ниту една хумана или духовна вредност не може да постои вон неа“, и дека „фашизмот е тоталитарен, а фашистичката држава е синтеза и единство на сите вредности“. Тој е категоричен, прецизно опишувајќи ја есенцијата на фашистичката држава: „Клучниот елемент на фашистичката доктрина е концепцијата на Државата (...) За фашизмот државата е апсолутна, а поединците и групите се релативни“. Тоа значи дека слоганот на тоталитарната фашистичка држава би бил „Државата пред и над сè“, што е само мала доработка на слоганот на ДПМНЕ напишан до тажното насмевче на нивниот кандидат.

Да завршам како што почнав – со Твен. Тој се прашува „дали со светот управуваат паметни луѓе што нè мафтаат како да сме будалетинки, или се тоа имбецили кои

навистина веруваат во она што го прават“. Јасно е дека со Македонија владеат вториве, зашто – пред гордо да го истакнат слоганот „Државата пред сè“ – во испразнетата зграда на македонската демократија сосем сериозно ја вселија својата парадржавна тоталитарна инсталација. Затоа, почитувани читатели, гласајте против државата на ДПМНЕ која е пред сè и над сите во Македонија. Гласајте против фашизмот.

http://bit.ly/grcev51

# ЗЕМЈА НА РОЗОВИ ЗАЈАЧИЊА БЕЗ МОЗОК

**23.04.2014**

> Македонските розови зајачиња го живеат истото секојдневие како и анимираните: со истите несреќни и растурени погледи одат послушно на избори.

Анимираниот филм „Ребитленд“ на белградските автори Ана Недељковиќ и Никола Мајдак (минатата година ја освои „Кристалната мечка“ на филмскиот фестивал во Берлин) е морбидна визија за „совршената“ демократија на дваесет и првиот век. Ребитленд е земја населена со розови зајачиња, кои наместо мозок имаат дупка во главите и поради тоа тие се среќни без оглед што им се случува во стварноста. Единствената активност на розовите зајачиња со дупка во главите е секој ден во годината да одат да гласаат на „слободни и демократски“ избори. Светот на розовите зајачиња е создаден од урнатини на разорена градска цивилизација, во која некој перверзно ги обоил фасадите во розова боја, додека на плоштадите стојат бизарни споменици на одвратни женски фигу-

ри во мини здолништа. Тоа се споменици на власта на бандата на Злите Девојчишта, кои цело време злобно се смеат, носат воени униформи со мини здолништа, високи потпетици и имаат влакнести нозе. Таа своја „супердемократска“ диктатура Злите Девојчишта ја одржуваат само за свое задоволство и забава, смеејќи им се злобно на зајачињата со дупки наместо мозоци. Се разбира, секое зајаче кое ќе пројави грам мозок веднаш го апсат, а „совршено мирната демократија со ефикасен поредок“ се одржува со секојдневни „демократски“ избори, розови фасади, бронзени споменици и – најважното за малку го заборавив – со розови телевизиски екрани и безброј звучници низ градот од кои непрекинато се слуша „хепи, хепи, хепи, хепи...“

> Секое зајаче кое ќе пројави грам мозок веднаш го апсат, а „совршено мирната демократија со ефикасен поредок“ се одржува со секојдневни „демократски“ избори, розови фасади, бронзени споменици и – најважното за малку го заборавив – со розови телевизиски екрани.

Во сенишната фантазмагорија на младата белградска уметница можат да се препознаат многу европски и светски демократски држави, но оваа филмска дистопија – иако параболично карикирана филмска иронија – до болка тегобно наликува на македонската општествено-политичка стварност. Во анимираниот Ребитленд се буквално нацртани нашите секојдневни „слободни и демократски“ избори, целата до повраќање одвратна и лажна демократија, новите „барокни“ фасади за „разуба-

вување“ на престолнината, лажните споменици обоени со златна боја, нашите розови гебелсовски медиуми од кои ечи „хепи, хепи, хепи“... Во филмот можеме сосем јасно да ги препознаеме и дупките во нашите глави, кои останаа како некој вид длабока лузна што потсетува на изгубената супстанца на разумот од времето пред системската кретенизација на општеството спроведена од диктатурата на ДПМНЕ. И, да, можеме со неверојатна сигурност да го препознаеме и злобното смеење на „кучките од власта“ и нивните влакнести нозе. Особено последниве.

Македонскиот Ребитленд е – исто како во филмот – „стабилно демократско општество“ во кое целокупната власт ја држи партиска банда која ги лажира сите аспекти и вредности на современата македонска државна, културна и уставно-правна суштина. Македонските розови зајачиња го живеат истото секојдневие како и анимираните, одат послушно и кротко на избори, ги вршат своите граѓански должности со истите несреќни и растурени погледи, немоќно заменувајќи ја неизвесноста на сопствената слобода и брзите води на некогаш напорната и нестабилна демократија со тивката и безбедна рамница на тоталитаризмот. Но, во филмот ги нема ликовите кои во нашата стварност играат многу важна улога во одржувањето на „розовата диктатура“. Тоа се нашите пријатели од меѓународната заедница, нашите „учители по демократија“, коишто се секогаш присутни како набљудувачи на нашите лажни избори и редовно даваат оценки за нашиот „перформанс“. За нивната замрсена и амбивалентна улога нема решение во филмската визија, па ќе се обидам сам да си го објаснам суштинскиот елемент на нивната улога: што, всушност, тие оценуваат?

Иако суштината на оценувањето на демократичноста на изборите не е во следењето на кампањата и денот на изборите, туку во збирната оценка на општествено-политичкиот контекст во кој изборите се случуваат, нашите ментори и учители се концентрираат само на завршната претстава. Зарем се толку наивни, ќе се запрашате, кога и децата знаат дека авторитарните и тоталитарните режими изборите ги лажираат секој ден во годината, а не на денот на изборите, и тоа инструментализирајќи ги во својата бесконечна кампања сите институционални и финансиски ресурси на државата, контролирајќи ги медиумите и злоупотребувајќи ги инспекциите, полицијата и судовите за да го претворат егзистенцијалниот страв во „изборна волја“ на граѓаните. И во нашиов недоделкан тоталитаризам слободата и демократичноста на изборите се оценува во месеците и годините пред изборите, а не – како што сосем погрешно прават „учителите“ од ОБСЕ/ОДИХР – за време на изборите, кога се одвива однапред лажираната претстава. Во веќе востановениот розов поредок на Ребитлендот, во којшто власта на зајачињата веќе им направи дупки во главите, позитивните оценки за изборите се само признание на Злите Девојчишта од

> Во веќе востановениот розов поредок на Ребитлендот, во којшто власта на зајачињата веќе им направи дупки во главите, позитивните оценки за изборите се само признание на Злите Девојчишта од ДПМНЕ за „ефикасно“ спроведената тоталитарна државно-партиска измама.

ДПМНЕ за „ефикасно“ спроведената тоталитарна државно-партиска измама.

Ќе дојде ли денот кога „учителите по демократија“ јавно ќе признаат дека режим кој со полиција ги брка избраните пратеници на опозицијата од Собранието и ги фалсификува изборните списоци и личните карти на граѓаните, не само што нема повеќе легитимитет да владее, туку не може да има ни мандат да организира избори? Не знам. Но, со сигурност знам дека тој ден можеме самите да го обелодениме – сите ние што не се согласивме да носиме дупки во главите – само со својот непокор, својот отпор и својот глас против „розовиот“ тоталитаризам на ДПМНЕ.

http://bit.ly/grcev52

# КОГА ВИСТИНАТА ЌЕ СТИВНЕ

**29.04.2014**

> Според Твен, полесно е да ги лажеш луѓето, отколку да ги убедиш дека биле излажани.

Според Твен, полесно е да ги лажеш луѓето, отколку да ги убедиш дека биле излажани. Но, македонското свежо тоталитарно искуство укажува на еден сосем нов вид масовно лажење на луѓето, својствен на времињата на фашистичките преродби, коишто Твен за среќа не ги доживеал. Измамничкиот режим на ДПМНЕ успеа да го унапреди Твеновото правило за леснотијата на лажењето и да докаже дека всушност најлесно и најефикасно од сè е луѓето да ги излажете дека биле излажани. Режимот на Груевски успеа да ги излаже луѓето дека биле излажани од комунистите, односно од нивните сопствени родители, што значи дека родителската верзија за нивното зачнување и раѓање била лажна. Наседнувањето на измамата со која колективната меморија за

сопствениот постанок се прогласува како лажна има есхатолошка природа, зашто тоа е завршен самопоништувачи чин со којшто личноста практично се откажува од сопствениот интегритет. Тоа е така зашто после ова двојно измамничко салто прорaботува Твеновото изворно правило: излажаните веќе не можеш да ги убедиш дека биле излажани. Тие веќе немаат никаков мисловен референцијален систем за препознавање на вистината и стануваат сеништа од послушни граѓани кои продолжуваат да живеат со дупка во главата наместо мозок, дупка во која тоталитарната пропаганда може лесно да го одржува стравот и покорноста.

Белгиските колонизатори на Африка, со темна слава како едни од најсуровите на континентот каде што е родено човештвото, наишле на најсилен отпор при поробувањето на Масаите, кои целата своја колективна меморија ја врзувале за пределите на нивната родна земја, за нивните места, реки, брда и долини. Знаејќи дека најуспешен начин за поробување на народите е нивна декултурација, односно бришење на колективните верувања и преданија, колонизаторите решиле да ги преселат Масаите од нивната родна земја, за да ја прекинат митолошката врска помеѓу нивната географија и нивната култура. Но, Масаите ги преименувале сите места од новата земја со имиња од својот роден крај, пренесувајќи го со себе целокупниот културен и географски координатен референцијален систем и така го задржале својот идентитет и човечкиот интегритет. Секоја чест на Масаите, но врз нас Македонците режимот на Груевски примени сосем обратна метода од белгијанските колонизатори и постигна значително поголем успех. Тој не ги раселува туку ги иселува македонските граѓани, а на оние коишто останаа во родната земја – лажејќи ги дека биле излажани за нивното

потекло – им ги смени културата и идентитетот, моралните вредности и историјата, имињата на нивните херои и на нивните улици.

> Ние сме очигледен доказ за успешноста на процесот на декултурација и кретенизација, зашто веќе години наназад – како сите да поседуваме меморија од 32 килобајти – повторно и повторно гласаме на силувани избори, во услови на недемократски режим, и цело време очекуваме демократски резултати!?

Во процесот на оваа декултурација која скудоумно ја нарекуваме „преродба", Македонците се враќаат во предмакедонското време на неслободата, во време без институционална меморија за себеси, во состојба на колективна амнезија кога веќе нема свест за сопственото постоење. По извршениот процес на декултурација на населението и создавањето послушна граѓанска маса без сеќавање за сопствената слобода, режимот многу полесно ја одржува власта со организирање лажирани избори. Ние сме очигледен доказ за успешноста на процесот на кретенизација бидејќи години наназад – како да поседуваме меморија од 32 килобајти – повторно и повторно гласаме на силувани избори и очекуваме демократски резултати!? Според мислата на Ајнштајн, лудилото е состојба во која повторно и повторно правите една иста работа и упорно очекувате различен резултат. Невозможноста да ја сфатиме вистината (живееме во недемократија; за да имаме демократски избори првин треба да воспоставиме демократски услови) е јасен доказ дека сме жртви на повеќегодишна систематска декултурација и дека се однесуваме како заболени од колективен кретенизам, од најтешка форма на менталната заостанатост. Што друго?

Можеби нашата дијагноза и не е толку страшна, доколку погледнеме околу и по светот. Ќе забележиме дека наместо процут на капиталистичката либерална демократија во нејзината најхумана форма, сè повеќе виреат лажни полудемократии, авторитарни системи кои се одржуваат со контролирани избори и диктатури маскирани во демократски одежди. Како да влеговме во ера на општиот самрак на вистината, просветителството, разумот, хуманизмот и вистинската демократија.

Сепак, глобалната криза во развојот на демократијата не може да ни биде утеха во нашата сопствена недемократска јама, туку – како што напишав уште во август 2012 година – единствениот излез од оваа стрмоглава спирала на пропаѓање, е да ѝ се одземе легитимноста на власта и таа да се санкционира за сите сторени криминали и за уништување на демократијата. Оваа делегитимизација на власта, се разбира, не може да се изведе преку институциите на системот, зашто токму тие треба да се делегитимираат поради нивното учество во укинувањето на нашите слободи, права и другите претпоставки кои слободните избори ги прават можни. И, уште еднаш, јасно: единствен начин повторно да се обезбедат услови за демократски избори во Република Македонија, е првин да се ослободиме од неуставната власт на Груевски. Првин демократија, потоа демократски избори.

http://bit.ly/grcev53

# ВО СЛАВА НА ПОБЕДАТА НА(Д) ФАШИЗМОТ

**14.05.2014**

> И нашиот срамежлив и прикриен фашизам – без оглед колку безопасно и глупаво изгледал – ги поседува практично сите општи својства на фашизмот.

Во саботата Европа и светот ја славеа шеесет и деветгодишнината од победата над фашизмот, најголемата историска победа на доброто над злото. Се чини, меѓутоа, како што минуваат годините, воените таламбаси од свечените паради почнуваат да звучат сè пошупликаво и како некоја зла иронија да се вовлекува во обредната прослава на уништувањето на најголемото политичко зло во историјата. Таа иронија е сè посилна колку што станува јасно дека на политичките трибини што ја следат парадата во чест на милионите изгубени животи во борбата против фашизмот, секоја година седат сè повеќе живи и здрави фашисти.

Ужасна – иако не нова и шокантна – е вистината дека последниве две децении во целиот свет почнаа повторно да цветаат фашистички движења облечени во најразлични политички костуми и маски; и оние што јавно се декларираат како неофашисти, но уште повеќе такви што врз основа на фашистички побуди, програми и состојби на духот, се легитимираат како десно ориентирани демократски политички движења. Кога ќе ги погледне сите тие „наимани“, јадри и здрави фашисти во политичкиот паноптикум на дваесет и првиот век, повторно облечени во креациите на Хуго Бос (овојпат во цивилни костуми, а не во застрашувачките униформи што славниот моден дизајнер ги креирал за Хитлеровата армија), човек не може а да не помисли со мачнотија и гнев на залудноста на жртвите во борбата против фашизмот.

> Човек не може а да не помисли со мачнотија и гнев на залудноста на жртвите во борбата против фашизмот.

Иако и „оригиналните“ фашизми од минатото никогаш не се појавувале во истото издание на две места (поради неповторливоста на историските појави и на општествено-политичките ситуации), изразениот диверзитет е највидлива карактеристика на денешните фашизми што цветаат како ливадско цвеќе во сите можни бои. Колку и да се различни по своите надворешни појавности, денешните фашизми ги делат истите генерички својства и особено истите „мобилизирачки страсти“, како што ги нарекува Роберт Пакстон, со „големите“ фашизми на дваесеттиот век. Првиот вид фашистички движења што процутеа последниве децении се традиционалните европски неофашизми, кои својот обеди-

нувачки мотив го наоѓаат во ксенофобичното чувство на загрозеност од имигрантите од сите провиниенции. Вториот вид фашистички движења настана во безмалку сите постсоцијалистички земји, во форма на десничарски ултранационалистички политички партии создадени  на бранот на антикомунистичката хистерија што се разви како индуцирана реакција на брзиот и неочекуван колапс на социјалистичката парадигма. Третата група се исламските фашизми завиткани во џихадски чалми во чија доктрина религијата, партијата и државата се едно (и лесно се препознаваат по вообединувачкиот антиизраелски антисемитизам). И четвртата, најневидлива и најопасна група фашизми се развиваат во срцевината на најмоќните земји на либералната демократија, во форма на институционален корпоративизам, односно низ здружување на моќта на приватниот крупен капитал и политичките институции на државата. Поврзувањето на економски најважните индустрии со партиите на власт и со владите во најразвиените индустриски земји на капитализмот стана веќе општо место, па се смета за вообичаено крупното банкарство, енергетиката, воената индустрија, прехранбената и фармацевтската индустрија, како и информатичката индустрија во последно време, цврсто да се испреплетени со политичките елити и со институциите на државата. Оваа „жешка врска" ја исполнува системската дефиниција на фашизмот на Мусолини: „Фашизмот би требало посоодветно да се нарекува корпоративизам, бидејќи ги спојува државната и корпоративната моќ".

Колку и да се навидум различни помеѓу себе, сите денешни фашизми – како и историските, впрочем – јурат на погонот на истите базични „мобилизирачки страсти",

кои Роберт Пакстон ги опишал во своето последно големо дело, „Анатомија на фашизмот“. Тоа се: 1. Чувство на загрозеност и пониженост на заедницата; 2. Првенство на заедницата кон која поединецот има должности посилни од кое било индивидуално или човеково право; 3. Колективно чувство на жртва, кое оправдува секаква акција против внатрешниот или надворешниот непријател, без какви и да е законски или морални ограничувања; 4. Страв од распаѓањето на нацијата под корозивното дејство на индивидуалните слободи, класната борба или надворешните влијанија; 5. Потреба за збивање на расно, национално, етнички или верски „чистата“ заедница; 6. Потреба од авторитарно водство (секогаш машко), кое ќе ја води националната „преродба“ како реинкарнација на историскиот мит со којшто се идентификува колективот; 7. Преовладување на групните емоции и инстинктот на водачот над апстрактниот и универзалниот разум, и 8. Воодушевувачка убавина на насилството и ефикасноста на насилната волја.

> Мусолини: „Фашизмот би требало посоодветно да се нарекува корпоративизам, бидејќи ги спојува државната и корпоративната моќ“.

Лесно е воочливо дека и македонската варијанта на фашизмот Груевски и ДПМНЕ ја засадија на хумусот на истите „мобилизирачки страсти“. И нашиот срамежлив и прикриен фашизам – без оглед колку безопасно и глупаво изгледал – ги поседува практично сите општи својства на фашизмот. Некои обилно, некои во траги, но сите се тука: од расизмот, национализмот, шовинизмот, традиционализмот, биготизмот и сексизмот, до популиз-

мот, антикомунизмот, историскиот ревизионизам, антисиндикализмот, антиинтелектуализмот, корупцијата и клептократијата. Затоа, нашиот фашизам го поседува и единствениот комплет на генерички својства на фашистичката држава: претопувањето на трите власти во една извршна, поистоветувањето на партијата на власт со државата, обединувањето на државната и корпоративната моќ и тоталитарната контрола на медиумите. На сето тоа ние го имаме и денес реткиот „фашистички минимум", а тоа се преродбата и митот за македонската ариевска раса на надлуѓе од кои потекнала севкупната бела раса од Исланд до Владивосток. Ура за нас!

Секако, можеме и да речеме дека фашизмот е само уште еден анахрон и преупотребуван „изам", кој веќе нема практична употреба во политиката. Но, тоа нема многу да помогне во борбата против фашизмот на ДПМНЕ. Честит 9 Мај, почитувани читатели, и – смрт на фашизмот, слобода на народот!

http://bit.ly/grcev54

# СОНУВАЊЕ НА НАШАТА УТОПИЈА

**21.05.2014**

> Зелки, трупки и `рдокви, билмези, гуланфери и дунстери, безделници, бездарници и безумници – тие се на власт.

„Една навистина златна мала книга, забавна и не помалку корисна, за најпожелната состојба на општото добро и за новиот остров Утопија“ беше вистинскиот наслов на делото на Томас Мор, денес познато само според името на имагинарниот остров „Утопија“. Од своето објавување во 1516 година до денес, „Утопија“ стана најпознатиот топоним за непостоечко место на светот, но и најупотребуваното општо име за замислено општество со идеално уредување. Спротивно на огромната слава на името и значењето на поимот „утопија“, содржината на славното дело како да падна во заборав, иако стварноста на дваесет и првиот век уште како ги чини актуелни напорите во замислувањето на неоствареното државно уредување на општото добро и благосостојба.

Мор ја замислил својата Утопија како остров некаде до тукушто откриениот Нов свет, со големина приближна на нашата Македонија, со општествено уредување кое се темели практично на три принципи: слобода и еднаквост помеѓу луѓето, повеќестепена претставничка демократија и – кое изненадување – непостоење на приватна сопственост. Засновајќи ја својата политичка фантастика врз овие основни морално-политички принципи, Томас Мор создал визија за општество во кое сите граѓани живеат во хармонија и среќа. Луѓето во Утопија сè што им треба си набавуваат бесплатно од стоковни куќи, здравствената грижа и школувањето се општи права, стапувањето и раскинувањето на браковите е слободно и доброволно, а дозволена е и болничката еутаназија (!). Својот презир кон неправдите создадени од сопственоста на материјалните блага Утопјаните го изразуваат така што осудените криминалци ги врзуваат во синџири од чисто злато, а од истиот материјал се направени и сите ноќни садови и тоалети. На вратите од

> Својот презир кон неправдите создадени од сопственоста на материјалните блага Утопјаните го изразуваат така што осудените криминалци ги врзуваат во синџири од чисто злато, а од истиот материјал се направени и сите ноќни садови и тоалети.

куќите нема брави за заклучување, додека домаќинствата ги менуваат домовите секои десет години, за да не се врзат емоционално за нив и не создадат чувство на сопственост. Може слободно да се каже дека – освен поединечните уметничко-филозофски куриозитети на Мор – не постои ниту едно право кое го уживаат имагинарните граѓани на Утопија, кое денес – во најголемиот дел од светот – не е се-

уште предмет на страствено сонување. Особено кај нас во Македонија.

Кај нас во Македонија, како што веќе сите знаеме, структурата на авторитарниот режим на Груевски се темели врз нееднаквоста на граѓаните, врз зголемувањето на разликите помеѓу богатството на елитата и сиромаштијата на народот и врз субординативната пирамидална структура на власта. Во овој патријархално-семеен авторитаризам се изопачени темелните поставки на демократијата, па наместо уставно гарантираната автономност и независност на институциите на трите уставни власти – законодавната, извршната и судската, власта во Македонија ја карактеризира потполна подреденост на една неформална власт – на „главата“ на фамилијата. На тој начин семејно-партиско-полицискиот режим на Груевски практично ја окупира и ја откраднува државата од народот, па следствено, Македонија и Македонците ги смета за легитимен плен, како приватна сопственост на којашто има неограничено право на владеење.

Ваквата структура на власт – спротивна и инверзна на уставната демократија – сите вредности и доблести ги редуцира на еден изопачен критериум за селектирање на луѓето, кој потекнува единствено од позицијата на поединецот во семејно-партиската структура на власт. Како последица на наопаку извртениот систем на вредности, се суспендираат сите компетенции, знаења и искуства, па на челните позиции во општеството доаѓаат оние од моралното и интелектуалното дно, на сметка на доблесните кои се маргинализираат. Поради тоа, сите можни стручни и одговорни функции во државата ги заземаат зелки, трупки и `рдокви, билмези, гуланфери и дунстери, безделници, бездарници и безумници, ебиветри, копуци, дибеци и ду-

дуци, дебили, имбецили, кретени и идиоти, искомплексирани ништожници и други некомпетентни будали. Сите тие скудоумници се на тие позиции, не поради нивните способности, познавања, референци или доблесност, туку пред се поради сервилноста и лојалноста кон фамилијата.

Во темните зори на Новиот век, Мор ја проектирал својата христијанско-комунистичка политичка утопија со единствена метода: тој замислил општество кое според своите основни вредности и односи, е сосем обратно на грдите општествено-политички состојби кои реално постоеле во раниот шеснаесетти век во Европа. Ако сакаме да ја замислиме македонската Утопија на дваесет и првиот век, и да го конструираме македонското општество на „блаженство и среќа", треба само да ја примениме истата метода со која Томас Мор ја креирал неговата Утопија: да направиме комплетна вредносна инверзија и отфрлање на поставките на партиско-полициската држава на Груевски и ДПМНЕ. И што ќе добиеме, како ќе изгледа македонската Утопија? Македонскиот историски остров на „општа среќа и благосостојба" ќе биде Македонија пред Груевски и ДПМНЕ, којашто – за разлика од имагинарната Утопија на Томас Мор – ќе излезе дека е веќе реализиран и одживеан сон, чиешто сонување е денес режимски оневозможено и забрането. Демократијата под режимот на Груевски стана македонската Утопија, чиешто повторно реализирање во стварноста ќе биде можно по отсекувањето на груевизмот – како историски тумор на злото – од ткаењето на македонското општествено и културно постоење. Денес тоа е единствениот сон вреден за сонување во Македонија и единствената политичка програма вредна за борба.

http://bit.ly/grcev55

# ОСНОВНИТЕ ЗАКОНИ НА ГЛУПОСТА

**29.05.2014**

> Луѓето најчесто го потценуваат бројот на глупаци во промет.

Кога се анализираат осумте години од разорното владеење на ДПМНЕ и последичното стрмоглаво пропаѓање на македонскиот државен и културен проект, не е можно да не се забележат нападни аналогии помеѓу режимот на Груевски и италијанскиот фашизам, германскиот нацизам и другите фашистички диктатури од минатиот век. Меѓутоа, едно доминантно својство на фашизоидната диктатура на Груевски не само што ги прави историските аналогии тешко воочливи, туку ја маскира и малигната природа на режимот и со тоа ја оневозможува соодветната реакција на населението и на меѓународниот фактор. Тоа е глупоста. Режимот на ДПМНЕ генерира такви неверојатни глупости во сите до-

мени на животот, што глупоста стана основното својство на вкупното функционирање на државата. Глупоста на режимот на ДПМНЕ ни обезбеди глобална слава со најглупавите државни згради и споменици во вселената од „проектот „Скопје 2014““, но и со безброј други малоумни државни политики. Оваа слава со која добивме статус на светски будалетинки, ја претвори македонската државно-културна трагедија во провинциска фарса, и токму таа комична нишка во перцепцијата на светот ја направи нашата национална несреќа несериозна и потполно неразбрана.

Затоа „разбирањето“ на глупоста – која упорно му се опира на секое рационално промислување – е најважниот чекор во борбата против ова зло. Ваков чекор кон „разбирањето“ на глупоста направи професорот по економија на Беркли Универзитетот Карло Чипола, кој во 1987 година објави стручна статија под наслов „Основни закони на човечката глупост“. Во статијата се објаснети петте основни закони на глупоста и нивните последици врз човечките општества, кои можеби ќе ни помогнат во измолкнувањето од диктатурата на глупоста која владее со Македонија. Ова се петте закони на професорот Чипола:

- Секој човек, секогаш и неизбежно, го потценува бројот на глупаци кои се во промет. Првиот закон оневозможува да се одреди бројот на глупаци во вкупната човечка популација, затоа што секоја бројка ќе претставува потценување.

- Веројатноста одредена личност да биде глупава е независна од сите други карактеристики на личноста. Глупоста е биолошко својство на човечкиот вид и е

рамномерно и пропорционално распределена по светот, но степенот на нејзиното учество во власта ја прави судбинската разлика помеѓу општествата кои просперираат и оние кои пропаѓаат.

> Глупав човек е оној кој предизвикува загуби (и несреќа) кај другите, без притоа да оствари видлива добивка, или дури по цена на уште поголеми штети.

- Глупав човек е оној кој предизвикува загуби (и несреќа) кај другите, без притоа да оствари видлива добивка, или дури по цена на уште поголеми штети. Третиот основен закон на глупоста на Чипола во разработка ги дели луѓето на четири групи: паметни, беспомошни, бандити  и глупи, при што првите три не се однесуваат конзистентно, па „мигрираат“ од тип во тип, додека глупавите се глупи во секоја ситуација и во сите околности. Така на пример, идеалниот бандит предизвикува толкава загуба кај луѓето, колку што изнесува неговата добивка. Колку што добивката на бандитот е поголема од загубите кои ги предизвикал, тој мигрира во типот на паметни, и обратно, колку што загубите и штетите што ги предизвикал се поголеми од неговата добивка, толку бандитот му се придружува на типот на глупаците. Во грдата македонска стварност, целата популација на бандити мигрирала кон глупаците на власт, па штетите кои му ги нанесоа на македонското национално богатство и култура се немерливо поголеми од нивните лични добивки, односно од неколкуте милијарди евра коишто ги ограбија од татковината.

- Луѓето кои не се глупи секогаш ја потценуваат разорната моќ на глупаците. Луѓето од сите три не-глупи типа никогаш не можат да организираат рационална одбранбена стратегија пред глупоста бидејќи глупаците делуваат врз основа на мисла која нема рационална структура.

- Глупаците се најопасниот тип луѓе. Делувањето на паметните, беспомошните и бандитите го збогатува или го одржува општеството во рамнотежа, но кога доминира глупоста, кон глупаците мигрираат и сите други групи, па загубите се многу поголеми од добивката и целото општество осиромашува и бива уништено.

На крајот, професорот Чипола го сумира делувањето на основните закони на човечката глупост низ целата историја и заклучува дека сите општества во кои политиката ја воделе паметните, обезбедувале просперитет на целото општество и зголемување на вкупната благосостојба, додека општествата во кои глупаците биле на власт сиромашеле, културно и морално се изопачувале и неминовно пропаѓале.

> Општествата во кои глупаците биле на власт сиромашеле, културно и морално се изопачувале и неминовно пропаѓале.

Кои се поуките што можеме да ги извлечеме од овој шеговит, но извонредно умен и луциден труд на професорот Чипола? Најважните поуки се однесуваат на стратегијата за борба против диктатурата на глупоста на Груевски и ДПМНЕ. Тоа се: Не ја потценувајте глупоста, зашто нејзината разорна моќ е секогаш поголема од ра-

ционалните проценки. Не се надитрувајте со глупоста, зашто таа е ослободена од сите морални и рационални норми. Немојте да се борите со глупоста според нејзините правила, зашто не постојат правила кои таа ги почитува. Глупоста која е на власт е секогаш деструктивна и злосторничка. Затоа, најважното во борбата против диктатурата на глупоста е таа да се разоткрие и изолира, да се дисквалификува и делегитимира. И, се разбира, да се отстрани од власт.

http://bit.ly/grcev56

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ВНАТРЕШНАТА ОКУПАЦИЈА

04.06.2014

> Првиот чин на ослободувањето е делегитимација на окупаторот.

Потпаѓањето на една земја под окупација на друга, најчесто со употреба на воена сила, се случувало толку често во историјата што формулите за успешна окупација, со нумерички параметри за потребната „густина на воена покриеност“ (еден окупаторски војник на педесет жители), се вообичаено четиво во учебниците за основна воена обука. Односот помеѓу вооруженото малцинство на окупаторот и домашното мнозинско население ја дефинира вообичаената странска окупација во која работите се најчесто јасни од почетокот, зашто поделбата на улогите во таа често играна историска драма е речиси секогаш иста. Се знае кој е непријателот што ја окупирал земјата, веднаш до него се домашните учесници во власта – домашните предавници, потоа доаѓа

делот од населението што работи во државната администрација и виталните дејности, кои се трудат да си го живеат животот како ништо да не се случило и продолжуваат да му служат на окупаторот, како што ѝ служеле на татковината. По нив доаѓа најголемата група од окупираното население, која ја трпи окупацијата и живее двоен живот глумејќи „нормалност“, а на прашањето „како си“, одговара со тажна насмевка: „Викај: доброоо!“ И, на крајот доаѓа најважната и далеку најмалата група учесници во „окупациската драма“ – борците за слобода, кои не можат да се помират со животот во ропство и активно се борат против окупаторот.

> Иако „густината“ на нашиот окупатор е иста како и кај надворешните окупации (1:50, зашто со Македонија практично владеат 40.000 платеници на ДПМНЕ), и потполно иста е и поделбата на улогите, кај нашава окупација изостанува јасната „драматургија“, зашто никој не се препознава во сопствената улога.

Внатрешните окупации – каква што е окупацијата на Македонија од страна на внатрешната организација на Груевски – ги носат истите структурални карактеристики како и надворешните окупации, но даваат една сосем друга, нејасна и заматена социјално-политичка слика. Иако „густината“ на нашиот окупатор е иста како и кај надворешните окупации (1:50, зашто со Македонија практично владеат 40.000 платеници на ДПМНЕ), и потполно иста е и поделбата на улогите, кај нашава окупација изостанува јасната „драматургија“, зашто никој не се препознава во сопствената улога. Нашите домашни окупатори јавно се прикажуваат како да се скандина-

вски демократи, домашните предавници и најдолните колаборационисти се сметаат за чувари на вистината и на институциите на демократијата, народните маси не признаваат дека се презрено робје, туку се сметаат за гласачи, та дури и борците за слобода не можат ниту да се распознаат меѓусебе, а не им е јасно и како да ја играат доделената улога.

Но, перцептивно-когнитивниот хаос што владее во внатрешните окупации е нивно инхерентно својство, зашто тие се востановени врз измама и неразбирање, лажни поделби и слепа омраза. Фундаменталната измама на внатрешните окупатори е што тие – откако еднаш дошле со демократски избори на власт – ја задржуваат демократската форма на владеење, но ги лажираат сите следни избори за неограничено да владеат. За таа цел тие практично го лажираат целиот државен апарат, односно со партиски војници ги окупираат сите демократски институции на системот и ги ставаат во служба на недемократската окупаторска кауза. Токму поради поимниот хаос предизвикан од системската измама, воспоставувањето идеологија и фронт за борба против внатрешната окупација се покажа тешка и матна работа. Дополнителните пречки за формирање цврста мисловна и организациска структура на отпорот се воедно и основните премиси на функционирањето на внатрешните окупации: масовната корупција и стравот. Зашто, внатрешните тоталитарни окупации никогаш не владеат – како што мислат мнозина – со тотална контрола и брутална репресија што режимот ја спроведува во сите пори на општеството, туку со употреба на селективна суровост кон поединци, во комбинација со широка коруптивна толерантност кон населението со чие соучес-

ништво и кооперативност се одржува привидот за тоталната контрола на режимот.

Немилитаристичките внатрешни окупации како оваа нашава, непостоењето моќна армија што противниците ги убива во концентрациони логори или, пак, на тајна полиција што во своите поплочени подруми со куршум во тилот ги истребува „внатрешните непријатели", режимот на Груевски го надоместува со тивок судско-полициски и инспекциско-финансиски терор и егзистенцијално уништување на одбрани жртви, кои со својот пример го обезбедуваат „ненасилното", но смртоносно владеење на стравот.

Сепак, една од најголемите пречки во борбата за ослободување од внатрешната окупација на режимот на Груевски е инертниот и амбивалентниот однос на луѓето кон окупираните храмови на непостоечката македонска демократија. Тие упорно (и бесполезно) заштитата на своите слободи и права ја очекуваат од окупираните институции на системот какви што се парламентот, судскиот систем, уставниот суд и другите државни институции! Излезе како да е најтешко да се сфати дека еднаш окупираните институции на државата стануваат спротивни на својата намена, та наместо да служат за одбрана и остварување на правата на граѓаните, тие стануваат најефикасните оружја за репресија, покорување и одржување на власта на окупаторот. Затоа – колку и да е тешко да се прифати – вистинската борба за повторното ослободување на Македонија, ќе започне кога ќе сфатиме дека во услови на внатрешна окупација на државата (исто како и во случајот на надворешната окупација), секоја граѓанска послушност, секоја конструктивна соработка и се-

која институционална колаборација со институциите на системот, станувaат колаборација со окупаторот, а со тоа и соучесништво во сопственото поробување.

> Мора да се сфати дека секоја институција на демократијата што паднала во рацете на внатрешниот окупатор, е негова алатка за угнетување и дека борбата за ослободувањето од внатрешната окупација не само што е невозможна и бесмислена преку институциите на системот, туку е единствено остварлива по пат на нивното рушење.

Единствената стратегија во борбата за ослободување од внатрешната окупација на ДПМНЕ е рушењето од темели на окупаторската партиска држава, не штедејќи ги институционалните зданија во кои со измама беа уништени вистинските уставни институции и системи на вредности. Мора да се сфати дека секоја институција на демократијата што паднала во рацете на внатрешниот окупатор, е негова алатка за угнетување и дека борбата за ослободувањето од внатрешната окупација не само што е невозможна и бесмислена преку институциите на системот, туку е единствено остварлива по пат на нивното рушење. Првиот чин на ослободувањето е делегитимација на окупаторот, а тоа е можно само со непризнавањето на неговите институции. Нивното рушење е последниот чин.

http://bit.ly/grcev57

# УСТАВНОСУДСКИ ПОРНО

**17.06.2014**

> Сцени на поганење на Уставот никој не би смеело да гледа.

Уставниот суд на Република Македонија, според членот 108 од Уставот, е орган на Републиката којшто ја штити уставноста и законитоста, односно одлучува за согласноста на законите со Уставот и на другите прописи и општи акти со законите и со Уставот. Ваквите надлежности претставуваат единствен исклучок во нашиот уставен систем, зашто со моќта на Уставниот суд да врши надзор и да ги корегира и законодавната и извршната власт, аполитичниот принцип на владеењето на правото како да им е надреден на политичките вредности на плурализмот и претставничката демократија. За да може оваа највисока заштитна и корективна функција во државата да се врши објективно и стручно, деветте судии на Уставниот суд Собранието ги избира за мандат од девет

години, и тоа од „редот на истакнати правници“ (член 109 од Уставот на РМ). Се подразбира дека вистинската автономија и стручната супереност, коишто се апсолутно неопходни за вршењето на уставната функција на судот, ќе ја обезбедат судиите со својата индивидуална морална и стручна супериорност. Но, во Уставот не пишува ништо за тоа што се случува доколку Собранието избере судии кои не само што не го исполнуваат уставниот критериум да бидат од редот на „истакнати правници“, туку не ги задоволуваат ниту најниските стручни и морални критериуми. А на библиската земја последниве години ѝ се случи токму таков – за демократскиот свет неверојатен – уставноправен апсурд: мнозинството судии од Уставниот суд да бидат избрани од редот на правнички дилетанти, опортунисти, чанколизи и коленичари, коишто во старите оловни времиња на Кралството, во личниот картон добиваа карактеристика: „глуп, туп и неспособан за даље школовање“!? Поради оваа суштинска изопаченост Уставниот суд денес ја претставува својата спротивност и наместо да биде последната одбрана на уставноста, слободите и граѓанските права, тој стана извршна канцеларија на авторитарниот режим на Груевски за формална легализација на неговите неуставни и незаконски државни криминали.

Да ги илустрирам овие нежни и одмерени квалификации на адреса на судот. Уставниот суд на Република Македонија братски ја дели одговорноста со другите режимски институции за реализацијата на македонскиот културен и општествено политички Армагедон со работен наслов „Скопје 2014“. Зашто, доколку работеше според Уставот и законите, судот мораше да ги спречи и поништи незаконските акти со кои режимот ги реализи-

раше објектите и спомениците од криминалниот „проект“. Да потсетам дека сите споменици од „проектот“ (на чело со Александар и неговите родители) се бесправно изградени преку програмата за изградба на спомен обележја на општина Центар, за да се „заобиколи“ Законот за меморијалните споменици и спомен обележја, во којшто јасно и категорично е утврдено дека споменици има право да гради само Собранието на Републиката и тоа одлучувајќи за секој споменик поединечно и со таканареченото Бадинтерово мнозинство. Оваа инфантилна и малоумна ујдурма – во една општинска програма спомениците од државно значење да се наречат спомен обележја од локално значење – со која еклатантно се прекршува Законот и се суспендира надлежноста на Собранието, му беше дадена на Уставниот суд за да поведе постапка за оценување на нејзината уставност и законитост. И, што направи Уставниот суд? Судот ја отфрли иницијативата со образложение дека „не е надлежен да одлучува“ за содржината на незаконската општинска програма, со што се прогласи за ненадлежен да ја врши својата најважна уставна надлежност – да одлучува за согласноста на прописите и општите акти со законите и со Уставот! Иста свињарија Уставниот суд направи и за секоја иницијатива за оценување на законитоста на Измените и дополнувањата на Деталниот урбанистички план за Центарот на Скопје – Малиот ринг (со кои незаконски се „уфрлуваа“ криминалните објекти од „Скопје 2014“), каде што судот одбиваше да ги „отвори“ плановите и да ја оцени нивната законитост затоа што тоа, цитирам, „излегува од границите на надлежноста на Уставниот суд, кој ја цени само постапката за донесување на урбанистичкиот план, а не и неговата содржина“. Ви се верува? Но, во Уставот пишува дека судот одлучува за

законитоста на прописите, а не (само) на постапките за нивното донесување! А, дека оценувањето на еден пропис значи правно да се цени пред сѐ неговата содржина, односно согласноста на содржината на прописот со Уставот и законите, знаат и уличните кучиња кои гордо ги шетаат жолтите картони захефтани на ушите! Перверзно, но и комично: како да ги гледам торжествените тоги во кардиналска боја, како ја ценат постапката за донесување на прописите, во пријавница, накрсно испитувајќи го куриротот кој ги донел оспорените документи. „Имаше ли јавна анкета, шумкар ни еден?“ „Имаше“, трепери куриротот, неумерено потејќи се над горната усна. „А, гласаа ли?“ – „Гласаа.“ „Согласност добија ли бе, мрсник?“ „Дд-а“, пелтечи испитуваниот. „Е, ако е така, планот е законски, ај, на здравје!“ Удираат печат уставните судии и задоволно триејќи ги рацете, ја напуштаат пријавницата.

> Дека оценувањето на еден пропис значи правно да се цени пред сѐ неговата содржина, односно согласноста на содржината на прописот со Уставот и законите, знаат и уличните кучиња кои гордо ги шетаат жолтите картони захефтани на ушите!

Во меѓувреме Уставниот суд ги „овери“ и другите тоталитаристички зулуми коишто во законска форма ги носеше Парламентот како извршен орган на Груевски: неуставната лустрација, одземената автономија на универзитетот и многу други. И, за своите неуставни решенија судот упорно дава писмени образложенија од кои би се срамел и повторувач на прва година на студии по право.

Поради сето тоа, нејасно ми е негодувањето на Хелсиншкиот комитет за одлуката на претседателката на судот да ги избрка камерите од седниците на судот. Зошто? Па жената очигледно имала исправна морална интуиција кога проценила дека содржината на снимениот материјал – од жанрот на „тврдиот уставносудски порно“ – не е подобна за јавно емитување на незаштитената македонска публика. Јас сметам дека решението е добро, зашто такви сцени на поганење на Уставот и принципите на уставното право, како и силување на здравиот разум, никој не би смеело да гледа. Без старател и ургентна психијатриска нега.

http://bit.ly/grcev58

# БЕЛЕШКИ ЗА НЕПОЗНАТОТО МИНАТО

**24.06.2014**

> Борбата за повторно освојување на изгубената иднина Македонците ќе мораат да ја водат паралелно со борбата за враќање на украдената и испоганета историја.

Времето е димензија во која се простира нашата вселена. Тоа е неповратно минлив аспект на нашето постоење, отсекогаш недофатен за човековиот ум. Сепак, во таа недофатна бесконечност која непрекинато се оддалечува од нас, е запретано сето она што човештвото успеало да го сознае за себеси, за нашиот свет и за неговото место во универзумот. Од исчитувањето на остатоците од минатото се составуваат сите референцијални системи во кои ги фундираме нашето самоспознавање, идентификација, вкупните знаења и вредносните системи. Затоа сите цивилизации, религии и филозофии својата онтологија ја темелат врз сопствената интерпретација на минатото. И додека историјата – како што ја нарекуваме таа интерпретација – за малобројната научна заедница претставу-

ва мисловен предизвик за воспоставување рационално објаснување на податоците за минатото, за популистичките политичари историјата е основна алатка за манипулација со луѓето. Тие непогрешиво знаат дека манипулацијата со лажни истории е најефикасно средство за масовно заведување; тоа е така заради фактот што токму луѓето кои не знаат ништо за своето минато се фанатично убедени во спротивното. Токму прошireното предубедување дека историјата како природно и наследно право е достапна секому, во голема мера ја блокира можноста за нејзино учење и разбирање.

Но, што воопшто луѓето знаат за минатото, особено за далечното минато? Неверојатно малку, а тоа малку што се „знае" не е од областа на егзактните научни факти, експериментално проверливи, туку е од областа на експланаторните реконструкции. Ова особено се однесува за настаните од „човековата историја", каде што теоретската неможност рационално да се осознае далечното минато се должи на неповратната загуба на информациите за него, безмилосно „изедени" од нараснувачката ентропија. Од милијарда артефакти создадени во минатото можеби еден ќе заврши во рацете на археологот; од билион случки произведени во само еден миг во минатото можеби една ќе биде запишана, па нивното дешифрирање и толкување, како и создавањето слика за нивниот контекст, е секогаш само научна хипотеза. Хипотеза која – доколку биде потпрена со доволно други научни факти и прифатена од научната заедница – може да стане прифатлива научна „вистина".

Значи, најголемиот дел од она што луѓето рекле за минатото е главно во жанрот на фикцијата, а не на фактите.

„Цврстите факти“ се најмалиот и најскапоцениот дел од реконструираната историја; тие сјаат како далечни ѕвезди во бескрајната темница на неповратно исчезнатите информации за минатото. Историските факти служат да ја обезбедат веродостојноста на приказната и да ни помогнат да осознаеме делчиња од минатото, но никогаш не заборавајќи дека секоја верзија на минатото е сепак само интерпретација. Токму поради премалиот број факти за минатото и огромните тешкотии тие да се протолкуваат и разберат, безбедната употреба на историјата е можна само од страна на високообразовани историчари и научници кои со фактите за минатото и со реконструираните фрагменти ќе ракуваат со најголема претпазливост.

> „Цврстите факти“ се најмалиот и најскапоцениот дел од реконструираната историја; тие сјаат како далечни ѕвезди во бескрајната темница на неповратно исчезнатите информации за минатото.

Како за инает, постои обратна пропорција помеѓу знаењето и фанатичното верување: колку луѓето имаат помалку знаења за одредена област толку се повеќе склони слепо да им веруваат на манипулациите во таа сфера. Минатото, за кое најголем број луѓе не знаат ништо, е затоа омилена материја на политичките манипулатори и популистичките вожди, кои измислената херојска историја секогаш ја веат на своите знамиња. И тоа, колку е подалечно минатото толку незнаењето и манипулацијата се зголемуваат по стрмна, експоненцијална крива (иако тоа не им е пречка на шарлатаните, па успешно го заблудуваат населението со лажни верзии и за непосредното

минато, кое мнозинството луѓе лично го памети). Таму, најдлабоко во непознатото минато, лежат митолошките херои на ултранационалистичките и фашистичките идеологии; таму, во темницата на потполното незнаење, секогаш тлее жарот на фанатичките преродбеници. А нашите преродбеници се луѓе „ослободени“ од секакво знаење и од сите морални норми; токму врз таа „апсолутна слобода“ се темели нивната „ефикасност“ и „убедливост“.

Ултранационалистичката контрареволуција на Груевски е изведена со масивна историска манипулација, со изворно фашистичка измама низ која денешната „преродба“ го анулира херојското доба од Втората светска војна – кога е создадена современата македонска држава – и се поврзува директно со митолошкото доба од античката историја и со кралската лоза на Агреадите. Како резултат на оваа злосторничка декултурација на населението, Македонците се однесуваат како вчера да ги отвориле млечно матните бебешки очи, во некое ирационално предполитичко општество од минатото, во кое вековната ропска судбина, политичката неписменост и индиферентноста се клучните фактори што на луѓето им ја одредуваат мизерната судбина.

> Македонците се однесуваат како вчера да ги отвориле млечно матните бебешки очи.

Џорџ Орвел, еден од највиспрените нуркачи во бездните на тоталитаризмот напишал: „Оној којшто го контролира минатото, ја контролира иднината. А оној кој ја контролира сегашноста, го контролира минатото.“ Затоа

борбата за повторно освојување на изгубената иднина Македонците ќе мораат да ја водат паралелно со борбата за враќање на нивната открадната и испоганета историја.

http://bit.ly/grcev59

# ДВОЈНО ИДЕНТИТЕТСКО САЛТО: АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ Е СЛОВЕН!

**30.07.2014**

> Колку и да се фантазерски расистичките „теории“ за нашето античко или ариевско потекло, негативните последици се болно стварни.

Дури откако добија официјална потврда од меѓународната заедница, дека нивниот проект за идентитетско уништување на младата македонска нација е успешно завршен и дека во преговорите за името „на маса“ ќе биде и македонскиот идентитет, Тајниот синод на јасновидци и шарлатани на ДПМНЕ како да одлучи на македонската идентитетска голгота да ѝ даде нов и неочекуван пресврт. Имено, за потребите на досегашната владина фашизоидна идеологија на „крвта и земјата“ и за нашето расно потекло од старите Македонци, Тајниот синод уште на почетоткот на „преродбата“ ја отфрли нашата словенска етногенеза поради „недоволно старото“ и „недоволно херојското“ минато на старите Словени. Но, откако нашата

приграбена античко-македонска етногенеза стана маслинка прободена со чепкалка и сервирана во мартини на шведската маса на меѓународната заедница, од хтонските длабочини на дпмнеовската глупост се подготвува коперникански пресврт: најновата верзија на нашето потекло е дека ние всушност сме Словени, но воедно и антички Македонци. Како тоа? Па, зашто и античките Македонци биле Словени! Уауу, каков пресврт – како да сме на историски ролер-костер, на којшто не можам да му одолеам. Совладан од бескрајната гравитација со која глупилото на ДПМНЕ како црна дупка го закривува просторот македонски, се нурнувам во етногенетскиот вир во кој исчезнуваат физичките мерила на просторот и времето. Почитувани читатели, по мене!

> Од хтонските длабочини на дпмнеовската глупост се подготвува коперникански пресврт: најновата верзија на нашето потекло е дека ние всушност сме Словени, но воедно и антички Македонци. Како тоа? Па, зашто и античките Македонци биле Словени!

Елем, последнава деценија и кусур, современата наука можеби го отпочна пресвртот во нашата „неблагородна“ ропска словенска генеалогија, па наместо општоприфатената научна теорија дека Словените „упаднале“ длабоко во Европа и на Балканот дури во шестиот век од нашата ера, генетиката, историската лингвистика, палео-антропологијата и археологијата последниве години нудат сè повеќе податоци за раниот неолитски, мезолитски, па дури и палеолитски континуитет на човечките култури во цела Европа. Овие индиции кои главно се темелат врз

совпаѓањето на генетските маркери и лингвистичките својства на јазиците со денешната распространетост на народите, сериозно укажуваат дека теоријата за доцното појавување на Словените најверојатно ќе мора да ѝ отстапи место на теоријата за континуитетот на нивното стабилно и успешно постоење уште од доцниот палеолит на територијата на половина Европа, од Средоземното и Црното море до Урал и Балтикот – каде што се наоѓаат и денес. Според ова научно-фантастично сценарио не е далеку ни денот кога од новите сознанија ќе произлезе и коперникански возбудливата хипотеза дека античките Тракијци, кои живееле северно и западно од Хелените и оставиле огромно археолошко наследство во соседна Бугарија, не исчезнале без трага и објаснение од историјата, туку најверојатно токму тие биле некој вид прото-словенска група народи, која продолжила да постои на Балканот и ширум Европа до денешно време, сочинувајќи го огромниот корпус на современите словенски народи. Екстатично!

Фатално вовлечен од неверојатната спирала на етногентски пресврти, не му одолеав на искушението и самиот да не земам активно учество во овие епохални откритија, и да ја отворам Историјата на Херодот, „таткото на историјата" кој живеел во 5-иот век п.н.е. и ја напишал првата историографија на античкиот свет. И што да видам?! Вели, Тракијците биле, после Индијците, најбројниот народ на светот. Го населувале целиот простор од Црно Море до Јадранот, а на север до ненаселениот вечен мраз. Имале многу племиња, со многу различни имиња, но со слични јазици и обичаи... Ако нешто одговара на точниот опис на распространетоста, бројноста и диверзитетот

на словенските народи, тоа е тогаш стариот опис на Тракијците од Херодот! Фасцинантно. Тој понатаму пишува дека Тракијците да имаа еден владетел и да беа сложни, тие ќе беа најнепобедивиот народ на светот. Точно така, мајсторе! Тука наеднаш доаѓам до највредниот и најверодостојниот доказ дека старите Тракијци навистина биле народ од словенска провениенција, што се вели – наши луѓе. Опишувајќи ги дистинктивните својства на тракискиот менталитет, Херодот поентира: „Безделничењето е за нив нешто најубаво, а земјоделието нешто најлошо. Да живеат од грабеж, за нив е најголемата гордост." (Историјата на Херодот, V, 6) Се почувствував како Индијана Џонс, осветлен од божествената вистина која заблеснува од подотворениот ковчег. Зошто човештвото досега не ја здогледало толку очебијната вистина?

> Опишувајќи ги дистинктивните својства на тракискиот менталитет, Херодот поентира: „Безделничењето е за нив нешто најубаво, а земјоделието нешто најлошо. Да живеат од грабеж, за нив е најголемата гордост."

Но, тоа не е сè: доколку се потврди дека Словените се Европејци од „најстарата лоза", неминовно ќе се утврди и дека повеќето народи кои тогаш го населувале овој дел од Балканот биле сродни тракиски племиња, што ќе рече прото-Словени. А огромна е веројатноста и дека античките Македонци всушност биле гранично тракиско прото-словенско племе кое, од времето на Пердика, Аминта, па до Филип и Александар, сакале себеси да се поистоветуваат со културно супериорните Хелени. Како ви изгледа? Како филмски етногенетски климакс со вистинско двојно идентитетско салто на Александар и за-

губениот библиски народ: Словените од робови, фукара и скороевци ќе станат вистинските благородни Ариевци, а античките Македонци наместо Грци ќе излезе дека се Словени!

Сепак, ограничениот простор ме приморува да слезам од забавното вовче на коешто се вози Тајниот синод на етногенетските лудаци, и да го поставам единственото трезвено, домаќинско прашање. Дали овој бајковит драмско-историски крешчендо ќе го сопре процесот на нашето идентитетско прерождение од Словени во античкиМакедонци и, следствено, од антички Македонци во непостоечки Ништожници, поданици на големото Ништо? Најверојатно нема, зашто колку и да се „вистинити“ хипотезите што ќе ги „открие“ науката за нешта кои се случиле пред 2.000 или пред 20.000 години, а што ќе пројде низ менталната септичка јама на дпмневските мозоци, не е релевантно ни за нашиот денешен идентитет, ниту за нашата денешна мизерна општествена состојба. Но, затоа, колку и да се нереални, лажни и безумни расистичките „теории“ на ДПМНЕ за нашето античко македонско или за ариевското словенско потекло, нивните негативни консеквенци за нашата сегашност се болно стварни и безмилосни. Мистиката на илузиите и лагите неумоливо се отелотворува во суровата реалност на нивните последици.

http://bit.ly/grcev60

# КРАДЦИ НА ИДЕНТИТЕТИ

**05.08.2014**

> „Античкиот идентитет“ треба да го отстапиме комплет со дополнителната опрема и резервните делови!

Со арамиското преземање на идентитетот „потомци на антички Македонци“, хунтата на Груевски на измама му го замени на народот македонски неговиот модерен идентитет за украден и лажен, при што оваа замена е платена со загуба на најнеобновливиот ресурс на нацијата – достоинството. Оваа висока цена ја плаќаме поради фактот што идентитетот е секогаш повеќе од неговиот носител; тој секогаш е обликуван и од односите и перцепциите во околината. Затоа секој Македонец со минимум самопочит и способност за рационално мислење чувствува понижување бидејќи (без да биде прашан) станал припадник на нација која – поради инсистирањето

на антично-македонската крв и проектот „Скопје 2014“ – целиот свет ја смета за попречена во менталниот развој.

> Секој Македонец со минимум самопочит и способност за рационално мислење чувствува понижување бидејќи (без да биде прашан) станал припадник на нација која – поради инсистирањето на антично-македонската крв и проектот „Скопје 2014“ – целиот свет ја смета за попречена во менталниот развој.

Од друга страна, оваа замена на идентитети не ни се случила само нам, зашто желбата да се потекнува од „благородна лоза“ или некаква „супериорна“ раса, е израз на општочовечката мизерија на инфериорното его за кого лажната претстава за себе е најуспешна одбранбена и мотивирачка стратегија. Идентификацијата втемелена во заблудите за сопственото расно и благородничко потекло, како и крадците на идентитети, постојат од почетоците на времето па до денес. Општо место, но и историска иронија, е што таквата идентификација мотивирана од амбицијата да се припаѓа на „лигата на најдобрите“ ја имале и античките Македонци, односно нивните кралеви од лозата на Аргеадите. Имено, сите кралеви од оваа лоза, предците на Александар Велики, сакале себе да се сметаат за Хелени, а не за македонски варвари за какви што ги сметала Атина. Најстариот и најверодостојниот извор за ова е Херодот, кој во својата Историја (напишана 96 години пред Александар Велики да стапне на македонскиот престол) дава „крунски доказ“ за оправданото инсистирање на Аргејците на нивното хеленско потекло: „А дека овие Пердикини потомци се навистина Хелени, како што тие и самите тврдат (...) доказ е што беа призна-

ени од судиите на олимписките натпревари. Кога Александар (синот на Аминта) дошол во Олимпија сакајќи да се натпреварува во трчање, другите натпреварувачи Хелени не сакале да му дозволат да учествува, зашто на натпреварот можеле да земат учество само Хелените, а не и варварите. Александар тогаш (пред Судот на Грците) докажал дека е Аргеец и бил признаен за Хелен, и на натпреварот стасал меѓу првите на целта." (Историјата на Херодот, V, 22) Во веродостојноста на „доказите" кои пред судот ги предочил првиот Александар, многумина се сомневале уште во тие времиња, па така Демонстен пенавел од бес кога го „коментирал" хеленството на Филип II со зборовите дека тој „ниту е Хелен, ниту е далечен хеленски род, ниту е дури респектабилен варварин, туку е еден од оние проклети Македонци..." Е, сега, ако се земе предвид дека генеалогијата на кралските династии немала никаква врска со етничкиот или родовскиот состав на народите со кои владееле, останува историски релевантна само нивната лична самоидентификација која за мотив ја имала хеленската супериорност. Така Александар Велики и неговите предци се идентификувале како Хелени зашто овие биле културно многу посупериорни, а во времињата по Александар Велики тој станал златен стандард за супериорност, па сите болно амбициозни слабаци на светот – вклучувајќи ги тука и нашите дунстери од ДПМНЕ – се буткаат под неговите плеќи, обидувајќи се да штрбнат од ненадминливата харизма.

Ако може да ни послужи за утеха (дека не сме единствените ништожници чија инфериорност произведува заблуди за сопственото потекло), практично сите наши балкански соседи болуваат од истиот вид ментална попреченост. Така на пример, Албанците, уште од крајот

на 19 век, „одгледуваат“ митолошка етногенеза која нив ги поврзува директно со Пелазгите (кои наводно биле „вистински“ основачи на сите подоцнежни европски цивилизации). Пелазгите, според оваа „научна“ приказна, да ти биле прото-албански народи во кои влегувале Илирите, Епиротите, Македонците, а веројатно и сите други народи на Балканот. Од оваа „јака“ етногенетска основа произлегува и заклучокот дека целата старогрчка и хеленистичка култура е „дериват“ од културата на Пелазгите односно старите Албанци, па сите истакнати личности од античката историја, на чело со „нашиот“ Александар Велики и неговиот учител Аристотел, биле без какво и да е сомневање чистокрвни Албанци.

Српската, пак, приказна почнува уште од порано, од „Нино Белов, син на богот Белобог, кој бил балкански и словенски цар, и живеел од 2058 до 2000 година п.н.е.“ Тој полубог, првиот српски цар, „во својот поход на Индија го основал Асирското (Вавилонското) царство и градот Нинива“. Оваа етноисториска романтика со мирис на темјан, потоа продолжува со следниот „цар балкански и словенски, Сербон (по кој веројатно Србите го добиле името?), кој 1350. година п.н.е. повторно тргнал по патот на Нино Белов, носејќи го српскиот бел двоглав орел на воените банери, овојпат во поход на Индија“. Конечно, златното доба на српската античка космогонија завршува со „Александар III Македонски кој всушност бил Србин, а правото име му било Александар III Карановиќ“. Трогателно, нели?

Од примериве во соседството станува јасно дека процесот на кретенизација на народите во ерата на транзициската капитализам и цутењето на ултра-национали-

стичките митологии не е ограничен само на Македонија. Меѓутоа, каква и да е утехата дека не сме најголемите кретени на светот и дека сме опкружени со слични на себе, кога ќе се споредат официјалните државни проекти во областа на културата и образованието, како и достигањата на неодминливиот проект „Скопје 2014", сепак сме далеку, далеку на првото место во светот во поглед на институционалната глупост, самодеструкција и понижување. Зашто, поради недостигот на културна маса и инерција својствена за големите народи, исчезнувањето на нашата култура низ процесот на малоумно менување идентитети и лажни митомански преродби е неминовно. Доколку не го фундираме нашиот идентитет врз рационалната вистина за тоа кои сме, ние сме осудени на исчезнување, оти лажните идентитети се практично форма на непостоење.

> Единствената шанса за отклон од вертикалата на нашето пропаѓање е да направиме револуционерен пресврт во преговорите за името и да го понудиме идентитетот во замена за поволна разрешница на преговорите.

Единствен спас во оваа непроѕирна темница во која (со крадење на идентитетот) нè воведе кретенизмот на ДПМНЕ, е новиот елемент во епските „преговори за името", изговорен од канцеларката Меркел – дека со името ќе се преговара и за идентитетот. Тоа е прва добра вест после осум години пропаѓање! Да, да, не се згрозувајте, почитувани читатели, единствената шанса за отклон од вертикалата на нашето пропаѓање е да направиме револуционерен пресврт во преговорите за името и да го понудиме идентитетот во замена за поволна разрешница

на преговорите. Тука, се разбира, мислам на украдениот идентитет на антички Македонци, за кој треба да се исценкаме и да го дадеме комплет, сосе дополнителната опрема и резервните делови, и тоа по „набавна цена“. Тоа е единствениот начин да го свртиме кормилото на нашата судбина кон подобра иднина, зашто само така од патот кон Европа ќе бидат отстранети и ДПМНЕ и градбите од „Скопје 2014“, првите како политички, а вторите како градежен шут.

http://bit.ly/grcev61

# КОНФОРМИЗАМ И САМОЗАЛАЖУВАЊЕ

**12.08.2014**

> Нашите слободи и права ги предадовме на клептократскиот режим без испукан куршум, без фрлена калдрмска коцка, расипано јајце, скапан патлиџан или макар стар чевел.

Во Македонија е веројатно веќе одамна заборавена книгата „Заробениот ум“ од Чеслав Милош и неговиот опис на однесувањето на луѓето во земјите на советскиот тоталитаризам. Милош зборува за општонародната култура на глумење со која секој поединец го заштитувал својот внатрешен мисловен и емотивен свет. Тоа била култура на секојдневно глумење кога по некое време луѓето „толку цврсто сраснуваат со своите улоги што веќе не се разликува личната мисла од стекнатата улога“. Најтрогателни се анализите на големиот писател каде што тој внимателно ги издвојува „позитивните“ аспекти на ова индуцирано сенародно шизофрено подвојување на личноста. Вели дека „сраснувањето со наметнатата улога до-

несува олеснување и дозволува да се намали напнатата будност“. Има дури и опис на психолошките извори на вистинско задоволство од оваа затворска глума: „Да се зборува дека нешто е бело, а да се мисли црно; (...) да се мрази, а да се покажуваат знаци на љубов; (...) – така да се измамува противникот (...) што човек почнува над сè да ја цени својата итрина. Успехот во играта станува извор на задоволство“.

> Кај нас воопшто не се работи за надитрување на системот туку за сопствено самозалажување.

Иако оваа психосоцијална анализа во основа е применлива и на нашето однесување под тоталитарната власт на Груевски и ДПМНЕ, сепак мислам дека се работи за две различни појави. Суштинската разлика е во тоа што луѓето под советскиот тоталитаризам чувствувале оправдан страв од ужасната закана, па глумењето не било само форма на преживување туку и вид егзистенцијално надитрување на системот. Додека во Македонија стравот е непропорционално поголем од заканата, зашто постои општа свест дека се работи за слаб и лажлив партал-тоталитаризам, кој на власт се одржува само поради нашиот конформизам и индиферентност. Претпоставувам дека токму поради овој општ интроспективен увид во сопствената слабост, нашето глумење е битно различно од она во советското доба; кај нас воопшто не се работи за надитрување на системот туку за сопствено самозалажување. А наместо да доживуваме задоволство од глумата, за што пишува Милош, постои општо чувство на презирање на сопствената улога во општествената игра, чувство на срам и понижување.

Глумењето сеир по македонските кафеани, социјалниот мир и колективното самозалажување дека сме сеуште во широките рамки на проблематична и нефункционална уставна демократија (а не под тоталитарна диктатура), кај нас не се поттикнати од желбата да се надитри тоталитарниот систем. Вистинскиот поттик доаѓа од нашата ропска психологија која оправдување за преправањето извлекува од длабочините на своето изненадувачки суетно его. Оваа навидум перверзна чифчиска суета е всушност општо својство на човековото его, кое врши животноважна психолошка мисија да ја одбрани личноста од самоуништувачкиот увид во сопствениот кукавичлук. И од длабоките самообвинувања за сопствениот поданички конформизам и за сервилното веднење глава пред недостојна и корумпирана власт предводена од купче деликвенти и повторувачи. Ропската суета едно време ја троши целата психолошка енергија за глумење „нормалност“ и „достоинствена индиферентност“, за неутрално позиционирање на „еквидистанца“ од типот: „Имам попаметна работа отколку да се мешам во валкана политика“, или: „Не се мешам во кавга на будали, зашто сите се исти“. Подоцна оваа психопатологија преоѓа во еден вид перверзна конверзија на тоа што се мрази во она што се сака и обратно, па жртвите на тоталитаризмот почнуваат на типично детски начин вината за сопствената покорност и подаништво да ја префрлаат кон претходно загубената демократија која е „виновна за сегашната состојба“ и чија нефункционалност нѐ „доведе до ова дереџе“. Жртва на ова самодеструктивно надитрување помеѓу заштитната психолошка улога на чифчиското его и одбранбените обрасци на конформистичко однесување е и социјалдемократската опозиција

која (згора повеќегодишната гебелсовска црна кампања на каква што беше изложена од тоталитарниот режим на ДПМНЕ), многумина на типично ропски и инфантилен начин ја обвинија за тоа „што им дозволи на апашите да дојдат на власт“.

> Жртва на ова самодеструктивно надитрување помеѓу заштитната психолошка улога на чифчиското его и одбранбените обрасци на конформистичко однесување е и социјалдемократската опозиција.

И покрај навидум прелесното сенародно откажување од сопствената слобода, мнозинството граѓани на Македонија сепак плаќаат висока психолошка цена, најмногу поради секогаш присутната свест за опортунизмот и конформизмот, основните мотиви за срамното губење на стечените слободи и права. Нашето прилагодување на животот во тоталитарна држава воопшто не е толку лесно како што изгледа однадвор, особено поради фактот што шизофрената култура на самозалажување секојдневно ги исцрпува и духот и телото. Ова се гледа од фактот што почнавме – насобајле, пред работа – да се бричиме „на слепо“, немајќи храброст да го кренеме погледот и во огледалото да се соочиме со очите на сопствената измачена совест. Затоа сите ние денес живееме во две антагонистички стварности: во едната е проектирана имагинарната „нормална“ стварност за секојдневна службена употреба, која сите ја глумиме за да го сочуваме достоинството на своето понижено его; и другата, вистинската душевна реалност, која одбиваме да ја погледнеме „во очи“, зашто во неа е болно жива свеста дека нашите слободи и права му ги предадовме на клептократскиот ре-

жим без испукан куршум, без фрлена калдрмска коцка, расипано јајце, скапан патлиџан или макар стар чевел.

Проучувајќи ги психосоцијалните корени на однесувањето на милионските маси кои со својата верба во пропагандните митологии ги создадоа монструозните тоталитаризми на XX век, Хана Арент напиша: „Ако треба да избираат помеѓу соочувањето со анархичниот, потполно произволен распад, од една страна, и покорувањето спрема (...) лудачката конзистентност на идеологијата, од друга страна, масите веројатно ќе се одлучат за ова второво и ќе бидат подготвени тоа да го платат дури и со смрт – и тоа не зашто се глупи или зли, туку затоа што во времето на сеопшто пропаѓање ова бекство им дава минимум самопочитување.“ Да можеше да го ѕирне нашето однесување под притисок на лудачката неконзистентност на тоталитаризмот на ДПМНЕ, Хана Арент ќе се изненадеше дека и нашето бекство од распаднатата стварност е мотивирано од истата очајничка потреба за самопочитување, но овојпат поттикната од нечистата совест на сопствениот конформизам и од самозалажувањето.

http://bit.ly/grcev62

# ЧЕСТ СЕКОМУ, СОЧУВСТВО НИКОМУ

19.08.2014

> Македонската надворешна политика – комбинација од човечка малоумност и нечовечки плиткоумна бездушност.

Колку и да е човек самосвесен и колку и да држи до своето достоинство и интегритет, сепак не е во состојба да го затвори предавничкиот канал на емоции што струјат по линијата на неговата идентификација со својата татковина. Иако во македонскиве услови – кога татковината е окупирана и приватизирана од мафијашка банда на крадци и морални накази – тој канал би требало безмилосно да биде отсечен како гангренозен екстремитет, човек сепак се фаќа себеси како се вживува во надворешната политика на Македонија и како поради тоа длабоко се гнаси и срами од неа. Но, што тропам, каква надворешна политика, ние всушност го преземаме врз себе срамот не само од непостоење каква и да е разумна надворешна политика на режимот, туку и од колективната нечовечност

што оваа „политика“ ја проектира кон светот. Тој клептократски режим има конзистентна внатрешна политика на крадење на вкупното национално богатство и владеење со корупција и страв, но затоа на меѓународната сцена пројавува лигава сервилност и кучешка усрдност, комбинирана со инфантилен коктел инает и обвинувања. Оваа во суштина деструктивна политика се манифестира со бескорисно умилкување на сите светски господари на војната и, паралелно, со губење на нивната наклоност и пријателство. Нејзе воедно ѝ недостасуваат елементарните состојки на човечност, па македонската држава не се изјаснува во полза на угнетените, ниту искажува солидарност и поддршка за жртвите на современите империјални, геополитички, верски и расистички војни. Комбинација на човечка малоумност и нечовечки плиткоумна бездушност.

> Тој клептократски режим има конзистентна внатрешна политика на крадење на вкупното национално богатство и владеење со корупција и страв, но затоа на меѓународната сцена пројавува лигава сервилност и кучешка усрдност, комбинирана со инфантилен коктел на инает и обвинување.

Но, настрана „високата“ меѓународна политика (за која малкумина од нас имаат што да кажат), хуманиот и моралниот аспект на надворешната политика – кој би морало да биде вграден во темелите на секоја политика – е она во што најмногу потфрливме. Токму нашата хуманост потфрли, па како да станавме народ на морални мртовци со тежок дефект на човечноста; затапени

од малоумното владеење на ДПМНЕ се претворивме во отуѓени и бесчувствителни  преживари со рамнодушна и себично неутрална позиција на неми набљудувачи на масовни злосторства, државни и други терори и насилства. Зборувам за страдањата на Палестинците во Газа, на Украинците и Русите во источна Украина, за крварењето на Сирија, а претходно (и сеуште!) на Ирак и Авганистан. И за сите други жртви на агресија, организиран терор и насилства извршени врз невино цивилно население. За кого се изјасни нашата влада, која страна ја поддржа во сите овие огромни неправди и несреќи – жртвите или злосторниците? Кого го поддржавме во тие голготи сите ние, и против кои злосторства се кренавме да протестираме? Никого не поддржавме, почитувани читатели, како нечовештината во форма на некаква изопачена неутралност и нечувствителност за туѓи страдања да ни се прелеа во душите директно од врхушката на ДПМНЕ (која овој нечовечки сентимент веројатно го лачи спонтано од надбубрежните жлезди). Ако погледнеме објективно каков хуман и морален став зрачи од нашата држава, нас веќе како да ни атрофираа центрите за морална интуиција, чувството за правичност и човечката способност за емпатија и солидарност.

Ја читам Ведрана Рудан како вриска од бес и индигнација против хрватското молчење за злосторствата на Господарите на војната и немото соучествување во нив. Се сеќава Рудан како додека бевме во Југославија државата официјално ја забрани омразата, а поддршката кон слабите и угнетените каде било во светот беше морална обврска и на службената надворешна политика и на сите нас кои – идентификувајќи се себеси со тоа татковинско морално начело – се чувствувавме како бели витези на

правдината. И јас се сеќавам како протестиравме против американското масовно убивање на цивилното население во Виетнам, како километарските колони на гимназијалци и студенти носеа низ Скопје транспаренти напишани на англиски: „Yankee, go home!" Се сеќавам и дека протестиравме против советската интервенција во Чехословачка, а целата југословенска јавност ги помагаше шокираните Чехословаци затекнати кај нас тоа лето 1968 година. Бевме против крвавата диктатура на Пиноче и сочувствувавме со чилеанскиот народ, а јавно се гнасевме и од канибалскиот режим на Црвените Кмери. Антисемитизмот беше третиран како злостор и беше искоренет и потполно незамислив, па иако одгледувавме култура на длабоко сочувство со страдањата на еврејскиот народ во минатото, бевме одлучно против државниот терор кој Израел го вршеше врз Палестинците. Не постоеше ослободително движење кое не го поддржувавме, и не се случи ниту еднаш да не ги препознаеме, помогнеме и оплачеме вистинските жртви, кои и да се. И, покрај тоа, земјата ја почитуваа сите велесили од различните страни на поларизираниот свет.

> Нашата држава денес ја води група скудоумни дилетанти чија политика на алчност, себичност и бездушност нè претставува во светот како земја на примитивци без елементарна моралност и сочувство, луѓе кои не можат да ги разликуваат доброто и злото, па затоа не ги разликуваат ни злосторниците и нивните жртви.

Но, сето тоа беше резултат на политиката на Големиот мајстор на меѓународната политика и на внатрешната

поддршка на неговите партизани. Се разбира, како што кажал некој опулен: земјите немаат пријатели туку само интереси; затоа ова се само тажни реминисценции на еден исчезнат свет. Но, оние кои тогаш ја водеа надворешната политика, иако сосем сигурно ги познаваа суровите правила на таа гнасна и безмилосна игра, на граѓаните на Југославија им овозможуваа да се идентификуваат со надворешна политика и да се чувствуваат како морално супериорни луѓе секогаш на страната на доброто. Нашата држава денес ја води група скудоумни дилетанти чија политика на алчност, себичност и бездушност нè претставува во светот како земја на примитивци без елементарна моралност и сочувство, луѓе кои не можат да ги разликуваат доброто и злото, па затоа не ги разликуваат ни злосторниците и нивните жртви. Како припомош за тие морални инвалиди, еве едно едноставно упатство: злосторници се секогаш оние што фрлаат бомби врз цивилно население, а жртви се секогаш оние што гинат од бомбите.

http://bit.ly/grcev63

# СПОМЕНИЦИ НА ЗЛОТО

**26.08.2014**

> Како што зад „Воинот на коњ“ се крие Александар, така зад Александар се крие Груевски.

Кога народите се ослободуваат од своите зли владетели, првото што го прават користејќи ја ослободената енергија на радоста, е рушење спомениците на режимот коишто потсеќаат на теророт, неправдата и мизеријата. Никој во тие мигови не ја пресметува вредноста на бронзата и гипсените орнаменти, бидејќи симболичката вредност на рушењето на злото е секогаш немерливо поголема од трошоците на рушењето на бетонските грдотии и одвозот на несреќната историја од градот. Во таа смисла, рушењето на зградите и спомениците од „Скопје 2014“ треба да биде задолжителен перформативен и симболички климакс од славењето на повторното ослободување на Македонија. Како што овој монстру-

озен „проект“ не може да се разлачи од општественото пропаѓање предизвикано од неговите градители, така и неговото рушење мора да биде составен дел од катарзичното славење на ослободувањето на македонската иднина од смртоносните прегратки на ДПМНЕ.

> Рушењето на зградите и спомениците од „Скопје 2014“ треба да биде задолжителен перформативен и симболички климакс од славењето на повторното ослободување на Македонија.

За да се разбере оваа навидум радикална (а всушност само домаќинска) мисла, неопходно е длабинското разбирање на „широчината и длабочината на последиците од овој „проект“ – скромно да се цитирам себеси – „зашто тој не ја оштетува само нашата физичка стварност, туку ги суспендира уставноста и правната држава, ги урива вредносните системи во културата, ја кривоколчи националната историја и ги поместува темелните камења на нашиот национален идентитет“. Се разбира, „Скопје 2014“ немаше да биде можно да имавме владеење на правото и да функционираа институциите на демократијата. Ова е важно, бидејќи не смееме да заборавиме дека најглупавата групација згради и споменици во вселената е комплетно бесправна и неуставна, криминална и злосторничка, а не само грда, кичерска и психопатолошка. Тоа смртоносно културно загадување кое го нарекуваме „Скопје 2014“ е всушност симбол за уништување на целиот македонски културен проект и воедно симптом на малигно заболување на целокупното македонското оштество. Затоа, ако се земе предвид дека во „проектот“ не може да се измери каква и да е уметничка вредност, и тоа во размера на нано-честички, неговото рушење не би

требало, еден убав ден, да биде доведувано во прашање од ниту еден нормален човек.

Кога зборуваме за спомениците на злото, интересен е примерот на Арно Брекер, Хитлеровиот омилен скулптор, кој ги направи (покрај останатото) двете прометејски скулптури, симетричниот пар ариевски близнаци, поставени од двете страни на влезот во Хитлеровата параболична Рајхсканцеларија. Скулптурите претставуваа фигури на голи мажи; едниот држи факел во раката и ја претставува Партијата, а другиот држи меч симболизирајќи ја Армијата. Овие моќни бронзени статуи на мускулозни надлуѓе во неокласичен стил, како практично и сите други скулптури и рељефи на Арно Брекер, ја преживејаа разорната завршница на Втората светска војна, но веднаш по победата беа систематски уништени од страна на сојузниците. Иако неговите скулптури зрачеа со застрашувачка експресија на „моќта на моментумот и на силата на волјата“ на нацистичка Германија, Брекер не беше неталентиран ништожник кому Хитлер му наложил да твори во херојски неокласичен стил (како што е случајот со „Скопје 2014“), туку било токму обратно, зашто Брекер својот неокласичен израз го изградил автохтоно, инспириран и од германскиот експресионизам. Конечно, се работи за голем скулптор чиешто дело веќе го беше афирмирало авторот во европскиот уметнички Парнас, та дури бил наречен „германски Микеланџело“ од страна на големиот француски скулптор и сликар Аристид Мајол.

Сепак, зошто, ќе прашате, да се уништуваат овие уметнички дела, кога се работи за скулптурална уметност со несомнено вонвременска вредност? Зошто? Одгово-

рот е кус, јасен и конечен: бидејќи уметноста на Брекер во служба на Хитлер ја славеше темната симболичка енергија на идеологијата на најголемото зло во историјата. Бидејќи во историскиот контекст во кои настанале, уметничката вредност на тие скулптури само ја зголеми нивната симболичка моќ во функција на чистото зло.

> Сите споменици и згради од „Скопје 2014“ се изградени со украдени пари, на украден јавен градски простор и претставуваат смртоносен културно-симболички контаминат.

Сите ослободени народи ги рушеле своите споменици на злото, како јавен и ритуален, дури егзалтиран и катарзичен чин на ослободувањето. Таа ослободителна катарза, како што веќе напомнав, не смеат да ја опструираат малограѓански грижи за тоа колку спомениците на злото чинеле, зашто тоа се неповратно украдени народни пари, па правдата не може да се спроведе преку нивно сочувување, туку единствено преку нивно уништување. Спомениците на злото ги слават глупоста, криминалот и неправдата од кои биле создадени, та нивното отстранување ќе биде симболичко спроведување правда и ослободување од злото. Од друга страна, нивното сочувување би го симболизирало злосторот без казна односно злокобниот континуум на неказнивост на злочинот. Но, зошто теоретизирам, кога постои широко прифатена пракса: крадената стока секогаш и секаде се одзема на крадецот и им се враќа на оние од кои е украдена. Доколку криминалната стока е опасна и штетна, таа се уништува. Пиратските цедеа се газат со булдожери, дрогата се пали, оружјето се топи, а плодовите на градежниот криминал се рушат. Сите споменици и згради од „Скопје 2014“ се

изградени со украдени пари, на украден јавен градски простор и претставуваат смртоносен културно-симболички контаминат, па нивното уништување е единствен начин украдениот простор да им се врати на граѓаните, а контаминатот да се евакуира од градот.

Практично сите споменици на Хитлер се изрушени, народите кои го трпеа теророт на Сталин ги уништија јавните спомени на неговиот лик, Ирачаните го чистеа Садам од нивните градови, а ние ќе мораме да ги срушиме криминалните згради и споменици со ликот на Груевски. Зашто, да не се залажуваме, без оглед како се викале спомениците и какви табли биле закачени на портите од малоумните згради од „Скопје 2014“, сите тие без исклучок го слават делото на Груевски и го носат неговиот безличен лик. Како што зад „Воинот на коњ“ се крие Александар, така зад Александар се крие Груевски. Затоа, по рушењето на режимот, првото следно мора да биде рушењето на неговите споменици на злото.

http://bit.ly/grcev64

# НОВА ЗОРА НА ЕВРОПСКИОТ ФАШИЗАМ

**09.09.2014**

> Дали златната зора на европскиот фашизам ќе ги разбуди антифашистите?

Ако некоја континентална општествено-политичка појава стана видлива во првите години од 21-иот век, тоа е застрашувачкиот подем на фашизмот во Европа. Ваквата за многумина неверојатна и скандалозна појава не ја потресла колевката на демократијата уште од 30-ите години на минатиот век. Да биде уште пострашно, овој подем на фашизмот покажува неподнослива каузална повторливост бидејќи надоаѓа исто како историскиот фашизам врз бранот на најголемата криза на капитализмот по крахот на берзите во 1929 година. Запрепастувачки е дека владеачкиот капиталистички либерално демократски светоглед и овој пат не е во состојба да ја воочи опасноста од растењето на моќта на фашизмот. За жал,

работите повторно се случуваат во насока спротивна од здравиот разум, како фашизмот за капиталистичкиот светоглед воопшто да не е зло по себе. За него единственото вистинско зло отсекогаш била само комунистичката политичка програма за прераспределба на светското богатство од малкумината пребогати кон огромното мнозинство сиромашни.

Не е случајно што во својата програма историскиот фашизам, иако деклариран како антикомунистичко и антикапиталистичко движење, само антикомунистичкиот сегмент од програмата го остварувал темелно, сурово и крваво – физички уништувајќи ги комунистите секаде каде што бил на власт, додека капиталистите (од нееврејско потекло) и капиталистичкиот поредок никогаш не ги гибал. Уште повеќе, во тоа време фашизмот ширум светот се презентираше како спасоносна варијанта на капитализмот, кој после Првата светска војна ја преживуваше најголемата криза на либералната демократија и laissez-faire економијата. Државниот капитализам или корпоратизмот (што е политичко-економската суштина на фашизмот), до доцните триесетти години во многу земји важеше како поефикасен вид капитализам од оној со слободен пазар и либерална демократија и, секако, најефикасно деснокрилно оружје на капиталистичките земји против комунизмот. Фашизмот секаде во Европа тогаш беше најпопуларна „контрареволуција против (комунистичката) револуција која... (најчесто воопшто) не се ни случи“ (Силоне).

Колку и да е денес непристојно тоа да се изговори, факт е дека фашизмот е enfant terrible на капитализмот и либералната демократија; тој е нивниот одметнат пород зачнат за да ги одработи валканите работи. Веројатно токму поради ова грешно сродство денес, кога европските избори ја верификуваа новата зора на фашизмот во повеќе европски демократии, тој упорно се третира како легална и легитимна политичка опција. Сосем нормална демократска појава, која упорно се нарекува со концептуално матни еуфемизми од типот „десен популизам“ и слично. Категоричен (и мајчински „објективен“) е ставот на глобално владеачкиот капиталистички светоглед дека денешниот подем на „крајната десница“ или „десниот популизам“ нема ништо слично со стариот фашизам. Тоа било така зашто десничарските партии денес во потполност ги прифатиле неолибералниот капитализам и парламентарната демократија.

> Факт е дека фашизмот е enfant terrible на капитализмот и либералната демократија; тој е нивниот одметнат пород зачнат за да ги одработи валканите работи.

Од друга страна, невозможно е да не се забележи дека и историскиот фашизам ја ползувал формата на либералната демократија, особено нејзините институции и легислативата, во функција на својот тоталитарен проект. Оваа форма била декларативна и мимикрична бидејќи била одржувана само како декорација или закрила која на фашистичкиот тоталитаризам му давала надворешна илузија на цивилизираност, демократичност и легитимност. Општо место е дека Хитлер во својот поход на

власт со мефистофелска леснотија ги злоупотреби механизмите на парламентарната демократија, задржувајќи го формално во сила германскиот устав од 1919 година. Таканаречениот Вајмарски устав, во тоа време еден од најдемократските устави во западниот свет, беше на сила за целото време на владеењето на Хитлер, што не го спречи фиререот со таа уставно-правна рамка да организира и изврши масовно убиство на 20 милиони Словени, 6 милиони Евреи, милион Роми и уште многу други. Поради тоа демократичноста или авторитарноста на една власт не се оценува според уставот и законите кои формално се на сила, туку според фактичките состојби на општествената правда и човечките слободи и права. Истата ограда мора да постои и во проценувањето на денешните политички движења на „крајната десница", во нивниот парламентарен поход за освојување на власта. Суштината на демократијата е во реалната слобода во која можат без страв да се уживаат правата гарантирани од уставот и законите, значи во фактичката моралност, праведност и вистинитост на сите аспекти од општествениот живот, а не само во формалните аспекти на правната држава или во декларираните статути и програми на партиите.

Колку и да се декларираат како политички партии со демократски легитимитет, факт е дека целата оваа црна континентална плима на крајно десничарски политички движења ја обединуваат својствата на историскиот фашизам. Тоа е пред сѐ омразата со која се заразени сите слоеви од општеството – од невработените лумпенпролетери и осиромашената средна класа до невидливите носители на крупниот капитал; сите обединети околу агресивниот ултранационализам и шовинизам, скри-

ениот расизам и отворениот антикомунизам, како и омразата кон политичките и етничките малцинства. Оние, пак, што ја освоија власта – како унгарскиот Јобик, украинските Слобода и Десен сектор и македонската ВМРО ДПМНЕ – неизбежно стануваат авторитарни режими кои отворено ја суспендираат суштинската демократија и ги газат човеквите права и слободи. Впрочем, историските основачи на поголемиот дел од овој современ „реформиран“ фашистички бран формираа диктатури кои беа во сојуз со Хитлеровиот Трет Рајх, а другите, кои не станаа сојузнички режими на Рајхот, како што е случај со овдешната ВМРО, беа фашистички по својата суштина и активно колаборираа со силите на Оската во Втората светска војна.

> Другите, кои не станаа сојузнички режими на Рајхот, како што е случај со овдешната ВМРО, беа фашистички по својата суштина и активно колаборираа со силите на Оската во Втората светска војна.

За очекување беше дека по глобалниот самрак на социјализмот и на левичарската мисла со историска неумоливост ќе настапи зората на новиот фашизам. Иако требаше да ја очекуваме, како сите да сме непријатно изненадени. Како да не му пречеше што Македонија е антифашистичка држава по род, овдешниот фашизам е веќе во својот зенит. Тој веќе бие со пладневна жега, но македонските антифашисти како уште да спијат. Дали златната зора на европскиот фашизам ќе ги разбуди антифашистите?

http://bit.ly/grcev65

# ТУРИЗАМ НА КУЛТУРНИОТ ХОЛОКАУСТ

**23.09.2014**

> Токму глупоста – таа природна сила со која човекот се интегрира со вселенската темна материја – спектакуларно ја пренесе низ светот славата на Скопје како престолнина на кичот.

Рекламната порака „Macedonia Mindless: Skopje – gradot kade istorijata se srekjava so gluposta“ (или слична на неа), беше емитирана од страна на Владата на ДПМНЕ за да ги привлече туристите од целиот свет, да дојдат и да ја посетат престолнината на кичот и земјата на невидената глупост, библиската Македонија. Слоганот „Безумна Македонија “ не беше плод на случајна инспирација, туку на студија која требаше да го осмисли и реализира најглупото ребрендирање на една држава во познатата историја. Целта на кампањата беше македонската држава да се ребрендира во ништо (Тричковски), а тоа ништо требаше да има толку перверзна физиономија што ќе ги привлече туристите од целиот свет. Ребрендирањето требаше да се изврши со уличен пропаганден материјал

составен од толку грди, нефункционални и до коскена срж невкусни споменици и згради, што секој човек во белиот свет инстинктивно, со стомак, ќе ја препознае вселенската димензија на глупоста и со примитивно љубопитство (на луѓе кои уживаат да „се ситат“ на туѓата попреченост и несреќа) ќе посака да допатува во нашата егзотична земја.

И навистина, идентитетскиот проект „Безумна Македонија“ и неговата материјализација низ „Скопје 2014“ во потполност ги исполнија очекувањата на неговите родители (ДПМНЕ и Владата на РМ) зашто неповратно го смени идентитетот на Скопје и Македонија. Ова успешно идентитетско самоубиство се изврши сосем независно од изборот и имињата на споменичните ликови и од „историските стилови“ нашлакани на зградите: идентитетот македонски не го смени содржината на кампањата за ребрендирање на Македонија, туку запрепастувачките космички димензии на нејзината глупост. Токму глупоста – таа природна сила со која човекот се интегрира со вселенската темна материја – спектакуларно ја пренесе низ светот славата на Скопје како престолнина на кичот и на Македонија како најналудничава држава во познатиот универзум. Токму глупоста генерирана од нефункционалната мозочна маса на ДПМНЕ, го направи Скопје град привлечен за туристи што патуваат да се фотографираат крај споменици на човечката мизерија.

Темниот блесок на државната дебилност ја прослави дпмнеовска Македонија до таа мерка што веќе не постои ниту една поугледна светска телевизија или печатен медиум што не направија репортажа за Скопје и Македонија и во таа пригода не ги истакнаа кичот на „Скопје 2014“ и коруптивната авторитарност на режимот на

ДПМНЕ. Чуди, затоа, неодамнешната реакција на Центарот за комуникации на владеачката партија по повод репортажата на РТВ Словенија во која „Скопје 2014“ се нарекува кич, гротескен и налудничав проект. Во прилогот, професорот по историја на уметност и архитектура на универзитетот во Цирих, Филип Урспрунг, тврди дека власта како и „секоја диктатура и тоталитарен систем сака да воспостави обединувачки симболи со употреба на архитектонски средства“ и така „градот на восхитувачката архитектура од 70-те и 80-те години да го претвори во кошмар кој сега и станал реалност“. Иако уважениот колега го искажа истиот став како и сите други

> Нивното писание би требало да се изучува на катедрите за лингвистика и невро-психологија: неписменоста и хаотичното бладање на несреќниците од Центарот создава магнетна резонанца која како да ја опредметува сликата на нивниот ментален напор кога ги составувале тие немушти умосерини.

стручњаци кои го виделе „Скопје 2014“, Центарот за лаги и глупости на ДПМНЕ лансираше бесна реакција во која „аргументирано“ ги оспорува тврдењата на професорот. Нивното писание би требало да се изучува на катедрите за лингвистика и невро-психологија: неписменоста и хаотичното бладање на несреќниците од Центарот создава магнетна резонанца која како да ја опредметува сликата на нивниот ментален напор кога ги составувале тие немушти умосерини. Додека читате, како да ги гледате нивните белузлави, матни и полупроѕирни мозочиња како се стегаат и грчат како ларви на плотна додека составуваат реченица:

„професорот треба да биде свесен и да знае дека ова што нему не му се допаѓа и незнаеме од кои причини сака да навредува за кои се надеваме не се политички, на многумина и на мнозинството граѓани и туристи многу им се допаѓа. (...) За нас е исклучително важно дека многу повеќе туристи го посетуваат Скопје изминативе неколку години и денес, отколку било кога во историјата на овој град.“

Сте прочитале ли понеписмен и поглупав текст, почитувани читатели? Освен што зрачи со истиот арогантен кретенизам (како и проектот за ребрендирање на Македонија), овој текст предизвикува и помешани чувства на емпатија и грижа за тоа како овие луѓе воопшто си ги врзуваат чевлите и дали можат безбедно да преминат улица, кутричките. Од друга страна, основниот аргумент што режимот на ДПМНЕ успева за овие неколку години да го исцеди од својот колективен ум, и единственото оправдание за милијардата евра за кич и за вечната етикета на нација на кретени, е дека сето тоа е за да се привлечат туристи од светот кои ќе се фотографирале пред спомениците на глупоста. Ајајајај, како човек да се спори со идиотлук од олку космички размери? Како на овие дибеци човек да им објасни дека пред Втората светска војна полското село Освиечим имало нула туристи годишно, а по реализацијата на „проектот Аушвиц“ секоја година овој споменик на холокаустот го посетуваат речиси 600.000 туристи? Развојот на скопскиот туризам (и да е вистинит, како што не е) не само што не може да го оправда македонското културно самоуништување отелотворено во „Скопје 2014“, туку упатува и на фактот дека менталната операција (со која со купче случајни туристи се оправдува трошењето на милијарда евра за

културно самоубиство на нацијата) е сосема невозможна за мозок кому не е дијагностициран клинички кретенизам.

> Како на овие дибеци човек да им објасни дека пред Втората светска војна полското село Освиечим имало нула туристи годишно, а по реализацијата на „проектот Аушвиц“ секоја година овој споменик на холокаустот го посетуваат речиси 600.000 туристи?

Изгледа дека глупоста која го создаде „Скопје 2014“ е како елемент на природата; како основен шум на темната антиматерија кој со напрснат бронзен звук ѕвечи од центарот на Скопје и ги исполнува со главоболна бесмисла сите пукнатини на вселената. Џабе македонските мајки раѓаат здрави и интелигентни деца, џабе е нивното рационалистичко образование: тие ќе бидат или отфрлени од татковинската орбита или вшмукани од примордијалната гравитација на вселенската глупост на ДПМНЕ. Тоа е темната гравитација на безумието, поголема од сета духовна и материјална светлина, убавина и добрина; тоа е гравитацијата од која се изобличува просторот, се увртува времето, при што се столчува и вртложно исчезнува сето мило, драго и познато, во темниот вир на глупоста. За да стане туристички рај на македонскиот културен холокауст.

http://bit.ly/grcev66

# „МНОГУ ФАЛА, МАКЕДОНИЈО!“

**30.09.2014**

> Инвестирајте во авторитарниот режим на Груевски!

Подолго време македонската медиумска сцена наликува на темен ѕид соѕидан од тврдите екскременти на режимската пропаганда; тој ѕид ја претставува службената вистина за нашата стварност. Тој ѕид го изгради Министерството на вистината на режимот на ДПМНЕ, претворајќи ги сите медиуми во ѕидни весници чиишто слоеви го облепуваат ѕидот на вистината. Претворањето на слободната медиумска сцена во огласна табла на тоталитарниот режим е изведено преку партиско окупирање на државните институции, регулаторни тела и јавниот сервис, преку сопственичко преземање на медиумите, нивно економско корумпирање, затворање на непослушните и создавање страв и автоцензура кај

малкуте што сеуште сакаат да се чувствуваат како слободни и независни. Средствата за оваа операција на корумпирање и преземање на медиумите се откраднати од даночните пари на граѓаните, така што Владата стана најголемиот огласувач во Републиката, при што предметот на огласување стана таа самата. За таа противуставна цел режимот противзаконски ограбуваше помеѓу 20 и 50 милиони евра буџетски пари секоја година, или не повеќе од скромни 400 милиони евра за осумте години од македонската голгота. Тоа беше кражба на столетието, но занемарливо малку во споредба со општествената штета – загубата на демократијата и слободата, непроценливо поголема од вредноста на украдените пари. Како резултат на тоа, до друга вистина од онаа на власта на Груевски денес е можно да се дојде само ѕиркајќи низ неколкуте пукнатини на режимскиот пропаганден ѕид, низ кои сеуште трепери светлината на понекој слободен и непокорен медиум или интернет портал. Но, светлото од пукнатините не може да ја осветли целата библиска Македонија и, за да погледне низ нив, човек најчесто мора да се поткачи на темнокафениот „барокен" ѕид или барем да се поткрене на прсти.

За жал, колку и да се поткренете за низ пукнатината да ѕирнете во белиот свет, и таму ќе налетате на соопштенијата на домашното Министерство за вистина, зашто тоа неуморно ја рекламира својата кауза во светските медиуми; се разбира, со парите на народот. Така, во бесконечната серија реклами емитирани на веројатно најголемата глобална телевизиска мрежа Си-Ен-Ен, серија наречена „Инвестирајте во Македонија", деновиве може да се види еден питом и разумен раководител од „Џонсон Мети" како зборува за тоа зошто оваа реномирана

меѓународна компанија дошла во Македонија. На сопственото реторичко прашање зошто дошле во земјава, тој добродушно си одговара: „Па, квалитетот на работната сила и даночната ситуација се привлечни за нас, но морам да речам, дека помошта, охрабрувањето и ентузијазмот на македонската влада беше клучна. Така што мојата порака би била: ова е место лесно за бизнис. (...) Многу фала, Македонијо“. Се разбира, луѓето се способни да се прилагодат и на живот во концентрационен логор, а да не зборувам за „конфорниот“ фашизам на режимот на Груевски, па просечниот Македонец сигурно нема да почувствува ништо сомнително гледајќи ја рекламава по обилниот грав со бел леб и пинџур. Но, ако се подзамисли над значењето на зборовите, секој веднаш ќе разбере дека тука не се рекламира Македонија поради нејзината демократија и стабилност или поради пазарната слобода и неограничените можности за претприемништво, туку дека бесрамно се рекламира Владата на Македонија, односно првиот министер и неговата хунта. Со парите на граѓаните на Си-Ен-Ен ширум светот се рекламира владата на ДПМНЕ со клучната порака до компаниите дека коруптивната врска со оваа теоретски непроменлива, авторитарна и клептократска влада ќе им го направи лесен бизнисот во библиската земја. Се

> „Па, квалитетот на работната сила и даночната ситуација се привлечни за нас, но морам да речам, дека помошта, охрабрувањето и ентузијазмот на македонската влада беше клучна. Така што мојата порака би била: ова е место лесно за бизнис. (...) Многу фала, Македонијо“.

разбира, на штета на Македонија и нејзините граѓани. Воопшто не е случајно што корпоративниот војник на „Џонсон Мети“ како клучен фактор за бизнис во нашата земја ја посочува токму владата (читај: врхушката на ДПМНЕ) и неа спонтано и простосрдечно ја поистоветува со државата, зашто она „многу фала, Македонијо“ се однесува на владејачката хунта и на никој друг.

Ќе речете сигурно, почитувани читатели, зошто хистерија околу некоја реклама, кога сиве години илјадници такви режимот веќе ни истури врз главите и од јавноста направи медиумска септичка јама чијашто реа сосем ги затру и задуши сите наши сетила?! Но, сепак, рекламата е парадигматична, зашто во неа со обезоружувачки лесен и питок манир, и на толку јавен и беневолентен начин се дефинира фашистичката суштина на авторитарниот корпоративизам на ДПМНЕ. Имено, во рекламата се потенцира врската помеѓу корпорациите и политичката власт како клучна за функционирање на бизнисот и, се разбира, на државата. Оваа клучна врска се нарекува корпоративизам и се темели на претпоставката за општество-органско тело (corpus, corpora) во коешто се соединети народниот колективитет, државата, политичката и економската моќ. Поради оваа ненародна и недемократска врска помеѓу капиталот и политиката, корпоративизмот е најлошата варијанта на државниот капитализам и теоретски и практично вирее само во апсолутистички, авторитарни и тоталитарни системи. Каков што е нашиов.

Да заклучам. Само тоталитарна власт која ги укинала слободата, демократијата и плуралноста, е доволно арогантна јавно да го искажува својот перверзен нарцизам и

со народни пари да се рекламира самата себеси (и своите корпоративни партнери). Само диктатура со фашистичка идеологија ја обезбедува и јавно ја слави „органската“ спојка помеѓу партијата, државата и корпоративниот капитал. Овој тоталитарен општествен концепт секогаш се реализирал со доследна примена на неговиот изворен клептократски мотив, а тоа е неограниченото богатење на партиско-корпоративистичката врхушка на сметка на сиромашење на целото население. И додека потпаѓа во сè подлабоко економско ропство, населението со свои пари ја плаќа рекламната порака: Инвестирајте во авторитарниот режим на Груевски!

http://bit.ly/grcev67

# ЦРВЕНАТА ОКТОМВРИСКА ЗОРА

16.10.2014

> Комунистите ја породија современата македонска држава.

Деновиве, кога светот повторно заличува на еден обесхрабрувачки растроен и насилен век, бегло ги одгледавме и харковските фашисти како еуфорично го уриваат дваесетметарскиот споменик на Ленин. Веќе одамна никој не пушта солза за Ленин, а многумина со мозоци испрани со антикомунистичка пропаганда, без познавање на историската улога на Лениновата комунистичка револуција, гледам, им се радуваат на неговите урнатини. Ред е затоа, по повеќе од 25 години интензивен, напати хистеричен историски ревизионизам во кој се потрошени трилиони зборови за да се озлогласат комунизмот и ленинизмот како најголемите светски зла, да ја искористам оваа пригода

за потсетување на значењето на оној вистинскиот, црвениот октомври 1917 година.

> Неполни четириесет години по Лениновото доаѓање на финската станица во Петроград, третина од човештвото живееше во општествени системи што директно произлегуваа од „Десетте дена што го потресоа светот".

Иако денес во Македонија се одбегнува и спомнувањето на руската Октомвриска револуција предводена од Ленин, сепак, ниту еден образован човек не би требало да се двоуми околу фактот дека се работи за револуција над револуциите, која произведе најголеми глобални последици и влијание во модерната историја на светот. Глобалната експанзија на оваа комунистичка социјална револуција, според пишувањето на Хобсбаум, нема историски паралели уште од исламските освојувања пред 12 века. Неполни четириесет години по Лениновото доаѓање на финската станица во Петроград, третина од човештвото живееше во општествени системи што директно произлегуваа од „Десетте дена што го потресоа светот". Само петнаесетина години подоцна и втората третина од човештвото во своите земји ја унапредуваше социјалната правда низ социјалистички модели од друг тип, но од истото идејно извориште. Рускиот црвен октомври ги потпали практично сите комунистички, ослободителни и социјални револуции на 20 век. Тоа е така зашто Октомвриската револуција беше замислена како екуменско случување, а не како борба за власт во

расцарената Русија или како ослободител и доносител на социјализмот само во таа земја. Таа беше замислена и водена од Ленин, Троцки и другарите единствено во функција на иницијатор и спроведувач на светската пролетерска револуција, како универзален ослободител на работниците, селаните и угнетените од целиот свет.

Вистината за сопствените родители би требало да му е важна на секое самосвесно суштество, па во оваа пригода морам да потсетам дека раѓањето на модерната македонска држава е една од многуте рожби на Лениновата револуција, една од екуменските креации на најголемата од сите револуции. Зашто, борбата за создавањето на ОВАА Македонија беше инспирирана, организирана, започната, водена, во крв платена и конечно добиена од темпларите на марксистичко-ленинската вера, од Комунистичката партија на Југославија и од македонските комунисти. Македонскиот 11 Октомври, кога пукнаа првите истрели во слава на зачнувањето на современата македонска држава, беше исто толку црвен како и рускиот 24 години порано, бидејќи беше негова директна историска последица. Колку и фашизоидната пропаганда на ДПМНЕ да го маргинализира значењето на комунизмот за раѓањето на современата македонска држава и за еманципацијата на посебната македонска националност, оваа рожба, за среќа, е многу добро документирана.

Историска вистина е дека во оловните времиња на експанзивниот фашизам, во мрачните триесетти години од минатиот век, Советскиот сојуз и комунистичката интернационала (и ниту една земја на либералниот капитализам, зошто тие со својата попустливост го

обезбедија Хитлеровиот подем!) беа единствените одлучни и ефикасни поборници за обединување на нациите во антифашистички фронт. Факт е и дека сите воено ефикасни и масовни вооружени ослободителни движења во поробена Европа од 1941 до 1945 година, беа водени од комунистичките партии на своите земји, ќерките на рускиот црвен октомври.

Да, почитувани читатели, би требало сите да паметиме, во крвавата 1941 година, кога фашистичките сили и нивните сателити ја окупираа и распарчија првата Југославија, а поголемиот дел од денешна Македонија влезе во составот на фашистичката Обединета Блгарија, само југословенските комунисти беа решителни и бескомпромисни антифашисти и само во програмата на КПЈ беше беспоговорно вградена националната еманципација и државотворноста на македонскиот народ. Веќе во месец мај 1941 Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија издаде проглас до сите комунисти за да се дигнат на борба против фашизмот: „Гответе се сите за последниот решителен бој (...) Застанете на чело на работниците и национално угнетените маси и водете ги во борба против фашистичките поробувачи!“. Во септември 1941 беа извршени организациски подготовки за вооружено востание во Македонија од страна на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија и беше формиран Покраински штаб. Само затоа и само така почна, со првата воена акција во Прилеп, на 11 октомври, вооруженото востание со кое се зачна и од кое, неколку крвави години подоцна, се роди првата народна македонска република во историјата, со македонска национална

конститутивност и со слободарски и демократски устав. Раѓањето на македонската држава во воено–стратешка смисла беше овозможено – како впрочем и светската победа над фашизмот – во најголема и пресудна мерка од Црвената армија на Советскиот Сојуз, од таа клучна победоносна рожба на Црвениот октомври.

Денес, поради (овојпат) внатрешната фашистичка окупација на институциите на државата, врз Македонците е спуштена црната завеса на заборавот врз сеќавањата за прескапата цена што со своите животи ја платија најзаслужните херои за постоењето на Република Македонија – нашите витези на Црвениот октомври, македонските комунисти, воините кои најмногу заслужија да им креваме споменици. Живееме со мрачно перде врз совеста, кое овозможува да не пропаднеме во земја од срам додека новите окупатори – наместо на вистинските херои, апостолите и светците на македонскиот комунизам и народноослободителната борба – им градат споменици на цареви, василевси и фараони, архиубијци, провинциски крволоци и други крвопијци од некое за нас ирелевантно минато.

> Ако некому воопшто треба да кренеме споменик на скопскиот плоштад, тоа би требало да биде како планина високата колона на македонските херои на црвената октомвриска зора – комунистите.

Ако некому воопшто треба да кренеме споменик на скопскиот плоштад, тоа би требало да биде како планина високата колона на македонските херои на црвената

октомвриска зора – комунистите кои ја поведоа вооружената борба против фашизмот, кои ја зачнаа и ја породија современата македонска држава. Нека ни е честит 11 Октомври!

http://bit.ly/grcev68



да се разбудиме од реалноста во која сме отсутни, и да се откажеме од пристојноста со која ја маскираме нашата граѓанска и човечка капитулација.

текстови (2006–2014) на еден од најголемите противници на груевистичкиот режим!